Врз основа на член 6 од Законот за Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18) и член 27-а став 1 од Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.38/01, 98/02, 9/03, 47/03, 64/03, 67/03, 51/06, 5/07, 15/07, 26/07, 30/07, 58/07, 105/07, 116/07, 129/07, 157/07, 29/08, 51/08, 86/08, 144/08, 42/09, 62/09, 141/09, 162/09, 40/10, 83/10, 166/10, 172/10, 95/11, 151/11, 170/11, 67/13, 145/14, 62/15, 41/16, 153/16 и 113/17), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 8.1.2019 година, донесе

# ПРОГРАМА
# за работа на Владата на Република Северна Македонија
# за 2019 година

Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2019 година е согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија 2017 - 2020 година, Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.124/08 и 58/18) и Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2019 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 84/18 и 229/18).

Програмата за 2019 година е во функција на остварување на стратешките приоритети и приоритетните цели за 2019 година на Владата на Република Северна Македонија содржани во Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија 2017 - 2020 година:

- Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните;
- Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија;
- Одлучна и неселективна борба со организираниот криминал и корупцијата;
- Јакнење на владеењето на правото, преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите, изградба на независни институции и функционален систем на локална самоуправа;
- Реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија;
- Реформи во правосудството;
- Целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор и градење на граѓанска држава и етничка кохезија врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување;
- Намалување на аерозагадувањето.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

Програмата за работа на Владата за 2019 година содржи конкретни политики во функција на остварување на стратешките приоритети и приоритетните цели, како и мерки и активности за кои Владата ќе расправа / одлучува или ќе се информира.

Содржината на Програмата е поделена по тематски подрачја и по месечна динамика за секој приоритет и ниво поодделно:

1) Закони и други акти по кои одлучува Собранието на Република Северна Македонија;
2) Акти и материјали по кои одлучува Владата;
3) Иницијативи кои се доставуваат во континуитет


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

# I дел

# Закони и други акти по кои одлучува Собранието на Република Северна Македонија


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

# ЈАНУАРИ

## ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ

Приоритет: Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните

### 1.Предлог на закон за акцизи

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со Предлог-законот за акцизите ќе се предложат нови системски решенија и модифицирани системски решенија во однос на постоечкиот Закон за акцизите, кои ќе стапат на сила со денот на примена на Предлог-законот, како и нови системски решенија кои ќе се применуваат со влез на Република Северна Македонија во ЕУ. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** воведување на поголема праведност во даночниот систем, праведна распределба на доходот и општественото богатство, паралелно со обезбедувањето на транспарентност во трошењето на парите на граѓаните преку државниот буџет |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Предлог-регулативата се однесува на усогласување со европското акцизно законодавство, како и со законодавствата на соседните земји од регионот. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за финансии** |

### 2.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за субвенционирање на станбен кредит

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за субвенционирање на станбен кредит е во насока на подобрување на условите за добивање на субвенциониран станбен кредит. Со измените се предвидува намалување на трошоците за субвенционираните кредити, се воведуваат нови модели и поволности за субвенционирање, се олеснуваат условите за отплата на кредитот, се прецизираат условите кои барателите треба да ги исполнат за добивање на субвенциониран станбен кредит и се обезбедува поправична употреба на јавните средства, со цел проектот да продолжи да се реализира во наредниот период и подобро да ги задоволи реалните потреби на што поголем број граѓани за обезбедување на сопствен дом. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Воспоставување на функционална мрежа на институции за социјална заштита и зголемување на капацитетите во согласност со потребите на граѓаните. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Со предложените измени на Законот за субвенционирање на станбен кредит се очекува да се подобрат условите за корисниците (физички лица - баратели) на субвенциониран станбен кредит, како и намалување на трошоците за кредитот кои тие ги плаќаат. На тој начин на поголем број лица ќе им се помогне во решавањето на станбеното прашање и купување на сопствен дом. |
| Фискални импликации: | Има, спроведување на Законот ќе се одвива во рамки на обезбедените средства во Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година |
| Предлагач: | **Министерство за финансии** |

**Приоритет: Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија**

**1.Предлог на закон за слободен пристап до информации од јавен карактер**

| | |
|---|---|
| Образложение: | **Иницијативата произлегува од Планот 18 усвоен на 30.10.2018 година.** |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 3.23 - Правосудство и фундаментални права;**<br>**ЕПП 2018.0100.7600** |
| Очекувани влијанија: | Подобрување и унапредување на постоечката регулатива |
| Фискални импликации: | Нема |
| Предлагач: | **Министерство за правда** |

## ИНИЦИЈАТИВИ СО СРЕДЕН ПРИОРИТЕТ

**Приоритет: Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија**

**1.Предлог на закон за услуги**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Со донесување на Предлог-законот за услуги ќе се овозможи транспонирање на општите принципи од ЕУ Директивата за услуги 2006/123/ЕЗ која е активност предвидена во НПАА со што ќе се овозможи натамошно усогласување со законодавството на ЕУ во услужниот сектор. Предмет на уредување е олеснување на правото на основање и слободата на давање на услуги во Република Северна Македонија, организирањето, првата и должностите на Единствената точка за контакт и поврзувањето со Информативниот систем за внатрешен пазар на ЕУ со што ќе се овозможи слободно движење на услугите. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на РСМ:** развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните **и приоритетната цел:** унапредување на добрососедските односи, активно учество во регионалните иницијативи и јакнење на соработката со европските и вон европските земји, на билатерален, регионален и мултилатерален план |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| НПАА - поглавје и подрачје | Поглавје 3.03. Право на основање и слобода на давање на услуги, подрачје 3.03.1 и 3.03.2; ЕПП 2009.0400.5458 |
| **Очекувани влијанија:** | Со донесување на Законот ќе се овозможи отстранување на законските и административните ограничувања за вршење услужни дејности, воспоставување на едно место преку кое вршителите на услужни дејности можат да поднесат барања за неопходните постапки за дозволи по електронски пат, унапредување на соработката помеѓу регулаторите од одделни земји и подобрување на квалитетот на услугите. На овој начин ќе се овозможи прогресивна и координирана модернизација на националниот регулаторен систем за услужни дејности, што е од витално значење за да се овозможи Република Северна Македонија да стане дел од единствениот пазар на услуги во ЕУ. Истовремено, ќе се придонесе за поедноставување на административните постапки, намалување на трошоци за започнување и водење на бизнис во земјата, а со тоа и натамошно подобрување на деловното опкружување. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за економија** |

**Приоритет: Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните**

**1.Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка за Проектот за олеснување на трговијата и транспортот во Западен Балкан**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согласно Законот за јавен долг, услов за потпишување на договор за заем со соодветната меѓународна финансиска институција е претходно донесување на Закон за задолжување. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** зголемување на економскиот раст со надградба и подобрување на транспортната инфраструктура во сите сегменти и воспоставување на интегрирана и интерконектирана транспортна мрежа |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Во рамки на овој регионален проект е предвидено реализирање на активности со цел олеснување на трговијата и транспортот во Западен Балкан, идентификувани поединечно во секоја од шесте земји. |
| **Фискални импликации:** | Има, потребните средства за реализација на проектот ќе се обезбедат со заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка. |
| **Предлагач:** | **Министерство за финансии** |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

**2.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со спроведување на измените и дополнувањата во Законот ќе се овозможи на државните органи при набавката на недвижни ствари за свои потреби, првенствено да набавуваат недвижни ствари од АД за изградба и стопанисување со станбен простори и со деловен простор од значење на Републиката - Скопје |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Обезбедување соодветен деловен простор за потребите на државните органи од Акционерските друштва во државна сопственост кои располагаат и стопанисуваат со деловен простор |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за финансии** |

# ФЕВРУАРИ

## ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ

**Приоритет: Реформи во правосудството**

**1. Предлог на закон за јавното обвинителство**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Законот за кривичната постапка е донесен во 2010 година, а започна да се применува од 2013 година. Со него беа воведени значајни новини кои во најголем дел се однесуваат на јавното обвинителство. Затоа е потребно Законот за јавното обвинителство да се усогласи со соодветните решенија пропишани во Законот за кривичната постапка. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** создавање услови за независно, департизирано и ефикасно судство и правда достапна до сите. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | ЕПП: 2011.0100.6588 |
| **Очекувани влијанија:** | Зголемување во ефикасноста на работата на јавното обвинителство. |
| **Фискални импликации:** | Има, Буџет на РСМ за 2019 година |
| **Предлагач:** | **Министерство за правда** |

**2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со овој закон ќе се доуреди материјата за статусот и критериумите, како и одговорноста на членовите на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија. **Иницијативата има индикација на поврзаност и со стратешкиот приоритет на Владата на РСМ:** одлучна и неселективна борба со организираниот криминал и корупцијата **и приоритетната цел:** одлучна и неселективна борба со организираниот криминал и корупцијата, реформи во насока на владеење на правото, изградба на независни институции и зголемување на јавната безбедност |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | ЕПП: 2018.0100.7596 |
| **Очекувани влијанија:** | Зголемување на професионалноста во работата на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија. |
| **Фискални импликации:** | Има, Буџет на РСМ за 2019 година |
| **Предлагач:** | **Министерство за правда** |

**3. Предлог на закон за кривична постапка**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Законот за кривичната постапка е донесен во 2010 година, а започна да се применува од 2013 година. Во периодот на неговата примена беа лоцирани одредени недостатоци кои е потребно да се отстранат. Дополнително, потребно е усогласување на Законот со најновите меѓународни стандарди во оваа област. Целта на Законот е да се изврши усогласување со меѓународните стандарди и да се надминат лоцираните слабости во неговата примена. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** одлучна и неселективна борба против организираниот криминал и корупцијата, реформи во насока на владеење на правото, изградба на независни институции и зголемување на јавната безбедност; јакнење на владеењето на правото преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | ЕПП 2018.0100.7601 |
| **Очекувани влијанија:** | Поефикасно постапување на надлежните институции во кривичната постапка. |
| **Фискални импликации:** | Има, Буџет на РСМ за 2019 година |
| **Предлагач:** | **Министерство за правда** |

**Приоритет: Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните**

**1.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за финансиската полиција**



Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Предложените измени и дополнувања на Законот за финансиската полиција ги содржат следниве решенија: Донесувањето на нов Закон за следење на комуникациите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 71/2018) и соодветни измени на други закони, се наметна од потребата за надминување на слабостите во однос на посебните истражни мерки, особено во делот на следењето на комуникациите кои беа наведени во извештаите на меѓународните организации, а посебно во извештаите и препораките на групата високи експерти за системски прашања од владеење на правото. Во член 4 точка 6 од горенаведениот закон како овластен орган за спроведување на посебната истражна мерка е Правосудната полиција и Јавното обвинителство. Во глава 2 од горенаведениот закон со член 7 се утврдени надлежните органи за спроведување посебните истражни мерки, меѓу кои и Управата за финансиската полиција како дел на Правосудната полиција. Имајќи го предвид се горенаведеното како и планот 3 - 6 - 9 на Владата на Република Северна Македонија, во областа на Борба против организиран криминал и корупција е наведено дека е потребно „Зајакнување на Финансиската полиција и формирање на меѓуинституционална работна група со цел зајакнување на капацитетот и експертизата за спроведување на истраги и конфискација на имот на посистематска основа, зајакнување на капацитетите на Управата за финансиска полиција, односно зголемување на бројот на вработени и овозможување услови за понатамошно унапредување на постоечкиот кадар. **Има индикација на приоритетна цел на Владата на РСМ:** Во таа смисла, Владата ќе започне одлучна и неселективна борба со организираниот криминал и корупција, реформи во насока на владеењето на правото, Изградба на независни институции и зголемување на јавната безбедност |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје:** 3.4 Слободно движење на капитал - дел 3.4.3 Спречување перење на пари и финансирање тероризам; 3.23Правосудство и фундаментални права - дел 3.23.2 Антикорупциска политика; 3.24 Правда, слобода и безбедност - дел 3.24.6 Полициска соработка и борба против организиран криминал - дел 3.24.7 Борба против тероризам; 3.32 Финансиска контрола - дел 3.32.2 Заштита на финансиските интереси на ЕУ |
| **Очекувани влијанија:** | Спроведување на реформите кои ги предлага Владата на Република Северна Македонија, поместени во „Планот 3 - 6 - 9", произлегуваат од Програмата за работа на Владата 2017 - 2020, а го зема во предвид Политичкиот договор од Пржино и ги следи препораките од средбите на високо ниво со претставниците на институциите на ЕУ, насоките од Европската комисија во Итните реформски приоритети (2015), Препораките на групата високи експерти за системските прашања од владеење на правото во врска со следењето на комуникациите (2015), како и низата препораки до Владата од изминатите неколку години од телата на Советот на Европа (Венецијанската комисија, ГРЕКО), препораките на ОБСЕ/ОДИХР, наодите и препораките од годишните Извештаи на Европската комисија, вклучително и од Пристапниот дијалог на високо ниво, заклучоците од министерскиот дијалог за Програмата за економски реформи, заклучоците од редовните состаноци на телата на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, |

| | |
|---|---|
| | документот подготвен од група граѓански организации насловен како „Предлог за Итни демократски реформи" (Блупринт)и резултатите од консултациите со граѓанското општество. |
| **Фискални импликации:** | Има, (Предлогот за изменување и дополнување на Законот за финансиската полиција ќе предизвика фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија, започнувајќи од месец март 2019 година, дополнителните финансиски средства во вкупен износ на годишно ниво ќе изнесуваат 13.953.130,00 денари, согласно член 1 став 2 од Предлогот за изменување и дополнување на Законот за финансиската полиција) |
| **Предлагач:** | **Министерство за финансии** |

| **2.Предлог на закон за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги** | |
|---|---|
| **Образложение:** | Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги произлегува од Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија 2017 - 2020. Со овој закон се уредува и пропишува создавањето, складирањето и обработката на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги. Со овој закон се утврдува и начинот на употреба на електронските документи, електронскиот потпис и електронскиот печат и електронските доверливи услуги во управни и судски постапки. Предмет на уредување на овој закон се условите под кои се признаваат средствата за електронска идентификација издадени на физички и правни лица кои спаѓаат во рамки на регистрирана или признаена шема за електронска идентификација. Од причина што постоечката законска регулатива во РСМ (Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис) во оваа област е базирана на Директивата 1999/93/ЕЗ, која започнувајќи од јули 2016 година целосно престанува да важи, потребно е истата да се укине и да се воведе сосема нова регулатива, хармонизирана со eIDAS. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** зајакнување на процесот на планирање, подготвување и следење на реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА) како основен стратешки програмски документ во процесот на усогласување на националното законодавство со законодавството на Европската унија; континуирано јакнење на координативниот систем за процесот на евроинтеграции и јакнење на професионалните административни капацитети, како и зајакнување на механизмите за следење на примената на законодавната процедура во процесот на усогласување на националното законодавство со правото на Европската унија; поддршка на другите државни институции; непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите; усогласување на работата на јавната администрација со стандардите на Европската Унија заради целосна интеграција на македонскиот со европскиот административен простор. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 10. Информатичко општество и медиуми; Подрачје 10.2. Услуги на информатичкото општество** |

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Целта на овој закон е да се обезбеди соодветно ниво на безбедност на средствата за електронска идентификација и соодветно ниво на безбедност при обезбедување доверливи услуги, да се утврди правниот режим на електронските потписи, електронските печати, електронските временски жигови, електронските документи, услугите за електронска препорачана достава, услугите за проверка на автентичност на веб - страници, како и начинот на чување на електронскиот потпис или печат и нивна валидација; развој на пазарот на доверливи услуги; зголемување на конкурентноста. |
| **Фискални импликации:** | Има |
| **Предлагач:** | **Министерство за информатичко општество и администрација** |

| **3. Предлог на закон за електронско управување и електронски услуги** | |
|---|---|
| **Образложение:** | Законот за електронско управување и електронски услуги произлегува од Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија 2017 - 2020. Со овој закон се уредува работата на министерствата, другите органи на државната управа, управни организации и единиците на локалната самоуправа, при размена на податоци и документи во електронска форма, односно остварување на електронски услуги, кога тоа е утврдено со закон. Со овој закон се уредуваат и прашањата поврзани со воспоставувањето и функционирањето на Националниот портал за електронски услуги, Каталогот на услуги и Една точка за услуги. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** воспоставување на функционална мрежа на институции за социјална заштита и зголемување на капацитетите во согласност со потребите на граѓаните; зајакнување на процесот на планирање, подготвување и следење на реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА) како основен стратешки програмски документ во процесот на усогласување на националното законодавство со законодавството на Европската Унија; континуирано јакнење на координативниот систем за процесот на евроинтеграции и јакнење на професионалните административни капацитети, како и зајакнување на механизмите за следење на примената на законодавната процедура во процесот на усогласување на националното законодавство со правото на Европската Унија; поддршка на другите државни институции; непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите; создавање стручна, ефикасна, отчетна и транспарентна јавна администрација; усогласување на работата на јавната администрација со стандардите на Европската Унија заради целосна интеграција на македонскиот со европскиот административен простор. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 10. Информатичко општество и медиуми; Подрачје 10.2. Услуги на информатичкото општество ЕПП 2018.0007.7638** |
| **Очекувани влијанија:** | Предложените решенија ќе овозможат услови за ефикасно и ефективно остварување на целите произлезени од реформата на јавната администрација. Ова практично подразбира обезбедување на услуги од страна на органите на |

| | |
|---|---|
| | државната управа и државните органи преку единствената околина за размена на документи и податоци по електронски пат |
| **Фискални импликации:** | Има, финансиран проект од ИПА |
| **Предлагач:** | **Министерство за информатичко општество и администрација** |

**Приоритет: Јакнење на владеењето на правото преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите, изградба на независни институции и функционален систем на локална самоуправа**

**1. Предлог на закон за централен регистар на население**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Законот за централен електронски регистар на население произлегува од Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија 2017 - 2020. Со овој закон се уредува надлежноста на органите, структурата и содржината на Централниот регистар на население, условите на негово користење, како и размената на податоци помеѓу надлежните органи и лицата. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** подобрување на стручноста, ефикасноста, отчетноста и транспарентноста на јавната администрација и создавање на услужно - сервисни институции со примена на нови технологии, стандарди за квалитет и мерки за сајбер безбедност |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 10. Информатичко општество и медиуми; Подрачје 10.2. Услуги на информатичкото општество; ЕПП 2018.0007.7639** |
| **Очекувани влијанија:** | Регистарот обезбедува пристап податоците на населението во Република Северна Македонија заради остварување на правата на користење на услугите обезбедени од страна на надлежни органи и други лица. |
| **Фискални импликации:** | Има, финансиран проект од ИПА |
| **Предлагач:** | **Министерство за информатичко општество и администрација** |

## ИНИЦИЈАТИВИ СО СРЕДЕН ПРИОРИТЕТ

**Приоритет:**

**Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија**

**1.Предлог на закон за контрола на надворешно трговскиот промет со необработени дијаманти**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Законот се предлага со цел негово усогласување со законодавството на ЕУ, со Регулативата на Европската унија 2368/2002 за имплементирање на шемата за сертифицирање на меѓународната трговија со необработени дијаманти. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** активно учество во меѓународната борба против современите безбедносни закани и предизвици, вклучително тероризмот, насилниот екстремизам и феноменот на странските борци и миграциите; |

| | |
|---|---|
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 3.30. Надворешни односи** |
| **Очекувани влијанија:** | Со донесувањето на Законот ќе се регулираат условите под кои може да се врши увоз, извоз и транзит на необработени дијаманти во Република Северна Македонија, надлежностите на државните органи во контролата на увозот, извозот и транзитот, сертифицирањето на необработените дијаманти во процесот „кимберли" и правата и обврските на учесниците во процесот. Истото ќе придонесе Република Северна Македонија во иднина преку исполнување на условите на процесот „кимберли" да може да аплицира за членство со што ќе се овозможи да се вклучи во трговијата со необработени дијаманти со што ќе се создадат неопходните предуслови за евентуални инвестиции во оваа област |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| Предлагач: | **Министерство за економија** |

**2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на опојни droги и психотропни супстанции**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Формирање на Агенција за медицински канабис. **Иницијативата има индикација на поврзаност и со стратешките приоритети на Владата на РСМ:** одлучна и неселективна борба со организираниот криминал и корупцијата и јакнење на владеењето на правото, преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите, изградба на независни институции и функционален систем на локална самоуправа **и приоритетната цел:** Развивање на ефикасен и достапен систем на здравствена заштита на населението, што подразбира зајакнување на услугите и подобрување на организацијата на здравствената заштита на сите нивоа: превентивно, примарно, секундарно и терциерно ниво; развивање на одржлив, интегриран и ефикасен здравствен систем, заснован на еднаквоста и солидарноста, базиран на реалните потреби на граѓаните |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 3.24 - Правда, слобода и безбедност** |
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување на контролата над одгледувањето на медицинскиот канабис |
| **Фискални импликации:** | Има, Буџет на РСМ за 2019 година |
| Предлагач: | **Министерство за здравство** |

**3.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита и благосостојба на животните**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Во Република Северна Македонија една од позначајните гранки во сточарството е одгледувањето на кокошки несилки. Најзастапен систем на одгледување на кокошки несилки е основниот кафезен систем. На овој начин се држат околу 95% |

| | |
|---|---|
| | од кокошките во комерцијалните одгледувалишта. За комерцијално одгледувалиште се смета одгледувалиште кое држи над 350 кокошки несилки. Согласно Законот за заштита и благосостојба на животните рокот за отфрлање на основниот кафезен систем од употреба е октомври 2019 година. Станува збор за околу 1.000.000 кокошки кои се држат во основен кафезен систем. Ако се земе предвид дека несивоста на кокошките е 80 - 85%, тоа изнесува 800.000 - 850.000 јајца дневно. При целосна имплементација на оваа одредба се очекуваат големи финансиски загуби во живинарскиот сектор како и во Буџетот на Република Северна Македонија, поради високите инвестициски трошоци за набавка на нова опрема како и изградба на нови или реконструкција на постоечките објекти. Одгледувачите на кокошки несилки ќе треба да инсталираат подобрени кафезни системи или алтернативни системи. Во земјите на Европската Унија оваа одредба почна да се применува од 2012 година, а Република Северна Македонија оваа одредба ја инкорпорираше во Законот за заштита и благосостојба на животните. Одгледувачите на кокошки несилки и покрај тоа што се свесни и се запознаени со оваа одредба сѐ уште не преземаат мерки и не инвестираат во нова опрема. Согласно искуствата на другите земји членки на Европската Унија кои ја имаат имплементирано оваа одредба во 2012 година за време на имплементацијата на оваа мерка одредени земји имаа големи финансиски загуби, дојде до намалување на бројот на кокошки несилки како и на одгледувачи на кокошки несилки. Факт е дека за време на спроведување на мерката, на одгледувачите на живина им е забрането да пуштаат во промет јајца од основни кафезни системи, а во исто време е дозволен увоз на јајца од други земји кои ја немаат имплементирано оваа одредба и имаат пониски стандарди за благосостојба на животните со што се отвара можност за создавање на нелојална конкуренција. Земајќи предвид дека до рокот за отфрлање на основниот кафезен систем октомври 2019 година, реално е дека одгледувачите на кокошки несилки нема да можат да го запазат рокот, Агенцијата за храна и ветеринарство предлага пролонгирање на рокот и тој да биде на сила со влезот на Република Северна Македонија во Европската Унија. Иницијативата **има индикација на поврзаност и со стратешкиот приоритет на Владата на РСМ:** развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните **и приоритетната цел:** зголемување и поддршка на развојот на индустриско - преработувачките капацитети кои ќе бидат извозно ориентирани и ќе создаваат производи со повисока додадена вредност, поддршка на индустриските капацитети кои ќе овозможат супституција на увозот |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 12 - 3.12. Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика** |
| **Очекувани влијанија:** | Доколку не се пролонгира рокот за отфрлање на основниот кафезен систем, очекувано е да се јават финансиски проблеми во живинарскиот сектор што ќе резултира со затварање на одгледувалишта, губење на работни места како и зголемување на увоз на јајца од други земји со пониски стандарди за благосостојба на кокошките несилки. Доколку рокот за имплементација се пролонгира тој да биде до влез на Северна Македонија во Европската Унија, |

| | |
|---|---|
| | временскиот период ќе биде доволен за постепена имплементација на легислативата со што ќе се ублажат финансиските губитоци за време на преоѓање од основен во подобрен кафезен систем или во алтернативни системи, слободно држење, органско држење итн. Пролонгирањето на рокот нема да има никакви последици или негативен ефект во однос на извоз на јајца од Република Северна Македонија во Европската Унија. Од тие причини, Агенцијата за храна и ветеринарство предлага пролонгирање на рокот и тој да биде на сила со влезот на Република Северна Македонија во Европската Унија |
| **Фискални импликации:** | Има (При имплементација на обврската за отфрлање на основниот кафезен систем ќе има финансиски импликации, односно одгледувачите на кокошки несилки треба да инвестираат во замена на основните кафезни системи со подобрени кафезни системи или алтернативни системи. Овие финансиски трошоци би требало да се на товар на одгледувачите, освен во случај кога Владата на Република Северна Македонија не одлучи да ја субвенционира оваа активност од државен буџет или да се стават на располагање европските фондови како што е ИПАРД - програмата). |
| **Предлагач:** | **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство** |

**Приоритет: Јакнење на владеењето на правото, преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите, изградба на независни институции и функционален систем на локална самоуправа**

| **1.Предлог на закон за инспекциски надзор** | |
|---|---|
| **Образложение:** | Целта на овој закон е подобрување на организацијата и раководењето со инспекциските служби, зајакнување на механизмите за следење на нивната работа, подобрување на статусот на инспекторите, зајакнување на правата, но и на обврските на субјектите на надзор, и највважно, подигнување на квалитетот и ефикасноста на вршењето на инспекциски надзор. Иницијативата **има индикација на поврзаност со повеќе приоритетни цели:** Подобрување на стручноста, ефикасноста, отчетноста и транспарентноста на јавната администрација и создавање на услужно ориентирани институции со примена на нови технологии, стандарди за квалитет и мерки за сајбер безбедност |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **I Политички критериуми - 1.2 Реформа на јавна администрација** |
| **Очекувани влијанија:** | Предложените решенија во предлог Законот за инспекциски надзор, се очекува да доведат до значително подигнување на правната сигурност за субјектите на надзор, намалување на репресивниот карактер на надзорот и износот на глобите. Сето тоа, се очекува да донесе позитивно економско влијание врз субјектите од приватниот, но и од јавниот сектор и на соодветен начин да придонесе кон заживување на економската активност во државата. |
| **Фискални импликации:** | Има |
| **Предлагач:** | **Министерство за информатичко општество и администрација** |

**Приоритет: Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните**

**1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовинските плаќања**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Изменувањата на законот се со цел намалување на даночната евазија и подобра наплата на даноците. Со нив се врши доуредување на издавањето сторни сметки кај угостителите и обложувалниците, како и обврска за сите обврзници за точно внесување на податок за задолжителниот опис на плаќањата (кеш/картица), а исто така се предлага и изрекување забрана за вршење на дејност во определен временски рок при повторување на прекршок од даночниот обврзник. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Намалување на даночната евазија и подобра наплата на приходите |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за финансии** |

**2. Предлог на закон за измена и дополнување на Законот за јавен долг**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Законот за јавен долг го уредува управувањето со јавниот долг, намените на државниот долг, постапката и начинот на задолжување, постапката на издавање, сервисирање и престанување на државни гаранции, како и информирањето за јавниот долг. Законот ги предвидува надлежностите, мерките и ограничувањата во управувањето на долгот, а воедно осигурува негово следење, управување и навремено сервисирање. Согласно постојното законско решение, во јавниот долг на Република Северна Македонија не беше вклучен негарантираниот долг на носителите на јавен долг, додека политиката за управување со јавен долг претставуваше дел од фискалната стратегија. Исто така, Законот за јавен долг не содржи лимит, односно ограничување на максималниот износ на задолжување кое може да се направи во текот на една фискална година. Во рамки на секојдневната примена на Законот за јавен долг констатирана е потреба за измена, доработување и/или прецизирање и на други одредби од законот, со цел нивно усогласување со реалните состојби, меѓународната пракса и препораките од меѓународните финансиски институции. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Со донесување на Законот за измена и дополнување на Законот за јавен долг ќе се подобрат состојбите во управувањето со јавниот долг и ќе се надминат причините поради кои се врши измената. |
| **Фискални импликации:** | Нема |

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | **Министерство за финансии** |
| **3. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност** | |
| **Образложение:** | Основна причина заради која се врши изменување на Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 44/99... 198/18) е да се допрецизира и дополни даночното ослободување во делот на образованието и притоа истото да се надополни и со научната дејност. Дополнително, се намалува рокот во кој е задолжително даночните обврзници да останат регистрирани за цели на ДДВ, од пет години, на две години, доколку во тие две години лицето има промет помал од 1 милион денари и не остварило поврат на ДДВ. Исто така, се врши усогласување со Виенската конвенција за дипломатски односи во делот на враќањето на ДДВ на членовите на административниот и техничкиот дипломатски персонал. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Со донесување на Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност се очекуваат позитивни ефекти при неговата имплементација и негова еднообразна примена |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за финансии** |

| | |
|---|---|
| **4.Предлог на закон за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост** | |
| **Образложение:** | Забрзување на процесот на приватизација на градежното земјиште на кое се изградени објекти во државна сопственост |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Завршување на процесот на приватизација на градежното земјиште во државна сопственост |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за финансии** |

# МАРТ

## ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ

**Приоритет: Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија**

**1.Предлог на закон за класифицирани информации**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Причините за донесување на нов закон се должат на новините во одредени области, како на пример во делот на инспекцискиот надзор, но и на потребата од доуредување на одредени прашања врзани за работата со класифицираните информации што се има покажано како неопходно во изминатите 15 - тина години откако е донесен законот. Воедно, одредени измени во текстот на законот се предлагаат и како резултат на започнатите пристапни преговори со НАТО од коишто произлегуваат обврски за регулирање на специфични прашања. Предлогот произлегува од реформите од август 2018 година, Стратегискиот одбранбен преглед (СОП) и Планот за имплементација од јуни 2018 година. Иницијативата произлегува од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ 2019 - 2021 (НПАА) и Планот 18 усвоен на 30.10.2018 година |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 31 - Надворешна безбедносна и одбранбена политика; ЕПП 2016.1000.7321** |
| Очекувани влијанија: | Предложените измени на Законот за класифицирани информации ќе овозможат усогласување со регулативите на НАТО и ЕУ, ќе се опфатат искуствата и научените лекции од примената на законот во изминатите петнаесетина години, но и ќе допрецизираат одредени прашања од доменот на работата и на надлежностите на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации што произлегуваат од новините во одредени области и од започнатите пристапни разговори со НАТО |
| Фискални импликации: | Има, финансиски средства за процедурата за донесување на законот ќе се обезбедат од буџетот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации (Дополнително за имплементација на Законот за финансиски средства ќе бидат обезбедени од буџетите на корисниците на класифицирани информации) |
| Предлагач: | **Министерство за одбрана<br>Дирекција за безбедност на класифицирани информации (ДБКИ)** |

**2.Предлог на закон за даноци на моторни возила**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Со новиот закон за акцизите патничките автомобили не се предмет на оданочување со истиот. Имајќи го предвид наведеното како и искуствата од најдобрите практики од ЕУ и земјите од регионот ќе се изготви посебен Закон за данок на моторни возила. |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| Очекувани влијанија: | Ќе се овозможи праведен систем на оданочување на моторните возила во кој покрај по вредност оданочувањето на моторните возила ќе се врши и по емисија на CO2 издувни гасови така што истото ќе придонесе кон заштита на животната средина и ќе овозможи намалување на загадувањето на воздухот. |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **Фискални импликации:** | Има, се очекуваат позитивни фискални импликации за Буџетот на Република Северна Македонија (со спроведување на новиот посебен Закон за данок на моторни возила) |
| **Предлагач:** | **Министерство за финансии** |

**3. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за административните такси**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Усогласување на Законот за административните такси со Законот за превоз во патниот сообраќај, Законот за електронските комуникации, како и одредбите од Законот за странци. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Предложените измени и дополнувања на Законот за административните такси предизвикуваат позитивни фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија и буџетите на општините. |
| **Фискални импликации:** | Има, спроведувањето на Законот ќе предизвика позитивни фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија и буџетите на општините. |
| **Предлагач:** | **Министерство за финансии** |

**4. Предлог на закон за јавните набавки во областа на одбраната и безбедноста**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Министерството за финансии во соработка со Минситерството за одбрана треба да го изготват Предлог законот за јавни набавки во областа на одбраната и безбедноста заради усогласување на националното законодавство на Република Северна Македонија со правото на ЕУ и полноправно членство во НАТО.Со таа цел ќе се транспонира Директива за набавки во областа на одбраната и безбедноста 2009/81/ЕЗ со што ќе се усогласи националното законодавство со правото на ЕУ во областа на јавните набавки. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** добивање полноправно членство во НАТО и ЕУ. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.05 Јавни набавки ЕПП: 2018.0700.7730** |
| **Очекувани влијанија:** | Усогласување со националното законодавство со правото на ЕУ во областа на јавните набавки и пристапување кон полноправно членство во НАТО и регулирање на правната рамка при спроведување на јавните набавки во областа на одбраната и безбедноста |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за финансии** |

**5. Предлог на закон за контрола на извозот на стоки и технологии за двојна употреба**


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| Образложение: | **Иницијативата произлегува од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ 2019 - 2021 (НПАА)** |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 3.30; ЕПП 2016.0400.7381** |
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување и унапредување на постоечката регулатива |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за економија** |

**6.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за метрологија**

| | |
|---|---|
| Образложение: | **Иницијативата произлегува од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ 2019 - 2021 (НПАА)** |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 3.01; ЕПП 2015.0400.7277** |
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување и унапредување на постоечката регулатива |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за економија** |

**7.Предлог на закон за признавање професионални квалификации**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Обезбедување целосна усогласеност со одредбите на Европската унија во процесот на слобода на движење, давање на услуги и право на основање, со цел заокружување на првата фаза од Спогодбата за стабилизација и асоцијација потпишана со европските заедници. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** започнување и успешно водење на процесот на преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија |
| НПАА - поглавје и подрачје | **3.03.04 Заемно признавање на професионални квалификации** |
| **Очекувани влијанија:** | Зголемена мобилност на пазарот на трудот преку усогласена правна рамка, како и подобрување на конкурентноста на одредени професии на пазарот на трудот преку усогласени академски наставни планови, програми и обуки со одредбите од европското законодавство. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за образование и наука** |

| 8.Предлог на закон за идентификација и регистрација на животните | |
|---|---|
| Образложение: | Целосно усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ од оваа област, при што се планираат измени во деловите на идентификација и регистрација на копитарите, свињите и домашните миленици. **Иницијативата има индикација на поврзаност и со стратешкиот приоритет на Владата на РСМ:** развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните **и приоритетната цел:** зголемување и поддршка на развојот на индустриско - преработувачките капацитети кои ќе бидат извозно ориентирани и ќе создаваат производи со повисока додадена вредност, поддршка на индустриските капацитети кои ќе овозможат супституција на увозот |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 12 - Безбедност на храна, ветеринарство и фитосантирана политика; Претпристапен дијалог на високо ниво со ЕУ** |
| Очекувани влијанија: | Воспоставување на интегриран национален систем за контрола на движење и одгледување на животни |
| Фискални импликации: | Нема |
| Предлагач: | **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**<br>Агенција за храна и ветеринарство |

| 9.Предлог на закон за управување со отпадот | |
|---|---|
| Образложение: | Основниот закон со кој се уредува управувањето со отпадот во Република Северна Македонија е Законот за управување со отпадот (ЗУО) („Службен весник на РСМ" бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 134/08, 09/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15,192/15, 29/16 и 63/16). Управувањето со посебните текови на отпад се уредува со Законот за пакување и отпад од пакување, Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпад од електрична и електронска опрема, Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори. Во областа на управување со отпад со досегашниот Закон за управување со отпад се утврди рамката за воспоставување на инфраструктура за управување со отпад, која претежно беше основа на преземање на активности од единиците на локалната самоуправа. Резултатите од неговото спроведување покажаа слабости и недоречености во случаи кога не постојат доволно капацитети на локалната самоуправа во изнаоѓање на средства за изградба на нова инфраструктура за отпад, како и во неможноста да се обезбеди меѓусебна координација меѓу сите засегнати страни. Дополнително, од досегашното искуство се покажа дека за развивање на инфраструктурата за отпад се потребни големи финансиски средства за чие изнаоѓање е неопходно да постои јасно и прецизно дефинирање на надлежностите и обврските помеѓу централната и локалната власт. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** обезбедување квалитетна животна средина на граѓаните преку заштита и унапредување на животната средина во функција на |

| | |
|---|---|
| | исполнување на принципите на одржливиот развој преку постигнување на стандардите на Европската Унија |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **ЕПП број: 2012.0500.7269** |
| **Очекувани влијанија:** | Со донесувањето на нов Закон за управување со отпад ќе се овозможи воспоставување на функционален систем за регионално управување со отпад и изградба на регионални депонии, а истовремено ќе се затворат сите нестандардни депонии и ѓубришта. Воедно, ќе се овозможи регионално собирање, транспорт, селектирање, рециклирање на отпад, како и третман и искористување, со што ќе се зголеми степенот на заштита на здравјето на луѓето и заштита на животната средина, а сето тоа ќе биде чекор напред кон овозможување на циркуларна економија за овој сектор. Воспоставувањето на регионално управување со отпад ќе овозможи подобра контрола врз животната средина од активностите во областа на управувањето со отпадот во Република Северна Македонија преку: намалување на депонирањето, односно намалени количини на отстранет отпад, а зголемување на преработката и рециклирањето на отпадот; намалување на нелегално депонирање, кое покрај заштитата на животната средина, меѓу другото, ќе доведе до зголемување на приходите; зголемување на вработеноста во индустријата за отпад и обезбедување на поврзан пораст на приходите што ќе придонесат за зголемување на бруто домашниот производ; развивање на циркуларна економија со што ќе се овозможи поголема искористеност на ресурсите, а самото тоа ќе доведе и до економски развој; транспонирање на Директива 2008/98 / ЕЗ за отпад и Директива 1999/31 / ЕК за депонии |
| **Фискални импликации:** | Има, дел од средствата се обезбедени од ИПА - фондовите, еден дел од буџетот на Владата за 2019 година (за 4 региони за кои ќе се распише јавен повик за доделување концесија). |
| **Предлагач:** | **Министерство за животна средина и просторно планирање** |

**Приоритет: Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните**

**1.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за даночна постапка**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со донесување на Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за даночна постапка се очекува подобрување на работата на УЈП. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** воведување на поголема праведност во даночниот систем, праведна распределба на доходот и општественото богатство, паралелно со обезбедувањето на транспарентност во трошењето на парите на граѓаните преку државниот буџет |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | УЈП може подобро да ја спроведува регулативата за собирање на приходите од даноци. |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за финансии** |

**2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на правата на пациентите**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согласно препораките од Иницијалниот извештај за Република Северна Македонија, објавен од страна на Комитетот за правата на лицата со попреченост при Организацијата на обединетите нации после одржаната консултативна седница на Комитетот со претставниците на Владата на Република Северна Македонија во септември 2018 година во Женева, потребно е вклучување во законските одредби на попреченоста како основа за дискриминација. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** развивање на ефикасен и достапен систем на здравствена заштита на населението, што подразбира зајакнување на услугите и подобрување на организацијата на здравствената заштита на сите нивоа: превентивно, примарно, секундарно и терциерно ниво; развивање на одржлив, интегриран и ефикасен здравствен систем, заснован на еднаквоста и солидарноста, базиран на реалните потреби на граѓаните. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 1 - Слободно движење на стоки; Поглавје 27 - Животна средина; Поглавје 28 - Заштита на потрошувачи и јавно здравје** |
| **Очекувани влијанија:** | Заштита од дискриминаторско однесување третман на лицата со попреченост што ќе придонесе до подобрување на нивната здравствена заштита |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за здравство** |

**Приоритет: Јакнење на владеењето на правото преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите, изградба на независни институции и функционален систем на локална самоуправа**

**1. Предлог на закон за висока раководна служба**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во законодавството во Република Северна Македонија не постои јасно разграничување меѓу политичкото и професионалното ниво, односно не е јасно дефиниран и утврден опфатот за висока раководна служба. Со новиот Закон за висока раководна служба (ВРС), ќе се воспостави воедначена процедура за назначување на раководна позиција, професионализација на раководните позиции - издвоена од политичкото управување, со политичка одговорност. Основна цел од воспоставување на висока раководна служба (ВРС) е унапредување на јавните услуги, подобар придонес кон модернизација на државната администрација и зајакнување на доброто владеење како иманентен принцип на работење во јавната администрација. **Иницијативата има** |

| | |
|---|---|
| | **индикација на поврзаност со приоритетната цел:** подобрување на стручноста, ефикасноста, отчетноста и транспарентноста на јавната администрација и создавање на услужно - сервисни институции со примена на нови технологии, стандарди за квалитет и мерки за сајбер безбедност |
| НПАА - поглавје и подрачје | I Политички критериуми; 1.2 Реформа на јавна администрација |
| **Очекувани влијанија:** | Разграничување на политичкото од професионалното ниво во администрацијата |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за информатичко општество и администрација** |

**2.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за административни службеници**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согласно Стратегијата за реформа на јавната администрација и недостатоците од практичната примена на одредбите од Законот за административни службеници, Министерството за информатичко општество и администрација ќе пристапи кон измена на постојната регулатива со преземање на мерки насочени кон намалување на ризиците од партизација на администрацијата, преку унапредување на постапките за селекција, јасно дефинирани услови за вработување и унапредување, зајакнување на капацитетите на комисиите за селекција, подобрување на системот за оценување, стручното усовршување на административните службеници, единствено и квалитетно управување со човечките ресурси. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** подобрување на стручноста, ефикасноста, отчетноста и транспарентноста на јавната администрација и создавање на услужно - сервисни институции со примена на нови технологии, стандарди за квалитет и мерки за сајбер безбедност |
| НПАА - поглавје и подрачје | I Политички критериуми; 1.2 Реформа на јавна администрација |
| **Очекувани влијанија:** | Намалување на ризиците од политизација преку воведување на јасни критериуми во постапките за селекција и вработување и унапредување на процесот на оценување. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за информатичко општество и администрација** |

**3.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за вработените во јавниот сектор**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согласно Стратегијата за реформа на јавната администрација и недостатоците од практичната примена на одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор, Министерството за информатичко општество и администрација ќе пристапи кон измена на постојната регулатива во насока на унапреден процес на планирање |

| | |
|---|---|
| | на вработувањата и олеснета мобилност на вработените во институциите од јавниот сектор. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** подобрување на стручноста, ефикасноста, отчетноста и транспарентноста на јавната администрација и создавање на услужно - сервисни институции со примена на нови технологии, стандарди за квалитет и мерки за сајбер безбедност |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **I Политички критериуми; 1.2 Реформа на јавна администрација** |
| **Очекувани влијанија:** | Унапреден процес на стратешко, буџетско и планирање на човечки ресурси |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за информатичко општество и администрација** |

**4.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за општа управна постапка**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Досегашната примена на Законот за општа управна постапка покажа дека не е воспоставен систем на воедначена управна пракса на ниво на јавните органи, постои висок процент на јавни органи кои од објективни причини (недостаток на правници) не можат да определат овластени лица за водење на управната постапка и воопшто не функционира или во многу мал процент функционира комуникацијата меѓу јавните органи во задолжителната електронска форма. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** подобрување на стручноста, ефикасноста, отчетноста и транспарентноста на јавната администрација и создавање на услужно - сервисни институции со примена на нови технологии, стандарди за квалитет и мерки за сајбер безбедност |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **I Политички критериуми; 1.2 Реформа на јавна администрација** |
| **Очекувани влијанија:** | Брзо и ефикасно остварување на правата на граѓаните и барањата на бизнисите; гаранција на правната сигурност и предвидливост; унапредена комуникација меѓу јавните органи, Државната комисија за одлучување во втор степен во управна постапка и работни односи и управните судови |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за информатичко општество и администрација** |

**5.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со Предлогот на Закон ќе се сменат и дополнат одредби заради спроведување на реформата на системот на социјална заштита преку воведување на гарантирана минимална помош и нов метод на стручна работа преку „управување со случај" |

| | |
|---|---|
| | (case management). Покрај тоа, Законот се усогласува и со Законот за вработените од јавниот сектор, Законот за административни службеници и Законот за данок на личен доход. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Создавање на поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис - секторот, социјалните партнери, заштита на работничките права, недискриминација, зголемена ефикасност, транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава; |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Зголемена активација на лицата кои користат право на паричен надоместок во случај на невработеност и подобрување на нивната економско - социјална состојба. Покрај тоа, ќе се обезбеди усогласување со Законот за административни службеници, со дефинирање на статусот на вработените во Агенцијата за вработување на РСМ. |
| **Фискални импликации:** | Има, во износ од 32.000.000,00 денари на годишно ниво |
| **Предлагач:** | **Министерство за труд и социјална политика** |

**6.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Законот се предлага со цел да се обезбеди усогласување на истиот со новодонесениот Закон за данок на личен доход. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Создавање на поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис - секторот, социјалните партнери, заштита на работничките права, недискриминација, зголемена ефикасност, транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава; |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Примена на законски одредби кои ќе бидат целосно терминолошки усогласени со Законот за данок на личен доход. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за труд и социјална политика** |

**7.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за волонтерство**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Законот се предлага со цел да се обезбеди усогласување на истиот со новодонесениот Закон за данок на личен доход. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Создавање на поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис - секторот, социјалните партнери, заштита на работничките права, недискриминација, зголемена ефикасност, транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава; |

| | |
|---|---|
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Примена на законски одредби кои ќе бидат целосно терминолошки усогласени со Законот за данок на личен доход. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за труд и социјална политика** |

**Приоритет: Реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија**

**1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за учебници за основно и средно образование**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Заради обезбедување конкурентност и квалитет во процесот на откуп на учебници, предлагаме донесување Закон за изменување и дополнување на Законот за учебници за основно и средно образование. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** спроведување на реформи во образованието преку развивање на интегриран систем на образование кој ќе влијае врз зголемување на економскиот раст и продуктивноста на трудот, зголемување на шансите на младите за квалитетни работни места, обезбедување на поголема општествена интеграција во етничка, регионална, социјална и културолошка смисла и поттикнување на критичкото мислење и активното граѓанство |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.26 - Образование и култура** |
| **Очекувани влијанија:** | Со донесувањето на Закон за изменување и дополнување на законот за учебници за основно и средно образование и подзаконските акти кои ќе произлезат од истиот, се очекува да се подобрат процедурите и постапките за набавка и обезбедување на учебници за учениците во основните и средните училишта во Република Северна Македонија, а со крајна цел да се обезбедат квалитетни учебници за учениците. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за образование и наука** |

**ИНИЦИЈАТИВИ СО СРЕДЕН ПРИОРИТЕТ**

**Приоритет: Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија**

**1.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Доусогласување со Директивата 2005/56/ЕК за прекугранично спојување на друштвата со ограничена одговорност, ревидирана со Директивата 2017/1132 /ЕУ. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет:** |

| | |
|---|---|
| | развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните **и приоритетната цел:** создавање на поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис - секторот, социјалните партнери, заштита на работничките права, недискриминација, зголемена ефикасност, транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава. |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Ревизија на НПАА 2019 - Поглавје 6. Право на трговски друштва** |
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување на транспарентноста при спроведување на постапката за прекугранично спојување на друштвата, како и учество на вработените во органите на управување во друштвата предмет на прекугранично спојување. Предлог-законот е со одложена примена од денот на стапување на Република Северна Македонија во ЕУ |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за економија** |

| **2.Предлог на закон за технички прописи** | |
|---|---|
| **Образложение:** | Основна цел на Предлог-законот е понатамошно хармонизирање на законодавството во областа на слободното движење на стоките на внатрешниот (единствен) пазар согласно европското законодавство и обезбедување на еднаков третман на производите кои се пуштаат на пазарот или се ставаат употреба во Република Северна Македонија заради: заштита на животот и здравјето на луѓето, животните и растенијата, животната средина и природата, заштита на потрошувачите и на другите корисници на производите, како и заштита на јавниот интерес. Со Предлог-законот се врши доусогласување на националното законодавство за безбедноста на производите и Директивата за техничките стандарди и прописи 98/34, регулативите 764/2008 и 765/2008 и Одлуката 768/2008 на Европскиот парламент и на Советот за општата безбедност на производите и вклучување на Република Северна Македонија во внатрешниот пазар, притоа исполнувајќи ги обврските преземени со ССА за елиминирање на техничките бариери за слободно движење на производите. Во изминатиот период бил поднесен Предлог-проект во рамките на ИПА - фондот за законодавството од областа на безбедност и усогласување на правилниците согласно новите директиви. |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 3.1 Слободно движење на стоки** |
| **Очекувани влијанија:** | Создавање на внатрешен пазар без технички бариери за слободно движење на безбедни производи кои се пуштаат на пазарот и се ставаат во употреба; остварување и заштита на јавниот интерес; заштита на животот и здравјето на луѓето, животната средина и заштита на имотот; усогласување на националното техничко законодавство со техничкото законодавство на ЕУ за регулирање на |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| | внатрешниот пазар, согласно регулативата на ЕУ за општата безбедност на производите, со цел спречување на нови бариери за трговијата, обезбедување на заемно признавање и слободно движење на стоките. |
| Фискални импликации: | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за економија** |

| **3. Предлог на закон за развој, производство и промет на воени стоки** | |
|---|---|
| **Образложение:** | Законот се предлага со цел негово усогласување со законодавството на ЕУ, со новата регулатива на Европската Унија во оваа област**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** јакнење на позицијата на Република Северна Македонија во регионалната и мултилатералната заедница и унапредување на односите и соработката на билатерален, регионален и мултилатерален план |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.30. Надворешни односи** |
| **Очекувани влијанија:** | Усогласување со Европската регулатива на оваа проблематика. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за економија** |

| **4. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на производите** | |
|---|---|
| **Образложение:** | Основна цел на Предлог-законот е понатамошно хармонизирање на законодавството во областа на слободното движење на стоките на внатрешниот (единствен) пазар согласно Европското законодавство и обезбедување на еднаков третман на производите кои се пуштаат на пазарот или се ставаат употреба во Република Северна Македонија заради: заштита на животот и здравјето на луѓето, животните и растенијата, животната средина и природата, заштита на потрошувачите и на другите корисници на производите, како и заштита на јавниот интерес. Со Предлог-законот се врши доусогласување на националното законодавство за безбедноста на производите согласно Директивата за општа безбедност 2001/95/ЕЗ и Директивата за техничките стандарди и прописи 98/34 , регулативите 764/2008 и 765/2008 и Одлуката 768/2008 на Европскиот парламент и на Советот за општата безбедност на производите и вклучување на Република Северна Македонија во внатрешниот пазар, притоа исполнувајќи ги обврските преземени со ССА за елиминирање на техничките бариери за слободно движење на производите. Иницијативата **има индикација на поврзаност со повеќе стратешки приоритети и со приоритетната цел:** усогласување на националното техничко законодавство со техничкото законодавство на ЕУ за регулирање на внатрешниот пазар, согласно ЕУ регулативата за општата безбедност на производите, со цел спречување на |

| | |
|---|---|
| | нови бариери за трговијата, обезбедување на заемно признавање и слободно движење на стоките. |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 3.1 Слободно движење на стоки** |
| **Очекувани влијанија:** | Создавање на внатрешен пазар без технички бариери за слободно движење на безбедните производи кои се пуштаат на пазарот и ставаат во употреба; остварување и заштита на јавниот интерес; заштита на животот и здравјето на луѓето, животната средина и заштита на имотот. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за економија** |

| | |
|---|---|
| 5.Предлог на закон за нус - производи од животинско потекло | |
| **Образложение:** | Целосно усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ од оваа област, при што како законски решенија ќе се инкорпорираат најновите научни достигнувања и достапните технологии за начините на искористување/отстранување на нус - производите од животинско потекло (отпадот од животинско потекло кој е генериран од страна на сите чинители во прехранбената индустрија). Со ова ќе се отвори нова перспектива во насока на трансформација на тековите од отпад во суровина од која ќе се добиваат производи со додадена вредност и стимул за вложување во нови зелени технологии. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на РСМ:** развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните **и со приоритетните цели:** натамошно зголемување на инвестициите во животната средина и преземање на активности за намалување на климатските промени преку постигнување на пониско ниво на емисија на штетни гасови; обезбедување квалитетна животна средина на граѓаните преку заштита и унапредување на животната средина во функција на исполнување на принципите на одржливиот развој преку постигнување на стандардите на Европската Унија; зголемување на учеството на обновливите видови на енергија во финалната потрошувачка на енергија |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Претпристапен дијалог на високо ниво со ЕУ; Поглавје 12 - 3.12 - Безбедност на храна, ветеринарна и фитосантирана политика** |
| **Очекувани влијанија:** | Развој на нови индустриска гранки во насока на искористување на отпадот преку користење напредни технологии за производство на обновливи извори на енергија и намалување на учеството на фосилните горива и воспоставување на интегриран национален систем за нештетно искористување и отстранување посебно на биолошко опасниот отпад со што ќе се обезбеди квалитетна животна |

| | |
|---|---|
| | средина и напуштање на досегашните штетни практики на отстранување на ваквиот отпад по животната средина и здравјето на луѓето и животните. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**<br>Агенција за храна и ветеринарство |

| 6. Предлог на закон за безбедност на храната за животни | |
|---|---|
| **Образложение:** | Целосно усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ од оваа област, при што како законски решенија ќе се инкорпорираат најновите научни достигнувања за производство на храна за животни, со цел обезбедување на безбедност и хигиена на храната за животни наменета за исхрана на животни кои се одгледуваат за производство на храна за луѓе, а посредно и храната за луѓе, како и овозможување на фер практики при ставање на храната за животни во промет. Иницијативата **има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на РСМ:** развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните **и приоритетната цел:** зголемување и поддршка на развојот на индустриско - преработувачките капацитети кои ќе бидат извозно ориентирани и ќе создаваат производи со повисока додадена вредност, поддршка на индустриските капацитети кои ќе овозможат супституција на увозот. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Претпристапен дијалог на високо ниво со ЕУ; Поглавје 12 - 3.12 - Безбедност на храна, ветеринарство и фитосантирана политика** |
| **Очекувани влијанија:** | Производство на квалитетна и безбедна храна за животни и увезена безбедна храна за животни. Воспоставување на интегриран национален систем за контрола на производната храна за животни и увезената храна за животни. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**<br>Агенција за храна и ветеринарство |

**Приоритет: Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните**

| 1.Предлог на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за дополнително финансирање на Проектот за изградба на автопатската делница Кичево - Охрид, кој ќе се склучи меѓу Експорт - импорт банката на Кина и ЈП за државни патишта | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согласно Законот за јавен долг, услов за потпишување на договор за гаранција со соодветната меѓународна финансиска институција е претходно донесување на Закон за гаранција. Иницијативата **има индикација на поврзаност со** |

| | |
|---|---|
| | **приоритетната цел:** зголемување на економскиот раст со надградба и подобрување на транспортната инфраструктура во сите сегменти и воспоставување на интегрирана и интерконектирана транспортна мрежа |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Со склучување на договорот за заем се обезбедуваат потребните средства за целосно комплетирање на автопатската делница Кичево - Охрид, со што ќе се овозможи унапредување и развој на патната инфраструктура во овој дел од Република Северна Македонија, обезбедувајќи високо ниво на услуги, овозможувајќи регионален развој од кој ќе има придобивки и за локалното население вклучувајќи брз, сигурен и безбеден патен сообраќај. |
| **Фискални импликации:** | Има, потребните средства за реализација на проектот ќе се обезбедат со заем од Експорт - импорт банката на Кина |
| **Предлагач:** | **Министерство за финансии** |

**2.Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем по договорот за заем обезбеден со гаранција заснована на политики од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согласно Законот за јавен долг, услов за потпишување на договор за гаранција со соодветната меѓународна финансиска институција е претходно донесување на Закон за гаранција. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** спроведување на макроекономска политика насочена кон задржување на макроекономската стабилност, зголемување на конкурентноста на економијата и зголемување на вработеноста |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Со склучување на договор за заем се обезбедуваат средства за буџетска поддршка. |
| **Фискални импликации:** | Има, потребните средства за реализација на проектот ќе се обезбедат со заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка |
| **Предлагач:** | **Министерство за финансии** |

**3.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за виното**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | На иницијатива на винарските визби и производителите на грозје, потребни се измени во дел од одредбите на Законот за виното кои се однесуваат на откупот на винско грозје за производство на вино. Покрај тоа, предвидено е и олеснување на условите за производство и продажба на вино за малите „семејни" винарии. Предвиденото менување и дополнување на законот ќе се искористи и за подобрување и на одредбите кои се однесуваат на географските ознаки за вина и системот за заштита на географското потекло на вината, како и за дефинирање на „органско вино" и начинот на неговото производство и контрола. |

| | |
|---|---|
| | **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на РСМ:** интеграција на Република Северна Македонија во ЕУ и НАТО **и со приоритетните цели:** најновите технологии со зголемен трансфер на знаење во земјоделството; зголемување и поддршка на развојот на индустриско - преработувачките капацитети кои ќе бидат извозно ориентирани и ќе создаваат производи со повисока додадена вредност, поддршка на индустриските капацитети кои ќе овозможат супституција на увозот |
| НПАА - поглавје и подрачје | Поглавје 11 - 3.11 |
| **Очекувани влијанија:** | Со донесувањето на законот ќе се доуредат меѓусебните односи на производителите на винското грозје, трговците со винско грозје и производителите на вино од аспект на откупот на винско грозје за производство на вино. Со олеснување на условите за производство и продажба на вино кај малите „семејни" винарии позитивно ќе се влијае кон зголемување на нивните приходи, како и кон зголемен и забрзан развој на руралниот и винскиот туризам. Покрај тоа, со предвидените подобрувања на законот во одредбите и системот за заштита на вината со географско потекло, како и со воведувањето на „органското вино" во рамките на законот, ќе се овозможи остварување на дополнителна зголемена вредност на виното во корист на винарските визби и производителите на грозје. |
| **Фискални импликации:** | Нема, измените дополнувањата на законот не предизвикуваат фискални импликации |
| Предлагач: | **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство** |

Приоритет: **Јакнење на владеењето на правото преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите, изградба на независни институции и функционален систем на локална самоуправа**

| | |
|---|---|
| **1.Предлог на закон за бесплатна правна помош** | |
| Образложение: | Со донесувањето на законот се врши реорганизирање и унапредување на системот за бесплатна правна помош воспоставен во Република Северна Македонија во 2009 година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** Унапредување на човековите права и создавање на институционални капацитети за нивна ефикасна заштита |
| НПАА - поглавје и подрачје | ЕПП: 2016.0100.7351 |
| Очекувани влијанија: | Подобрување на постојната состојба со системот за бесплатна правна помош и унапредување на можноста за остварување на едно од уставно загарантираните права на граѓаните - еднаков пристап до правдата. |
| **Фискални импликации:** | Има, Буџет на РСМ за 2019 година |
| Предлагач: | **Министерство за правда** |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

# АПРИЛ

## ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ

### Приоритет: Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија

| 1.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за одбрана | |
|---|---|
| **Образложение:** | Потребата за донесување на нов Закон за одбрана произлезе од Програмата за продолжување на реформите на Република Северна Македонија, Глава 2 - Одбранбени/ Воени прашања и од Стратегискиот одбранбен преглед (СОП) - Планот за имплементација. Целта е доследна и целосна имплементација на членот 5 од Вашингтонската спогодба, преку ревидирање на постојните и воведување на нови одредби со кои би се отстраниле секакви ограничувања кои на кој било начин би можеле да ги попречат операциите на индивидуалната и колективната самоодбрана. Имено, целта е да се овозможи распоредување на припадници на АРСМ надвор од РСМ во операции и мисии на НАТО на задолжителна основа, како и непречено овозможување на распоредување во и транзит низ РСМ на силите и капацитетите на НАТО. Во оваа смисла потребно е во законот да се уреди и во подзаконските прописи да се пропише, начинот и постапката за распоредување на припадници на АРСМ надвор од РСМ во операции и мисии на НАТО на задолжителна основа; начинот на вршење на селекција и подготовка на вработените во МО и АРСМ за извршување на должности во командите, штабовите, агенциите и во главната командна структура на НАТО; овозможување на поддршка за распоредување во и транзит низ РСМ на силите и капацитетите на НАТО. Донесување на нов Закон за одбрана произлегува и од Стратегискиот одбранбен преглед - Планот за имплементација, кој содржи бројни и соодветни задачи и активности за организационите единици на МО и АРСМ за изработка на акти за спроведување на трансформација и реорганизација на одбраната, преку структурни реформи на МО и АРМ, трансформација и унапредување на системот за управување со човечки ресурси, унапредување на работните процеси и на идната структура на МО и АРМ. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Програма за продолжување на реформите на Република Северна Македонија од август 2018 година, Стратегискиот одбранбен преглед (СОП) - План за имплементација од јуни 2018 година. Членство на Република Северна Македонија во НАТО и започнување на пристапни преговори со Европската Унија. |
| **Фискални импликации:** | Има, финансиски средства ќе се обезбедат од буџетот на Министерството за одбрана. |
| **Предлагач:** | **Министерство за одбрана** |

**Приоритет: Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните**

**1.Предлог на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по договорот за заем за Проектот за изградба и инсталација на електронски систем за наплата на патарини, фаза 2 - долж Коридорот 8 и Автопатот Миладиновци - Штип, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното претпријатие за државни патишта**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Согласно Законот за јавен долг, услов за потпишување на договор за гаранција со соодветната меѓународна финансиска институција е претходно донесување на Закон за гаранција. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** зголемување на економскиот раст со надградба и подобрување на транспортната инфраструктура во сите сегменти и воспоставување на интегрирана и интерконектирана транспортна мрежа |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| Очекувани влијанија: | Во рамки на проектот е предвидено воспоставување на електронски систем за наплата на патарини долж Коридорот VIII и Автопатот Миладиновци - Штип. |
| Фискални импликации: | Има, потребните средства за реализација на проектот ќе се обезбедат со заем од Европската банка за обнова и развој - ЕБОР. |
| Предлагач: | **Министерство за финансии** |

**2.Предлог на закон за дополнување на Законот за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по договорот за заем за Проектот за изградба и инсталација на електронски систем за наплата на патарини долж Коридорот X кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното претпријатие за државни патишта**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Подготовката и донесувањето на овој Предлог на закон е услов за да може да се подготви и донесе Предлог-законот за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по договорот за заем за Проектот за изградба и инсталација на електронски систем за наплата на патарини, фаза 2 - долж Коридорот VIII и Автопатот Миладиновци - Штип, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното претпријатие за државни патишта. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** зголемување на економскиот раст со надградба и подобрување на транспортната инфраструктура во сите сегменти и воспоставување на интегрирана и интерконектирана транспортна мрежа |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| Очекувани влијанија: | Дополнувањето на Законот за гаранција е во насока на создавање на услови за фазно финансирање и реализирање на изградбата и инсталацијата на електронскиот систем за наплата на патарини во Република Северна Македонија. |

| | |
|---|---|
| **Фискални импликации:** | Има, потребните средства за реализација на проектот ќе се обезбедат со заем од Европската банка за обнова и развој - ЕБОР. |
| **Предлагач:** | **Министерство за финансии** |

**3. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во одредбата од членот 76 став 1 точка 3 под „б", се предлага да се избришат зборовите „одредени должности во команда на корпус и во воени установи", од причина што во составот на АРСМ не постојат вакви структури. Воедно, предлагаме, после точката „б" од наведениот член да се додаде нова точка „в", со која ќе се определи следното: „Вршење должности во Генералштабот на АРСМ и првопотчинетите команди на Генералштабот на АРМ". Од сегашната поставеност на Законот, произлегува дека правото на стаж на осигурување со зголемено траење, не можат да го остварат сите воени старешини и цивилни лица во служба во АРМ. За споредба, од одредбата од член 82 од Законот, произлегува дека сите припадници на Министерството за внатрешни работи имаат стаж на осигурување со зголемено траење. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Стекнување и остварување на стаж на осигурување со зголемено траење за сите припадници на АРМ. Позитивни влијанија е тоа што сите припадници на АРСМ ќе имаат право на стаж на осигурување со зголемено траење. Негативно влијание нема. |
| **Фискални импликации:** | Има |
| **Предлагач:** | **Министерство за труд и социјална политика** |

**4.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согласно постоечките одредби во членот 15 од Законот за земјоделство и рурален развој, земјоделските задруги, како правно лице не можат да се запишат во единствениот регистар на земјоделски стопанства, со што не можат да го остварат правото на финансиска поддршка согласно одредбите од Законот за земјоделски задруги. Со измените и дополнувањата на Законот за земјоделство и рурален развој се оди кон подобрување на законските решенија за спроведување на мерките за финансиска поддршка на земјоделските задруги согласно одредбите од Законот за земјоделски задруги. Иницијативата **има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на РСМ:** интеграција на Република Северна Македонија во ЕУ и НАТО **и со приоритетните цели:** зголемување на земјоделските површини и на приносот и квалитетот на земјоделските производи; надминување на традиционалниот пристап во земјоделството и унапредување на најновите технологии со зголемен трансфер на знаење во земјоделството; зголемување и поддршка на развојот на |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| | индустриско - преработувачките капацитети кои ќе бидат извозно ориентирани и ќе создаваат производи со повисока додадена вредност, поддршка на индустриските капацитети кои ќе овозможат супституција на увозот |
| НПАА - поглавје и подрачје | Поглавје 11 - 3.11 |
| **Очекувани влијанија:** | Со измените и дополнувањата на Законот за земјоделство и рурален развој ќе се олесни спроведувањето на членовите 15, 16 и 17 од Законот за земјоделски задруги каде се утврдува правото на финансиска поддршка за основање на нови и функционирање на веќе постоечките земјоделски задруги. |
| **Фискални** импликации: | Нема, измените и дополнувањата на законот нема да создадат фискални импликации за неговото спроведување |
| Предлагач: | **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство** |

| 5.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделски задруги | |
|---|---|
| Образложение: | За подобрување на структурата во земјоделскиот сектор, односно за подобрување на позицијата на пазарот на земјоделците и зголемување на нивната преговарачка моќ во однос на откупувачите, како и за постигнување пониска цена за набавка на репроматеријали и механизација и средства за инвестиции се јавува потребата за формирање на земјоделски задруги како можност за развој на земјоделските стопанства, кои преку поттикнување на економско здружување во земјоделски задруги, со заеднички настап во производството, продажбата и пласманот на своите производи, се постигне зајакнување на нивната пазарна улога, зголемување на конкурентноста и ефикасноста во работењето и зголемување на индивидуалниот приход на земјоделецот. Со измените и дополнувањата на Законот за земјоделски задруги се оди кон подобрување на законските решенија за проширување на мерките за финансиска поддршка за воведување на нови мерки на поддршка, воведување на унифициран начин на земјоделско производство (стандарди за квалитет, заштитени ознаки на квалитет на земјоделски производ и географски производ), како и за остварување на правото на поддршка со доставување на оперативна програма за период од 5 години. Иницијативата **има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на РСМ:** Интеграција на Република Северна Македонија во ЕУ и НАТО **и со приоритетните цели:** зголемување на земјоделските површини и на приносот и квалитетот на земјоделските производи; надминување на традиционалниот пристап во земјоделството и унапредување на најновите технологии со зголемен трансфер на знаење во земјоделството; зголемување и поддршка на развојот на индустриско - преработувачките капацитети кои ќе бидат извозно ориентирани и ќе создаваат производи со повисока додадена вредност, поддршка на индустриските капацитети кои ќе овозможат супституција на увозот. |
| НПАА - поглавје и подрачје | Поглавје 11 - 3.11 |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за земјоделски задруги ќе се олесни спроведувањето на одредбите на постоечкиот закон и подобрување на процесот на формирање на нови и функционирање на веќе постоечките земјоделски задруги. |
| **Фискални импликации:** | Нема, измените и дополнувањата немаат фискални импликации |
| **Предлагач:** | **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство** |

**Приоритет: Јакнење на владеењето на правото, преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите, изградба на независни институции и функционален систем на локална самоуправа**

**1.Предлог на закон за управната инспекција**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со Законот се врши дефинирање на статусот и прецизирање на улогата и надлежностите на управната инспекција; имплементација на нов концепт на инспекциски надзор преку планирање врз основа на процена на ризик; олеснувањето и поголема правна сигурност за субјектите на надзор и на крајот, надминување на неконзистентноста, слабостите и пропустите во текстот на актуелниот закон. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** подобрување на стручноста, ефикасноста, отчетноста и транспарентноста на јавната администрација и создавање на услужно - сервисни институции со примена на нови технологии, стандарди за квалитет и мерки за сајбер безбедност |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **I Политички критериуми; 1.2 Реформа на јавна администрација** |
| **Очекувани влијанија:** | Јасно утврдување на правата и обврските на субјектите на надзор; Комплементарно регулирање на статусните прашања за инспекторите. |
| **Фискални импликации:** | Има |
| **Предлагач:** | **Министерство за информатичко општество и администрација** |

**Приоритет: Реформи во правосудството**

**1.Предлог на закон за Академија за судии и јавни обвинители**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Усогласување на законскиот текст за судии и јавни обвинители согласно Стратегијата во насока на овозможување на прием во Академијата за јавни обвинители и континуирана обука со обезбедени човечки ресурси соодветни за обука. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** Создавање услови за независно, департизирано и ефикасно судство и правда достапна до сите |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.23 - Правосудство и фундаментални права** |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Овозможување на доволен број судии и јавни обвинители кои ќе можат да го применуваат европското, меѓународното и домашното право |
| **Фискални импликации:** | Има, Буџет на РСМ за 2019 година |
| **Предлагач:** | **Министерство за правда** |

## ИНИЦИЈАТИВИ СО СРЕДЕН ПРИОРИТЕТ

**Приоритет: Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните**

### 1.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во НПАА 2019, Поглавје 3.12.6 Фитосанитарна политика предложено е да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја до 30 декември 2019 година, со цел да се постигне потполно усогласување со Директивата 1999/105/ЕЗ за маркетинг на шумски репродуктивен материјали со Регулативата 1598/2002/ЕЗ за утврдување на детални правила за давање на заемна административна помош од страна на службените органи. Иницијативата **има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на РСМ:** интеграција на Република Северна Македонија во ЕУ и НАТО **и со приоритетната цел:** зголемување на шумскиот фонд во Република Северна Македонија и поквалитетно чување на шумите |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Во согласност со НПАА 2019 - 2021 за Поглавје 3.12.6 Фитосанитарна политика (ЕУ мерки: 31999L0105 и 32002R1598)** |
| **Очекувани влијанија:** | Да се постигне целосна усогласеност на Законот со законодавството на ЕУ во делот на маркетингот на шумскиот репродуктивен материјал и во утврдувањето на деталните правила за давање на заемна административна помош од страна на службените органи. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство** |

**Приоритет: Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија**

### 1.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Потребата за донесување на нов Закон за служба во АРМ, произлезе од Програмата за продолжување на реформите на Република Северна Македонија, Глава 2 - Одбранбени/ Воени прашања и од Стратегискиот одбранбен преглед (СОП) - Планот за имплементација. Во овој правец потребно е ревидирање на одредбите од Глава XV со назив: „Учество на Армијата надвор од територијата на |

| | |
|---|---|
| | Републиката", особено членот 199 став 3, со цел уредување и на прашањето за упатување на воен и цивилен персонал за извршување на должности во воени претставништва, воени мисии, штабови, меѓународни организации и меѓународни воени единици, кога нивното седиште се наоѓа во Република Северна Македонија. Донесување на нов Закон за служба во АРСМ произлегува и од Стратегискиот одбранбен преглед - Планот за имплементација, кој содржи бројни и соодветни задачи и активности за организационите единици на МО и АРСМ за спроведување на трансформација и реорганизација на одбраната, преку структурни реформи на МО и АРМ, трансформација и унапредување на системот на управување со човечки ресурси, унапредување на работните процеси, како и на идната структура на МО и АРМ. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Програма за продолжување на реформите на Република Северна Македонија од август 2018 година, Стратегискиот одбранбен преглед (СОП) - План за имплементација од јуни 2018 година. Членство на Република Северна Македонија во НАТО и започнување на пристапни преговори со Европската Унија. |
| **Фискални импликации:** | Има, финансиски средства ќе се обезбедат од Буџетот на Министерството за одбрана. |
| **Предлагач:** | **Министерство за одбрана** |

**2.Предлог на закон за уредување на трговијата со стоки кои можат да се користат за смртна казна, мачење или друго сурово, нечовечно и понижувачко однесување или казнување**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со овој закон ќе се уредат меѓународните обврски на Република Северна Македонија врзани за заштита на човековите права. Уредувањето на националното законодавство по ова прашање ќе биде усогласено со законодавството на ЕУ - со Регулативата на заедницата (ЕЗ) бр.1236/2005 и со Регулативата на Комисијата (ЕУ) бр.775/2014 со изменување и дополнување на Регулативата на заедницата (ЕЗ) бр.1236/2005 |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје: 30 - Надворешни односи** |
| **Очекувани влијанија:** | Со донесување на Законот ќе се оствари напредок во усогласувањето на Националното законодавство со законодавството на ЕУ и ќе се исполнат меѓународните обврски на Република Северна Македонија врзани за заштита на човековите права |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за економија** |

# МАЈ

## ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ

**Приоритет: Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните**

### 1. Предлог завршна сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2018 година

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со Завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2018 година се искажуваат планираните и остварените износи на приходите и приливите, расходите и одливите за изминатата 2018 година како и реализацијата на планираните политики. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** спроведување на фискална политика во функција на фискална одржливост и етапна консолидација на јавните финансии, поддршка на економијата со значителни инвестиции во инфраструктурни проекти |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија го отсликува степенот на реализацијата на планираните политики и проекти на ВРМ и ја зголемува отчетноста и транспарентноста на трошењето на јавните финансии |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за финансии** |

### 2. Предлог фискална стратегија на Република Северна Македонија за среднорочен период 2020 - 2022 година

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со Фискалната стратегија на Република Македонија 2020 - 2022 година се дефинираат насоките и целите на фискалната, макроекономската и политиката на јавниот долг на среден рок и се утврдуваат износите на главните категории на приходите и расходите и буџетскиот дефицит за дадениот среднорочен период. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** спроведување на фискална политика во функција на фискална одржливост и етапна консолидација на јавните финансии, поддршка на економијата со значителни инвестиции во инфраструктурни проекти |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Со Фискалната стратегија се обезбедува финансиска сигурност и стабилност на јавните финансии во нареден среднорочен период и се воспоставува појака врска меѓу дефинираните стратешки приоритети и расположливите извори на финансирање. Истата претставува основа за изготвување на Предлог-буџетот за наредната година |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **Фискални импликации:** | Има, со Фискалната стратегија се утврдуваат максималните износи на одобрените средства за наредните три години по буџетски корисници на централната власт и фондовите, односно фискалните ефекти се дефинирани и презентирани по извори на финансирање |
| **Предлагач:** | **Министерство за финансии** |

**3.Предлог на закон за регистрирање и регулирање на привремен престој на лицата без документи за лична идентификација**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Решавање на проблемот со лицата без документи кои што долго време немаат регистриран статус во државата. Овие лица немаат пристап до основните човекови права и слободи. Заради овозможување на пристап до образование, социјална заштита, вработување и здравствена заштита, се предлага уредување на материјата на овие граѓани преку донесување на нов Закон за регистрирање и регулирање на привремен статус на лицата без документи за лична идентификација. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **НПАА - поглавје 23** |
| **Очекувани влијанија:** | Донесување на закон за регистрирање и регулирање на привремен престој на лицата без документи за лична идентификација, ќе овозможи пристап до основните човекови права и слободи на оваа посебна категорија на граѓани и создавање на основ за промени и унапредување на други закони поврзани со матичната евиденција, вонпарничната постапка, личните карти и тнт, со цел трајно решавање на овој проблем на лица без документи кои што немаат лична документација |
| **Фискални импликации:** | Има, Буџет на РСМ |
| **Предлагач:** | **Министерство за труд и социјална политика** |

**Приоритет: Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија**

**1.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за медијација**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Иницијативата произлегува од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ 2019 - 2021 (НПАА) и Планот 18 усвоен на 30.10.2018 година. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.23; ЕПП 2018.0100.7602** |
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување и унапредување на постоечката регулатива |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за правда** |

**2.Предлог на закон за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Северна Македонија**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Иницијативата произлегува од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ 2019 - 2021 (НПАА) и Планот 18 усвоен на 30.10.2018 година. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.23; ЕПП 2018.0100.7702** |
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување и унапредување на постоечката регулатива |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за правда** |

**Приоритет: Реформи во правосудството**

**1.Предлог на закон за управување со движење на предметите во судовите**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Обезбедување на законска рамка за новиот ИТ - систем и судскиот деловник во насока на овозможување на постапување по предметите без влијание од кој било со цел запазување на пристапот до правда. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** создавање услови за независно, департизирано и ефикасно судство и правда достапна до сите |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **ЕПП: 2018.0100.7514** |
| **Очекувани влијанија:** | Негативни ревизорски извештаи во однос на корупција, позитивни извештаи за функционирање на судовите, позитивни ревизорски извештаи за Судскиот совет и Советот за јавни обвинители во однос на нивната работа |
| **Фискални импликации:** | Има, Буџет на РСМ за 2019 година |
| **Предлагач:** | **Министерство за правда** |

## ИНИЦИЈАТИВИ СО СРЕДЕН ПРИОРИТЕТ

**Приоритет: Јакнење на владеењето на правото преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите, изградба на независни институции и функционален систем на локална самоуправа**

**1.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за матична евиденција**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Извештајот за степенот на спроведување на Препораката CM/Rec.(2010)5 од Комитетот на министри за мерките за борба против дискриминација врз основа на сексуална ориентација или родов идентитет во Република Северна Македонија констатира дека: „Законот за матична евиденција го регулира внесувањето на податоците, водењето на матичните книги, како и промената или исправката на податоци во матичните книги. Но исто како и другите споменати |

| | |
|---|---|
| | закони, овој закон не обезбедува јасна процедура за промена на ознаката за пол и единствен матичен број на граѓанинот". **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** унапредување на човековите права и создавање на институционални капацитети за нивна ефикасна заштита |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Изменување и дополнување на Законот за матична евиденција со цел негово хармонизирање со Препораката и постојната судска пракса (caselaw) на Европскиот суд за човекови права. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за правда** |

**Приоритет: Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија**

**1.Предлог на закон за заштита на личните податоци**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Се предлага донесување на нов Закон за заштита на личните податоци кој ќе биде во функција на подготвување на Република Северна Македонија за исполнување на новите начела и стандарди во областа на заштитата на личните податоци. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** унапредување на човековите права и создавање на институционални капацитети за нивна ефикасна заштита |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | ЕПП: 2017.0100.7390 |
| **Очекувани влијанија:** | Усогласување со европската регулатива во областа на заштитата на личните податоци. |
| **Фискални импликации:** | Има, Буџет на РСМ за 2019 година |
| **Предлагач:** | **Министерство за правда** |

**2.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со предложените измени се има за цел уредување на низа прашања кои се од значење за практичното спроведување на законот. Воедно со предложените измени се врши и усогласување на текстот на Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните со Изборниот законик и Законот за судовите, се напуштаат, односно се надминуваат низа застарени решенија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** унапредување на човековите права и создавање на институционални капацитети за нивна ефикасна заштита |

| | |
|---|---|
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување на постоечката регулатива |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за правда** |

| | |
|---|---|
| **3.Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за квалитет на амбиентен воздух** | |
| **Образложение:** | Главна цел на Законот за изменување и дополнување на Законот за квалитет на амбиентниот воздух е воспоставување на јасен начин на подготовка на плановите за квалитет на воздухот и на краткорочните акциски планови, како и ефикасно спроведување на мерките за подобрување на квалитетот на воздухот. За таа цел потребно е: појаснување на надлежностите и процедурите за изготвување и усвојување на планови за квалитет на воздухот и на краткорочните акциски планови; дефинирање на надлежноста на Владата за спроведување на одредени краткорочни мерки за подобрување на квалитетот на воздухот при надминување на прагот на алармирање; давање на овластување на други државни инспекторати за вршење надзор во спроведување на краткорочните мерки за подобрување на квалитетот на воздухот. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** обезбедување квалитетна животна средина на граѓаните преку заштита и унапредување на животната средина во функција на исполнување на принципите на одржливиот развој |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | ЕПП 2012.0500.6734 |
| **Очекувани влијанија:** | Реализацијата на оваа опција би значела забрзување на процесот на подготовка и донесување на планските документи во кои ќе се дефинираат мерки за заштита и подобрување на квалитетот на воздухот. Со овие измени се очекува да се зголеми бројот на општини кои ќе подготват плански документи чија имплементација во иднина би овозможила подобрување на квалитетот на воздухот во истите. Давањето на конкретни законски овластувања на другите на инспекторати за вршење инспекциски надзор при алармантно загадување ќе се зголеми бројот на инспектори и ќе се овозможи поефикасно спроведување на краткорочните мерки. Воедно ваквиот модел ќе обезбеди спроведување на одредени краткорочни мерки бидејќи истите ќе се донесат од страна на Владата во форма на наредби со што се очекува да се зголеми степенот на нивна реализација. |
| **Фискални импликации:** | Има, се очекуваат фискални импликации за ЕЛС за изработка на планските документи како и за спроведување на дефинираните мерки на локално ниво |
| **Предлагач:** | **Министерство за животна средина и просторно планирање** |

## ИНИЦИЈАТИВИ КОИ НЕ СЕ ПОВРЗАНИ СО СТРАТЕШКИТЕ ПРИОРИТЕТИ

### 1.Предлог на закон за ре-прогласување на НП Маврово за заштитено подрачје

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Иницијативата се спроведува согласно Законот за заштита на заштита на природата и Национална стратегија за заштита на природата со Акциски план (2017 - 2027). **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** планирање и одржливо користење на просторот и природните богатства и развивање на институционалните капацитети; зголемување на јавната свест и едукација на населението од областа на животната средина и реализација на кампањи од областа на заштитата на животната средина; обезбедување квалитетна животна средина на граѓаните преку заштита и унапредување на животната средина во функција на исполнување на принципите на одржливиот развој преку постигнување на стандардите на Европската Унија; зголемување на јавната свест и едукација на населението од областа на животната средина и реализација на кампањи од областа на заштитата на животната средина; планирање и одржливо користење на просторот и природните богатства и развивање на институционалните капацитети; |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Унапредување на законската регулатива за заштитата на природата. Обезбедување на интегрална заштита на природното наследство |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за животна средина и просторно планирање** |

# ЈУНИ

## ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ

**Приоритет: Реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија**

### 1.Предлог на закон за основно образование

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Целта на Законот за основното образование е подобрување на воспитно - образовниот процес во основните училишта, подобрување на условите за работа на наставниот и друг кадар во училиштата, јасно да се промовира инклузивно образование и вклучување на попреченоста како основа за дискриминација, да се забрани одбивање на разумно прилагодување, како форма на дискриминација врз основа на попреченост, (експлицитно и веднаш да спроведе забрана за исклучување на учениците со попреченост од редовните училишта врз основа на нивните оштетувања), поедноставување на одредени административни процедури, подобрување на начинот на водењето на педагошката евиденција и документација, како и други реформи, а со цел на генерално зголемување на |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| | квалитетот на основното образование. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетните цели:** воведување на концептот на еднаквост и недискриминација во сите области на општественото живеење, а особено во областа на образованието, здравството, социјалната заштита, работните односи и правосудството и спроведување на реформи во образованието преку развивање на интегриран систем на образование кој ќе влијае врз зголемување на економскиот раст и продуктивноста на трудот, зголемување на шансите на младите за квалитетни работни места, обезбедување на поголема општествена интеграција во етничка, регионална, социјална и културолошка смисла и поттикнување на критичкото мислење и активното граѓанство. |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 3.26 - Образование и култура** |
| **Очекувани влијанија:** | Со донесувањето на овој закон се очекува подобрување на квалитетот на основното образование, промовирање на инклузивното образование и унапредување на концептот на еднаквост и недискриминација во образованието |
| **Фискални импликации:** | Има |
| **Предлагач:** | **Министерство за образование и наука** |

**Приоритет: Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија**

**1.Предлог на закон за платежни услуги и платни системи**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со донесувањето на новиот Закон за платежни услуги и платни системи, националното законодавство ќе се усогласи со Директивата за платежни услуги (2007/64/ЕУ) Директивата за електронски пари (2009/110/ЕК),Директивата за конечност на порамнувањата (98/26/ЕК) и Директивата за платежни услуги (2015/2366/ЕК). Иницијативата **има индикација на поврзаност со повеќе приоритетни цели.** |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 3.04 - Слободно движење на капитал; Подрачје 2 - Платен систем; ЕПП: (2013.0700.6862)** |
| **Очекувани влијанија:** | Донесувањето на новиот закон за платежни услуги ќе придонесе за воспоставување на ефикасен, сигурен и стабилен платен систем; ќе обезбеди повисоко ниво на заштита на правата на корисниците на платежни услуги, ќе ги намали трошоците за платежни услуги; ќе обезбеди либерализација на пазарот на платежни услуги и влез на небанкарските институции (институциите за пренос на пари, трговците на мало, даватели на јавни телефонски услуги и институциите за електронски пари) и ќе ги зајакне правата на учесниците во платежните услуги. Со донесување на Законот за платежни услуги и платни системи ќе се воспостави правна основа за вклучување на Република Северна Македонија во СЕПА (Единствената европска платежна област). |
| **Фискални импликации:** | Нема |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | **Министерство за финансии** |
| **2.Предлог на закон за ратификација на договорот со Република Косово за правна помош во граѓанските предмети** | |
| **Образложение:** | Иницијативата произлегува од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ 2019 - 2021 (НПАА) и Планот 18 усвоен на 30.10.2018 година. |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје - 3.24.5 Правда, слобода и безбедност - Судска соработка во граѓанска и кривична материја; ЕПП 2011.1200.6645** |
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување и унапредување на постоечката регулатива |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за надворешни работи** |
| **3.Предлог на закон за железничкиот систем** | |
| **Образложение:** | Иницијативата произлегува од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ 2019 - 2021 (НПАА) и Планот 18 усвоен на 30.10.2018 година. |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 3.14; ЕПП 2015.0200.7168** |
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување и унапредување на постоечката регулатива |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за транспорт и врски** |
| **4.Предлог на закон за спречување и заштита од дискриминација** | |
| **Образложение:** | Иницијативата произлегува од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ 2019 - 2021 (НПАА) и Планот 18 усвоен на 30.10.2018 година. |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 3.19; ЕПП 2017.0900.7411** |
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување и унапредување на постоечката регулатива |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за труд и социјална политика** |
| **5. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на природата** | |

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Надградба на постоечкиот Закон за заштита на природата („Службен весник на Република Северна Македонија" број 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16 и 63/16). **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** унапредување на законската регулатива за заштитата на природата. Изменувањето и дополнувањето е во согласност на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ, дел за природа (2018) и Национална стратегија за заштита на природата со Акциски план (2017 - 2027) |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | ЕПП 2012.0500.6792 |
| **Очекувани влијанија:** | Со изготвувањето на нов Закон за природа се врши усогласување со законодавтсвото на ЕУ за заштита на природа, односно обезбедување понатамошно транспонирање со директивите на ЕУ за живеалишта и птици, како и доуредување на други прашања од управна постапка од предметната област. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за животна средина и просторно планирање**<br>Управа за животна средина |

**Приоритет: Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните**

**1.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со донесување на Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот ќе се воведе можност даночната стапка на данокот на имот за резидентен и нерезидентен недвижен имот со пазарна вредност повисока од 400.000 евра да се зголемува за 0,1 процентен поен. На овој начин ќе се воведе поправедно оданочување при поседување на поголем имот. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** воведување на поголема праведност во даночниот систем, праведна распределба на доходот и општественото богатство, паралелно со обезбедувањето на транспарентност во трошењето на парите на граѓаните преку државниот буџет |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Поголема финансиска самостојност на локалните заедници. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за финансии** |

**2.Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската инвестициона банка за дополнително финансирање на проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води"**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Согласно Законот за јавен долг, услов за потпишување на договор за задолжување со соодветната меѓународна финансиска институција е претходно донесување на Закон за задолжување. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** подобрување на животниот стандард на населението, заштита на животната средина и развој на општините преку подобрување на водоснабдувањето и одводот на отпадните води и изградба и реконструкција на водоснабдителни и канализациски системи со третман на отпадни води |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| **Очекувани влијанија:** | Со склучување на договорот за заем, се обезбедуваат дополнителни средства за финансирање на потпроекти во општините во Република Северна Македонија преку проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води". |
| **Фискални импликации:** | Има, потребните средства за реализација на проектот ќе се обезбедат со заем од Европската инвестициона банка - ЕИБ. |
| Предлагач: | **Министерство за финансии** |

**3.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Со предложените измени на Законот за електронските комуникации, освен измени во делот на регулативата за меѓународен роаминг и регулацијата на електронските комуникации, ќе се предвиди и формирање на Национална компетентна канцеларија за бродбенд (Broadband Competence Office - BCO) Со формирањето на Националната компетентна канцеларија за бродбенд ќе се обезбеди имплементација на Националниот оперативен бродбенд план, подобрување на ефикасноста и ефективноста на бродбенд инвестициите, координација во развојот на бродбенд мрежите, ќе го следи исполнувањето на националните бродбенд таргети и ќе учествува во работата на BCO мрежата на ЕУ. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** зајакнување на процесот на планирање, подготвување и следење на реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА) како основен стратешки програмски документ во процесот на усогласување на националното законодавство со законодавството на Европската Унија; континуирано јакнење на координативниот систем за процесот на евроинтеграции и јакнење на професионалните административни капацитети, како и зајакнување на механизмите за следење на примената на законодавната процедура во процесот на усогласување на националното законодавство со правото на Европската унија; поддршка на другите државни институции; непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите; усогласување на работата на јавната администрација со стандардите на |

| | |
|---|---|
| | Европската Унија заради целосна интеграција на македонскиот со европскиот административен простор. |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 10. Информатичко општество и медиуми; Подрачје 10.1. Електронски комуникации и информациски технологии** |
| **Очекувани влијанија:** | Со предложените измени на Законот за електронските комуникации ќе се обезбеди можност за намалување на цените за меѓународен роаминг (по склучување на меѓународни договори за роаминг со други држави), зголемување на бродбенд пенетрацијата во сите области во државата, подобра регулација во електронските комуникации итн. |
| **Фискални импликации:** | Има |
| **Предлагач:** | **Министерство за информатичко општество и администрација** |

**4.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Досегашната имплементација на Законот за авторското право и сродните права покажа дека моделот утврден во постојниот Закон го отежнува функционирањето на системот на колективното управување со наметнување на несоодветни обврски, надлежности и процедури, од една страна а од друга, отсуство на регулирање на прашања битни за ефикасно и соодветно колективно управување. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** спроведување на културна политика во која клучните вредности се слободата натворештвото, еднаквоста и универзалното добро, а најважните движечки принципи сепристапноста, учеството и еднаквите услови и права за сите. |
| НПАА - поглавје и подрачје | Поглавје 3. 7: Право на интелектуална сопственост |
| **Очекувани влијанија:** | Со донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права ќе се придонесе кон воспоставување основи за создавање стабилен систем на заштита на авторското право и сродните права, кој ќе обезбеди ефикасно и соодветно колективно управување на правата, преку усогласување на одредбите на Законот со законодавството на Европската унија во оваа област. Исто така, со донесувањето на Законот ќе се придонесе кон надминување на проблемите кои се предмет на разгледување и со тоа ќе се овозможи на сите чинители и засегнати страни во областа на колективното остварување на авторското право и сродните права (носители на права, организации за колективно управување, здруженија, корисници, комори на корисници, итн), соодветно и на транспарентен начин, секој од својот аспект и интерес, да бидат активни и конструктивни учесници во зајакнување на системот на колективното остварување на авторското право и сродните права |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **Фискални импликации:** | Нема, одредбите од Предлог-законот не создаваат фискални влијанија врз Буџетот на Република Северна Македонија и другите јавни финансиски средства. |
| **Предлагач:** | **Министерство за култура** |

**5.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за рамномерен регионален развој**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во функција на имплементација на Програмата на Владата на РСМ 2017 - 2020 г. во која е предвидено да се обезбеди јакнење на административните и финансиските капацитети на центрите за регионален развој (обезбедување статус на државни службеници на вработените во центрите и целосно покривање на оперативните трошоци од централниот буџет), потребно е да се изменат одредби од Законот за рамномерен регионален развој кои го регулираат статусот на вработените службеници во центрите за развој на планските региони како и на изворот на финансирање на оперативните трошоци на наведените регионални институции. **Иницијативата има индикација на поврзаност и со стратешкиот приоритет на Владата на РСМ:** Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија **и приоритетната цел:** намалување на разликите во развојот помеѓу и во планските региони, зголемување на конкурентската способност на планските региони |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | Поглавје 22 |
| **Очекувани влијанија:** | Со донесување на наведениот акт ќе се создадат нормативни услови за трансформација на статусот на вработените службеници во центрите за развој на планските региони во државни службеници. |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата за подготвување на овој нормативен акт се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година и од донација на Владата на Швајцарија |
| **Предлагач:** | **Министерство за локална самоуправа** |

**6.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Предлог-измените и дополнувањата на пакетот закони од областа на пензиското осигурување ќе содржат решенија за постигнување одржливост на пензискиот систем на краток и среден рок. Покрај одржливоста на пензискиот систем, значаен предизвик е подобрување на материјалната состојба на осигурениците во двата пензиски столба и пензионерите. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** спроведување макроекономска политика насочена кон задржување на макроекономската стабилност, зголемување на конкурентноста на економијата и зголемување на вработеноста. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Решенија ќе бидат насочени кон одржливост на пензискиот систем и намалување на средствата од Буџетот на РСМ кои се трансферираат врз основа на тековен дефицит. Дополнително, Предлог-мерките ќе имаат за цел да се намали јазот помеѓу сегашните и идните пензионери поради претходно донесени мерки кои резултираа со зголемување на тековните пензии, наспроти намалувањето на стапката на придонес за пензиско и инвалидско осигурување и стапката на придонес за членовите во вториот пензиски столб. |
| **Фискални импликации:** | Има, во моментот фискалните импликации не можат да се квантифицираат |
| **Предлагач:** | **Министерство за труд и социјална политика** |

**7.Предлог на закон за вработување на лица со попреченост**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со новиот закон за вработување на лицата со попреченост ќе се воспостави нов концепт на вработување на оваа категорија на лица. Преку новиот систем вработување на лицата со попреченост треба да се насочи кон отворениот пазар на труд со обезбедување на поволности насочени кон лицето кое се вработува.<br>**Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:**<br>Спроведување намакроекономска политика насочена кон задржување на макроекономската стабилност, зголемување на конкурентноста на економијата и зголемување на вработеноста. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Преку донесување на новиот закон ќе се овозможи вработување на лицата со попреченост на отворениот пазар на труд, поголема инклузивност, проактивност на лицето со попреченост и работодавачот и усогласување со Конвенцијата за правата на лицата со попреченост |
| **Фискални импликации:** | Има, во моментот фискалните импликации не можат да се квантифицираат |
| **Предлагач:** | **Министерство за труд и социјална политика** |

**Приоритет: Јакнење на владеењето на правото преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите, изградба на независни институции и функционален систем на локална самоуправа**

**1.Предлог на закон за заштита на културното наследство**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 192/15, 39/16 и 11/18)се утврдуваат видовите, категориите, идентификацијата, начините на ставање под заштита на културното наследство, режимот на заштита и користењето на културното наследство, правата и должностите на имателите на културното наследство, организацијата, координацијата и надзорот, стручните звања и други прашања. Законот за |

| | |
|---|---|
| | заштита на културното наследство во меѓувреме повеќепати е менуван и дополнуван. Во текот на имплементацијата на Законот е утврдено дека одредени одредби содржани во Законот негативно влијаат врз спроведувањето на мерките за заштита на културното наследство. Со новиот Закон, ќе се обезбеди решавање на сите проблеми кои се појавија во изминатиот период преку нова организација на институциите за заштита на културното наследство, особено во однос на предметот на работа на институциите за заштита (преку изработка на Листа на културно наследство од национално значење со утврдена категорија која ќе биде составен дел на Законот) и јасно дефинирани надлежности на Управата за заштита на културно наследство. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** воведување нов управувачки модел на координирање и обезбедување децентрализирани услови за развој на културата преку флексибилен пристап, дијалог и демократско учество на сите активни чинители во културата, воспоставување на системски промени во финансирањето на културните потреби |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| **Очекувани влијанија:** | Со изработката на нов Закон за заштита на културното наследство, ќе се обезбедат услови за системска заштита на културното наследство на сите нивоа.Со изработката на Листата на културно наследство од национално значење, што ќе се регулира со законот, ќе се направи усогласување со стандардите на земјите членки од ЕУ |
| **Фискални** импликации: | Има, средствата за изработката на Законот ќе бидат обезбедени од Буџетот на РМ за култура |
| **Предлагач:** | **Министерство за култура** |

**Приоритет: Реформи во правосудството**

| **1.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за правосудниот испит** | |
|---|---|
| **Образложение:** | Укинување на електронско полагање на стручниот испит и воведување на усно и писмено полагање на кандидатите пред стручна комисија, врз основа на мерливи и објективни критериуми за проценка на нивнивните знаење. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** создавање услови за независно, департизирано и ефикасно судство и правда достапна до сите |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 3.23 - Правосудство и фундаментални права** |
| **Очекувани влијанија:** | Соодветно оценување на квалитетот на лицата кои полагаат правосуден испит. Преку мерливи и објективни критериуми со вербално искажување на своите знаења и говорнички вештини ќе се направи реална процена на знаењето на кандидатите. |
| **Фискални** импликации: | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за правда** |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

## ИНИЦИЈАТИВИ СО СРЕДЕН ПРИОРИТЕТ

### Приоритет: Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија

### 1.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за гранична контрола

**Образложение:** Со Решение на министерот за внатрешни работи од 2018 година формирана е работна група со задача да изготви нацрт - текст на измени и дополнувања на Законот за гранична контрола, со цел негово усогласување со релевантното законодавство на ЕУ и тоа: Шенгенски граничен кодекс (Регулативата на (ЕС) број 399/2016 на Европскиот парламент и на Советот од 9 март 2016 година, за воспоставување на Кодексот на Унијата за правилата за движење на лицата преку границите и Директивата (ЕУ) 2016/681 на Европскиот парламент и на Советот од 27 април 2016 година за користење податоци од евиденција за патници (ПНР) со цел спречување, откривање, истрага и кривично гонење на кривично дело тероризам и тешките форми на кривични дела. Согласно извршените анализи, Законот за гранична контрола во најголемиот и најсуштинскиот дел е усогласен со Регулативата на (ЕЦ) број 399/2016 на Европскиот парламент и на Советот од 9 март 2016 година, за воспоставување на Кодексот на Унијата за правилата за движење на лицата преку границите (Шенгенски граничен кодекс), како основен и најобемен пропис на ЕУ за областа гранично работење. Анализата покажува дека во Законот за гранична контрола е потребно дополнително внесување на неколку дефиниции, уредување на начинот на вршење на граничните проверки на државјани на трети земји, кои го уживаат правото на слободно движење во заедницата и правата на членовите на нивните семејства, утврдување на претпоставките за исполнувањето на условите за времетраењето на престојот доколку на патната исправа на државјанин на трета земја нема влезен печат(вклучително пропишување соодветен образец)натамошно доуредување на повторно воведување на граничната контрола на внатрешните граници и овозможување на склучување на билатерални договори за блокирање на сообраќај при вршење на гранични проверки во патниот сообраќај. Со измените и дополнувања на Законот, ќе се воведат основни параметри од Директивата (ЕУ) 2016/681 на Европскиот парламент и на Советот од 27 април 2016 година за користење на податоци од евиденција на патници (ПНР) со цел спречување, откривање, истрага и кривично гонење на кривично дело тероризам и тешките форми на кривични дела, со што ќе се пристапи кон натамошно усогласување на националното законодавство во оваа област. Имајќи ги предвид основните цели на предметната директива, измените и дополнувањата на законот во овој дел ќе овозможат воспоставување на основа за процена на податоци за патници (ПНР) и идентификување на лица кои не се осомничени за учество во кривични дела од областа на тероризам или други тешки форми на кривични дела. Со тоа ќе се овозможи навремено согледување на можни закани од вршење на овие кривични дела, согласно точно утврдените критериуми и процедура.

Иницијативата е предвидена во Националната програма за усвојување на европското законодавство - Ревизија 2017 година

| | |
|---|---|
| НПАА - поглавје и подрачје | Поглавје 3.24 Правда, слобода и безбедност, ЕПП: 2012.0600.6823 |
| Очекувани влијанија: | Иницијативата позитивно ќе се одрази на степенот на хармонизација на националното законодавство со правото на ЕУ и соодветна подготовка за натамошните фази во процесот на евроинтеграција. Истовремено, воведување на предметните стандарди во националната легислатива, претставува дополнително зајакнување на безбедноста, заштита на животите и сигурноста на лицата кои се движат преку државните граници и го олеснува управувањето со границите, односно поефикасно вршење на граничната контрола. Квалитетно управување и координација со структурите во процесот на пристапување на Република Северна Македонија во ЕУ |
| Фискални импликации: | Нема (Евентуалните финансиски импликации ќе бидат дополнително утврдени, како и можните извори на финансирање (Буџет на РСМ или странска помош) |
| Предлагач: | Министерство за внатрешни работи |

| 2.Предлог на закон за заштита на потрошувачите | |
|---|---|
| Образложение: | Иницијативата произлегува од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ 2019 - 2021 (НПАА) и Планот 18 усвоен на 30.10.2018 година „Сообразување на законодавството и спроведување на законите", член 68 приспособување на законите на Република Северна Македонија со правото на Европската Унија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетните цели:** макроекономска политика насочена кон безусловно задржување на финансиската и макроекономската стабилност и зголемување на конкурентноста на економијата на трајна основа, зголемување на вработеноста и социјална заштита на најранливите категории, пред сè преку натамошно подобрување на деловно окружување и креирање еднакви можности за економски раст и развој на сите учесници во економските процеси |
| НПАА - поглавје и подрачје | Поглавје3.28 - Заштита на потрошувачите и јавно здравје; ЕПП 2011.0400.6459 |
| Очекувани влијанија: | Унапредување на заштитата на потрошувачите со натамошна хармонизација на Законот за заштита на потрошувачите и ефикасно спроведување на правото во делот на заштита на потрошувачите. При спроведувањето на одредбите содржани во директивите за заштита на потрошувачите кои ќе се транспонирааат во Законот за заштита на потрошувачите, ќе се земе предвид следново: постојано следење на принципите на минимално и максимално усогласување; потреба за целосна имплементација на директивите; потреба да се постигне прецизна, детална и реална хармонизација; генерализација на индивидуалните правила содржани во неколку директиви. Новиот Закон за заштита на потрошувачи ќе обезбеди високо ниво на заштита на правата за потрошувачите, а истовремено ќе гарантира полесни услови за деловно работење; ќе се воспостави соодветна административна структура за развој и координација на оваа политика со сите други засегнати страни, ќе се зајакне независноста и репрезентативноста на |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| | здруженијата за заштита на потрошувачите, ќе се подобрат механизмите за поддршка на потрошувачите за решавање на нивните приговори и ќе се обезбедат адекватни услови за имплементација на политиките за безбедност на производи, се со цел да се постигне понатамошен напредок во оваа област. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за економија** |

**Приоритет: Реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија**

**1.Предлог на закон за надворешни работи**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Имајќи предвид дека се изминати повеќе од 4 години од воспоставувањето на системот на кариера за дипломатите во МНР, врз основа на досегашните практични искуства од неговото спроведување, увидени се неколку елементи кои треба да се унапредат. Истото би се постигнало преку измени и дополнувања на законот за надворешни работи и соодветните подзаконски акти. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** подобрување на стручноста, ефикасноста, отчетноста и транспарентноста на јавната администрација и создавање на услужно ориентирани институции со примена на нови технологии, стандарди за квалитет и мерки за сајбер безбедност |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Позитивно влијание во унапредувањето на дипломатската служба во Република Северна Македонија |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за надворешни работи** |

## ИНИЦИЈАТИВИ КОИ НЕ СЕ ПОВРЗАНИ СО СТРАТЕШКИТЕ ПРИОРИТЕТИ

**1.Предлог на закон за ре - прогласување на Матка за заштитено подрачје**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Иницијативата се спроведува согласно Законот за заштита на природата и Националната стратегија за заштита на природата со Акциски план (2017 - 2027). **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** унапредување на законската регулатива за заштитата на природата |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Обезбедување на интегрална заштита на природното наследство |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за животна средина и просторно планирање** |

# ЈУЛИ

## ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ

**Приоритет: Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните**

| 1.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за консолидација на земјоделско земјиште | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со измени и дополнувања на Законот за консолидација на земјоделско земјиште ќе се овозможи поефикасно и непречено спроведување на проектите за консолидација, односно ќе се изготват системски решенија со преземање и регулирање на правни механизми кои се релевантни за процесите на консолидација, а до сега биле регулирани во други закони. Иницијативата **има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на РСМ:** интеграција на Република Северна Македонија во ЕУ и НАТО **и приоритетната цел:** намалување на расцепканоста на земјишните парцели, нивно групирање, подобрување на формата на парцелите заради примена на посовремените техники и технологии на производство, зголемување на просечната големина и обезбедување на пристап на парцелите до новите или рехабилитирани системи за наводнување и до обновената или новоизградена патна инфраструктура. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 11 - 3.11** |
| **Очекувани влијанија:** | успешно спроведување на проектите за консолидација |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство** |

**Приоритет: Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија**

| 1.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за поттикнување и помагање на техничката култура | |
|---|---|
| **Образложение:** | Иницијативата произлегува од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ 2019 - 2021 (НПАА) и Планот 18 усвоен на 30.10.2018 година. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.25; ЕПП 2017.1400.7441** |
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување и унапредување на постоечката регулатива |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за образование и наука** |
| **2.Предлог на закон изменување и дополнување на Законот за иновациската дејност** | |
| Образложение: | Иницијативата произлегува од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ 2019 - 2021 (НПАА) и Планот 18 усвоен на 30.10.2018 година. |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 3.25; ЕПП 2017.1400.7440** |
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување и унапредување на постоечката регулатива |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за образование и наука** |
| **3.Предлог за започнување на постапка за ратификација на Амандманот од Доха кон Протоколот од Кјото на Рамковната конвенција на ООН за климатски промени** | |
| Образложение: | Обединетите нации ги охрабруваат владите најбрзо што можат да ги ратификуваат дополнувањата во однос на вториот обврзувачки период на Протоколот од Кјото (2012 - 2020), кон Рамковната конвенција на ООН за климатски промени. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** натамошно зголемување на инвестициите во животната средина и преземање на активности за намалување на климатските промени преку постигнување на пониско ниво на емисија на штетни гасови |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 27 - 3.27 - Животна средина и климатски промени; 3.27.1 - Хоризонтални** |
| **Очекувани влијанија:** | Исклучиво позитивни. Амандманот од Доха кон Протоколот од Кјото е со цел да се искористи моментот за глобална климатска акција во периодот до 2020 година. Со тоа Република Северна Македонија ќе ја реафирмира својата заложба за приклучување кон светските напори за намалување на климатските промени.РатификацијатанаАмандманотодДоханеманикаквинегативнивлијанијазанашатадржава, бидејќи ги адресира државите од Анексот Б на Протоколот од Кјото (кои имаат квантификувани обврски за намалување на емисиите на стакленички гасови, а Република Северна Македонија не е во таа група на држави). |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за животна средина и просторно планирање** |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

# АВГУСТ

## ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ

**Приоритет: Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните**

### 1. Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Доколку има промени во реализацијата на приходите и расходите со Измената и дополнувањето на Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година се обезбедуваат неопходни прилагодувања на приходната и расходната страна од Буџетот во однос на иницијално планираните. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** спроведување на фискална политика во функција на фискална одржливост и етапна консолидација на јавните финансии, поддршка на економијата со значителни инвестиции во инфраструктурни проекти. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Со ревидирање на приходите и расходите со Измената и дополнувањето на Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година се обезбедува одржување на макроекономската и фискалната стабилност, умерено ниво на буџетски дефицит и јавен долг и поддршка на економијата со значителни инвестиции во продуктивни проекти |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за финансии** |

### 2.Предлог на закон за буџети

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со Законот за буџети се уредува постапката за изготвување, донесување и извршување на Буџетот на Република Северна Македонија и буџетите на локалната самоуправа и Град Скопје и известување и извршување на истите.Со Законот, исто така, се уредува среднорочното буџетско планиарање, временската рамка за донесување на буџетот и среднорочната буџетска рамка и се воведуваат фискалните правила. (Иницијативата е дел од мерките одПланот 18во делот 3. Реформа на јавната администрација - PJA и добро управување, коишто произлегуваат од Стратегијата за PJA, заклучно со февруари 2019 год.)Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел: фискална политика во функција на фискална одржливост и етапна консолидација на јавните финансии, поддршка на економијата со значителни инвестиции во инфраструктурни проекти |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 3.33 - Финансиски и буџетски одредби; ЕПП 2012.0700.6798** |
| **Очекувани влијанија:** | Со промената на Законот за буџети се очекува унапредување на управувањето на јавните финансии во согласност со европските стандарди. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за финансии** |

# СЕПТЕМВРИ

## ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ

**Приоритет: Реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија**

### 1.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за националната рамка на квалификации

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Целта на Законот за изменување и дополнување на Законот за национална рамка на квалификации е усогласување со европските регулативи. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** спроведување на реформи во образованието преку развивање на интегриран систем на образование кој ќе влијае врз зголемување на економскиот раст и продуктивноста на трудот, зголемување на шансите на младите за квалитетни работни места, обезбедување на поголема општествена интеграција во етничка, регионална, социјална и културолошка смисла и поттикнување на критичкото мислење и активното граѓанство |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 3.26 - Наука и образование; ЕПП 2017.1400.7433** |
| **Очекувани влијанија:** | Со донесувањето на овој закон се очекува усогласување и хармонизација и со останатите законите кои го регулираат основното образование, средното образование, стручното образование и обука, образованието на возрасните и високото образование и ќе придонесе во осигурување на квалитет во стекнувањето на потребните квалификации |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за образование и наука** |

### 2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за образование на возрасните

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со изменувањето и дополнувањето на Законот за образование на возрасните се имплементира Стратегијата за образование 2018 - 2025 за мерката „Воспоставување на системот за валидација на неформално и информално |

| | |
|---|---|
| | учење". Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** спроведување на реформи во образованието преку развивање на интегриран систем на образование кој ќе влијае врз зголемување на економскиот раст и продуктивноста на трудот, зголемување на шансите на младите за квалитетни работни места, обезбедување на поголема општествена интеграција во етничка, регионална, социјална и културолошка смисла и поттикнување на критичкото мислење и активното граѓанство |
| НПАА - поглавје и подрачје | Поглавје 3.26 - Наука и образование; ЕПП 2019.1400.7787 |
| **Очекувани влијанија:** | Со воспоставување на системот за валидација на неформално и информално учење ќе се влијае врз зголемување на економскиот раст и продуктивноста на трудот, како и зголемување на шансите за вработување на младите и возрасните за квалитетни работни места. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| Предлагач: | **Министерство за образование и наука** |

| | |
|---|---|
| **3.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование** | |
| Образложение: | Целта на измените и дополнувањата на Законот за средното образование е подобрување на воспитно - образовниот процес во средните училишта, подобрување на условите за работа на наставниот и друг кадар во училиштата, поедноставување на одредени административни процедури, подобрување на начинот на водењето на педагошката евиденција и документација, како и други реформи, а со цел на генерално зголемување на квалитетот на средното образование, како и усогласување со Законот за национална рамка на квалификации. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** спроведување на реформи во образованието преку развивање на интегриран систем на образование кој ќе влијае врз зголемување на економскиот раст и продуктивноста на трудот, зголемување на шансите на младите за квалитетни работни места, обезбедување на поголема општествена интеграција во етничка, регионална, социјална и културолошка смисла и поттикнување на критичкото мислење и активното граѓанство |
| НПАА - поглавје и подрачје | Поглавје 3.26 - Наука и образование; ЕПП 2019.1400.7789 |
| **Очекувани влијанија:** | Со донесувањето на овој закон се очекува подобрување на квалитетот на средното образование согласно со приоритетите дадени во Стратегијата за образование 2018 - 2025 г. |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата ќе се предвидат со Буџетот на Република Северна Македонија - Министерство за образование и наука за 2019 и 2020 година |
| Предлагач: | **Министерство за образование и наука** |

| 4.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за стручното образование и обука | |
|---|---|
| Образложение: | Со изменувањето и дополнувањето на Законот за стручното образование и обука се имплементира Стратегијата за стручно образование и обука во контекст на доживотно учење 2013 - 2020, мерките „Атрактивно стручно образование и обука", „Квалитет и релевантност - гаранција за конкурентност'" и „Добро владеење, ресурси, капацитет и одговорност во идниот систем за СОО", со цел зголемување на квалитетот на средното стручно образование, како и усогласување со Законот за национална рамка на квалификации. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** спроведување на реформи во образованието преку развивање на интегриран систем на образование кој ќе влијае врз зголемување на економскиот раст и продуктивноста на трудот, зголемување на шансите на младите за квалитетни работни места, обезбедување на поголема општествена интеграција во етничка, регионална, социјална и културолошка смисла и поттикнување на критичкото мислење и активното граѓанство; |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 3.26 - Наука и образование; ЕПП 2019.1400.7790** |
| Очекувани влијанија: | Со донесувањето на овој закон се очекува започнатите реформи да придонесат во подобрување на квалитетот на средното образование согласно со приоритетите дадени во Стратегијата за образование 2018 - 2025 г. и хармонизација со потребите на пазарот на трудот |
| Фискални импликации: | Има, средствата ќе се предвидат со Буџетот на Република Северна Македонија - Министерство за образование и наука за 2019 и 2020 година |
| Предлагач: | **Министерство за образование и наука** |

| 5.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за ученичкиот стандард | |
|---|---|
| Образложение: | Целта на измените и дополнувањата на Законот за ученичкиот стандард е унапредување на законските одредби кои се однесуваат на сместување на учениците, финансирање на домовите, системот на ученички стипендии и сл. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** подобрување на студентскиот живот и стандард на младите и спроведување на мерки со кои тие полесно ќе дојдат до прво вработување и нивно задржување во земјата |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 3.26 - Наука и образование; ЕПП 2019.1400.7795** |
| Очекувани влијанија: | Со донесувањето на овој закон се очекува унапредување на ученичкиот стандард |
| Фискални импликации: | Има |
| Предлагач: | **Министерство за образование и наука** |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **6.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за студентскиот стандард** | |
| Образложение: | Целта на измените и дополнувањата на Законот за студентскиот стандард е унапредување на законските одредби кои се однесуваат на сместување на студентите, финансирање на домовите, системот на студентски стипендии и слично. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** подобрување на студентскиот живот и стандард на младите и спроведување на мерки со кои тие полесно ќе дојдат до прво вработување и нивно задржување во земјата |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 3.26 - Наука и образование; ЕПП 2019.1400.7797** |
| **Очекувани влијанија:** | Со донесувањето на овој закон се очекува унапредување на студентскиот стандард |
| **Фискални импликации:** | Има |
| **Предлагач:** | **Министерство за образование и наука** |

| | |
|---|---|
| **7.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за научно - истражувачката дејност** | |
| Образложение: | Целта на измените и дополнувањата на Законот за научно - истражувачката дејност е унапредување на научно - истражувачката дејност, распределба на ресурсите во насока на поддршка на домашниот научен кадар, стимулација и поддршка на национални научно - истражувачки проекти, поддршка на учество во меѓународни научни проекти итн. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** вложување во науката и истражувањето како и развој на нови технологии и индустрии |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 3.26 - Образование и култура; ЕПП 2017.1400.7439** |
| **Очекувани влијанија:** | Со донесувањето на овој закон се очекува подобрување на статусот на научните работници во Северна Македонија и поголемо инвестирање во научниот потенцијал во земјата |
| **Фискални импликации:** | Во Буџетот на Република Северна Македонија - Министерство за образование и наука за 2019 и 2020 година (Програма 7) |
| **Предлагач:** | **Министерство за образование и наука** |

Приоритет: Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните

| | |
|---|---|
| **1.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за комуналните такси** | |
| Образложение: | Со донесувањето на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за комуналните такси согласно Програмата на Владата на РСМ ќе помогне во |

| | |
|---|---|
| | развојот на домашните претпријатија, особено на микро и мали. Намалување на фирмарината за претпријатијата со помалку од 5 вработени со што ќе се намалат трошоците на работењето и ќе се поттикне започнувањето свој бизнис. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** воведување на поголема праведност во даночниот систем, праведна распределба на доходот и општественото богатство, паралелно со обезбедувањето на транспарентност во трошењето на парите на граѓаните преку државниот буџет |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| Очекувани влијанија: | Подобрување на бизнис услови на мали претпријатија |
| Фискални импликации: | Нема |
| Предлагач: | **Министерство за финансии** |

| **2.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за медиуми** | |
|---|---|
| Образложение: | Со овој закон се пропишуваат, како и обезбедување на услови за доближување на содржините до лицата со посебни потреби, импресум, јавност во работата на издавачот на медиуми правото на исправка и одговорна објавена информација. Иницијативата **има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на РСМ:** Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија и реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија **и приоритетните цели:** зајакнување на процесот на планирање, подготвување и следење на реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА) како основен стратешки програмски документ во процесот на усогласување на националното законодавство со законодавството на Европската Унија; континуирано јакнење на координативниот систем за процесот на евроинтеграции и јакнење на професионалните административни капацитети, како и зајакнување на механизмите за следење на примената на законодавната процедура во процесот на усогласување на националното законодавство со правото на Европската Унија; поддршка на другите државни институции; непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите; усогласување на работата на јавната администрација со стандардите на Европската Унија заради целосна интеграција на македонскиот со европскиот административен простор |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 10. Информатичко општество и медиуми; Подрачје 10.3. Аудио визуелна политика** |
| Очекувани влијанија: | Подобрување на состојбите во медиумската сфера |
| Фискални импликации: | Нема |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | **Министерство за информатичко општество и администрација** |

**3.Предлог на закон за донирање на вишокот на храна**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Илјадници тони здравствено исправна храна ширум Северна Македонија оди во отпад, додека еден од пет жители на Северна Македонија се бори со обезбедување на храна за основните егзистенционални потреби. Дури 42% од мешаниот општински отпад е био отпад во кој храната учествува со 28%. Помеѓу 7 - 10% од тој отпад од храна е соодветен за исхрана на луѓето, односно е вишок храна која може да помогне во исхрана на најранливиот дел од нашата популација. Како дополнување на овој факт, кога био отпадот се одложува во земјата, што сѐ уште е најчестиот начин на негово третирање, се создаваат емисиите на стакленички гасови кои придонесуваат за глобално затоплување и климатски промени. Северна Македонија припаѓа на оние региони во светот кои се најранливи од климатските промени со низа негативни влијанија кои веќе нашироко се чувствуваат, особено во земјоделството и руралните области. Законот за донирање на вишокот на храна треба да овозможи регулирање на проблематиката на третманот на вишокот на храна кој наместо во отпад треба да заврши кај ранливите социјални категории. Во таа насока треба да се дефинира категоријата вишок на храна, обврските на учесниците во системот и процедурите за донирање на храната, како и корисниците и неговото финансирање.<br>**Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** воспоставувањенафункционалнамрежанаинституциизасоцијалназаштитаи зголемување на капацитетите во согласност со потребите на граѓаните и унапредување на концептот и практиките за општествена одговорност. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 11 - 3.11** |
| **Очекувани влијанија:** | Очекувањето е дека во првите 2 години од започнувањето на спроведување на Законот, но и со паралелено спроведување на другите планирани активности кои треба да бидат опфатени со „Национална стратегија за загуби од храна и намалување на отпадот од храна во Република Северна Македонија" која е во план за подготовка, за 50% да се намалат загубите од храна и отпадот од храна во сите сектори. |
| **Фискални импликации:** | Има, иницијативата предизвикува финансиски импликации во делот на логистиката на донирањето на храната до социјално ранливите категории како финални корисници и потребните средства ќе бидат обезбедени од буџетот на надлежните министерства. |
| **Предлагач:** | **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство** |

**4.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за стоковни резерви**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Измените и дополнувањата во Законот за стоковни резерви се однесуваат на измените во начинот на обновување на стоковните резерви со цел да сеобезбеди |

| | |
|---|---|
| | навремено и квалитетно обновување на стоковните резерви со минимални трошоци. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** обезбедување на сигурност во снабдувањето на потрошувачите со сите видови на енергија и енергенси |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| **Очекувани влијанија:** | Намалување на трошоците за обновување на стоковните резерви, Подобрување на условите за работење со стоковните резерви и подобрување на начинот на контрола на стоковните резерви |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за финансии** |

**5.Предлог на закон за архивска дејност**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со овој закон се уредува заштитата, чувањето, обработката и користењето на архивскиот материјал, инспекцискиот надзор и надлежностите на Државниот архив на Република Северна Македонија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** поддршка на другите државни институции; непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите; усогласување на работата на јавната администрација со стандардите на Европската Унија заради целосна интеграција на македонскиот со европскиот административен простор. |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 10 - Информатичко општество и медиуми; Подрачје 10.2. Услуги на информатичкото општество** |
| **Очекувани влијанија:** | Соодветна имплементација на стандарди за обработка на архивски материјал<br>Воведување на дигитализација при вршење на архивската дејност |
| **Фискални импликации:** | Има |
| **Предлагач:** | **Министерство за информатичко општество и администрација** |

**Приоритет: Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија**

**1.Предлог на закон за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Донесувањето на закон за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор произлегува од потребата за понатамошно подобрување на овој систем и доусогласување на овој систем со меѓународните стандарди за внатрешна контрола и внатрешна ревизија, со цел создавање услови за градење стручна, ефикасна, отчетна и транспарентна администрација во јавниот сектор. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** подобрување на стручноста, ефикасноста, отчетноста и транспарентноста на |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| НПАА - поглавје и подрачје | јавната администрација и создавање на услужно ориентирани институции со примена на нови технологии, стандарди за квалитет и мерки за сајбер безбедност<br><br>ЕПП: 2018.0700.7507 |
| Очекувани влијанија: | Има позитивни влијанија. Со донесување на Законот за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор ќе дојде до зајакнување на раководната одговорност и подобрување на ефикасноста во управувањето со јавните финансии преку зајакнати внатрешни контроли, зајакната внатрешна ревизија, односно подигање на административните капацитети во јавниот сектор. |
| Фискални импликации: | Нема |
| Предлагач: | **Министерство за финансии** |

**2.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за супервизија на осигурување**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Иницијативата произлегува од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ 2019 - 2021 (НПАА) |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје - 3.09 - Финансиски услуги - 3.09.2 - Осигурување и професионално пензиско осигурување; ЕПП 2018.0700.7587** |
| Очекувани влијанија: | Подобрување и унапредување на постоечката регулатива |
| Фискални импликации: | Нема |
| Предлагач: | **Министерство за финансии** |

**3.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително осигурување во сообраќајот**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Иницијативата произлегува од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ 2019 - 2021 (НПАА) |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 3.09 - Финансиски услуги - 3.09.2 - Осигурување и професионално пензиско осигурување; ЕПП 2018.0700.7588** |
| Очекувани влијанија: | Подобрување и унапредување на постоечката регулатива |
| Фискални импликации: | Нема |
| Предлагач: | **Министерство за финансии** |

**4.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за инвестициски фондови**


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Иницијативата произлегува од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ 2019 - 2021 (НПАА) |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.09 - Финансиски услуги - 3.09.4 - Пазари на хартии од вредност и инвестициски услуги; ЕПП 2010.0700.6047** |
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување и унапредување на постоечката регулатива |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за финансии** |

**5.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Иницијативата произлегува од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ 2019 - 2021 (НПАА) и Планот 18 усвоен на 30.10.2018 година. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.23; ЕПП 2018.0100.7600** |
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување и унапредување на постоечката регулатива |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за правда** |

**6. Предлог на закон за управување со батерии и акумулатори и отпад од батерии и акумулатори**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Хармонизирање на националното законодавство со законодавството на ЕУ. Основни цели на регулативата се: намалување на количината на создаден отпад од батерии и акумулатори; зголемување на количината на искористување на корисните компоненти од отпадот од батерии и акумулатори; поттикнување на економските активности за искористување на корисните компоненти на отпадот од батерии и акумулатори; намалување на негативното влијание врз животната средина; усогласување со законодавството на Европската Унија (Директивата 2006/66/ЕК). Донесувањето на регулативите ќе резултира со заштеда на трошоците за Република Северна Македонија и ќе придонесе кон евро - интегративните процеси на Република Северна Македонија. Заштедите на трошоците ќе дојдат благодарение на тоа што рециклирањето на отпадот се покажа како поефективна мерка во поглед на трошоците отколку фрлање на целиот отпад во депонии. Воедно, законот ќе придонесе кон зголемување на конкурентноста на македонските производи на европскиот пазар. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** воспоставување на одржлив систем за управување со отпад и имплементирање на начелата на циркуларната економија |

| НПАА - поглавје и подрачје | ЕПП број: 2016.0000.7316 |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Намалување на депонирањето, односно намалени количини на отстранет отпад, а зголемување на преработката и рециклирањето на отпадот; намалување на нелегално депонирање, кое покрај заштитата на животната средина, меѓу другото, ќе доведе до зголемување на приходите; зголемување на вработеноста во индустријата за отпад и обезбедување на поврзан пораст на приходите што ќе придонесат за зголемување на бруто домашниот производ; развивање на циркуларна економија со што ќе се овозможи поголема искористенот на ресурсите, а самото тоа ќе доведе и до економски развој. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за животна средина и просторно планирање** |

**7.Предлог на закон за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | **Основни цели** на регулативата се: намалување на количината на создаден отпад од електрична и електронска опрема; зголемување на количината на искористување на корисните компоненти од отпадот од електрична и електронска опрема; поттикнување на економските активности за искористување на корисните компоненти на отпадот од електрична и електронска опрема; намалување на негативното влијание врз животната средина/, усогласување со законодавството на Европската унија (Директива 1999/31/ЕК). Донесувањето на регулативите ќе резултира со заштеда на трошоците за Република Северна Македонија и ќе придонесе кон евроинтегративните процеси на Република Северна Македонија. Заштедите на трошоците ќе дојдат благодарение на тоа што рециклирањето на отпадот се покажа како поефективна мерка во поглед на трошоците отколку фрлање на целиот отпад во депонии. Воедно, законот ќе придонесе кон зголемување на конкурентноста на македонските производи на европскиот пазар. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** обезбедување квалитетна животна средина на граѓаните преку заштита и унапредување на животната средина во функција на исполнување на принципите на одржливиот развој преку постигнување на стандардите на Европската Унија, подобрување на животниот стандард на населението, заштита на животната средина и развој на општините преку подобрување на водоснабдувањето и одводот на отпадните води и изградба и реконструкција на водоснабдителни и канализациски системи со третман на отпадни води, натамошно зголемување на инвестициите во животната средина и преземање на активности за намалување на климатските промени преку постигнување на пониско ниво на емисија на штетни гасови, зголемување на јавната свест и едукација на населението од областа на животната средина и реализација на кампањи од областа на заштитата на животната средина |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| НПАА - поглавје и подрачје | ЕПП број: 2018.0000.7703 |
| Очекувани влијанија: | Хармонизирање на националното законодавство со законодавството на ЕУ; намалување на депонирањето, односно намалени количини на отстранет отпад, а зголемување на преработката и рециклирањето на отпадот; намалување на нелегално депонирање, кое покрај заштитата на животната средина меѓу другото ќе доведе до зголемување на приходите; зголемување на вработеноста во индустријата за отпад и обезбедување на поврзан пораст на приходите што ќе придонесат за зголемување на бруто домашниот производ; развивање на циркуларна економија со што ќе се овозможи поголема искористеност на ресурсите, а самото тоа ќе доведе и до економски развој |
| Фискални импликации: | Нема |
| Предлагач: | **Министерство за животна средина и просторно планирање** |

**8.Предлог на закон за управување со пакување и отпад од пакување**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Основни цели на регулативата се: намалување на количината на создаден отпад од пакување; зголемување на количината на искористување на корисните компоненти од отпадот од пакување; поттикнување на економските активности за искористување на корисните компоненти на отпадот од пакување; намалување на негативното влијание врз животната средина; усогласување со законодавството на Европската Унија (Директива 94/62/ЕК). Донесувањето на регулативите ќе резултира со заштеда на трошоците за Република Северна Македонија и ќе придонесе кон евроинтегративните процеси на Република Северна Македонија. Заштедите на трошоците ќе дојдат благодарение на тоа што рециклирањето на отпадот се покажа како поефективна мерка во поглед на трошоците отколку фрлање на целиот отпад во депонии. Воедно, законот ќе придонесе кон зголемување на конкурентноста на македонските производи на европскиот пазар. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** обезбедување квалитетна животна средина на граѓаните преку заштита и унапредување на животната средина во функција на исполнување на принципите на одрживиот развој преку постигнување на стандардите на Европската Унија, подобрување на животниот стандард на населението, заштита на животната средина и развој на општините преку подобрување на водоснабдувањето и одводот на отпадните води и изградба и реконструкција на водоснабдителни и канализациски системи со третман на отпадни води, натамошно зголемување на инвестициите во животната средина и преземање на активности за намалување на климатските промени преку постигнување на пониско ниво на емисија на штетни гасови, зголемување на јавната свест и едукација на населението од областа на животната средина и реализација на кампањи од областа на заштитата на животната средина |
| НПАА - поглавје и подрачје | ЕПП број: 2015.0000.7268 |

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Воспоставување на одржлив систем за управување со отпад и имплементирање на начелата на циркуларната економија; хармонизирање на националното законодавство со законодавството на ЕУ; намалување на депонирањето, односно намалени количини на отстранет отпад, а зголемување на преработката и рециклирањето на отпадот; намалување на нелегално депонирање, кое покрај заштитата на животната средина меѓу другото ќе доведе до зголемување на приходите; зголемување на вработеноста во индустријата за отпад и обезбедување на поврзан пораст на приходите што ќе придонесат за зголемување на бруто домашниот производ; развивање на циркуларна економија со што ќе се овозможи поголема искористеност на ресурсите, а самото тоа ќе доведе и до економски развој. |
| Фискални импликации: | Нема |
| Предлагач: | **Министерство за животна средина и просторно планирање** |

## 9.Предлог на закон за управување со посебни текови на отпад

| | |
|---|---|
| Образложение: | Основни цели на регулативата се: намалување на количината на создаден отпад од масла, гуми, текстил и искористени возила, зголемување на количината на искористување на корисните компоненти од отпадот од масла, гуми, текстил и искористени возила; поттикнување на економските активности за искористување на корисните компоненти на отпадот од масла, гуми, текстил и искористени возила; намалување на негативното влијание врз животната средина; усогласување со законодавството на Европската Унија (директивите 2000/53/ЕК, 1999/31/ ЕК и 2008/98/ЕЗ). Донесувањето на регулативите ќе резултира со заштеда на трошоците за Република Северна Македонија и ќе придонесе кон евро - интегративните процеси на Република Северна Македонија. Заштедите на трошоците ќе дојдат благодарение на тоа што рециклирањето на отпадот се покажа како поефективна мерка во поглед на трошоците отколку фрлање на целиот отпад во депонии. Воедно, законот ќе придонесе кон зголемување на конкурентноста на македонските производи на европскиот пазар. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** обезбедување квалитетна животна средина на граѓаните преку заштита и унапредување на животната средина во функција на исполнување на принципите на одржливиот развој преку постигнување на стандардите на Европската Унија, подобрување на животниот стандард на населението, заштита на животната средина и развој на општините преку подобрување на водоснабдувањето и одводот на отпадните води и изградба и реконструкција на водоснабдителни и канализациски системи со третман на отпадни води, натамошно зголемување на инвестициите во животната средина и преземање на активности за намалување на климатските промени преку постигнување на пониско ниво на емисија на штетни гасови, зголемување на јавната свест и едукација на населението од областа на животната средина и реализација на кампањи од областа на заштитата на животната средина |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| НПАА - поглавје и подрачје | ЕПП број: 2018.0500.7627 |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Воспоставување на одржлив систем за управување со отпад и имплементирање на начелата на циркуларната економија; хармонизирање на националното законодавство со законодавството на ЕУ; намалување на депонирањето, односно намалени количини на отстранет отпад, а зголемување на преработката и рециклирањето на отпадот; намалување на нелегално депонирање, кое покрај заштитата на животната средина меѓу другото ќе доведе до зголемување на приходите; зголемување на вработеноста во индустријата за отпад и обезбедување на поврзан пораст на приходите што ќе придонесат за зголемување на бруто домашниот производ; развивање на циркуларна економија со што ќе се овозможи поголема искористеност на ресурсите, а самото тоа ќе доведе и до економски развој |
| Фискални импликации: | Нема |
| Предлагач: | **Министерство за животна средина и просторно планирање** |

| 10.Предлог на закон за проширена одговорност на производителите | |
|---|---|
| Образложение: | Во Република Северна Македонија не постојат доволно капацитети за собирање на различните текови на отпад ( отпад од пакување, отпадни масла, гуми итн.) кои не треба да завршат на депонија туку да се користат како ресурси. Со донесувањето на Законот за проширена одговорност на производителите во Република Северна Македонија се воведуваат попрецизно начелата на „загадувачот плаќа„ и „одговорност на производителот„ преку кои обврските за покривање на трошоците на животната средина првенствено паѓаат на товар на субјектите првенствено во ланецот на движење на производот на пазарот го предизвикале негативното влијание врз животната средина. Овој закон е рамковен закон на останатите посебни закони за сите посебни текови на отпад (Закон за управување со пакување и отпад од пакување, Закон за батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори и др.). Доколку не се воведат овие начела и не бидат правно регулирани постои опасност македонските производи да бидат вратени од пазарите на ЕУ заради фактот што во цената на производот не се вклучени трошоците за животна средина и поради тоа можат да доведат до нарушување на еднаквата конкурентност на европскиот пазар (т.н. еколошки дампинг).Посебните текови на отпад имаат големо негативно влијание врз животната средина. Можно е решавање само со регулаторни мерки преку воведување на задолжителни стандарди за дизајнирање и управување со посебните текови на отпадот. Решавање преку нерегулирани (доброволно) или саморегулирани методи (контрола од соодветно професионално здружение/комора) нема да ги дадат неопходните ефекти и може да доведат до нарушување на пазарот. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** обезбедување квалитетна животна средина на граѓаните преку заштита и унапредување на животната средина во функција на исполнување на принципите на одржливиот развој преку постигнување на |

| | |
|---|---|
| | стандардите на Европската Унија, подобрување на животниот стандард на населението, заштита на животната средина и развој на општините преку подобрување на водоснабдувањето и одводот на отпадните води и изградба и реконструкција на водоснабдителни и канализациски системи со третман на отпадни води, натамошно зголемување на инвестициите во животната средина и преземање на активности за намалување на климатските промени преку постигнување на пониско ниво на емисија на штетни гасови, зголемување на јавната свест и едукација на населението од областа на животната средина и реализација на кампањи од областа на заштитата на животната средина |
| НПАА - поглавје и подрачје | **ЕПП број: 2018.0500.7628** |
| **Очекувани влијанија:** | Воспоставување на одржлив систем за управување со отпад и имплементирање на начелата на циркуларната економија; хармонизирање на националното законодавство со законодавството на ЕУ; намалување на депонирањето односно намалени количини на отстранет отпад, а зголемување на преработката и рециклирањето на отпадот; намалување на нелегално депонирање, кое покрај заштитата на животната средина меѓу другото ќе доведе до зголемување на приходите; зголемување на вработеноста во индустријата за отпад и обезбедување на поврзан пораст на приходите што ќе придонесат за зголемување на бруто домашниот производ; развивање на циркуларна економија со што ќе се овозможи поголема искористеност на ресурсите, а самото тоа ќе доведе и до економски развој. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за животна средина и просторно планирање** |

**11.Предлог на закон за инспекција во животна средина**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Иницијативата произлегува од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ 2019 - 2021 (НПАА) и Планот 18 усвоен на 30.10.2018 година. |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 3.27 Животна средина и климатски промени; ЕПП 2014.0500.7116** |
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување и унапредување на постоечката регулатива |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за животна средина и просторно планирање** |

**12.Предлог на закон безбедност и здравје за работа**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Иницијативата произлегува од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ 2019 - 2021 (НПАА) и Планот 18 усвоен на 30.10.2018 година. |

| | |
|---|---|
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.19 - Социјална политика и вработување; ЕПП /** |
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување и унапредување на постоечката регулатива |
| **Фискални** импликации: | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за труд и социјална политика** |

**Приоритет: Реформи во правосудството**

**1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за вештачење**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Укинување на електронско полагање на стручниот испит и воведување на усно и писмено полагање на кандидатите пред стручна комисија, врз основа на мерливи и објективни критериуми за проценка на нивните знаења. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** создавање услови за независно, департизирано и ефикасно судство и правда достапна до сите |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.23 - Правосудство и фундаментални права** |
| **Очекувани влијанија:** | Соодветно оценување на квалитетот на лицата кои полагаат испит за вештаци. Преку мерливи и објективни критериуми со вербално искажување на своите знаења и говорнички вештини ќе се направи реална процена на знаењето на кандидатите. |
| **Фискални** импликации: | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за правда** |

**2.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за процена**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Укинување на електронско полагање на стручниот испит и воведување на усно и писмено полагање на кандидатите пред стручна комисија, врз основа на мерливи и објективни критериуми за проценка на нивните знаења. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** создавање услови за независно, департизирано и ефикасно судство и правда достапна до сите |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.23 - Правосудство и фундаментални права** |
| **Очекувани влијанија:** | Напуштање на електронскиот систем на полагање на испитот за проценители и надминување на проблемите кои ги создаде ваквиот начина на полагање. |
| **Фискални** импликации: | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за правда** |

## ИНИЦИЈАТИВИ СО СРЕДЕН ПРИОРИТЕТ

**Приоритет: Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните**

**1.Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската инвестициона банка за проектот „Подобрување на искористувањето на водата од сливот на реката Злетовица фаза 2 - Наводнување и фаза 3 - Производство на електрична енергија”**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согласно Законот за јавен долг, услов за потпишување на договор за заем со соодветната меѓународна финансиска институција е претходно донесување на Закон за задолжување. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** зголемување на земјоделските површини и на приносот и квалитетот на земјоделските производи |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Со реализација на фаза 2 од Проектот, планирано е да се обезбеди наводнување на површина од 4.570 хектари во атарот на општините вклучени во проектот и ќе се овозможи производство на високо - продуктивни култури. Со фаза 3 е предвидена изградба на мали хидроцентрали со вкупна инсталирана моќност од 10,9 MW и планирано годишно производство на електрична енергија од 48 GWh, што ќе придонесе за намалување на недостатокот од електрична енергија во Република Северна Македонија и зголемување на енергетската ефикасност. |
| **Фискални импликации:** | Има, потребните средства за реализација на проектот ќе се обезбедат со заем од Европската инвестициона банка. |
| **Предлагач:** | **Министерство за финансии** |

**Приоритет: Јакнење на владеењето на правото преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите, изградба на независни институции и функционален систем на локална самоуправа**

**1.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за користење на податоците од јавниот сектор**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Унапредување на политиките за отворени податоци и можностите на јавните институции за објавување на податоците и техничките аспекти на форматот на податоци и начинот на нивното објавување. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** подобрување на стручноста, ефикасноста, отчетноста и транспарентноста на јавната администрација и создавање на услужно ориентирани институции со примена на нови технологии, стандарди за квалитет и мерки за сајбер безбедност |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **I Политички критериуми; 1.2. Реформа на јавната администрација** |

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување отчетноста и транспарентноста на јавната администрација и создавање на услужно ориентирани институции со примена на нови технологии, стандарди за квалитет и мерки за сајбер безбедност |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за информатичко општество и администрација** |

## ИНИЦИЈАТИВИ КОИ НЕ СЕ ПОВРЗАНИ СО СТРАТЕШКИТЕ ПРИОРИТЕТИ

### 1.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за личната карта

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Измената и дополнувањето на наведениот закон е неопходна поради тоа што од повеќегодишната практична примена на одредбите од законот, констатирани се одредени недоречености и недоследности, што предизвикува проблеми кои негативно се рефлектираат во делот на евиденциите што ги води Министерството за внатрешни работи, а со тоа и врз квалитетот на податоците кои Министерството ги доставува до други субјекти, а се одразува и врз секојдневното живеење на граѓаните и остварувањето на нивните граѓански права и обврски. Текстот на законот ќе треба да биде подобрен во насока на овозможување на поголема ефикасност на постапување на Министерството за внатрешни работи, подобрување на квалитетот и контролата на податоците за граѓаните на Република Северна Македонија, како и овозможување на подобар пристап кон граѓаните во насока остварување на нивните права и обврски. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетната цел** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Надминување на недореченостите и проблемите кои произлегуваат од Законот за личната карта, воспоставување точна и прецизна евиденција, олеснување на пристапот на граѓаните до личниот документ, подигање на нивото на ефикасност во работењето на Министерството за внатрешни работи, како и целосно усогласување на Законот за лична карта со Законот за пријавување на живеалиштето и престојувањето на граѓаните. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за внатрешни работи** |

### 2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Северна Македонија

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Измената и дополнувањето на наведениот закон е неопходна поради тоа што од повеќегодишната практична примена на одредбите од законот, констатирани се одредени недоречености и недоследности, што предизвикуваат проблеми кои негативно се рефлектираат во делот на евиденциите што ги води |

| | |
|---|---|
| | Министерството за внатрешни работи, а со тоа и врз квалитетот на податоците кои Министерството ги доставува до други субјекти, а се одразува и врз секојдневното живеење на граѓаните и остварувањето на нивните граѓански права и обврски. Текстот на законот треба да биде подобрен во насока на овозможување на поголема ефикасност во постапувањето при издавање патни исправи, подобрување на квалитетот и контролата на податоците за граѓаните на Република Северна Македонија, како и овозможување на подобар пристап кон граѓаните во насока на доследно остварување на нивните права и обврски. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетната цел** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Надминување на недореченостите и проблемите кои произлегуваат од Законот за патни исправи на државјаните на Република Северна Македонија, воспоставување точна и прецизна евиденција, олеснување на пристапот на граѓаните до документот, подигање на нивото на ефикасност во работењето на Министерството за внатрешни работи. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за внатрешни работи** |

**3.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Измената и дополнувањето на наведениот закон е неопходна поради тоа што од повеќегодишната практична примена на одредбите од законот, констатирани се одредени недоречености и недоследности, што предизвикува проблеми кои негативно се рефлектираат во делот на евиденциите што ги води Министерството за внатрешни работи, а со тоа и врз квалитетот на податоците кои Министерството ги доставува до другите субјекти, а се одразува и врз секојдневното живеење на граѓаните и остварувањето на нивните граѓански права и обврски. Со предвидените измени и дополнувања во делот на регулирање на пријавување на живеалиштето на граѓаните и промената на адресата. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетната цел**. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Надминување на недореченостите и проблемите кои произлегуваат од Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните, воспоставување точна и прецизна евиденција која меѓу другото ќе биде и вистинска основа за воспоставување на Регистарот на население на Република Северна Македонија, како и целосно усогласување на законот со Законот за лична карта. Иницијативата е одложена од Годишната програма за 2018 година, ноември и истата е предложена во Годишната програма за 2019 година ноември. |

| | |
|---|---|
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за внатрешни работи** |

# ОКТОМВРИ

## ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ

**Приоритет: Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните**

### 1. Предлог буџет на Република Северна Македонија за 2020 година

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со Буџетот на Република Македонија за 2020 година се планираат/утврдуваат износите на приходите и расходите и нивото на буџетскиот дефицит за следната фискална година по буџетски корисници на централната власт и фондовите. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** спроведување на фискална политика во функција на фискална одржливост и етапна консолидација на јавните финансии, поддршка на економијата со значителни инвестиции во инфраструктурни проекти. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Со Буџетот на Република Македонија за 2020 година се обезбедуваат средства за реализација на политиките и проектите планирани во Програмата на ВРМ и се определува максималниот износ на финансиски средства со кои можат да располагаат буџетските корисници на централната власт и на фондовите, над кој не можат да се преземат дополнителни обврски. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за финансии** |

### 2.Предлог на закон за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2020 година прецизно се регулираат условите и начинот на извршувањето на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** спроведување на фискална политика во функција на фискална одржливост и етапна консолидација на јавните финансии, поддршка на економијата со значителни инвестиции во инфраструктурни проекти |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Со Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2020 година се обезбедува дефинирање на процедурите за управување и извршување на |

| | |
|---|---|
| | буџетите на буџетските корисници на централната власт и фондовите, а со цел рационално и наменско користење на одобрените финансиски средства. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за финансии** |

**3.Предлог на закон за воздухопловство**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Донесувањето на нов Закон за воздухопловството е поради потребата од измени и дополнувања на повеќе од 60 членови од постојниот Закон, со цел негово усогласување со новите ЕУ прописи од Анексот I од Спогодбата за ЕЗВО и домашното законодавство. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** зголемување на економскиот раст со надградба и подобрување на транспортната инфраструктура во сите сегменти и воспоставување на интегрирана и интерконектирана транспортна мрежа. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.14; ЕПП 2016.0200.7309** |
| **Очекувани влијанија:** | Потреба од усогласување со новите ЕУ прописи од Анексот I од Спогодбата за ЕЗВО и домашното законодавство |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за транспорт и врски** |

**4.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Закон за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност потребно е да се усогласи со Законот за прекршоци во делот на прекршочните одредби и управните мерки кои можат да се преземаат и обезбедување на примена на Законот од аспект на нарушување на правото на „приватност". **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на РСМ:** развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните; јакнење на владеењето на правото, преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите, изградба на независни институции и функционален систем на локална самоуправа и **приоритетната цел:** спроведување на макроекономската политика насочена кон задржување на макроекономската стабилност, зголемување на конкурентноста на економијата и зголемување на вработеноста, создавање на поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис - секторот, социјалните партнери, заштита на работничките права, недискриминација, зголемена ефикасност, транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава; поддршка на домашните претпријатија, пред се на малите и средните претпријатија, отворање на нови работни места, со активни мерки за вработување и зголемување на нивото на платите во економијата. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | |

| | |
|---|---|
| | **Поглавје 3.19 Социјална политика и вработување; Потпоглавје 3.19.4 Политики за вработување и Европскиот социјален фонд; Ц3 - Ефикасна и ефективна имплементација на претпристапната помош (IPA) во секторот „Вработување, образование и социјална политика" и евалуација на политиките за вработување.** |
| **Очекувани влијанија:** | Имплементацијата ќе има влијание врз усогласување на регулативата и подобрување на владеење на правото, како еден од предусловите на намалување на неформалната економија. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за труд и социјална политика** |

**Приоритет: Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија**

**1.Предлог на закон за ревизија**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со донесувањето на новиот Законот за ревизија, националното законодавство ќе се усогласи со Директивата 2014/56/ЕЗ со која се менува Директивата 2006/43 за законска ревизија на годишните сметки и консолидираните сметки. Со донесувањето на новиот Закон, ќе се зајакнат кредибилноста на ревидираните финансиски извештаи на правните лица од јавен интерес, како и улогата на супервизорскиот орган. **Иницијативата има индикација на поврзаност со повеќе приоритетни цели** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.06 - Право на трговски друштва; Подрачје 2 - Сметководство и ревизија ; ЕПП: (2014.0700.7084)** |
| **Очекувани влијанија:** | Со донесувањето на Законот за ревизија, ќе се зајакне надзорот над овластените ревизори и друштвата за ревизија преку вршењето на контролата на квалитет од страна на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за финансии** |

**2. Предлог на закон за индустриски емисии**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Врз основа на член 95 од Законот за животна средина („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13,39/16, 28/18, 65/18 ), потребно е донесување на Закон за индустриски емисии во согласност со Директивата за индустриски емисии 75/2010 и Подзаконските акти кои ќе произлезат од членовите на тој закон. Донесување за закон за индустриски емисии е предвидено и со активностите на НПАА. **Иницијативата има индикација на поврзаност и со стратешкиот приоритет на Владата на РСМ:** Намалување на аерозагадувањето |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **ЕПП број: 2010.0500.6102** |
| **Очекувани влијанија:** | Со донесувањето на новиот Закон за индустриски емисии се очекуваат позитивни влијанија во поглед на заштитата на животната средина. Подобрување на квалитетот на животна средина преку донесување и имплементирање на Законот за индустриски емисии |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за животна средина и просторно планирање** |

**3.Предлог на закон за практикантство**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Иницијативата произлегува од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ 2019 - 2021 (НПАА) и Планот 18 усвоен на 30.10.2018 година. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.19 - Социјална политика и вработување; ЕПП 2018.0900.7568** |
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување и унапредување на постоечката регулатива |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за труд и социјална политика** |

**4.Предлог на закон за социјална заштита**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Иницијативата произлегува од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ 2019 - 2021 (НПАА) и Планот 18 усвоен на 30.10.2018 година. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.19 - Социјална политика и вработување; ЕПП 2018.0900.7573** |
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување и унапредување на постоечката регулатива |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за труд и социјална политика** |

## ИНИЦИЈАТИВИ СО СРЕДЕН ПРИОРИТЕТ

Приоритет: Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните

**1.Предлог на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по договорот за заем за изградба на автопатската делница Скопје - Блаце, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното претпријатие за државни патишта**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согласно Законот за јавен долг, услов за потпишување на договор за гаранција со соодветната меѓународна финансиска институција е претходно донесување на Закон за гаранција. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** зголемување на економскиот раст со надградба и подобрување на транспортната инфраструктура во сите сегменти и воспоставување на интегрирана и интерконектирана транспортна мрежа |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| **Очекувани влијанија:** | Во рамки на проектот е предвидено изградба на автопатската делница Скопје - Блаце во должина од 12,5 км, со што ќе се подобри патната инфраструктура на делницата, која е дел од Пан - европскиот Коридор 8. |
| **Фискални импликации:** | Има, потребните средства за реализација на Проектот ќе се обезбедат со заем од Европската банка за обнова и развој - ЕБОР |
| **Предлагач:** | **Министерство за финансии** |

**2.Предлог на закон за ловството**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Законот за ловството е донесен во 2009 година и досега е сменет осум пати. Низ текот на имплементирањето увидени се многубројни недостатоци на Законот, а истовремено се јавува потреба за воведување на новини кои ги бара современото управување со дивечот, развојот и унапредувањето на ловството, заштитата на дивата фауна итн. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** развој и унапредување на ловството |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| **Очекувани влијанија:** | Ќе се донесе нов сеопфатен Закон за ловството, кој ќе биде поттик за унапредување на националната политика во областа на ловството, во согласност со домашните економски и социјални текови, но и меѓународните заложби на Република Северна Македонија, како во областа на ловството и заштита на дивата фауна, така и во областа на животната средина, климатските промени, шумарството итн. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство** |

## ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ

Приоритет: Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот

1.Предлог на закон за измени и дополнувања на Законот за основање на ЈП Македонска радиодифузија

Образложение:

НПАА - поглавје и подрачје

Очекувани влијанија:

Фискални импликации:

Предлагач:

Приоритет: Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија

1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за правда за децата

| | |
|---|---|
| Образложение: | Иницијативата произлегува од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ 2019 - 2021 (НПАА) и Планот 18 усвоен на 30.10.2018 година. |
| НПАА - поглавје и подрачје | Поглавје 3.23; ЕПП 2018.0100.7631 |
| Очекувани влијанија: | Подобрување и унапредување на постоечката регулатива |
| Фискални импликации: | Нема |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | **Министерство за правда** |

**Приоритет: Јакнење на владеењето на правото преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите, изградба на независни институции и функционален систем на локална самоуправа**

**1.Предлог на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во нашиот правен систем казнено - материјалното законодавство е кодифицирано во Кривичниот законик, односно кривичните дела се пропишани во неговиот Посебен дел. Сепак, изминативе десетина години овој концепт беше нарушен со тоа што одредени министерства во законите од нивна надлежност предлагаа пропишување посебни кривични дела. Со тоа беше нарушен концептот на кодификација на сите кривични дела во Кривичниот законик. Од првичната анализа на некои од пропишаните кривични дела во посебните закони може да се констатира дека тие се истоветни со битијата на некои од кривичните дела кои се содржани во Кривичниот законик. Исто така, дел од овие кривични дела пропишани во посебните закони се номотехнички неиздржани, со оглед дека нивната дикција повеќе соодветствува со битието на одреден прекршок, отколку со битието за кривично дело. Дополнително, ваквата дисперзија на кривични дела во голем број закони доведува до потешкотии во нивната примена и тоа, како од јавните обвинители, така и од судиите.За надминување на оваа состојба, Владата на Република Северна Македонија во 2018 година усвои Информација со соодветни заклучоци. Реализацијата на овие заклучоци ќе биде финализирана со изготвувањето на Закон за изменување и дополнувања на Кривичниот законик со кои кривичните дела пропишани во другите закони ќе бидат пропишани во Кривичниот законик. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** унапредување на човековите права и создавање на институционални капацитети за нивна ефикасна заштита |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | ЕПП: 2018.0100.7515 |
| **Очекувани влијанија:** | Со донесувањето на овие измени и дополнувања ќе се изврши кодификација на сите кривични дела исклучиво во Кривичниот законик. |
| **Фискални импликации:** | Има, Буџет на РСМ за 2019 година |
| **Предлагач:** | **Министерство за правда** |

**Приоритет: Реформи во правосудството**

**1.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за парничната постапка**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Надминување на проблемите во практичната примена на дел од одредбите во законот, особено оние кои се однесуваат на вкрстеното испрашување, задолжителното вештачење со поднесување на самата тужба и слично. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** |

| | |
|---|---|
| НПАА - поглавје и подрачје | Создавање услови за независно, департизирано и ефикасно судство и правда достапна до сите<br>**Поглавје 3.23 - Правосудство и фундаментални права** |
| Очекувани влијанија: | Воспоставување стабилен граѓанско - правен систем преку пополнување на постоечките правни празнини и усогласување на Законот со европските стандарди и современите општествени текови. |
| Фискални импликации: | Нема |
| Предлагач: | **Министерство за правда** |

## ИНИЦИЈАТИВИ СО СРЕДЕН ПРИОРИТЕТ

**Приоритет: Јакнење на владеењето на правото преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите, изградба на независни институции и функционален систем на локална самоуправа**

### 1.Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за спортот

| | |
|---|---|
| Образложение: | Законот за спортот е изменуван и дополнуван 17 пати, одредени решенија во него се неприменливи, а има потреба од нови измени и дополнувања на постојниот Закон во насока на усогласување со европското законодавство за уредување на рамката за развој на спортот во Република Северна Македонија. |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| Очекувани влијанија: | Подобрување на законската рамка за развој на спортот, со прецизирање на јавниот интерес на централната и локалната власт во дејноста спорт, планирање, реализирање и контрола на поддржаните програми. Се очекува зголемување на бројот на млади и граѓани кои спортуваат, остварување на квалитетни и врвни резулати, планирање, финансирање и контрола на средствата за спортот во Република Северна Македонија. Со измените се поддржуваат политики со кои ќе се зголеми бројот на граѓани од сите возрасти, социјални групи и средини, кои секојдневно го применуваат спортот и спортско - рекреативните активности. |
| Фискални импликации: | Има, средствата за потребни за подготовка на Законот се обезбедени од Буџетот на РСМ |
| Предлагач: | **Министерство за правда,** Агенција за млади и спорт |

### 2.Предлог на закон за објектите во спортот

| | |
|---|---|
| Образложение: | Објектите за спорт во Република Северна Македонија во изминативе неколку децении се користат, одржуваат и управуваат без концепт и почитување на одредени општествени, економски и политички концепт за нивна сопственост, намена, капацитет и можноста за користење од страна на спортот, образованието |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| | и граѓаните. Законската рамка која е дадена во Законот за спортот е недоволна и не го уредува овој сегмент од дејноста спорт |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Уредување на користење, отуѓување и управување со објектите за спорт во Република Северна Македонија. Подобрување на условите за тренинг и натпревари и безбедност на спортистите и гледачите корисници на објектот. Со измените се поддржуваат политики со кои ќе се зголеми бројот на граѓани од сите возрасти, социјални групи и средини, кои секојдневно го применуваат спортот и спортско - рекреативните активности. |
| **Фискални импликации:** | Има, за подготовка на Законот средствата се обезбедени од Буџет на РСМ |
| **Предлагач:** | **Министерство за правда,** Агенција за млади и спорт |

3.Предлог на закон за здравствена заштита на животните

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Усогласување со новото законодавство за здравствена заштита на Европската Унија, Регулативата 429/2016. **Иницијативата има индикација на поврзаност и со стратешкиот приоритет на Владата на РСМ:** Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните **и приоритетната цел:** Зголемување и поддршка на развојот на индустриско - преработувачките капацитети кои ќе бидат извозно ориентирани и ќе создаваат производи со повисока додадена вредност, поддршка на индустриските капацитети кои ќе овозможат супституција на увозот. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 12 - 3.12. Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика, Подрачје - 3.12.2. Ветеринарна политика** |
| **Очекувани влијанија:** | Нова законска рамка за здравствената заштита на животните. Со цел да се зголеми спречувањето на болестите на полето на здравствената заштита на животните во врска со проблемите пред истите да се случат/појават, соодветно на Стратегијата на ЕУ за здравствена заштита на животните „Подобро да се спречи отколку да се лечи". Со новиот концепт на здравствена заштита на животните се опфаќа поширокиот аспект на здравствена заштита на животните, вклучително нивната благосостојба, како и идентификација и регистрација на животните. Концептот претставува и столб за политиката на Европската комисија, воедно и на Република Северна Македонија во однос на здравјето на населението и безбедноста на храната. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**<br>Агенција за храна и ветеринарство |

**4.Предлог на закон за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела**


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Основот за донесување на Законот за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела произлегува од член 53 став 3 точката 2 од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 150/10 и 100/12), каде што е пропишано дека во согласност со посебните прописи жртвата на кривично дело за кое е пропишана казна затвор од најмалку 4 години, меѓу другото, има право на надоместок на материјална и нематеријална штета од државен фонд под услови и на начин пропишан со посебен закон, доколку надоместокот на штета не може да се обезбеди од осудениот. При изготвувањето на овој закон посебно ќе бидат земени предвид меѓународните стандарди во оваа област и тоа: Директивата на Советот 2004/80/ЕЗ од 2004 за надоместок на жртвите на кривично дело, Директивата 2012/29/ЕУ на Европскиот парламент и Советот од 2012 година за воспоставување на минимални стандарди за правата, поддршката и заштитата на жртвите од кривични дела, Директивата 2011/36/ ЕУ на Европскиот парламент и Советот од 2011 година за превенција, борба против трговија со луѓе и заштита на жртвите и Препораката РЕЦ (2006) 8 на Комитетот на министри на Советот на Европа до државите членки за помош на жртвите од криминал. Појдовна точка при изготвувањето на законот ќе бидат и компаративните искуства од повеќе држави, а посебен акцент ќе биде ставен на државите од регионот од причина што со нив имаме слични правни системи и во оваа област тие се чекор понапред со оглед дека нивните закони ги изготвуваа во рамките на процесот за пристапување кон Европската Унија. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** унапредување на човековите права и создавање на институционални капацитети за нивна ефикасна заштита |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Со донесувањето на законот ќе се пополни правната празнина која постои во оваа област и воедно ќе се изврши усогласување со правото на Европската Унија во оваа област. |
| **Фискални импликации:** | Има, Буџет на РСМ за 2019 година |
| **Предлагач:** | **Министерство за правда** |

# ДЕКЕМВРИ

## ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ

**Приоритет: Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните**

**1.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со оглед на тоа што на 26 февруари 2014 година беше донесена Директивата 2014/23/ЕУ на Европскиот парламент на Советот на Европската Унија, за доделување на договори за концесија неопходно е нејзино транспонирање во правната рамка на Република Северна Македонија. Имено, недостатокот на јасни правила на ниво на Унијата, со кои би се уредувало доделувањето на договорите за концесија, ја наметнува потребата од оваа директива и нејзино транспонирање во законодавството на земјите членки, како и оние кои претендираат за членство во истата, а со цел да се обезбеди соодветна, балансирана и флексибилна правна рамка за доделување на концесии, а аналогно на тоа обезбедување на ефикасен и недискриминаторски пристап до пазарот поголема правна сигурност на сите економски оператори од Унијата, а со самото тоа и дополнително отворање на меѓународните пазари и поттикнување на глобалната трговија. Доделувањето на концесиите за јавни работи моментално подлежи на основните правила од Директивата 2004/18/ЕЗ на ЕУ, додека доделувањето на концесиите за јавни услуги подлежи на начелата на Договорот за функционирање на ЕУ. Поради различното толкување на начелата во предметниот договор на ЕУ од страна на националните законодавства и големите разлики помеѓу законите на различни земји членки постои ризик од правна несигурност, а оттаму и потреба од унифицирање и еднаква примена на начелата во постапките за доделување на договорите за концесиите, пред сѐ концесиите за јавна услуга. Воедно измената се предлага и во однос на потребата од воспоставување на Единствен електронски систем за доделување на договорите за воспоставување на јавно приватно партнерство. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** подобрување на деловното окружување и креирање еднакви можности за економски раст и развој на сите учесници во економските процеси |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **ЕПП 2009.0400.5455 3.05 Јавни набавки (концесии и јавно приватно партнерство)** |
| **Очекувани влијанија:** | Правна рамка која ќе биде во согласност со постојните директиви за концесии и јавно приватно партнерство, а аналогно на тоа подобрување на ефикасноста на системот во целина усогласен со правото на ЕУ, а се со цел обезбедување поекономични и поквалитетни јавни услуги |
| **Фискални импликации:** | Има фискални импликации, при што финансиските средства доколку не се обезбедат од странски донатори (Светска банка, ЕБРД) ќе бидат на товар на Буџетот на Република Северна Македонија) |
| **Предлагач:** | **Министерство за економија** |

**2.Предлог на закон за личен доход**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во процедура е донесување на нов Закон за личен доход кој би требало да почне да се применува од 1.1.2019 година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** воведување на поголема праведност во даночниот систем, праведна распределба на доходот и општественото богатство, |

| | |
|---|---|
| | паралелно со обезбедувањето на транспарентност во трошењето на парите на граѓаните преку државниот буџет |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| Очекувани влијанија: | Поправилно оданочување на граѓаните со воведување на прогресивни стапки |
| Фискални импликации: | Нема |
| Предлагач: | **Министерство за финансии** |

**3.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Со донесување на Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност ќе се воведе нов систем „Повеќе пари кај граѓаните" со кој на граѓаните ќе им се враќаат по 15% од платениот ДДВ, со исклучок на данокот остварен при купување на луксузни производи. Системот ќе содржи ограничувања кои ќе спречат злоупотреби и поголемо раслојување. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** воведување на поголема праведност во даночниот систем, праведна распределба на доходот и општественото богатство, паралелно со обезбедувањето на транспарентност во трошењето на парите на граѓаните преку државниот буџет |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 3.16** |
| Очекувани влијанија: | Подобрување на животниот стандард на граѓаните. |
| Фискални импликации: | Нема |
| Предлагач: | **Министерство за финансии** |

**4. Предлог на закон за македонска академска истражувачка мрежа**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Законот за македонска академска истражувачка мрежа е во насока на развој на капацитетите на МАРнет со цел да се обезбедат основи за имплементација на Националниот оперативен бродбенд план, како и развој на затворената телекомуникациска мрежа. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** зајакнување на процесот на планирање, подготвување и следење на реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА) како основен стратешки програмски документ во процесот на усогласување на националното законодавство со законодавството на Европската Унија; континуирано јакнење на координативниот систем за процесот на евроинтеграции и јакнење на професионалните административни |

| | |
|---|---|
| | капацитети, како и зајакнување на механизмите за следење на примената на законодавната процедура во процесот на усогласување на националното законодавство со правото на Европската Унија; поддршка на другите државни институции; непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите; усогласување на работата на јавната администрација со стандардите на Европската Унија заради целосна интеграција на македонскиот со европскиот административен простор |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 10. Информатичко општество и медиуми; Подрачје 10.1. Електронски комуникации и информациски технологии** |
| **Очекувани влијанија:** | Соодветна имплементација на Националниот оперативен бродбенд план |
| **Фискални импликации:** | Има |
| **Предлагач:** | **Министерство за информатичко општество и администрација** |

| **5.Предлог на закон за шуми** | |
|---|---|
| **Образложение:** | Законот за шумите е донесен во 2009 година и досега е сменет 12 пати. Низ текот на имплементирањето увидени се многубројни недостатоци на Законот, а истовремено се појавува потреба за воведување на новини кои ги бара современото управување со шумите, развојот и унапредувањето на шумарството, заштитата на шумите итн. Воедно, поради статусот на Р.Северна Македонија како земја кандидат за членка на ЕУ, потребно е апроксимација на законодавството на ЕУ со Законот за шумите во делот на заштитата на шумите од илегална сеча, спречување на увоз - извоз на илегално посечена дрвна маса, инвентаризација на емисиите на стакленички гасови и отстранувањата на покривка/биомаса од земјиштето, промената на користењето на земјиштето и шумарството (LULUCF), но и со Стратегијата за шумарство на ЕУ (незадолжително). **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** зголемување на шумскиот фонд во Република Северна Македонија и поквалитетно чување на шумите. (**Во согласност со НПАА 2019 - 2021**) |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје - 3.27 - Животна средина и климатски промени; 3.27.1 - хоризонтални; Поглавје 3.27.5 Заштита на природа и 3.27.10 Шумарство (ЕУ мерки: EU/995/2010 и EC/2173/2005 како носители, но и 529/2013/EU во соработка со МЖСПП)** |
| **Очекувани влијанија:** | Ќе се донесе нов сеопфатен Закон за шумите, кој ќе биде поттик за унапредување на националната политика во областа на шумите, во согласност со домашните економски и социјални текови но и меѓународните заложби на Република Северна Македонија, како во областа на одржливото управување со шумите, нивна заштита, така и во областа на зачувување и унапредување на животната средина, намалување на ефектите од климатските промени, енергијата од биомаса од шума итн. |

| | |
|---|---|
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство** |

**6.Предлог на закон за прогласување на Водно за заштитено подрачје**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Иницијативата се спроведува согласно Закон за заштита на природата и Национална стратегија за заштита на природата со Акциски план (2017 - 2027). **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** унапредување на законската регулатива за заштитата на природата |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Обезбедување на интегрална заштита на природното наследство |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за животна средина и просторно планирање** |

**Приоритет: Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија**

**1.Предлог на закон за цивилна заштита и спасување**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Иницијативата произлегува од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ 2019 - 2021 (НПАА) и Планот 18 усвоен на 30.10.2018 година. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.27 Животна средина и климатски промени; ЕПП2018.1000.7708** |
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување и унапредување на постоечката регулатива |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за одбрана** |

**2.Предлог на закон за проспекти за хартии од вредност и обврски за транспарентност за издавачите**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со донесувањето на овој закон ќе се изврши усогласување со Директивата 2004/109/ЕЗ за усогласување на барањата за транспарентност во врска со информациите за издавачите на хартии од вредност, Директивата 2003/71/ЕЗ за проспектот што треба да се објави кога хартиите од вредност и се нудат на јавноста и Директивата 2001/34/ЕЗ за прием на хартии од вредност на официјална котација на берзата и на информациите кои ќе бидат објавени за тие хартии од вредност. Законот ќе го регулира постапката за издавање и понуда на хартии од вредност и барањата за котација на хартии од вредност на |

| | |
|---|---|
| | регулираниот пазар. **Иницијативата има индикација на поврзаност со повеќе приоритетни цели.** |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 9 - Финансиски услуги; Подрачје 4 - Пазари на хартии од вредност и инвестициски услуги; ЕПП: 2015.0700.0724; (НПАА - 2015.0700.7245)** |
| **Очекувани влијанија:** | Ќе се воспостави единствен систем на одобрување на проспектот, односно проспектот кој еднаш ќе биде одобрен пред објавување на јавна понуда, истиот ќе важи и при прием на хартиите од вредност за тргување на берзата. Ќе бидат имплементирани највисоките стандарди за заштита на инвеститорите во делот на обелоденување на информациите од издавачите при што ќе се користи идентичен систем за објавување на податоци од страна на издавачите, со оној во Европската унија. Со донесувањето на Законот ќе се зголеми транспарентноста на пазарот, а со тоа ќе се поттикне довербата на инвеститорите и доброто корпоративно однесување на издавачите на хартии од вредност |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за финансии** |

| | |
|---|---|
| **3.Предлог на закон за осигурување** | |
| **Образложение:** | Донесување на нов Закон за осигурување, со цел усогласување со Директивата 2009/138/ЕЦ за основање и водење на деловни активности за осигурување и реосигурување (Солвентност II). **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетните цели:** создавање на поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис - секторот, социјалните партнери, заштита на работничките права, недискриминација, зголемена ефикасност, транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава; спроведување на макроекономска политика насочена кон задржување на макроекономската стабилност, зголемување на конкурентноста на економијата и зголемување на вработеноста |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 9 - Финансиски услуги; Подрачје 2 - Осигурување и капитално финансирано пензиско осигурување; 2014.0700.7074;**<br>**(ЕПП - НПАА - 2008.0700.4828)** |
| **Очекувани влијанија:** | Со донесувањето на нов Закон за осигурување ќе се подобри стабилноста и одржливоста на осигурителниот сектор во насока на подобра заштита на правата на осигурениците, ќе се унапреди подготвеноста на секторот за соочување со конкурентските притисоци во рамки на Европската Унија и ќе се изврши понатамошна хармонизација со директивите на Европската Унија по однос на осигурувањето. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за финансии** |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| 4.Предлог на закон за закрепнување на банки со проблеми | |
|---|---|
| Образложение: | Со донесување на Законот за закрепнување на банки со проблеми ќе се имплементира Директивата 2014/59/EU за формирање на рамка за заздравување и решавање на кредитни институции и инвестициски фирми. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетните цели:** создавање на поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис - секторот, социјалните партнери, заштита на работничките права, недискриминација, зголемена ефикасност, транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава; спроведување на макроекономска политика насочена кон задржување на макроекономската стабилност, зголемување на конкурентноста на економијата и зголемување на вработеноста |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 9 - Финансиски услуги; Подрачје 1 - Банки и финансиски конгломерати; ЕПП: (2014.0700.7095)** |
| Очекувани влијанија: | Со Законот за закрепнување на банки со проблеми ќе се уреди органот надлежен за решавање на банките со проблеми (resolution authority), институциите кои треба да имаат план за заздравување (recovery plan) и неговата содржина. Дополнително, со Законот ќе се пропише процесот и инструментите за решавање на банките со проблеми, како и воспоставувањето на банка - мост (bridge - bank). На тој начин, ќе се овозможи брза реакција на супервизорските органи во случај на појава на ризици во работењето на банките. Основната цел на Законот е да се одржи финансиската стабилност (преку обезбедување на пазарната дисциплина и довербата на јавноста во банкарскиот сектор), да се минимизира употребата на јавни средства и да се заштитат депонетите. |
| Фискални импликации: | Нема |
| Предлагач: | **Министерство за финансии** |

| 5.Предлог на закон за банките | |
|---|---|
| Образложение: | Со донесување на новиот Закон за банките ќе се изврши усогласување на домашното законодавство со Директивата 2013/36/EU за пристапот на активностите на кредитните институции и пруденатната супервизија на кредитните институции и инвестициските фирми и Регулативата (EU) бр.575/2013 за пруденатните барања за кредитните институции и инвестициските фирми. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетните цели:** создавање на поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис - секторот, социјалните партнери, заштита на работничките права, недискриминација, зголемена ефикасност, транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава; спроведување на макроекономска политика насочена кон задржување на макроекономската стабилност, зголемување на конкурентноста на економијата и зголемување на вработеноста |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 9 - Финансиски услуги; Подрачје 1 - Банки и финансиски конгломерати; 2014.0700.7074; ЕПП: (2014.0700.7094 )** |
| **Очекувани влијанија:** | Донесувањето на новиот Закон за банките ќе го зајакне капацитетот на банките за адекватно управување со ризиците поврзани со нивните активности, како и апсорбирање на загубите кои можат да настанат во деловното работење. Дополнително, имплементацијата на предложеното законско решение ќе го подигне нивото на квалитетен капитал на банките и ќе ја зајакне супервизијата, во насока на зголемување на сигурноста на банкарскиот систем и заштита на депонентите. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за финансии** |

**6.Предлог на закон за финансиски инструменти**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со донесувањето на овој закон ќе се изврши усогласување на регулативата во областа на пазарот на капитал со Директивата 2014/65/EU за пазари на финансиски инструменти, Директивата 2014/57/EU за злоупотреба на пазарот и Директивата 2013/36/EU за адекватност на капиталот на инвестициските фирми и кредитните институции. Со имплементацијата на директивите ќе бидат воведени одредби кои се однесуваат на следното: воспоставување на нови пазарни сегменти за тргување и тоа: МТФ (мултилатерална платформа за тргување) и ОТФ (организирани системи за тргување), воведување на дополнителни барања за брокерските куќи во постапката на нивно лиценцирање; воведување на нови принципи и правилата кои инвестициските фирми треба да ги следат кога нудат инвестициски услуги на клиентите, вклучувајќи ги и барањата за чување на информации и известување на клиентите; воведување на капитални барања со што брокерските куќи ќе издвојуваат соодветен износ на средства зависно од активностите кои ги преземаат, дефинирање на однесувањата на учесниците на пазарот на капитал кои ќе се сметаат за пазарна манипулација со цел откривање и спречување на злоупотреби на пазарот. **Иницијативата има индикација на поврзаност со повеќе приоритетни цели.** |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 9 - Финансиски услуги; Подрачје 4.Пазари на хартии од вредност и инвестициски услуги; ЕПП: 2010.0700.6055** |
| **Очекувани влијанија:** | Ќе се обезбеди усогласеност на домашната регулатива со релевантните ЕУ Директиви во областа на пазарот на капитал. Преку имплементација на директивите ќе се воспостави ефикасен, транспарентен и конкурентен пазар на капитал. Исто така, ќе се зајакне заштитата на инвеститорите во хартии од вредност, ќе се стимулира конкуренцијата помеѓу учесниците на пазарот, ќе се намалат трошоците за тргување и ќе се поттикне развојот на пазарот на хартии од вредност во Република Северна Македонија. |
| **Фискални импликации:** | Нема |

| | |
|---|---|
| Предлагач: | **Министерство за финансии** |

**7.Предлог на закон за ратификација на Конвенцијата за спогодбен избор на суд**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Иницијативата произлегува од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ 2019 - 2021 (НПАА) и Планот 18 усвоен на 30.10.2018 година. |
| НПАА - поглавје и подрачје | **3.24.5 - Правда, слобода и безбедност - Судска соработка во граѓанска и кривична материја; ЕПП2018.0100.7585** |
| Очекувани влијанија: | Подобрување и унапредување на постоечката регулатива |
| Фискални импликации: | Нема |
| Предлагач: | **Министерство за правда** |

**8.Предлог на закон за ратификација на Договорот за статус меѓу Република Северна Македонија и Европската Унија, за акции спроведени од страна на Агенцијата за европска гранична и крајбрежна стража во Република Северна Македонија**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Иницијативата произлегува од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ 2019 - 2021 (НПАА) и Планот 18 усвоен на 30.10.2018 година. |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје - 3.24.4 Правда, слобода и безбедност - Надворешни граници и граници на Шенген зоната; ЕПП 2018.1200.7717** |
| Очекувани влијанија: | Подобрување и унапредување на постоечката регулатива |
| Фискални импликации: | Нема |
| Предлагач: | **Министерство за внатрешни работи** |

**9. Предлог на закон за биогорива**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Иницијативата произлегува од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ 2019 - 2021 (НПАА) и Планот 18 усвоен на 30.10.2018 година. |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје - 3.15.4; ЕПП 2013.0400.6936** |
| Очекувани влијанија: | Подобрување и унапредување на постоечката регулатива |
| Фискални импликации: | Нема |
| Предлагач: | **Министерство за економија** |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **10.Предлог на закон за енергетска ефикасност** | |
| **Образложение:** | Иницијативата произлегува од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ 2019 - 2021 (НПАА) и Планот 18 усвоен на 30.10.2018 година . |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје - 3.15.5; ЕПП 2018.0000.7684** |
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување и унапредување на постоечката регулатива |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за економија** |

| | |
|---|---|
| **11.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжителни нафтени резерви** | |
| **Образложение:** | Иницијативата произлегува од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ 2019 - 2021 (НПАА) и Планот 18 усвоен на 30.10.2018 година. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје - 3.15.1;ЕПП 2016.0000.7332** |
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување и унапредување на постоечката регулатива |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за финансии** |

| | |
|---|---|
| **12.Предлог на закон за ратификација на Конвенцијата за меѓународна издршка на деца и други облици на семејна издршка од 2007 година** | |
| **Образложение:** | Иницијативата произлегува од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ 2019 - 2021 (НПАА) и Планот 18 усвоен на 30.10.2018 година. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **3.24.5 - Правда, слобода и безбедност - Судска соработка во граѓанска и кривична материја; ЕПП2018.0900.7586** |
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување и унапредување на постоечката регулатива |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за труд и социјална политика** |

**13.Предлог на закон за родово базирано насилство**

| | |
|---|---|
| Образложение: | **Иницијативата произлегува од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ 2019 - 2021 (НПАА) и Планот 18 усвоен на 30.10.2018 година.** Отпочнувањето на процес на подготовка на Закон за родово базирано насилство и создавање единствена правна рамка што ќе ги уредува сите форми на родово базирано насилство произлегува од потребата во Република Северна Македонија да се усвојат јасни и недвосмислени законски решенија со кои ќе се спречува насилството и ќе се штитат жртвите. Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и семејно насилство (Истанбулска конвенција) е меѓународен документ со досега најсеопфатен предлог на хармонизација на законски решенија и политики за заштита од насилство врз жените. Истата, Република Северна Македонија ја има потпишано на 8.7.2011 година и ратификувано во декември 2017 година. Со цел да се даде ефективен одговор во борбата против насилство врз жените, целосно третирање на сите облици на насилство врз жената и преземање на сите соодветни мерки за заштита на жртвите и казнување на сторителите е спроведувањето на оваа конвенција, преку подготовка и донесување на овој закон како прв и многу важен чекор. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на РСМ:** јакнење на владеењето на правото, преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите, изградба на независни институции и функционален систем на локална самоуправа **и со повеќе приоритетни цели:** унапредување на родовата еднаквост во сите области од општественото живеење и вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките на буџетите; воведување на концептот на еднаквост и недискриминација во сите области на општественото живеење, здравството, социјалната заштита, работните односи и правосудството; јакнење на владеењето на правото преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите и унапредување на човековите права и создавање на институционални капацитети за нивна ефикасна заштита |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 19 - Социјална политика и вработување, односно Потпоглавје 19.7 Антидискриминација и еднакви можности**<br>**Поглавје 3.19 - Социјална политика и вработување; ЕПП 2018.0900.7510** |
| Очекувани влијанија: | Намалување на родово базираното насилство и заштита на жртвите од овој вид на насилство, особено намалување на насилството врз жените како најчести жртви на насилство; усвојување на единствена правна рамка што ги уредува сите форми на родово базирано насилство со јасни и недвосмислени законски решенија со кои ќе се спречува насилството и ќе се штитат жртвите. |
| Фискални импликации: | Има, Буџет на РСМ |
| Предлагач: | **Министерство за труд и социјална политика** |

**14.Предлог на закон за внатрешна пловидба**


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Иницијативата произлегува од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ 2019 - 2021 (НПАА) и Планот 18 усвоен на 30.10.2018 година. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.14; ЕПП 2015.0200.7254** |
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување и унапредување на постоечката регулатива |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за транспорт и врски** |

| **15.Предлог на закон за работни односи** | |
|---|---|
| **Образложение:** | Иницијативата произлегува од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ 2019 - 2021 (НПАА) - општа активност |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.19 - Труд и социјална политика; ЕПП 2018.0900.7566** |
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување и унапредување на постоечката регулатива |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за труд и социјална политика** |

**Приоритет: Јакнење на владеењето на правото преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите, изградба на независни институции и функционален систем на локална самоуправа**

| **1.Предлог на закон за меѓународно приватно право** | |
|---|---|
| **Образложение:** | Законот за меѓународно приватно право е донесен во 2007 година, а извршени се измени во согласност со европското законодавство во 2010 година, во однос на договорните односи. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** јакнење на владеењето на правото преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Имајќи ги предвид големиот број на измени што се случија од 2010 година до денес во законодавството на Европската Унија, како што се Брисел I, Брисел II, Рим I и Рим II и други регулативи од меѓународно приватно право, се јавува потребата од донесување на нов Закон за меѓународно приватно право, во кој ќе бидат имплементирани во целост одредбите од Европската Унија |

| | |
|---|---|
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за правда** |

**2.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за меѓународна соработка во кривичната материја**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Законот за меѓународна соработка во кривичната материја е влезен во сила во 2010 година, а неговата примена започна од 1.12.2013 година и до денес не се извршени измени на овој закон. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** јакнење на владеењето на правото преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.23 - Правосудство и фундаментални права** |
| **Очекувани влијанија:** | Имајќи предвид дека измина подолг временски период од неговата примена, а од 2010 година до денес во законодавството на Европската Унија во кривичната област се донесени нови акти, се јавува потребата од изменување и дополнување на овој закон, во кој ќе бидат имплементирани одредбите од Европската Унија |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за правда** |

**Приоритет: Реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија**

**1.Предлог на закон за субвенциониран студентски оброк и други студентски потреби**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Целта на законот е да уреди начин и постапка за субвенции за оброк, автобуска карта, карта за театар, книга и други услуги по избор на студентот, а во насока на унапредување на студентскиот стандард. Кабинетот на министерот без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, во својство на иницијатор, активно ќе учествува во делот на правното уредување на субвенционирањето на здрав студентски оброк. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** подобрување на студентскиот живот и стандард на младите и спроведување на мерки со кои тие полесно ќе дојдат до прво вработување и нивно задржување во земјата |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.26 - Наука и образование; ЕПП 2019.1400.7800** |
| **Очекувани влијанија:** | Со донесувањето на овој закон се очекува подобрување на квалитетот на живот на студентите |
| **Фискални импликации:** | Има |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | **Министерство за образование и наука** |

**Приоритет: Реформи во правосудството**

**1.Предлог на закон за судска служба**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во Стратегијата за реформа на правосудниот сектор утврдено е усогласување на Законот за судска служба со Законот за административни службеници. По донесувањето на измените на Законот за административни службеници ќе се пристапи кон усогласување на Законот за судска служба со Законот за административни службеници. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** создавање на услови за независно, департизирано и ефикасно судство и правда достапна до сите; подобрување на стручноста, ефикасноста, отчетноста и транспарентноста на јавната администрација и создавање на услужно ориентирани институции со примена на нови технологии, стандарди на квалитети мерки за сајбер безбедност |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.23 - Правосудство и фундаментални права** |
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување на начинот на уредување на правата обврските и одговорностите на судските службеници и унапредување на системот на судска служба воопшто. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за правда** |

**2.Предлог на закон за јавнообвинителска служба**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во Стратегијата за реформа на правосудниот сектор утврдено е усогласување на Законот за јавнообвинителска служба со Законот за административни службеници. По донесувањето на измените на Законот за административни службеници ќе се пристапи кон усогласување на Законот за јавнообвинителска служба со Законот за административни службеници. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** подобрување на стручноста, ефикасноста, отчетноста и транспарентноста на јавната администрација и создавање на услужно ориентирани институции со примена на нови технологии, стандарди на квалитети мерки за сајбер безбедност |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.23 - Правосудство и фундаментални права** |
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување на начинот на уредување на правата обврските и одговорностите на јавнообвинителските службеници. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за правда** |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

## ИНИЦИЈАТИВИ СО СРЕДЕН ПРИОРИТЕТ

**Приоритет: Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија**

### 1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за водите

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за водите ќе се изврши усогласување со ЕУ Рамковната директива за води (2000/60 /ЕЗ), ЕУ Директивата за стандарди за квалитет ( 2008/105/ЕЗ) и ЕУ Директивата за подземни води (2006/118/ЕЗ). **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** обезбедување квалитетна животна средина на граѓаните преку заштита и унапредување на животната средина во функција на исполнување на принципите на одржливиот развој |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **ЕПП број: 2015.0000.7249** |
| **Очекувани влијанија:** | Со донесувањето на Законот се очекува подобрување на националното законодавство во областа на водите со цел негова полесна имплементација. Со законот ќе се намали износот на надоместокот за испуштање во водите со цел негово сведување во реални рамки и усогласување со Законот за утврдување на цени на водни услуги |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за животна средина и просторно планирање** |

### 2.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за еднакви можности на жените и мажите

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Усогласување со новите ЕУ директиви во делот на еднаквост и недискриминација и во насока на поефикасна легислатива за родова еднаквост. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на РСМ:** јакнење на владеењето на правото, преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите, изградба на независни институции и функционален систем на локална самоуправа **и со повеќе приоритетни цели:** унапредување на родовата еднаквост во сите области од општественото живеење и вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките на буџетите; воведување на концептот на еднаквост и недискриминација во сите области на општественото живеење, здравството, социјалната заштита, работните односи и правосудството; јакнење на владеењето на правото преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите; унапредување на човековите права и создавање на институционални капацитети за нивна ефикасна заштита |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| | **Поглавје 19 - Социјална политика и вработување, односно потпоглавје 19.7 Антидискриминација и еднакви можности** |
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување на состојбата со родовата еднаквост во Република Северна Македонија |
| **Фискални импликации:** | Има, Буџет на РСМ |
| **Предлагач:** | **Министерство за труд и социјална политика** |

**Приоритет: Јакнење на владеењето на правото преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите, изградба на независни институции и функционален систем на локална самоуправа**

**1.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност и здравје при работа**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Законот се предлага со цел да се унапреди правната рамка со која се уредува системот на безбедност и здравје при работа во насока на подобрување на безбедноста на работните места и заштитата на работниците од повреди на работните места. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** создавање на поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис - секторот, социјалните партнери, заштита на работничките права, недискриминација, зголемена ефикасност, транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава; унапредување на човековите права и создавање на институционални капацитети за нивна ефикасна заштита |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **3.19 - Социјална политика и вработување; ЕПП /** |
| **Очекувани влијанија:** | Воспоставување на систем кој ќе гарантира безбедни работни места и заштита на работниците од повреди на работните места. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за труд и социјална политика** |

**2.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за семејството**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Од донесувањето на Законот за семејството во 1992 година, не е направена позначајна и поголема реформа во уредувањето на семејните односи. Имајќи ги предвид современите тенденциите во регулирањето на родителските одговорности, како еден од најзначајните делови на семејното право, сметаме дека се неопходни законски измени во уредувањето на семејните односи во делот на правата на детето. Предложените измени треба да обезбедат подобра усогласеност на нашето семејно законодавство со Конвенцијата на ООН за правата на детето што е ратификувана од страна на Република Северна Македонија и која претставува основен и најзначаен меѓународен документ во |

| | |
|---|---|
| | кој се регулираат правата и интересите на децата. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** воведување на концептот на еднаквост и недискриминација во сите области на општественото живеење, здравството, социјалната заштита, работните односи и правосудството; јакнење на владеењето на правото преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите; унапредување на човековите права и создавање на институционални капацитети за нивна ефикасна заштита. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Со овој Предлог за изменување и дополнување на Законот за семејството се очекува да се обезбеди повисок степен на заштита на правата и интересите на децата. Акцентот во семејните реформи е ставен токму на подобрувањето на правата на детето во рамките на семејството. Овие промени се потребни и заради целосно усогласување на законодавството со Конвенцијата на ООН за правата на детето. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за труд и социјална политика** |

## ИНИЦИЈАТИВИ КОИ НЕ СЕ ПОВРЗАНИ СО СТРАТЕШКИТЕ ПРИОРИТЕТИ

**1.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри се предвидуваат измени со кои за приредување на игрите на среќа во автомат - клуб се предвидува издавање лиценца за секоја деловна просторија, се ограничува бројот на 50 уплатно - исплатни места кои можат да се отворат со една лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница, посебната давачка за приредување на посебните игри на среќа се предлага да се плаќа и во фиксен износ, освен како досега да се плаќа на разликата во висина од 20% од уплатите и исплатите од претходниот месец, при што приредувачот ќе има обврска да го плати повисокиот износ на посебната давачка, како и други промени во делот на лотариските и електронските игри на среќа. Иста така, со законот се предлага проширување на можноста за финансирање на области со активности на граѓанските организации од средствата од игри на среќа. Иницијативата **нема индикација на поврзаност со приоритетна цел.** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Зајакнување на условите за приредување на игрите на среќа, како и зајакнување на правната сигурност кај приредувачите на игри на среќа и учесниците во игрите на среќа |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за финансии** |

**2.Предлог на закон за промет и заштита од експлозивни материи**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Законот за промет на експлозивни материи („Службен весник на Социјалистичка Република Северна Македонија" број 30/85, 6/89 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 12/93, 66/07 и 86/08) и Законот за заштита од експлозивни материи („Службен весник на Социјалистичка Република Северна Македонија" број 4/78, 10/78, 54/88 и 36/90 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 12/93, 31/93, 66/07, 84/08 и 135/11), се закони од поранешната Социјалистичка Федеративна Република Југославија и истите содржат недоречености при нивната практична примена. Од тие причини се јави потреба од донесување на нов закон кој ќе ги опфати двата наведени закони кои се во сила и истиот воедно ќе биде усогласен со законодавството на Европската Унија. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел.** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Целосно усогласување со европското законодавство и надминување на сите недоречености кои произлегуваат од застареноста на предметните закони |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за внатрешни работи** |

# II дел

# Акти и материјали по кои одлучува Владата


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

# ЈАНУАРИ

## ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ

**Приоритет: Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните**

А) Подзаконски акти

### 1. Предлог програма на економски реформи 2019 - 2021 година

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Програмата за економски реформи претставува кохерентен стратешки документ кој ја презентира националната економска политика на Република Северна Македонија. Програмата се осврнува на остварените економски движења, ги претставува предвидувањата за наредниот тригодишен период, тригодишната фискална рамка и ги презентира клучните структурни реформи за поддршка на економскиот раст и конкурентноста на земјата. Преку изработка на оваа програма, Република Северна Македонија како земја кандидат за членство во ЕУ ја применува праксата на интегрирано економско управување со цел по зачленувањето, полесно да се премине во процесот на Европскиот семестар на ЕУ за водење на економските политики, како и да биде способна да се справи со конкурентскиот притисок и пазарните сили во Унијата. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **II Економски критериуми, 3.17 Економска и монетарна унија** |
| **Очекувани влијанија:** | Со Програмата треба да се воспостави среднорочна макроекономска и фискална рамка, со агенда за структурни реформи, конзистентна со севкупните политики за обезбедување на економски раст и конкурентност на земјата, како и подготовка за постепено интегрирање во мултилатералното фискално известување во контекст на ЕМУ (Европска монетарна унија). |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за финансии** |

### 2. Предлог уредба за изменување и дополнување на Уредбата за начинот и постапката за користење на финансиска поддршка за мерките за рурален развој финансирани од Програмата ИПАРД 2014 - 2020

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Поради потребата на номотехничко подобрување на текстот на уредбата како и потребата од внесување на одредени одредби согласно наоди од страна на ревизори на Европската комисија и усогласување на најавените измени на ИПАРД - програмата 2014 - 2020 како и внесување на специфични одредби за мерката Јавна рурална инфраструктура чија постапка за акредитација е во тек. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на** |

| | |
|---|---|
| | **Владата на Република Северна Македонија:** Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија. Иницијативата е планирано да се разгледува во последната недела од јануари 2019 година |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Попрегледен и поразбирлив текст на уредбата како целина и отстранување на одредени слабости и недоследности во правните решенија забележани од страна на ревизорите на Европската комисија, усогласување со измени на ИПАРД - програмата 2014 - 2020, регулирање на начинот и постапката за користење на финансиската поддршка од мерката Јавна рурална инфраструктура. Обезбедување на повисоко ниво на апсорпција на средствата од Инструментот за претпристапна помош (ИПА) преку поефикасна подготовка и спроведување на проектите финансирани од ИПА и зајакнување на координацијата меѓу надлежните институции |
| **Фискални импликации:** | Нема, донесувањето на измените на Уредбата не предизвикуваат финансиски импликации |
| **Предлагач:** | **Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој** |

| 3. Предлог програма за фитосанитарна политика за 2019 година | |
|---|---|
| **Образложение:** | Член 9 - б од Законот за здравјето на растенијата („Службен весник на Република Северна Македонија" број 29/05, 81/08, 20/2009, 57/10, 17/11, 148/11, 69/13, 43/14, 158/14, 149/15, 39/16 и 83/18), го уредува фитосанитарниот мониторинг што опфаќа систематско прибирање и чување на податоци за присуство на штетни организми, кое вклучува здравствен преглед, земање на примероци, следење на здравствената состојба на растенијата итн. Оваа програма е во рамките на програмата за Фитосанитарна програма која ја подготвува Фитосанитарната управа во соработка со Државната фитосанитарна лабораторија и Државниот инспекторат за земјоделство. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на Република Северна Македонија:** Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија и **приоритетната цел:** зголемување на земјоделските површини и на приносот и квалитетот на земјоделските производи |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Со донесување на оваа програма се предвидуваат финансиски средства за спроведување на активности кои произлегуваат од Законот за здравјето на растенијата, вклучувајќи активности кои се поврзани со спроведување на фитосанитарниот мониторинг за здравје на растенијата кај стратешки земјоделски култури (семенски и меркантилен компир, овошни видови и винова лоза, градинарски производи на отворено и во заштитени простори и тутун), реализирање на системот за пасоши на земјоделски и шумски посадочен |

| | |
|---|---|
| | материјал, како и останати активности кои се во рамките на фитосанитарната политика. |
| **Фискални импликации:** | Има, потребните финансиски средства за реализација на оваа програма се дефинирани со Буџетот на РСМ за 2019 година. |
| **Предлагач:** | **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство** |

**4.Предлог програма за финансиска поддршка во земјоделството за 2019 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согласно член 7 став 6 од Закон за земјоделство и рурален развој и Национална програма за развој на земјоделството и руралниот развој за периодот 2018 - 2022 година, Владата на РСМ на предлог на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува Годишна програма за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој за периодот 2018 - 2022 година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритетна Владата на РСМ:** интеграција на Република Северна Македонија во ЕУ и НАТО **и приоритетната цел:** зголемување на земјоделските површини и на приносот и квалитетот на земјоделските производи; надминување на традиционалниот пристап во земјоделството и унапредување на најновите технологии со зголемен трансфер на знаење во земјоделството |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Зголемување на ниво на конкурентност преку развој на растителното и сточарското производство |
| **Фискални импликации:** | Има, согласно индикативниот финансиски план за државна поддршка во земјоделството (2018 - 2022), за 2019 година планирана е државна поддршка која изнесува 100 милиони евра која ги опфаќа директните плаќања. Предвидените средства со Програмата ќе се обезбедат согласно Буџетот на РСМ за 2019 година |
| **Предлагач:** | **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство** |

**5. Предлог програма за рамномерен регионален развој во 2019 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Документот се донесува од Владата на Република Северна Македонија во согласност со Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година. **Иницијативата има индикација на поврзаност и со стратешкиот приоритет на Владата на РСМ:** Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија **и приоритетната цел:** намалување на разликите во развојот помеѓу и во планските региони, зголемување на конкурентната способност на планските региони |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Во Програмата за рамномерен регионален развој вкупните средства за поттикнување рамномерен регионален развој се распределуваат по намени, во согласност со одредбите утврдени во Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на РСМ" број 63/07, 187/13, 43/14, 215/15 и64/18). Во таа смисла, во програмата се определуваат износи на средства за тековната година наменети за финансирање на задачите и активностите на центрите за развој на планските региони, за проекти за регионален развој како и средства за имплементирање на проекти врз основа на склучени договори со регионалните институции и донатори од меѓународната донаторска заедница во Република Северна Македонија |
| **Фискални импликации:** | Има, активностите поврзани со имплементација на Програмата за рамномерен регионален развој се реализираат во рамки на средствата утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година. |
| **Предлагач:** | **Министерство за локална самоуправа** |

**6. Предлог оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услугите на пазарот на труд за 2019 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Имајќи го предвид проблемот на релативно висока стапка на невработеност (22,1% II квартал 2018 година) и стапката на невработеност на младите лица во Република Северна Македонија (37,9% II квартал 2018 година), во Оперативниот план за 2019 година, ќе се дефинираат видови на програми за вработување што ќе се имплементираат со кои ќе се настојува да се зголеми зголеми опфатот на невработени лица потребните финансиски средства за имплементација на програмите и извори на финансирање, како и институциите надлежни за спроведување. Ќе се дефинираат целните групи кои се потешко вработливи на кои ќе им се обезбеди поддршка согласно програмите заради обезбедување на нивно вклучување на пазарот на трудот. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** поддршка на домашните претпријатија, пред сè на малите и средните претпријатија, отворање на нови работни места, со активни мерки за вработување и зголемување на нивото на платите во економијата вклучувајќи ја и имплементацијата на Гаранцијата на млади лица. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.19 Социјална политика и вработување** |
| **Очекувани влијанија:** | Сите невработени лица евидентирани во Агенцијата за вработување ќе имаат право на пристап до услугите и програмите за вработување утврдени во Оперативниот план за 2019 година. Приоритетот за учество се доделува врз основа на условите и критериуми утврдени во секоја одделна услуга/програма. Како општо правило, во сите услуги и програми за вработување наведени во Оперативниот план ќе се настојува да се постигне еднаква застапеност на мажите и жените и стапка на учество на младите (до 29 години) од најмалку 30 проценти. |
| **Фискални импликации:** | Има, финансиски импликации, потребните средства ќе се обезбедат од Буџетот на Република Северна Македонија и останати извори во износ од 1.067.980.000 денари. |

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | **Министерство за труд и социјална политика** |

Б) Материјали

**1.Иницијатива за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Потреба од дополнување и усогласување на Законот со новата европска регулатива за ИПА 2 како и усогласување на законот за новите измени во националното законодавство и воведување на измени во однос на вработените во агенцијата, со цел да се установи политика на задржување на веќе оспособени и остручени кадри, што подразбира можност за зголемување на платите на административните службеници во Агенцијата. **Иницијативата има индикација на поврзаност и со стратешкиот приоритет:** Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Отстранување на недоследности во законот по однос на промените во европската регулатива за ИПА 2, задржување на постојниот стручен кадар за понатамошно ефективно спроведување и имплементирање на ИПАРД - програмата 2014 - 2020 г., зголемување на апсорпцијата на средствата од претпристапната помош. Обезбедување на повисоко ниво на апсорпција на средствата од Инструментот за претпристапна помош (ИПА) преку поефикасна подготовка и спроведување на проектите финансирани од ИПА и зајакнување на координацијата меѓу надлежните институции |
| **Фискални импликации:** | Нема, донесувањето на Законот ќе предизвика финансиски импликации |
| **Предлагач:** | **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**<br>Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој |

**2. Иницијатива за воспоставување на Регистар за ретки болести**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Воспоставувањето на Регистарот за ретки болести ќе овозможи увид на актуелната состојба на оваа категорија на пациенти како неопходен извор за дефинирање на здравствените стандарди и подобрување на здравствениот план за лекување на овие пациенти. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** развивање на ефикасен и достапен систем на здравствена заштита на населението, што подразбира зајакнување на услугите и подобрување на организацијата на здравствената заштита на сите нивоа: превентивно, примарно, секундарно и терциерно ниво. Развивање на одржлив, интегриран и ефикасен здравствен систем, заснован на еднаквоста и солидарноста, базиран на реалните потреби на граѓаните. |

| | |
|---|---|
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 3.28 Заштита на потрошувачите и здравјето; Подрачје 3.28.2 Јавно здравство** |
| **Очекувани влијанија:** | Регистарот ќе овозможи евидентирање на пациенти, евидентирање на податоци за терапија по пациент, креирање на извештаи за потребите на МЗ, како и податоци за набавка и дистрибуција на лекови по пациент. |
| **Фискални импликации:** | Има, Буџет на РСМ за 2019 година |
| **Предлагач:** | **Министерство за здравство** |

**Приоритет: Реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија**

А) Подзаконски акти

**1. Предлог програма за изградба и реконструкција на основни училишта за 2019година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Преку програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2019 година, се очекува подобрување на просторните услови во кои учат учениците во Република Северна Македонија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** спроведување на реформи во образованието преку развивање на интегриран систем на образование кој ќе влијае врз зголемување на економскиот раст и продуктивноста на трудот, зголемување на шансите на младите за квалитетни работни места, обезбедување на поголема општествена интеграција во етничка, регионална, социјална и културолошка смисла и поттикнување на критичкото мислење и активното граѓанство |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| **Очекувани влијанија:** | Подобрен ученички стандард во основно образование |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата треба да се обезбедат од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година |
| **Предлагач:** | **Министерство за образование и наука** |

**2. Предлог програма за изградба и реконструкција на средни училишта за 2019 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Преку програмата за изградба и реконструкција на средни училишта за 2019 година, се очекува подобрување на просторните услови во кои учат учениците во Република Северна Македонија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** спроведување на реформи во образованието преку развивање на интегриран систем на образование кој ќе влијае врз зголемување на економскиот раст и продуктивноста на трудот, зголемување на шансите на младите за квалитетни работни места, обезбедување на поголема општествена |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **НПАА - поглавје и подрачје** | интеграција во етничка, регионална, социјална и културолошка смисла и поттикнување на критичкото мислење и активното граѓанство<br><br>/ |
| **Очекувани влијанија:** | Подобрен ученички стандард во средното образование |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата треба да се обезбедат од Буџет на Република Северна Македонија за 2019 година |
| **Предлагач:** | **Министерство за образование и наука** |

| **3. Предлог програма за научно - истражувачката дејност за 2019 година** | |
|---|---|
| **Образложение:** | Програмата ќе претставува основа за финансирање на активностите од научно - истражувачката дејност во Република Северна Македонија. Активности кои ќе се финансираат: програмите на јавните научни установи и единици насочени кон науката при државните универзитети, научно - истражувачки проекти (национални и билатерални), организирање на научни собири, учество на научни работници од Република Северна Македонија на научни собири во странство, студиски престои на научни работници од Република Северна Македонија во странство, објавување на научни трудови во странски научни списанија со импакт фактор, стипендирање на млади научно - истражувачки кадри, магистерски и докторски студии во земјата и странство, техничка култура, Национален патоказ за истражувачка инфраструктура (National Research Infrastructure Roadmap) и сл. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** вложување во науката и истражувањето како и развој на нови технологии и индустрии |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Интензивирање и унапредување на научно - истражувачката дејност на Република Северна Македонија, подигање на квалитетот во високото образование и науката, што ќе придонесе за зголемување на економскиот развој на земјата |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата се предвидени во Буџетот на МОН за 2019 година (Програма 7) |
| **Предлагач:** | **Министерство за образование и наука** |

| **4.Предлог програма за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2019 година** | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согласно член 8 од Законот за студентскиот стандард, Владата на Република Северна Македонија, во согласност со развојните документи, донесува програма за остварување и развој на дејноста студентски стандард. Преку програмата ќе се реализираат активностите за остварување и подобрување на студентскиот стандард на студентите кои користат сместување и исхрана во студентските домови во Република Северна Македонија, како и на студентите кои се |


Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| | стипендирани од Министерството за образование и наука. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** подобрување на студентскиот живот и стандард на младите и спроведување на мерки со кои тие полесно ќе дојдат до прво вработување и нивно задржување во земјата |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Регулирање на работењето и финансирањето во сферата на студентскиот стандард |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата се предвидени во Буџетот на МОН за 2019 година (Програма 60) |
| **Предлагач:** | **Министерство за образование и наука** |

| **5.Предлог програма за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2019 година** | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согласно член 7 од Законот за ученичкиот стандард, Владата на Република Северна Македонија во согласност со развојните документи го планира и утврдува развојот на ученичкиот стандард. Преку програмата за 2019 година ќе се реализираат активностите за остварување и подобрување на ученичкиот стандард на учениците кои користат сместување и исхрана во ученичките домови во Република Северна Македонија, како и унапредување на системот на стипендирање на учениците во Република Северна Македонија**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** подобрување на студентскиот живот и стандард на младите и спроведување на мерки со кои тие полесно ќе дојдат до прво вработување и нивно задржување во земјата |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Регулирање на работењето и финансирањето во сферата на ученичкиот стандард |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата се предвидени во Буџетот на МОН за 2019 година (Програма 50) |
| **Предлагач:** | **Министерство за образование и наука** |

**Приоритет: Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија**

**А) Подзаконски акти**

| **1.Предлог долгорочен план за развој на одбранбените способности 2019 - 2028 година** | |
|---|---|
| **Образложение:** | Долгорочниот план за развој на одбранбените способности 2019 - 2028 година е основен документ кој го проектира развојот на одбранбените и воени способности на Армијата на Република Северна Македонија (АРМ) и на Министерството за одбрана (МО) за период од 10 години. Со планот се консолидираат долгорочните |

| | |
|---|---|
| | развојни цели во насока на развој на способностите како идна членка на НАТО за колективна одбрана, кооперативна безбедност и кризен менаџмент. Предлогот произлегува од реформите од август 2018 година, Стратегискиот одбранбен преглед (СОП) и Планот за имплементација од јуни 2018 година. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Со Долгорочниот план за развој на одбранбените способности 2019 - 2028 година ќе се постигне обединување на напорите на сите субјекти за планско, систематско и избалансирано инвестирање во развојот на способностите преку хармонизиран трансфер на национално во одбранбено планирање на НАТО вклучувајќи ги потребите за стандардизација, интероперабилност и и интеграција |
| **Фискални импликации:** | Има, финансиските средства ќе се обезбедат од Буџетот на МО |
| **Предлагач:** | **Министерство за одбрана** |

| 2. Предлог програма за финансиска поддршка во рибарството и аква културата за 2019 година | |
|---|---|
| **Образложение:** | Иницијативата произлегува од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ 2019 - 2021 (НПАА) и Планот 18 усвоен на 30.10.2018 година. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.13 - Рибарство; ЕПП 2016.0800.7346** |
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување и унапредување на постоечката регулатива |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство** |

| 3. Предлог програма за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации за 2019 година | |
|---|---|
| **Образложение:** | Целта на Програмата е да се поттикне учеството на граѓанскиот сектор во реализирање на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2019година. Програмата содржи опис на приоритетите, план за распределба на средства и вид на финансирање, како и областите на финансирање. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** Промовирање на европските вредности во процесот на пристапување во Европската Унија преку транспарентност и зајакнување на соработката со граѓанскиот сектор и академската заедница |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **I Политички критериуми - граѓанско општество** |

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Донесувањето на Програмата е во функција на обезбедување транспарентна распределба и создавање на поповолни услови за финансиска одржливост на граѓанскиот сектор, што е заложба на Владата на Република Северна Македонија согласно Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации, како и Одлуката за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на програмските активности на здруженија на граѓани и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија. |
| **Фискални импликации:** | Има, средства се планирани во Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година |
| **Предлагач:** | **Генерален секретаријат на Влада на Република Северна Македонија** |

Б) Материјали

**1.Информација за промоција на концептот „зелени работни места"**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Промоција на концептот „зелени работни места", потребата од трансформација кон „зелена циркуларна економија" со што ќе отвори потреба за нови професии, можности за нови работни места, а во исто време ќе се придонесе кон постигнување на глобалните цели за заштита на животната средина. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** обезбедување на квалитетна животна средина на граѓаните преку заштита и унапредување на животната средина во функција на исполнување на принципите на одржливиот развој |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Подигнување на јавна свест и мотивирање за примена на концептот „зелени работни места" кај различни општествени чинители (образовни институции, компании, носители на одлуки, граѓански здруженија, млади) |
| **Фискални импликации:** | Има, предвидено во Предлог-буџетот (200.000,00 ден.) |
| **Предлагач:** | **Министерство за животна средина и просторно планирање** |

**2.Информација за одржаниот петнаесетти состанок на Поткомитетот за економско - финансиски прашања и статистика на 4 октомври 2018 година во Скопје**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информацијата има за цел да ја информира Владата за одржаниот петнаесетти состанок на Поткомитетот за економско - финансиски прашања и статистика на Комитетот за стабилизација и асоцијација меѓу Република Северна Македонија и Европската Унија, одржан во октомври 2018 година во Скопје и да се задолжат институциите за исполнување на обврските преземени од Поткомитетот. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** започнување и успешно водење на процесот на преговори за пристапување на |

| | |
|---|---|
| | Република Северна Македонија во Европската Унија; квалитетно управување и координација со структурите во процесот на пристапување во Европската Унија |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Навремено задолжување и остварување на преземените обврски од состанокот со Европската комисија. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Секретаријат за европски прашања** |

**3.Информација за Предлог-програмата за работа на Центарот за обука (ЦО) на Секретаријатот за европски прашања за 2019/2020 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Спроведување на Програмата за работа на Центарот за обука на СЕП во текот на 2019/20 година, користење на достапните буџетски средства за работа на Центарот, како и ангажирање на внатрешните ресурси на Владата на Република Северна Македонија, односно обучувачите во реализација на Програмата за работа на Центарот. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** квалитетно управување и координација со структурите во процесот на пристапување во Европската Унија. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Зголемување на ефикасноста во искористувањето на ИПА - фондовите. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Секретаријат за европски прашања** |

4.Информација по Стратегијата за заштита и благосостојба на животните со акциски план

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Агенцијата за храна и ветеринарство години station наназад како еден од приоритетите има воспоставување на систем за имплементација на законските обврски за заштита и благосостојба на животните. Благосостојбата на животните претставува релативно нова гранка од ветеринарното здравство која континуирано се развива и за која постои се поголем интерес. Грижата за благосостојбата кон животните излегува од рамките на конвенционалните начела за одговорност и претставува одговорност на се поголем број на засегнати страни во кој е вклучена и целата јавност. Кон областа на благосостојбата на животните во европски и светски рамки сериозно се пристапува од сите заинтересирани страни, како од креаторите на политиката и изготвувачите на законодавната рамка, така и од невладините организации, вклучително и крајните корисници, односно одгледувачите на животни и потрошувачите на храна од животинско потекло. Заштитата и |

| | |
|---|---|
| | благосостојбата на животните во Република Северна Македонија е уредена со донесувањето на Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.149/14, 149/15 и 53/16) и релевантните подзаконски акти. Овој закон и подзаконските акти се целосно усогласени со нормативната рамка која се применува во Европската Унија. Легислативата е прилагодена за да го следи развојот во областа и остава доволен простор за вклучување на сите засегнати страни кои треба да ја обезбедат благосостојбата на животните. Преку спроведувањето на законски услови се исполнуваат обврските кои ги имаме во областа на заштитата и благосостојбата на животните животните кои се хармонизирани со соодветната легислатива на ЕУ. На основа на наведените законски прописи на предлог на Агенцијата за храна и ветеринарство Владата на Република Северна Македонија во 2018 година донесе Стратегија за заштита и благостојба на животните. Со Информација по Стратегијата за заштита и благосостојба на животните и акциски план Агенцијата за информира Владата на Република Северна Македонија за тековното реализирање на Стратегијата. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на РСМ:** развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните **и со приоритетната цел:** зголемување и поддршка на развојот на индустриско - преработувачките капацитети кои ќе бидат извозно ориентирани и ќе создаваат производи со повисока додадена вредност, поддршка на индустриските капацитети кои ќе овозможат супституција на увозот |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Очекувани влијанија од имплементација на Стратегијата за заштита и благосостојба на животните се следни: благосостојба на животните за време на превоз; благосостојба на кокошките несилки; благосостојба на животните за време на колење во кланица, со фокус на колење на јагниња; Контрола на популацијата на бездомни кучиња; подигнување на јавната свест во однос на заштитата и благосостојбата на животните |
| **Фискални импликации:** | Има, финансиски импликации во делот на спроведување на контролата на популација на бездомни кучиња. (АХВ обезбеди буџет и набави 100 000 микрочипови кои веќе се дистрибуирани на ветеринарните друштва кои склучија договор со АХВ за нивна апликација. Рок на апликација на микрочиповите е 31 март 2019 година на принципот прв дојден прв услужен. Доколку се јави потреба, односно ако бројот на домашни миленици надминува 100 000, ќе има потреба од набавка на дополнителен број на микрочипови.) |
| **Предлагач:** | **Агенција за храна и ветеринарство** |

**Приоритет: Целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор и градење на граѓанска држава и етничка кохезија врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување**

## Б) Материјали

| | |
|---|---|
| **1.Предлог иницијатива за преведување на веб - страниците на сите министерства и други органи на државната управа на албански јазик** | |
| **Образложение:** | Целта на иницијативата е спроведување на информирање на јавноста посебно на граѓаните кои го зборуваат албанскиот јазик за работата на органите на државната управа. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** јакнење на меѓуетничката доверба и довршување на имплементацијата на Рамковниот договор |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Поефикасни мерки за натамошно спроведување на Рамковниот договор |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Секретаријат заспроведување на Рамковниот договор** |

А) Подзаконски акти

| | |
|---|---|
| **ИНИЦИЈАТИВИ СО СРЕДЕН ПРИОРИТЕТ** | |
| **Приоритет: Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните** | |
| **1.Предлог годишна програма за реализација на стратешкиот план на Агенцијата за катастар на недвижности за 2019 година** | |
| **Образложение:** | Обврската за доставување на Годишната програма за реализација на СП на АКН за 2019 година произлегува од членот 4 став 3 од Законот за катастар на недвижности според кој „Годишната програма за реализација на стратешкиот план на Агенцијата за катастар на недвижности ја донесува Агенцијата на која согласност дава Владата на Република Северна Македонија". Годишната програма за реализација на СП на АКН содржи податоци за видот и обемот на работите, средствата потребни за нивна реализација, како и изворите на средства на следните активности: одржување на катастарот на недвижности; подобрување на квалитетот на податоците од катастарот на недвижности; одржување современа геодетска референтна инфраструктура; воспоставување и ставање во примена ETRS89 координатен систем; изработка на ситно размерни топографски карти и наменски карти; ласерско скенирање на целата територија на Република Северна Македонија (LIDAR);премер на инфраструктурни објекти во сопственост на Република Северна Македонија и нивно запишување во катастарот на инфраструктурни објекти како дел од катастарот на недвижности; реализација на геодетски работи за посебни намени од значење за РМ;НИПП - активности во Република Северна Македонија; воспоставување графички регистар за улици и куќни броеви (адресен регистар); воведување регистар на преземен недвижен имот наменет за продажба; одржување обуки и едукација на вработените во Агенцијата; одржување обуки и едукација на професионалните корисници; |

| | |
|---|---|
| | меѓународна соработка. Иницијативата **има индикација на поврзаност и со стратешкиот приоритет:** Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија **и со приоритетната цел:** спроведување на макроекономска политика насочена кон задржување на макроекономската стабилност, зголемување на конкурентноста на економијата и зголемување на вработеноста. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Навремени и квалитетни услуги на граѓаните и бизнис заедницата и подобрување на деловното опкружување преку ефикасна реализација на постапките во одржувањето на Катастарот на недвижностите; зголемување на процентот на запишани недвижности во катастарот, ажурни, усогласени и унифицирани податоци во катастарот на недвижности; поддршка на процесот на премер и геодетски мерења за различни намени преку обезбедување на податоци со висока точност; усогласување на геодетската референтна инфраструктура во РСМ со современи со современите економски стандарди за референтни системи, како кандидат за членство во ЕУ, изготвен акциски план за ласерско скенирање на територијата на РСМ и создадени предуслови за отпочнување со ласерско скенирање (LIDAR)на дел од територијата на Република Северна Македонија и други. |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата ќе се обезбедат од Буџетот на РСМ за 2019 година (дел ќе се обезбедат од сопствени приходи на АКН, а дел од достапните фондови на ЕУ, донации и други извори со закон) |
| **Предлагач:** | **Агенција за катастар на недвижности** |

**2. Предлог програма за користење на средства за изградба на објекти од областа на културата преку распределба на капитални дотации на општини во Република Северна Македонија**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Министерството за култура согласно со планираните и обезбедените финансиски средства како капитални дотации до ЕЛС (единиците за локална самоуправа)за 2018 година, за реализацијата на истите ќе донесе критериуми, процедури и рокови за распределба на капиталната дотација за користење на средства за одделни градби во областа на културата, за што согласно член 11 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, потребно е донесување на Програма за користење на средства од страна на Владата на Република Северна Македонија**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** Спроведување на културна политика во која клучните вредности се слободата на творештвото, еднаквоста и универзалното добро, а најважните движечки принципи се транспарентноста, пристапноста и демократското учество на сите чинители на културата. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Донесување на програма за распределба на средства како капитални дотации |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **Фискални импликации:** | Има, потребните финансиски импликации се планираат со буџетскиот циркулар за 2019 година. |
| **Предлагач:** | **Министерство за култура** |

**3.Предлог одлука за давање согласност на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2019 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Министерството за култура согласно член 70 - в од Законот за културата донесува Годишна програма за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата, на која согласност дава Владата на Република Северна Македонија. Преку оваа програма се реализираат капиталните инвестициони проекти на Министерството за култура. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** спроведување на културна политика во која клучните вредности се слободата на творештвото, еднаквоста и универзалното добро, а најважните движечки принципи се транспарентноста, пристапноста и демократското учество на сите чинители на културата. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Донесување на одлука за давање на согласност на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2019 година. |
| **Фискални импликации:** | Има, потребните финансиски импликации се планираат со буџетскиот циркулар за 2019 година. |
| **Предлагач:** | **Министерство за култура** |

**4.Предлог програма за финансиска поддршка на руралниот развој за 2019 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2019 година се донесува согласно член 7 од Законот за земјоделство и рурален развој, а во неа се опфатени инструменти, мерки и активности за спроведување на мерките, временски рок и финансиска рамка за нивно спроведување. Висината, мерките и активностите се програмирани со цел да бидат остварени политиките на рурален развој и државна помош во земјоделството, кои се насочени кон: поддршка на инвестиции во земјоделскиот сектор, во водостопанството и јавната инфраструктура и подобрување на животот во руралните средини; обезбедување на стабилно производство на квалитетна храна; зголемување на конкурентната способност на земјоделството; обезбедување на стабилно ниво на доход на земјоделското стопанство; промовирање на нови начини на организирање на локално ниво, преку основање на јавни приватни партнерства (ЛАГ);поддршка на економско здружување на земјоделски производители во форма на земјоделски задруги; зачувување на генетската разновидност на автохтони земјоделски растенија и автохтони раси на добиток; помош за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за земјоделска дејност; одржлив развој на |

| | |
|---|---|
| | руралните подрачја и кредитна политика и финансиски инженеринг во земјоделството и руралниот развој. Иницијативата **има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на РСМ:** интеграција на Република Северна Македонија во ЕУ и НАТО **и со приоритетните цели:** зголемување на земјоделските површини и на приносот и квалитетот на земјоделските производи; надминување на традиционалниот пристап во земјоделството и унапредување на најновите технологии со зголемен трансфер на знаење во земјоделството; зголемување и поддршка на развојот на индустриско - преработувачките капацитети кои ќе бидат извозно ориентирани и ќе создаваат производи со повисока додадена вредност, поддршка на индустриските капацитети кои ќе овозможат супституција на увозот |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Мерките од програмата за рурален развој се очекува да придонесат кон модернизација, специјализација и поголема пазарна ориентираност на производителите и преработувачите, намалување на производните трошоци, подобрување на продуктивноста на факторите за производство, зголемување на развојниот потенцијал во согласност со реалните компаративни предности и полесен пристап до финансиски средства за реализација на проектите поврзани со земјоделството и руралниот развој преку финансиските институции (банки и штедилници). Мерките треба да овозможат подобри инфраструктурни услови за живот и одвивање на економските активности во руралните средини, како и да помогнат во подобрување на структурата на секторот од аспект на концентрирање на понудата, намалување на старосната граница на учесниците во секторот, зголемување на просечната големина на земјоделското стопанство и намалување на фрагментираноста на земјишните парцели. |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата за Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2019 година ќе се обезбедат согласно Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година |
| **Предлагач:** | **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство** |

**5.Предлог програма за проширена репродукција на шумите за 2019 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Врз основа на член 96 од Законот на шумите („Службен весник на Република Северна Македонија" број 64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 43/14, 160/14, 33/15, 44/15, 147/15, 7/16 и 39/16), Владата на РСМ секоја година донесува Програма за проширена репродукција на шумите во која се дефинирани мерките и активностите што ќе се финансираат во тековната година од областа на шумарството, како што се: пошумувањето, негата на шуми и шумски култури со прореди, мелиоризација на деградирани дабови шуми, санирање на опожарени шумски површини, заштита на шумите од биотски и абиотски фактори, обезбедување садници за пошумување на земјиште во приватна сопственост и друго. Иницијативата **има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на РСМ:** интеграција на Република Северна Македонија во ЕУ и НАТО **и со приоритетните цели:** зголемување на шумскиот фонд во Република Северна |

| | |
|---|---|
| | Македонија и поквалитетно чување на шумите; планирање и одржливо користење на просторот и природните богатства и развивање на институционалните капацитети |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| Очекувани влијанија: | Зголемување на шумскиот фонд по површина и дрвна маса, подобрување на квалитетот на шумите, зголемување на отпорноста на шумите од негативни влијанија, намалување на штетите на шумите од биотски и абиотски фактори и заштита и подобрување на животната средина |
| Фискални импликации: | Има, средствата се обезбедени од Буџетот на РСМ за 2019 година |
| Предлагач: | **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство** |

**6. Предлог програма за развој и унапредување на ловството и заштита на дивечот под заштита во репроцентрите за 2019 година**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Врз основа на член 7 став (5) од Законот за ловството („Службен весник на Република Северна Македонија" број 26/09, 82/09, 136/11, 1/12, 69/13, 164/13, 187/13, 33/15, 147/15, 193/15 и 23/18), Владата на РСМ секоја година донесува Програма за развој и унапредување на ловството и заштита на дивечот под заштита во репроцентрите, во која се утврдува видот и обемот на активностите кои ќе се финансираат, извршители на работата, изворот и износот на средствата, како и начинот на користење на средствата за развој и унапредување на ловството и одгледување и заштита на дивечот под заштита во репроцентрите. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на РСМ:** интеграција на Република Северна Македонија во ЕУ и НАТО **и со приоритетните цели:** зголемување на шумскиот фонд во Република Северна Македонија и поквалитетно чување на шумите; планирање и одржливо користење на просторот и природните богатства и развивање на институционалните капацитети |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| Очекувани влијанија: | Ќе се овозможи изградба на простори за интензивно одгледување и застрел на дивечот, со што ќе се зголеми бројната состојба на дивечот, како и неговата квалитативна вредност. Исто така, од оградените простори, дивечот може да се населува и во отворениот дел на ловиштата. |
| Фискални импликации: | Има, средствата се обезбедени од Буџетот на РСМ за 2019 година |
| Предлагач: | **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство** |

**7.Предлог програма за изградба , опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2019 година**

| | |
|---|---|
| Образложение: | За да се зголеми стапката на опфат во предучилишно воспитание неопходно е проширување на мрежата на јавни предучилишни установи во руралните и урбаните средини, проширување на постојните капацитети како и изградба на нови капацитети, посебно во општините во кои нема пристап до формите на згрижување и воспитание на деца. Зголемување на опфатот на деца и обезбедување на поголема правичност во пристапот на сите деца до установи за предучилишно воспитание. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** промовирање и унапредување на хумана популациона политика и човековите права и создавање на институционални капацитети |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| Очекувани влијанија: | Подобрување на опфатот на децата од предучилишна возраст во Република Северна Македонија, постепено приближување до опфатот на деца во детските градинки на земјите во ЕУ, создавање услови за згрижување на децата од предучилишна возраст и во општините кои сега немаат детски градинки/центри за ран детски развој преку изградба на нови објекти, со адаптација на други објекти и подобрување на условите за згрижување и воспитание на деца во постојната мрежа на јавни установи за деца - детски градинки/центри за ран детски развој |
| Фискални импликации: | Има, од Буџетот на РСМ и други извори, кои во моментов не можат да се квантифицират |
| Предлагач: | **Министерство за труд и социјална политика** |

Б) Материјали

**1. Информација за реализирани активности во 2018 година од Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2017 - 2018 година**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Информацијата произлегува од член 121 од Законот за заштита на потрошувачите („Службен весник на Република Северна Македонија" број 38/04, 77/07, 103/08, 24/11, 164/13, 97/15 и 152/15), според кој министерот за економија еднаш годишно ја известува Владата на Република Северна Македонија за спроведувањето на Програмата за заштита на потрошувачите. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** спроведување на макроекономска политика насочена кон задржување на макроекономската стабилност, зголемување на конкурентноста на економијата и зголемување на вработеноста |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 3.28 - Заштита на потрошувачите и јавно здравје** |
| Очекувани влијанија: | Владата на Република Северна Македонија да се информира за реализираните активности во 2018 година од Програмата за заштита на потрошувачите. |
| Фискални импликации: | Нема |
| Предлагач: | **Министерство за економија** |

**2. Годишен извештај за користење на средствата од резервите на Централниот буџет**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Иницијативата се предлага со цел да се информира Владата на Република Северна Македонија за користењето на средствата од резервите на Централниот буџет за изминатата година. Обврската за изготвување на Извештај за користењето на средствата од резервите на Централниот буџет произлегува од Законот за буџетите. Во рамките на Централниот буџет на Република Северна Македонија се планираат средства за непредвидени случаи како буџетска резерва. Планираните средства за непредвидени случаи се наменети за покривање на расходи во случај на виша сила, елементарни непогоди и други непредвидени случаи, како и за програми кои во текот на подготовката на буџетот не можеле да бидат предвидени. Постојаната и тековната резерва не можат да надминат 3% од вкупните тековни расходи на основниот буџет. За користење на средствата од резервите одлучува Владата на Република Северна Македонија. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** создавање на поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис - секторот, социјалните партнери, заштита на работничките права, недискриминација, зголемена ефикасност, транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| Очекувани влијанија: | Извештај за користењето на средствата од резервите на Централниот буџет се изготвува со цел да се утврдат намените за кои се користат средствата од резервите и да се изнајдат начини за да се подобри буџетското планирање, со што во иднина би се избегнало нивно користење за секакви намени кои не се непредвидливи и можат да бидат опфатени со иницијалниот буџет. |
| Фискални импликации: | Нема |
| Предлагач: | **Министерство за финансии** |

| | |
|---|---|
| **3. Предлог за имплементација и институционализација на национални здравствени сметки во Република Северна Македонија** | |
| Образложение: | Со воспоставување на системот за национални здравствени сметки се води евиденција за сите трошоци во здравството. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** развивање на ефикасен и достапен систем на здравствена заштита на населението, што подразбира зајакнување на услугите и подобрување на организацијата на здравствената заштита на сите нивоа: превентивно, примарно, секундарно и терциерно ниво; развивање на одржлив, интегриран и ефикасен здравствен систем, заснован на еднаквоста и солидарноста, базиран на реалните потреби на граѓаните |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 1 - Слободно движење на стоки; Поглавје 27 - Животна средина Поглавје 28 - Заштита на потрошувачи и јавно здравје** |
| Очекувани влијанија: | Компаративна анализа на трошоците во здравство по години, региони и во земјите на ЕУ |

| | |
|---|---|
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за здравство** |

**4.Предлог платформа за одржување на првата седница на Меѓувладината комисија за економска соработка по Договорот за економска соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Бугарија**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согласно Договорот, двете страни ќе се договорат да се одржи првата седница на Меѓувладината комисија. Комисијата претставува тело кое е надлежно за развојот на билатералните економски односи меѓу двете земи, како и за имплементација на Договорот. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** олеснување на пристапот на меѓународните пазари на стоки и услуги преку склучување на Договор за слободна трговија, Договор за трговска и економска соработка, либерализација на трговијата со стоки и услуги |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Платформата има за цел да ги интегрира темите за разговор предложени од ресорните институции, добивање на мандат за разговори од Владата на РСМ, за коишто подоцна се разговара со другата договорна страна на самата седница |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата се обезбедени од буџетот на Министерството за економија |
| **Предлагач:** | **Министерство за економија** |

**Приоритет: Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија**

А) Подзаконски акти

**1. Предлог програма и приоритет на претседавањето на Романија со Советот на ЕУ, со календар за одржување на неформалните министерски состаноци на Европската Унија**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информирање на членовите на Владата на Република Северна Македонија за романското претседателство со Советот на ЕУ и учеството на претставници од Република Северна Македонија на неформалните министерски состаноци на ЕУ. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** започнување и успешно водење на процесот на преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Информирање на членовите на Владата на Република Северна Македонија за неформалните министерски состаноци на ЕУ за време на романското претседателство со Советот на ЕУ. Негативно влијание нема |
| **Фискални импликации:** | Нема |

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | **Министерство за надворешни работи** |

Б) Материјали

**1. Информација за организирање на Форум за културна соработка меѓу Народна Република Кина, Република Северна Македонија и останатите земји од Централна и Источна Европа кои се дел од платформата 16+1**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Реализацијата на Форумот произлегува од потпишаната Декларација меѓу Народна Република Кина и земјите од Централна и Источна Европа, во Хангџоу во 2017 година, со која се предвидуваат низа на проекти и иницијативи за унапредување на културната соработка меѓу овие земји. Форумот ќе придонесе да се дизајнираат алатки за полесно вмрежување и координација на институциите од земјите членки на оваа платформа. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** унапредување на добрососедските односи, активно учество во регионалните иницијативи и јакнење на соработката со европските и вон европските земји, на билатерален, регионален и мултилатерален план |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Со реализацијата на овој Форум за културна соработка ќе се унапреди соработката меѓу Народна Република Кина, Република Северна Македонија и останатите земји од Централна и Источна Европа кои се дел од платформата 16+1, ќе се промовира работата на Координативниот центар за соработка во областа на културата кој е лоциран во Скопје, а воедно ќе се утврдат и модалитети со кои ќе се олесни комуникацијата и соработката меѓу националните институции и организации од посочените земји. |
| **Фискални импликации:** | Има, финансиските средства ќе бидат обезбедени преку програмата 90 - меѓународна соработка на Министерството за култура |
| **Предлагач:** | **Министерство за култура** |

**2.Информација за потребата од склучување на спогодба за соработка меѓу Министерството за култура на Република Северна Македонија и Министерството за култура и спорт на Република Грција за периодот 2019 - 2022 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со оглед на тоа што Република Северна Македонија досега нема склучено спогодба за соработка со Република Грција, иницијативата е во контекст на севкупните заложби за градење на добрососедска политика, што би водело кон засилување на капацитетите и позицијата на Република Северна Македонија во нејзините европски и евроатлански аспирации. Културната соработка може да претставува една од најсилните лоби алатки кај земјите членки на ЕУ. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** интензивирање на регионалната културна соработка во духот на добрососедските |

| | |
|---|---|
| | односи согласно новата стратегија за меѓународна соработка, како и соработка со УНЕСКО, Европската Унија, Советот на Европа и со други меѓународни организации |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| Очекувани влијанија: | Потпишувањето и спроведувањето на спогодбата ќе значи отворање на културниот простор особено во Атина и другите поголеми градови и поголем продор на македонските уметници на грчката културна сцена, што би резултирало со развивање на пријателства и позитивна перцепција кај грчката публика |
| Фискални импликации: | Има, средствата се планираат во рамки на одобрениот буџет |
| Предлагач: | **Министерство за култура** |

**3.Информација за потребата за одржување на средби со невладини организации кои работат во областа на заштита на правата на лицата со попреченост**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Информацијата се однесува на потребата од организирање на средби со претставници на невладините организации и граѓанските здруженија и иницијативи кои работат во областа на заштита на правата на лицата со попреченост, со цел нивна активна вклученост во процесите кои се однесуваат на транспортот и комуникациите. Средбите ќе ги организира Министерството за транспорт и врски на квартално ниво и записниците од истите во вид на информација ќе бидат испраќани до Владата на Република Северна Македонија, со цел разгледување на предлозите, проектите и активностите кои ќе произлезат од овие средби.<br>**Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** практична примена на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| Очекувани влијанија: | Зголемено учество на лицата со попреченост во процесите кои се однесуваат на транспортот и комуникациите; подобрување на состојбата во делот на транспортната инфраструктура во однос на пристапност за лицата со попреченост; подобрување на заштитата на правата на лицата со попреченост во делот на законската регулатива во доменот на транспортот |
| Фискални импликации: | Нема |
| Предлагач: | **Министерство за транспорт и врски** |

**Приоритет: Јакнење на владеењето на правото преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите, изградба на независни институции и функционален систем на локална самоуправа**

А) Подзаконски акти

**1.Предлог програмата за води за 2019 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со програма се утврдуваат средствата за извршување на работите согласно Законот за водите од член 212 и тоа за: управување и развој на водните ресурси и надоместување на трошоците за работење на органите на државната управа и органите и организациите кој имаат соодветни надлежности во управувањето со води, изградба на нови и одржување и унапредување на постојните јавни водоснабдителни објекти, изградба на нови и одржување и унапредување на постојните хидромелиоративните системи и хидросистеми, одржување и заштита на природните езера, одржување на водотеци, изградба и одржување на објекти за регулација на водотеци, заштита од штетните дејства на водите вон населени места, подготовка на планови за одбрана од поплави и замрзнување, планови за заштита од ерозија и порои, подготовка на соодветни планови за заштита од други штетни дејствија на водите вон населените места, контрола на состојбите и собирање и обработка на податоците за резерви на вода и нивно рационално користење, хидрогеолошки и други истражувања, подготовка и организирање на спроведувањето на програмата за мерки за заштита на водите од загадување, преземање на мерки за извршување на определени работи за заштита од загадување, мониторинг и утврдување на состојбата со квалитетот и квантитетот на водите и мониторинг на безбедноста на водата за консумирање од страна на човекот, воспоставување и одржување на заштитни зони и изградба на одржување на објекти за заштита на водите од загадување. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** планирање и одржливо користење на просторот и природните богатства и развивање на институционалните капацитети; подобрување на животниот стандард на населението, заштита на животната средина и развој на општините преку подобрување на водоснабдувањето и одводот на отпадните води и изградба и реконструкција на водоснабдителни и канализациски системи со третман на отпадни води |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Иницијативата е согласно Програмата за работа на Влада на РСМ 2018 - 2020 година и Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на РСМ, како и обезбедување квалитетна животна средина на граѓаните преку заштита и унапредување на животната средина во функција на исполнување на принципите на одржливиот развој; подобрување со управувањето со водите во Република Северна Македонија; спроведување на обврските согласно Законот за води |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за животна средина и просторно планирање** |

Б) Материјали

**1.Информација за формирање на заедничко координативно тело на Министерството за култура и Министерството за труд и социјална политика за периодот 2019 - 2021 година, со цел за социјална рехабилитација и интегрирање во општеството и во културниот живот на малолетниците со воспитно - социјални образовни проблеми**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со информацијата ќе се предложи формирање на заедничкото координативно тело на Министерството за култура и Министерството за труд и социјална политика за периодот 2019 - 2020 година со цел за социјална рехабилитација и интегрирање во општеството и во културниот живот на малолетници со воспитно - социјални и образовни проблеми. Координативното тело на Владата на РСМ ќе предложи Програмата за заедничка соработка меѓу двете министерства, која ќе се однесува особено на регулирање на меѓусебните обврски за организирани посети на културни настани во установите на културата и за други активности од страна на штитениците на ЈУ Завод за згрижување, воспитание и образование на деца и младинци „Ранка Милановиќ" и ЈУ за згрижување деца со воспитно - социјални проблеми „25 Мај". **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** спроведување на културна политика во која клучните вредности се слободата на творештвото, еднаквоста и универзалното добро, а најважните движечки принципи се транспарентноста, пристапноста и демократското учество на сите чинители на културата. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Проследувањето на внимателно одбраните културни и уметнички содржини од страна на малолетници со воспитни проблеми, секако ќе придонесе во нивната социјална рехабилитација и интегрирање во општеството |
| **Фискални импликации:** | Има, износот на финансиските средства во рамки на планираните буџети на Министерството за култура и Министерството за труд и социјална политика |
| **Предлагач:** | **Министерство за култура** |

А) Подзаконски акти

## ИНИЦИЈАТИВИ КОИ НЕ СЕ ПОВРЗАНИ СО СТРАТЕШКИТЕ ПРИОРИТЕТИ

**1. Предлог годишна програма за финансирање на изработка на просторен план на Република Северна Македонија за 2019 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Основа за донесување на програмата за финансирање на изработка на просторен план на Република Северна Македонија за 2018 година се одредбите на член 22 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на |

| | |
|---|---|
| | Република Северна Македонија", број 199/14 и 44/15) и Годишната програма се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија. Просторните планови како стратешки документи претставуваат посебен инструмент за реализација на концептот на одржлив развој, односно воспоставување на рамнотежа во просторот. Просторното планирање како интердисциплинарна дејност од стратешки карактер обезбедува рационална организација, користење и заштита на просторот. Неговата улога е воспоставување на баланс помеѓу расположливиот простор, економскиот и демографскиот развој, природните и културните ресурси односно дефинирање на просторен модел за рационална организација, уредување и заштита на просторот, усогласено функционирање на постојните и планираните инфраструктурни системи, рационално искористување на природните ресурси, заштита и ревитализација на создадените вредности. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** планирање и одржливо користење на просторот и природните богатства и развивање на институционалните капацитети; |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Просторното планирање како интердисциплинарна дејност од стратешки карактер обезбедува рационална организација, користење и заштита на просторот. Следење на состојбата со спроведување на Просторниот план на Република Северна Македонија и спроведување на Законот за спроведување на Просторниот план на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" број 39/2004) |
| **Фискални импликации:** | Има |
| **Предлагач:** | **Министерство за животна средина и просторно планирање** |

| **2.Предлог просторен план на Република Северна Македонија** | |
|---|---|
| **Образложение:** | Просторниот план на РСМ претставува устав во планирањето на просторот. Планот кој е сè уште во сила е со важност до 2020 г. За да се изработи нов просторен план потребно е да се отпочне негова изработка од наредната 2019 година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** планирање и одржливо користење на просторот и природните богатства и развивање на институционалните капацитети; |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Следење на состојбата со спроведување на Просторниот план на Република Северна Македонија и спроведување на Законот за спроведување на Просторниот план на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" број 39/2004). Усвојување на плански решенија и нивното усогласување со определбите на новиот Просторниот план на Република Северна |

| | |
|---|---|
| | Македонија; Континуирано следење на состојбите во просторот и настанатите промени во периодот по усвојување на Планот |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата за изработка на новиот Просторен план на Република Северна Македонија се обезбедуваат преку Буџетот на МЖСПП, Годишна програма за изработка на просторни планови |
| **Предлагач:** | **Министерство за животна средина и просторно планирање** |

**3.Предлог програма за унапредување на животната средина**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со оваа програма се утврдува намената на средствата утврдени на Раздел 121.01 - Министерство за животна средина и просторно планирање, Потпрограма C1 - Унапредување на животната средина и средства од донации. Оваа е обврска согласно член 52 од Законот за извршување на буџет. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** подобрување на животниот стандард на населението, заштита на животната средина и развој на општините преку подобрување на водоснабдувањето и одводот на отпадните води и изградба и реконструкција на водоснабдителни и канализациски системи со третман на отпадни води; натамошно зголемување на инвестициите во животната средина и преземање на активности за намалување на климатските промени преку постигнување на пониско ниво на емисија на штетни гасови; зголемување на јавната свест и едукација на населението од областа на животната средина и реализација на кампањи од областа на заштитата на животната средина; планирање и одржливо користење на просторот и природните богатства и развивање на институционалните капацитети; |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Воспоставување и целосно спроведување на програмата за унапредување на животната средина |
| **Фискални импликации:** | Има, иницијативата предизвикува финансиски импликации, а потребните средства за оваа програма се обезбедени преку разни донации, за кои Министерството има отворено посебни донаторски сметки за секој проект поединечно |
| **Предлагач:** | **Министерство за животна средина и просторно планирање** |

**4.Предлог програма за инвестиции во животната средина**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со оваа Програма се утврдува намената на буџетски средства утврдени на Раздел121.01 на Министерството за животна средина и просторно планирање, Потпрограма 21 - Инвестиции во животна средина.Оваа е обврска согласно член 26 од Законот за извршување на буџет**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** подобрување на животниот стандард на населението, заштита на животната средина и развој на општините преку подобрување на водоснабдувањето и одводот на отпадните води и изградба и реконструкција на водоснабдителни и канализациски системи со третман на |

| | |
|---|---|
| | отпадни води; натамошно зголемување на инвестициите во животната средина и преземање на активности за намалување на климатските промени преку постигнување на пониско ниво на емисија на штетни гасови; зголемување на јавната свест и едукација на населението од областа на животната средина и реализација на кампањи од областа на заштитата на животната средина; планирање и одржливо користење на просторот и природните богатства и развивање на институционалните капацитети; |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| **Очекувани влијанија:** | Воспоставување и целосно спроведување на програмата за инвестиции во животната средина |
| **Фискални импликации:** | Има финансиски импликации, а потребните средства за оваа програма се обезбедени во буџетот на Министерството за животна средина и просторно планирање |
| **Предлагач:** | **Министерство за животна средина и просторно планирање** |

Б) Материјали

| **1.Годишен извештај за спроведување на Просторниот план на Република Северна Македонија за 2018 година** | |
|---|---|
| **Образложение:** | Извештајот се подготвува врз основа на годишни извештаи добиени од органите на државната управа, единиците на локална самоуправа, јавните служби, организациите, претпријатијата, установите, институциите, и другите правни лица, доставени до министерството надлежно за работите на просторното планирање во функција на координатор, а го изготвува Агенцијата за планирање на простор. Се презентира пред Владата на РСМ и Собранието на Република Северна Македонија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** планирање и одржливо користење на просторот и природните богатства и развивање на институционалните капацитети; |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| **Очекувани влијанија:** | Следење на состојбата со спроведување на Просторниот план на Република Северна Македонија и спроведување на Законот за спроведување на Просторниот план на РСМ („Службен весник на Република Северна Македонија" број 39/2004). Континуирано следење на состојбите во просторот и настанатите промени во периодот по усвојување на Планот; Проверка и преиспитување на зацртаните и усвоени плански решенија. и нивно усогласување со определбите на Просторниот план на Република Северна Македонија. |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата за изработка на годишниот Извештај за спроведување на просторниот план на Република Северна Македонија се обезбедуваат преку буџетот на МЖСПП, Годишната програма за изработка на просторни планови |
| **Предлагач:** | **Министерство за животна средина и просторно планирање** |

# ФЕВРУАРИ

## ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ

**Приоритет: Јакнење на владеењето на правото преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите, изградба на независни институции и функционален систем на локална самоуправа**

Б) Материјали

**1.Информација за реорганизација и оптимизација на органите на државна управа, агенциите и инспекциските служби**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Согласно законските овластувања и Стратегијата за реформа на јавната администрација, Министерството за информатичко општество и администрација ќе преземе мерки и активности кои треба да резултираат со реорганизација и оптимизација на органите на државната управа, агенциите и инспекциските служби од централна власт, со цел да се обезбедат структури со јасна отчетност и без преклопување на надлежности, што ќе придонесе ефикасност во работењето, јасно распределени надлежности, координација, управување, како и квалитетно давање на услуги. Активностите треба да резултираат со предлог легислатива со која ќе се воспостави јасна институционална рамка, како и со реорганизација на органите на државната управа, агенции и инспекциски служби од централна власт. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** подобрување на стручноста, ефикасноста, отчетноста и транспарентноста на јавната администрација и создавање на услужно ориентирани институции со примена на нови технологии, стандарди за квалитет и мерки за сајбер безбедност |
| НПАА - поглавје и подрачје | I. Политички критериуми; 1.2. Реформа на јавната администрација |
| Очекувани влијанија: | Зголемување на транспарентноста и отчетноста преку воспоставување структури со јасни линии на одговорност и без преклопување на надлежности политика и работењето на јавната администрација |
| Фискални импликации: | Има, иницијативата предизвикува финансиски импликации. Дел од средствата се обезбедени преку националната програма ИПА 2017 година, а дел ќе бидат со поддршка од УНДП, СИГМА (SIGMA) и Британската амбасада. |
| Предлагач: | **Министерство за информатичко општество и администрација** |

**2.Информација за потребата од зголемување на бројот на државните правобранители и донесување на Одлука за определување на бројот на државните правобранители во Државното правобранителство на Република Северна Македонија**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Зголемениот обем на работа во Државното правобранителство на Република Северна Македонија, постапување на државните правобранители во сите |

| | |
|---|---|
| | инстанци пред сите судови во Република Северна Македонија и нивното постапување пред надлежни управни органи, исто така, во сите инстанци сеопфатноста на материјата по која постапуваат, а имајќи ја предвид и структурата на именуваните државни правобранители, потребата да се примени соодветната и правична застапеност на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија (во моментов од 32 именувани државни правобранители со траен мандат, 31 се Македонци, а само 1 е Албанец). Во тој контекст Државниот правобранител на Република Северна Македонија смета дека е потребно да биде зголемен бројот на државни правобранители. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Работна група за поглавје 3.23 - Правосудство и фундаментални права** |
| **Очекувани влијанија:** | Обезбедување висококвалитетна, професионална, независна и пред сѐ ефикасна заштита на имотните права и интереси на Република Северна Македонија, исполнување на Уставните определби за соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и другите јавни институции на сите нивоа, а со тоа имплементирање на усвоената Стратегија за соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата не се обезбедени и истите треба да се обезбедат од Буџетот на РСМ за 2019 година |
| **Предлагач:** | **Државно правобранителство на Република Северна Македонија** |

**3. Информација во врска со утврдување на коефициент за пресметување плата на државниот правобранител на Република Северна Македонија со донесување на Одлука за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Северна Македонија**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Имајќи ја во предвид одговорната улога на државниот правобранител на Република Северна Македонија и државните правобранители, нивното постапување во сите инстанци пред сите судови во Република Северна Македонија и нивното постапување пред надлежни управни органи, исто така, во сите институции, исто така, во сите инстанци, сеопфатноста на материјата по која постапуваат, сметаме дека за независно остварување на државно правобранителската функција неопходно е да се утврди поголем коефициент за пресметување на платата на државниот правобранител на Република Северна Македонија и државните правобранители во Државното правобранителство. Од тука произлегува и основаноста на поднесување на оваа Информација со барање за донесување на Одлука за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Северна Македонија. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Работна група за поглавје 3.23 - Правосудство и фундаментални права** |
| **Очекувани влијанија:** | Имајќи го предвид Законот за платина јавните обвинители и Законот за платите на судиите и начинот на определување на истите, сметаме дека на државниот |

| | |
|---|---|
| | правобранител на Република Северна Македонија, основано му следува коефициент од 3,7, а на државните правобранители 3,4. |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата не се обезбедени и истите треба да се обезбедат од Буџетот на РСМ за 2019 година |
| **Предлагач:** | **Државно правобранителство на Република Северна Македонија** |

**Приоритет: Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија**

А) Подзаконски акти

| | |
|---|---|
| **1. Предлог акциски план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2019 година** | |
| **Образложение:** | Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии 2018 - 2021 година се спроведува преку годишни акциски планови. Подготовката на Акцискиот план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2019 година ја координира Министерството за финансии, врз основа на интензивна соработка на релевантните институции во областа на управување со јавни финансии (Министерство за финансии, Министерство за економија, Државен завод за ревизија, Државен завод за статистика, Управа за јавни приходи, Царинска управа, Биро за јавни набавки, Државна комисија за жалби по јавни набавки). Акцискиот план за 2019 година детално ги разработува активностите чија подготовка или спроведување ќе започне / продолжи во текот на 2019 година и истиот пред доставување на усвојување до Владата на РСМ ќе биде одобрен од страна на членовите на Советот за управување со јавни финансии. Спроведувањето на активностите во Акцискиот план за 2019 година ќе предизвика фискални импликации. Средствата за реализација на Акцискиот план за 2019 година ќе бидат обезбедени од Буџетот на државата за 2019 година, како и од донаторски средства. Воедно, Владата со заклучок од 43 - тата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 19.12.2017 година, ги задолжи буџетските институции кои се вклучени во спроведувањето на Програмата за реформа на УЈФ да ги планираат активностите во нивна надлежност во стратешките планови на институциите за соодветните години, навремено да ги обезбедат потребните ресурси (материјално - технички, кадровски и финансиски) за нивна реализација и да ги планираат потребните финансиски средства во своите буџети за соодветните фискални години. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** спроведување на фискална политика во функција на фискална одржливост и етапна консолидација на јавните финансии, поддршка на економијата со значителни инвестиции во инфраструктурни проекти. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Со усвојување на Акцискиот план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2019 година од страна на Владата на РСМ ќе |

| | |
|---|---|
| | се обезбеди посветеност на највисоко ниво во спроведувањето на реформите во областа на управувањето со јавни финансии. |
| **Фискални импликации:** | Има, спроведувањето на активностите во Акцискиот план за 2019 година ќе предизвика фискални импликации. Средствата за реализација на Акцискиот план за 2019 година ќе бидат обезбедени од Буџетот на државата за 2019 година, како и од донаторски средства. |
| Предлагач: | **Министерство за финансии** |

**2.Предлог програма за контролата и сузбивањето на бруцелозата кај овците/козите и сузбивање на бруцелозата и туберкулозата кај говедата**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Агенцијата за храна и ветеринарство години station наназад како еден од врвените приоритети ја има контролата и сузбивањето на бруцелозата кај овците/козите и бруцелозата и туберкулозата кај говедата. Бруцелозата кај овците, козите и говедата претставува една од најзначајните зоонози (тоа се болести кои по директен или индиректен пат се пренесуваат од животните на луѓето) и е од особена важност, поради што е неопходно да се заштити здравјето на луѓето и на животните. Преку спроведувањето на овие програми за сузбивање и искоренување се исполнуваат обврските кои ги имаме во областа на здравствената заштита на животните и нивна хармонизација со соодветната легислатива на ЕУ. Мерки кои се пропишани во овие програми претставуваат појдовна точка за заштита на здравјето на животните и луѓето како и постигнување и одржување на статуси официјално слободни од болеста бруцелоза на одгледувалишта и региони. На овој начин се обезбедуваат основните предуслови за непречена трговија и извоз на живи животни и нивни производи. Иницијативата **има индикација на поврзаност и со стратешкиот приоритет на Владата на РСМ:** развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните **и приоритетната цел:** Зголемување и поддршка на развојот на индустриско - преработувачките капацитети кои ќе бидат извозно ориентирани и ќе создаваат производи со повисока додадена вредност, поддршка на индустриските капацитети кои ќе овозможат супституција на увозот |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| Очекувани влијанија: | Поддршка на индустриско производствените капацитети со цел овозможување на основни предуслови за ставање во промет и извоз на живи овци и кози, говеда и нивни производи како и зголемување на извозниот потенцијал на овие производи. |
| **Фискални импликации:** | Има, финансиските импликации ќе бидат дадени во Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните за тековната година |
| Предлагач: | **Агенција за храна и ветеринарство** |

**3.Предлог правилник за директно снабдување со храна од страна на производител до краен потрошувач, отстапки при производство и ставање во промет на мали количини на производи од животинско потекло, производи со традиционални карактеристики и производи произведени во подрачја во кои постојат посебни географски или економски ограничувања**


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Воведување на Правилник е согласно член 60 став (6), член 115 став (2) и член 116 став (5) од Законот за безбедност на храна од животинско потекло ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 157/2010, 53/2011, 1/2012, 164/2013, 187/2013, 43/2014, 72/2015, 129/2015, 213/2015, 39/2016, 64/2018). **Иницијативата има индикација на поврзаност и со стратешкиот приоритет на Владата на РСМ:** развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните **и со приоритетната цел:** Зголемување и поддршка на развојот на индустриско - преработувачките капацитети кои ќе бидат извозно ориентирани и ќе создаваат производи со повисока додадена вредност, поддршка на индустриските капацитети кои ќе овозможат супституција на увозот. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Обезбедување на зголемена ефикасност во имплементација на Законот за безбедност на храна во делот на примарното производство и поддршка на домашните претпријатија и малите и средните бизниси. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Агенција за храна и ветеринарство** |

**Б) Материјали**

**1.Информација за примената на системот за Централен регистар на население при реализација на услугите кон граѓаните во институциите**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во 2018 година Министерството за информатичко општество и администрација реализираше неколку проекти за воспоставување на Централен регистар на население. Како еден од приоритетите согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија 2017 - 2020 г. беше доставен и Законот за централен регистар на население кој законски ја утврдува употребата и примената на системот за Централен регистар на население. Системот за Централен регистар на население зависи од податоците во системите на институциите кои ги спроведуваат административните постапки за промена на податоците на граѓаните, односно зависи од системите на: Министерство за внатрешни работи, Министерство за правда - Управа за водење на матичните книги и Централен регистар. Според тоа, точноста на податоците во системот за Централен регистар на население зависи од податоците во системите на институциите изворници. Од друга страна, податоците од системот за Централен регистар на население треба да се употребуваат при спроведување на секоја административна услуга кон граѓаните, за да се спроведат приоритетните цели наведени погоре во иницијативата. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** подобрување на стручноста, ефикасноста, отчетноста и транспарентноста на јавната администрација и создавање на услужно ориентирани институции со примена на нови технологии, стандарди за квалитет и мерки за сајбер безбедност; развој на електронските комуникации во Република Северна Македонија |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 3.10. Информатичко општество и медиуми; Подрачје 3.10.2. Услуги на информатичкото општество** |
| Очекувани влијанија: | Преку оваа иницијатива се очекува: доставување на редовна (квартална) информација за статусот на прочистување на податоците во регистрите кај институциите изворници, како основа за точноста на податоците во Централниот регистар на население; зголемување на бројот на институции кои ги користат податоците од системот за Централен регистар на население; доставување на редовна информација за употребата на податоците од системот за Централен регистар на население. |
| Фискални импликации: | Има, проектот предизвикува финансиски импликации и сите институции кои треба да се поврзат на Централниот регистар на население треба да планираат соодветни финансиски средства за надградба на нивните системи. Реализацијата на проектот во МИОА се извршуваше со проекти финансирани со ИПА и проекти финансирани од буџет |
| Предлагач: | **Министерство за информатичко општество и администрација** |

**2.Информација за подготовка на петнаесеттиот состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика помеѓу ЕУ и Република Северна Македонија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација што ќе се одржи во Брисел во април 2019 година**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата за подготовката на состанок на петнаесеттиот Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој, што ќе се одржи во Брисел на 11 април 2019 година, на кој ќе бидат разгледани следните области: образование, култура, млади; истражување и иновациска политика; информатичко општество и медиуми; социјална политика и вработување; слободно движење на работници. Информацијата дава преглед на моменталната состојба на напредокот по одделните области, отворените прашања, насоки за реализација на одредени прашања, како и ставови кои треба да бидат презентирани на состанокот во однос на постигнатиот напредок. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** започнување и успешно водење на процесот на преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија; квалитетно управување и координација со структурите во процесот на пристапување во Европската Унија. |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| Очекувани влијанија: | Навремена и квалитетна подготовка на претстојниот состанок со Европската комисија |
| Фискални импликации: | Има, средствата се во износ на трошоци за превоз и сместување за учесниците на поткомитетот од СЕП |
| Предлагач: | **Секретаријат за европски прашања** |

| **3.Информација за подготовка на петнаесеттиот состанок на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој помеѓу ЕУ и Република Северна Македонија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација што ќе се одржи во Охрид во 12 март 2019 година** | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата за подготовката на состанок на петнаесеттиот Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој, што ќе се одржи во март 2019 година Охрид, на кој ќе бидат разгледани следните области: животна средина и климатски промени; цивилна заштита; енергетика; транспортна политика; трансевропски мрежи; регионална политика. Информацијата дава преглед на моменталната состојба на напредокот по одделните области, отворените прашања, насоки за реализација на одредени прашања, како и ставови кои треба да бидат презентирани на состанокот во однос на постигнатиот напредок. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** започнување и успешно водење на процесот на преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија; квалитетно управување и координација со структурите во процесот на пристапување во Европската Унија |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Навремена и квалитетна подготовка на претстојниот состанок со Европската комисија |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата се во износ на трошоци за превоз и сместување за учесниците на поткомитетот од СЕП |
| **Предлагач:** | **Секретаријат за европски прашања** |

| **4. Информација за статусот на процесот за пристапување на Република Северна Македонија во НАТО** | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информацијата е со цел испраќање на писмо од Министерството за надворешни работи, Димитров до ГенСек на НАТО, Столтенберг, со кое во прилог ќе биде финалната верзија на Програмата за реформи. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** преземање подготовки за интеграција на Република Северна Македонија во НАТО - одбранбени и воени прашања |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Потпишување на пристапниот Протокол за членство на Република Северна Македонија во НАТО |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за надворешни работи** |

| | |
|---|---|
| **5.Информација за придонес на Република Северна Македонија во доверителните фондови на НАТО во Авганистан, Украина, Грузија, Ирак, Јордан** | |
| **Образложение:** | Придонес кон глобалната безбедност и членството на Република Северна Македонија во НАТО. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** Република Северна Македонија да биде суверен, почитуван и просперитетен меѓународен субјект со иницијативи и конкретни чекори на добро осмислена и реална, државнички и професионално водена надворешна политика, што ќе доведе до надминување на предизвиците и заканите по развојот и безбедноста |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Членство на Република Северна Македонија во НАТО |
| **Фискални импликации:** | Има, потребните финансиски средства не се обезбедени |
| **Предлагач:** | **Министерство за надворешни работи** |

**Приоритет: Реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија**

Б) Материјали

| | |
|---|---|
| **1.Информација за именување на Предлог-членови на Одборот за евалуација на високото образование** | |
| **Образложение:** | Согласно член 52, став (2) од Законот за високото образование, шест членови во Одборот за евалуација на високото образование се од редот на професорите во работен однос на универзитетите во Република Северна Македонија, кои се избираат на предлог на Владата на Република Северна Македонија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** зголемување на квалитетот на образованието преку негова модернизација и примена на меѓународните и европските стандарди за акредитацијата и евалуацијата |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Примена на меѓународните и европските стандарди за евалуација |
| **Фискални импликации:** | Предвидени во Буџетот на Република Северна Македонија - Министерство за образование и наука за 2019 година (Програма 4) |
| **Предлагач:** | **Министерство за образование** |

| | |
|---|---|
| **2.Информација за именување на предлог членови на Одборот за акредитација на високото образование** | |
| **Образложение:** | Согласно член 47, став (2) од Законот за високото образование, шест членови во Одборот за акредитација на високото образование се од редот на професорите во работен однос на универзитетите во Република Северна Македонија, кои се избираат на предлог на Владата на Република Северна Македонија. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** зголемување на квалитетот на образованието преку негова модернизација и примена на меѓународните и европските стандарди за акредитацијата и евалуацијата |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Примена на меѓународните и европските стандарди за акредитацијата |
| **Фискални импликации:** | Предвидени во Буџетот на Република Северна Македонија - Министерство за образование и наука за 2019 година (Програма 4) |
| **Предлагач:** | **Министерство за образование** |

| | |
|---|---|
| **3. Информација за именување на Предлог-членови на Националниот совет за високо образование и научно - истражувачката дејност** | |
| **Образложение:** | Согласно член 42, став (1) од Законот за високото образование, шест членови во Националниот совет за високо образование и научно - истражувачката дејност се од редот на професорите во работен однос на универзитетите во Република Северна Македонија, кои се избираат на предлог на Владата на Република Северна Македонија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** зголемување на ефикасноста и транспарентноста преку нов начин на управување и финансирање на универзитетот со почитување на неговата автономија и достоинството на професорите, нивна целосна одговорност за функционирање на високото образование според уставните и законските одредби во функција на зголемување на негова ефикасност и транспарентност |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување, развој и унапредување на квалитетот во високото образование, имајќи предвид дека Националниот совет ќе го следи развојот на високото образование, и научно - истражувачката дејност и нивната усогласеност со европските и меѓународните стандарди |
| **Фискални импликации:** | Предвидени во Буџетот на Република Северна Македонија - Министерство за образование и наука за 2019 година (Програма 4) |
| **Предлагач:** | **Министерство за образование** |

**Приоритет: Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните**

А) Подзаконски акти

**1.Предлог одлука за вкупна инсталирана моќност на повластените производители на електрична енергија**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Оваа Одлука се носи врз основа на член 187 став (4) од Законот за енергетика и со нејзиното влегување во сила престанува важноста на Одлуката за вкупната инсталирана моќност на повластените производители на електрична енергија за кои се применуваат повластени тарифи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 111/2018). Досегашната одлука само делумно ја регулираше предметната материја, односно определуваше вкупна инсталирана моќност на електроцентралите на повластените производители коишто користат повластени тарифи, но не и вкупната инсталирана моќност на електроцентралите на повластените производители коишто користат премиуми, како нова мерка за поддршка. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.15 Енергетика - Обновливи извори на енергија** |
| **Очекувани влијанија:** | Сигурност во снабдувањето со енергија и зголемување на учеството на обновливите видови на енергија во финалната потрошувачка на енергија. Главна цел на мерките е да се обезбеди поттикнување на инвестиции за оптимално искористување на расположливиот потенцијал на ОИЕ во Република Северна Македонија и постигнување на националните задолжителни цели за учество на ОИЕ во вкупната потрошувачка. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за економија** |

**2.Предлог одлука за започнување на тендерска постапка со аукција за доделување на премии за електрична енергија произведена од фотонапонски електроцентрали изградени на земјиште сопственост на Република Северна Македонија**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Заради остварувањето на правото на производителот на електрична енергија од обновлив извор на енергија којшто се стекнал со статус на повластен производител да користи премија како дополнителен фиксен износ на цената која ја остварил со продажбата на произведената електрична енергија на пазарот на електрична енергија на големо, министерот за економија донесува одлука за започнување на тендерска постапка за доделување на право за користење на премија |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје: 3.15 Енергетика - Обновливи извори на енергија** |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Сигурност во снабдувањето со енергија и зголемување на учеството на обновливите видови на енергија во финалната потрошувачка на енергија. Зголемување на учеството на обновливите видови на енергија во финалната потрошувачка на енергија и заштита на животната средина. Главна цел на мерките е да се обезбеди поттикнување на инвестиции за оптимално искористување на расположливиот потенцијал на ОИЕ во Република Северна Македонија и постигнување на националните задолжителни цели за учество на ОИЕ во вкупната потрошувачка. |
| **Фискални импликации:** | Има, 30.000.000 денари предвидени во Буџетот на Министерството за економија за 2019 година во Потпрограма 32 - Развој на енергетика, ставка 46 - Субвенции и трансфери, потставка 464 - Разни трансфери |
| **Предлагач:** | **Министерство за економија** |

**3.Предлог одлука за националните задолжителни цели за учество на енергија произведена од обновливи извори во бруто финалната потрошувачка на енергија и за учеството на енергија произведена од обновливи извори во финалната потрошувачка на енергија во транспортот**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Оваа Одлука се носи врз основа на член 173 став (1) од Законот за енергетика и со нејзиното влегување во сила престанува важноста на Одлуката за целите и годишната динамика на порастот на учеството на енергијата од обновливи извори на енергија во финалната потрошувачка на енергија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.16/2011). Со оваа Одлука се утврдуваат целите на Република Северна Македонија за 2020 година за учество на обновливите извори на енергија (ОИЕ) во бруто финалната потрошувачка на енергија и учеството на енергија произведена од обновливи извори во финалната потрошувачка на енергија во транспортот. Министерството за економија на 19 декември 2017 година поднесе официјално барање до Секретаријатот на Енергетската заедница за ревидирање на целта за учеството на ОИЕ во бруто финалната потрошувачка. На последниот Министерски совет на Енергетската заедница одржан во Скопје на 29 ноември 2018 година, ова барање беше официјално прифатено со што целта на Република Северна Македонија за учеството на ОИЕ во бруто финалната потрошувачка е намалена на 23%. Обврска од Директивата е учеството на енергија произведена од ОИЕ во финалната потрошувачка на енергија во транспортот во 2020 година да биде 10%. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје: 3.15 Енергетика - Обновливи извори на енергија** |
| **Очекувани влијанија:** | Сигурност во снабдувањето со енергија и зголемување на учеството на обновливите видови на енергија во финалната потрошувачка на енергија. Зголемување на учеството на обновливите видови на енергија во финалната потрошувачка на енергија и заштита на животната средина. Главна цел на мерките е да се обезбеди поттикнување на инвестиции за оптимално искористување на расположливиот потенцијал на ОИЕ во Република Северна Македонија и постигнување на националните задолжителни цели за учество на ОИЕ во вкупната потрошувачка. |

| | |
|---|---|
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за економија** |

**4.Предлог одлука за започнување на тендерска постапка со аукција за доделување на премии за електрична енергија произведена од фотонапонски електроцентрали изградени на земјиште во сопственост на производителот или на земјиште на кое производителот има право на користење на долготраен закуп**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Заради остварувањето на правото на производителот на електрична енергија од обновлив извор на енергија којшто се стекнал со статус на повластен производител да користи премија како дополнителен фиксен износ на цената која ја остварил со продажбата на произведената електрична енергија на пазарот на електрична енергија на големо, министерот за економија донесува одлука за започнување на тендерска постапка за доделување на право за користење на премија |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје: 3.15 Енергетика - Обновливи извори на енергија** |
| **Очекувани влијанија:** | Сигурност во снабдувањето со енергија и зголемување на учеството на обновливите видови на енергија во финалната потрошувачка на енергија. Зголемување на учеството на обновливите видови на енергија во финалната потрошувачка на енергија и заштита на животната средина. Главна цел на мерките е да се обезбеди поттикнување на инвестиции за оптимално искористување на расположливиот потенцијал на ОИЕ во Република Северна Македонија и постигнување на националните задолжителни цели за учество на ОИЕ во вкупната потрошувачка. |
| **Фискални импликации:** | Има, 30.000.000 денари предвидени во Буџетот на Министерството за економија за 2019 година во Потпрограма 32 - Развој на енергетика, ставка 46 - Субвенции и трансфери, потставка 464 - Разни трансфери |
| **Предлагач:** | **Министерство за економија** |

**5.Предлог уредба за мерки за поддршка на производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Оваа уредба се носи врз основа на член 187 став (3) од Законот за енергетика (ЗЕ) и со нејзиното влегување во сила престанува важноста на Уредбата за повластени тарифи за електрична енергија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 56/13) со која се регулираше дел од предметната материја. Во уредбата делумно е транспонирана Директивата за промоција на користењето на енергија од обновливи извори на енергија. Со оваа Уредба се определуваат видовите технологии за кои се доделува премија, односно повластена тарифа, кои како мерки за поддршка на производството на електрична енергија од обновливи извори на енергија (ОИЕ) се утврдени во Законот за енергетика |

| | |
|---|---|
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје: 3.15 Енергетика - Обновливи извори на енергија** |
| **Очекувани влијанија:** | Сигурност во снабдувањето со енергија и зголемување на учеството на обновливите видови на енергија во финалната потрошувачка на енергија. Зголемување на учеството на обновливите видови на енергија во финалната потрошувачка на енергија и заштита на животната средина. Главна цел на мерките е да се обезбеди поттикнување на инвестиции за оптимално искористување на расположливиот потенцијал на ОИЕ во Република Северна Македонија и постигнување на националните задолжителни цели за учество на ОИЕ во вкупната потрошувачка. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за економија** |

**6.Предлог Програма за финансиска поддршка за производство на електрична енергија од повластени производители кои користат премија за 2019 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Оваа Програма е наменета за финансиска поддршка за производство на електрична енергија од повластени производители кои користат премија како дополнителен износ на цената која ја остварил со продажбата на произведената енергија на пазарот на електрична енергија. Со оваа Програма се уредува: вкупната инсталирана моќност на електроцентралите по вид на технологии за кои ќе се доделува премија по спроведена тендерска постапка и склучени договори за користење на премија во 2019 година, и износот на средствата потребни за исплата на премиите за произведената и продадена електрична енергија во 2019 година. Средствата од член 4 на оваа Програма се наменуваат за исплата на премии на повластените производители кои произведуваат електрична енергија од: фотонапонски електроцентрали, со вкупна инсталирана моќност не поголема од 100MWиветерни електроцентрали, со вкупна инсталирана моќност не поголема од 50 MW. Максималниот референтен износ на фиксна премија за производство на електрична енергија во 2019 година изнесува: 15 €¢/kWh за фотонапонски електроцентрали и 27 €¢/kWh за ветерни електроцентрали. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје: 3.15 Енергетика - Обновливи извори на енергија** |
| **Очекувани влијанија:** | Сигурност во снабдувањето со енергија и зголемување на учеството на обновливите видови на енергија во финалната потрошувачка на енергија. Зголемување на учеството на обновливите видови на енергија во финалната потрошувачка на енергија и заштита на животната средина. Главна цел на мерките е да се обезбеди поттикнување на инвестиции за оптимално искористување на расположливиот потенцијал на ОИЕ во Република Северна Македонија и постигнување на националните задолжителни цели за учество на ОИЕ во вкупната потрошувачка. |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **Фискални импликации:** | Има,30.000.000 денари предвидени во Буџетот на Министерството за економија за 2019 година во Потпрограма 32 - Развој на енергетика, ставка 46 - Субвенции и трансфери, потставка 464 - Разни трансфери |
| **Предлагач:** | **Министерство за економија** |

| **7.Предлог одлука за вкупна инсталирана моќност на повластените производители на електрична енергија** | |
|---|---|
| **Образложение:** | Оваа одлука се носи врз основа на член 187 став (4) од Законот за енергетика и со нејзиното влегување во сила престанува важноста на Одлуката за вкупната инсталирана моќност на повластените производители на електрична енергија за кои се применуваат повластени тарифи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 111/2018). Досегашната одлука само делумно ја регулираше предметната материја, односно определуваше вкупна инсталирана моќност на електроцентралите на повластените производители коишто користат повластени тарифи, но не и вкупната инсталирана моќност на електроцентралите на повластените производители коишто користат премиуми, како нова мерка за поддршка |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје: 3.15 Енергетика - Обновливи извори на енергија** |
| **Очекувани влијанија:** | Сигурност во снабдувањето со енергија и зголемување на учеството на обновливите видови на енергија во финалната потрошувачка на енергија. Зголемување на учеството на обновливите видови на енергија во финалната потрошувачка на енергија и заштита на животната средина. Главна цел на мерките е да се обезбеди поттикнување на инвестиции за оптимално искористување на расположливиот потенцијал на ОИЕ во Република Северна Македонија и постигнување на националните задолжителни цели за учество на ОИЕ во вкупната потрошувачка. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за економија** |

| **8. Предлог одлука за определување на подрачја со специфични развојни потреби за периодот 2019 - 2025 година** | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во член 6 став 4 и став 5 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на РСМ" бр.63/07, 187/13, 43/14, 215/15 и 64/18), е утврдено дека Владата на Република Северна Македонија, врз основа на утврден предлог од Советот за рамномерен регионален развој, донесува одлука за определување на подрачја со специфични развојни потреби за период од пет години. Иницијативата **има индикација на поврзаност и со стратешкиот приоритет на Владата на РСМ:** Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија **и со приоритетната цел:** намалување на разликите во развојот помеѓу и во планските региони, зголемување на конкурентската способност на планските региони |

| | |
|---|---|
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 22** |
| **Очекувани влијанија:** | Со донесување на наведената одлука, ќе се создадат нормативни услови за поттикнување на развојот на подрачја со специфични развојни потреби и намалување на диспаритетите во степенот на развиеност во рамки на планските региони. |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата за подготвување на овој подзаконски акт се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година и од донација на Владата на Швајцарија |
| **Предлагач:** | **Министерство за локална самоуправа** |

**Б) Материјали**

**1.Иницијатива за подготвување на бренд стратегија за туризам**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Имајќи предвид дека Macedonia Timeless како туристички бренд за Република Северна Македонија се употребува подолго време, со новата стратегија се предвидува бренд којшто ќе придонесе за подобрување на имиџот на Република Северна Македонија како и привлекување на поголем број на странски туристи. Активноста е предвидена да се реализира преку објавување на меѓународен јавен повик од страна на Министерство за економија. Иницијативата **има индикација на поврзаност со повеќе приоритетни цели** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Зголемување на бројот на туристи во Република Северна Македонија, зголемување на девизен прилив од туризмот и можност за рекламирање на Република Северна Македонија како атрактивна туристичка дестинација, конкурентна во регионот. |
| **Фискални импликации:** | Има, за реализација на активноста Министерство за економија во Програмата за развој на туризмот за 2019 година ќе предвиди средства во износ од 3.000.000,00 денари |
| **Предлагач:** | **Министерство за економија** |

**2.Извештај за реализација на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2018 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Управителот на инфраструктурата, ЈП МЖ Инфраструктура - Скопје изготвува Годишна програма за финансирање на железничката инфраструктура која мора да биде временски усогласена со роковите за изработка и донесување на Буџетот на Република Северна Македонија. На предлог на ЈП МЖ Инфраструктура - Скопје, Владата на Република Северна Македонија ја усвојува. Согласно член 26 став (6) од Законот за железничкиот систем, ЈП МЖ Инфраструктура - Скопје преку Министерството за транспорт и врски доставува извештај за реализација на |

| | |
|---|---|
| | Годишната програма за 2018 година. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** Зголемување на економскиот раст со надградба и подобрување на транспортната инфраструктура во сите сегменти и воспоставување на интегрирана и интерконектирана транспортна мрежа. Согласно член 118 став (3) од Законот за железничкиот систем („Службен весник на Република Северна Македонија" број 48/10, 23/11, 80/12, 163/13, 42/14, 130/14 и 152/15) е пропишано дека средства се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија во износ од најмалку 0,3 % од планираните даночни приходи во Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2018 година. |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје - 3.14; Подрачје 3.14.2** |
| **Очекувани влијанија:** | Преку извештајот Владата на Република Северна Македонија ќе се информира за наменското користење на Буџетските средства |
| **Фискални импликации:** | Има, во Буџетот на Министерството за транспорт и врски се обезбедени средства во износ од 292.000.000,00 денари |
| **Предлагач:** | **Министерство за транспорт и врски** |

**3.Извештај за реализација на буџетските средства од 2018 година наменети за реализација на Договорот за вршење на јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железничкиот превоз на патници и компензирање на дел од загубите при давање на услугата, согласно возниот ред за 2017/2019 година**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Врз основа на Одлука на Влада на Република Северна Македонија за определување на услуга од јавен интерес во железничкиот превоз на патници број 44 - 71/1 од 18.7.2017 година, објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија" број 07/2017 година, Министерството за транспорт и врски и МЖ Транспорт АД Скопје склучија Договор за вршење на јавна патничка услуга од јавен интерес во железничкиот превоз на патници и компензирање на дел од загубите при давање на услугата за периодот 2017 - 2019 година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** зголемување на економскиот раст со надградба и подобрување на транспортната инфраструктура во сите сегменти и воспоставување на интегрирана и интерконектирана транспортна мрежа. Во Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2018 година, Раздел 130.01 - МТВ, Потпрограма ДА - Инвестиции во железничката инфраструктура, Категорија 46 - Субвенции и трансфери, Ставка 461 - Субвенции за јавни претпријатија, беа обезбедени средства во износ од 415.000.000 денари |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје - 3.14; Подрачје 3.14.2** |
| **Очекувани влијанија:** | Преку извештајот Владата на Република Северна Македонија да се информира за наменското трошење на Буџетските средства согласно Договорот. |
| **Фискални импликации:** | Има, во Буџетот на РСМ за 2018 година се обезбедени 430.000.000,00 денари |
| **Предлагач:** | **Министерство за транспорт и врски** |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **4.Иницијатива за специјализација по семејна медицина** | |
| **Образложение:** | Спроведувањето на специјализацијата по семејна медицина, произлезе од потребата да се направи усогласување со европската директива по која секој што работи самостојно и донесува одлуки за пациентите во ПЗЗ мора да има најмалку 3 години после дипломска настава. Согласно истото сите лекари кои работат во ПЗЗ мора до 2020 г. да завршат специјализација или доедукација по семејна медицина. Досега завршени специјалисти по семејна медицина имаме околу350, додека во програма за специјализација се околу 40 лекари. Со воведувањето на специјализацијата по семејната медицина се задоволува овој критериум т.е. ќе се усогласиме со ЕУ директивите и стандардите за самостојно работење на ниво на примарната здравствена заштита, ќе се зголеми квалитетот на здравствената заштита на истото и подобро ќе се искористуваат здравствените ресурси со контролирано движење на пациентите во системот. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** развивање на ефикасен и достапен систем на здравствена заштита на населението, што подразбира зајакнување на услугите и подобрување на организацијата на здравствената заштита на сите нивоа: превентивно, примарно, секундарно и терциерно ниво. Развивање на одржлив, интегриран и ефикасен здравствен систем, заснован на еднаквоста и солидарноста, базиран на реалните потреби на граѓаните. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 1 - Слободно движење на стоки; Поглавје 27 - Животна средина; Поглавје 28 - Заштита на потрошувачи и јавно здравје** |
| **Очекувани влијанија:** | Иницијативата има за цел да опфати што поголем број на завршени специјалисти по семејна медицина до крајот на 2020 година. Иницијативата содржи Предлог-мерки за остварување на целта. |
| **Фискални импликации:** | Има, Буџет на РСМ за 2019 година |
| **Предлагач:** | **Министерство за здравство** |

| | |
|---|---|
| **5.Информација за спроведување на Планот за економски раст, Законот за финансиска поддршка на инвестициите и Програмата за поддршка на МСП** | |
| **Образложение:** | На 12 декември 2017 година, Владата усвои План за економски раст, кој содржи мерки за поттикнување на инвестициите и конкурентноста на македонската економија, поделени во три столба со што се воспостави објективна рамка за деловните субјекти да можат да користат поволности овозможени од државата доколку ги исполнуваат пропишаните услови и критериуми. Со цел спроведување на Планот за економски раст, на 8.5.2018 година („Службен весник на Република Северна Македонија" број 83) се донесе Законот за финансиска поддршка на инвестиции со кој се постави правната основа за формализирање на поддршката и спроведување на мерките од првиот и вториот столб од Планот за економски раст. Со Законот за финансиска поддршка на инвестициите се уредуваат видовите на |

| | |
|---|---|
| | финансиска поддршка на инвестициите, висината на финансиската поддршка, условите, начинот и постапката за доделување на финансиска поддршка. Постапката за добивање на финансиска поддршка е транспарентна, јасна, прецизна, едноставна и еднаква за сите деловни субјекти во Република Северна Македонија. По однос на мерките од третиот столб од Планот за економски раст, Владата на предлог на Фондот за иновации и технолошки развој во февруари 2018 година донесе Среднорочна програма за финансиска поддршка на микро, мали и средни претпријатија за 2018 - 2020 година Иницијативата има индикација на поврзаност со повеќе приоритетни цели: поддршка на домашните претпријатија, пред сè на малите и средните претпријатија и отворање нови работни места со активни мерки за вработување и зголемување на нивото на платите во економијата; создавање на поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис секторот, социјалните партнери, заштита на работничките права, недискриминација, зголемена ефикасност, транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава; зголемување и поддршка за развојот на индустриско - преработувачките капацитети кои ќе бидат извозно ориентирани и ќе создаваат производи со повисока додадена вредност, поддршка на индустриските капацитети кои ќе овозможат супституција на увозот; вложување во науката и истражувањето, како и во развој на нови технологии и индустрии; промоција на македонските економски интереси во странство и водење на активна и транспарентна политика на привлекување странски директни инвестиции преку стимулирање на привлекувањето на инвестиции со поголема додадена вредност, кои обезбедуваат поврзување со домашните претпријатија |
| НПАА - **поглавје и подрачје** | **НПАА: Економски критериуми; Поглавје 20: Претпријатија и индустриска политика** |
| **Очекувани влијанија:** | Спроведувањето на мерките се очекува да има големи ефекти во економијата, кои би се рефлектирале преку пораст на странски и домашни инвестиции, нови работни места, поголема ефикасност, продуктивност и конкурентност на компаниите, зголемување на извозот, што ќе допринесе до повисок бруто домашен производ, зголемени плати и подобрување на материјалната благосостојба на граѓаните |
| **Фискални импликации:** | Има, истите се предвидени во Буџетот на РСМ |
| **Предлагач:** | **Кабинет на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања** |

**6. Информација за одбележување на 8 Април - Светскиот ден на Ромите**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | На 8 април се одбележува Светскиот ден на Ромите во чест на првиот Светски конгрес на Ромите, одржан од 8 - 12 април 1971 година во Лондон и тоа е еден од најважните датуми во историјата на Ромите. На четвртиот светски конгрес на Ромите одржан 1990 година во Полска, решено е 8 април, денот кога е отворен првиот конгрес во Лондон, да се прогласи за Светски ден на Ромите кој секоја година ќе се одбележува во целиот свет. **Иницијативата има индикација на** |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| | **поврзаност со приоритетната цел:** Градење на унитарно, мултикултурно и толерантно општество преку суштинска политичка поддршка со која Северна Македонија ќе се гради како граѓанска држава на сите што живеат во неа: Македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми, Бошњаци, Власи и сите други помали заедници во насока на поголема интеркултурна комуникација и градење дух на меѓусебно почитување. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Поголема интеркултурна комуникација и градење дух на меѓусебно почитување. Иницијативата е согласно Стратегијата за Ромите во РСМ 2014 - 2020 г. |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата треба да се обезбедат од Буџетот на РСМ за 2019 година |
| **Предлагач:** | **Кабинет на министерот без ресор задолжен за подобрување на состојбата на Ромите во Северна Македонија** |

| **7.Информација за воведување на студиска група по ромски јазик на Педагошки факултет „Св. Климент Охридски” Скопје** | |
|---|---|
| **Образложение:** | Ромската заедница основното и во средното образование наставата ја следи на македонски наставен јазик. Ромите, пред 2008 г. ромскиот јазик го изучуваа факултативно, а од учебната 2008/2009 г. како изборен предмет, односно јазик и култура на Ромите и тоа од трето одделение со по 1 час неделен фонд и до деветто одделение со по 2 часа неделен фонд. За изборниот предмет јазик и култура на Ромите изработени се наставни програми од трето до шесто одделение, во тек на изготвување се програмите за седмо, осмо и деветто одделение. Изготвени се учебници од трето до петто одделение, во моментов тече процедура за обезбедување на учебници за останатите одделенија. Ромскиот јазик од академската 2012/13 година е воведен како изборен предмет на Филолошкиот факултет во Скопје, па потоа прекинат. Додипломски студии по ромски јазик и студии за наставници - Роми како нова катедра на Педагошкиот и Филолошкиот факултет се повеќе од потребни, согласно процентот на ученици Роми во основните и средните образовни институции дефицитот на ромски образовен кадар/наставници е евидентен. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** градење на унитарно, мултикултурно и толерантно општество преку суштинска политичка поддршка со која Северна Македонија ќе се гради како граѓанска држава на сите што живеат во неа: Македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми, Бошњаци, Власи и сите други помали заедници во насока на поголема интеркултурна комуникација и градење дух на меѓусебно почитување. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Зголемување на ромскиот кадар во образованието. Зголемен број на наставници Роми. Иницијативата е согласно Стратегијата за Ромите во РСМ 2014 - 2020 г. |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **Фискални импликации:** | Има, средствата треба да се обезбедат од Буџетот на РСМ за 2019 година |
| **Предлагач:** | **Кабинет на министерот без ресор задолжен за подобрување на состојбата на Ромите во Северна Македонија** |

**Приоритет: Целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор и градење на граѓанска држава и етничка кохезија врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување**

**Б) Материјали**

**1.Информација за распоредувањето на државните службеници вработени по К - 5 програмата за правична застапеност од Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор, во институциите на јавниот сектор**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Владата на Република Северна Македонија да се запознае со степенот на распоредените државни службеници, вработени по К - 5 програмата за правична застапеност, односно нивно преземање од страна на органите на државната управа. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** одржување на добри меѓуетнички односи и соживот врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување и подеднаков третман на сите пред законот. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Поефикасни мерки за натамошно и целосно спроведување на уставното начело на соодветна и правична застапеност |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор** |

**А) Подзаконски акти**

## ИНИЦИЈАТИВИ СО СРЕДЕН ПРИОРИТЕТ

**Приоритет: Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните**

**1.Предлог оперативен план за 2019 година за спроведување на Националната стратегија за стари лица 2010 - 2020 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Преземените мерки и активности во Оперативниот план за 2019 година за спроведување на Националната стратегија за стари лица 2010 - 2020 година ќе се однесуваат на: зголемување на капацитетите за институционално сместување на стари лица; отворање на Дневен центар и клуб за стари и возрасни лица и Центар за нега на стари и немоќни лица; отворање на центри за давање помош во домашни услови на лица со умерена, тешка и длабока ментална попреченост, изнемоштени стари и други возрасни лица; поттикнување на развој на специјализирачки згрижувачки семејства за згрижување на стари лица; |

| | |
|---|---|
| | пропишување и почитување на соодветни упатства и протоколи во давањето услуги за стари лица и утврдување на цена на услуга; едукација и сертификација на негувател/ка на стари лица; промоција на здравјето, здравствена едукација и превенција на старите лица; зајакнување на капацитети за бањско лекување и рекреативни активности; подобрување на условите во геријатриските центри и отворање на нови регионални центри. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** воспоставување на функционална мрежа на институции за социјална заштита и зголемување на капацитетите во согласност со потребите на граѓаните; промовирање и унапредување на хуманата популациона политика и човековите права и создавање на институционални капацитети. |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 3.19 - Социјална инклузија** |
| **Очекувани влијанија:** | Подобрена социјална и здравствена заштита на старите лица во Република Северна Македонија; зголемен пристап до сервиси и услуги за нега и заштита на старите лица; промовирање на концептот на здраво стареење |
| **Фискални импликации:** | Има, за реализација на Оперативниот план 2019 година, планираните финансиски средства се обезбедени во буџетите за фискалната година за која се донесува Оперативниот план, со детално и јасно разработени и потврдени фискални импликации во рамките на Буџетите на министерствата, институциите и НВО, коишто работат на полето на заштитата на старите лица и/или со поддршка од домашни или меѓународни институции и организации. |
| Предлагач: | **Министерство за труд и социјална политика** |

| | |
|---|---|
| **2.Предлог годишна програма за Националната инфраструктура на просторните податоци за 2019 година** | |
| Образложение: | Обврската за доставување на Годишна програма за националната инфраструктура на просторните податоци за 2019 година и произлегува од член 22 став 3 од Законот за национална инфраструктура на просторните податоци на Република Северна Македонија според кој Годишната програма за национална инфраструктура на просторните податоци на РСМ ја донесува Владата на РСМ, по предлог на АКН, по претходно добиено мислење од Советот на НИПП. Годишната програма за националната инфраструктура на просторните податоци за 2019 година содржи активности поврзани со хармонизација на националното со европското законодавство во областа на просторните податоци, промоцијата на националната инфраструктура на просторни податоци, креирање на метаподатоци креирање на веб - услуги, информација за средствата потребни за нивна реализација и изворите на средства. Наведените активности се во корелација со европската Директива INSPIRE (2007/2/EC). **Иницијативата има индикација на поврзаност и со стратешкиот приоритет:** Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија **и со приоритетните цели:** усогласување на работата на ЈА со стандардите на ЕУ заради целосна интеграција на македонскиот со европскиот административен простор, развивање на институционалните |

| | |
|---|---|
| | капацитети во функција на заштита на животната средина, природата и планирање на просторот, создавање на функционален систем за заштита на животот и имотот на граѓаните. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Одржување и управување на националната инфраструктура на просторни податоци на Република Северна Македонија и олеснување на пристапот, размената, употребата и дистрибуцијата на стандардизирани просторни податоци и услуги помеѓу владините институции на фиксен, ефективен и усогласен начин. |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата се дел обезбедени од Буџет на РСМ (дел се во рамките на предвидените средства за институционалните учеснички, од сопствени финансиски средства на субјектите во НИПП учесници во програмата, а дел ќе се финансираат преку средства од достапните фондови на ЕУ, донации и други извори согласно закон) |
| **Предлагач:** | **Агенција за катастар на недвижности** |

**Б) Материјали**

| | |
|---|---|
| **1. Извештај за активностите на Координативното тело за надзор на пазарот за 2018 година и на надлежните органи за надзор на пазарот** | |
| **Образложение:** | Извештај за активностите на Координативното тело за надзор на пазарот за 2017 година и на надлежните органи за надзор на пазарот е подготвена согласно член 8 од Законот за надзор на пазарот („Службен весник на Република Северна Македонија" број 48/10 и 79/13), со кое се задолжува Координативното тело да достави до Владата на Република Северна Македонија Извештај за својата работа за претходната календарска година. Активностите кои се преземени од страна на надзорните органи е согласно Националната програма за координација и преземање на ефективни мерки за надзор на пазарот за 2017 и 2018 година („Службен весник на Република Северна Македонија" број 81/17). **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** спроведување на макроекономска политика насочена кон задржување на макроекономската стабилност, зголемување на конкурентноста на економијата и зголемување на вработеноста |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.1 Слободно движење на стоки** |
| **Очекувани влијанија:** | Владата на Република Северна Македонија да се информира за активностите на Координативното тело за надзор на пазарот за 2018 година и на надлежните органи за надзор на пазарот |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за економија** |

| | |
|---|---|
| **2. Информација за тек на преговори за пристапување кон Спогодбата на Светската трговска организација за јавни набавки** | |
| **Образложение:** | Информирање на Владата на Република Северна Македонија за тековните преговори за пристапување кон плурилатералната Спогодба на СТО за јавни набавки, за реализирани активности согласно утврдената динамика за процесот на пристапување и за следни активности потребни за продолжување на преговорите. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** унапредување на добрососедските односи, активно учество во регионалните иницијативи и јакнење на соработката со европските и вон европските земји, на билатерален, регионален и мултилатерален план |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Со Информацијата се овозможува Владата на Република Северна Македонија да се информира за текот на преговорите за пристапување кон Спогодбата на СТО за јавни набавки како обврска преземена со членството во СТО, за сите досегашни реализирани активности, како и за следните активности потребни за продолжување на процесот за пристапување кон спогодбата. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за економија** |

| | |
|---|---|
| **3. Информација за склучување на нов Колективен договор за културата** | |
| **Образложение:** | Во 2005 година е склучен Колективниот договор за култура, меѓу СОНК - Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Северна Македонија и Министерството за култура. Во 2006 год. со Колективниот договор за изменување и дополнување на Колективниот договор за култура се утврди дека сложеноста на работите за одредено работно место се определува во поединечниот колективен договор склучен на ниво на установа. Со овие измени се создаде состојба во која вработените во установите на културата, за исто работно место, имаат различни плати. Дел од установите воопшто не склучија колективни договори, а истечен е и рокот за важност на Колективниот договор за култура. Како дополнителна компликација, во претходниот период, само во дел од установите од сценско - уметничка дејност, масата за плати се зголемила за 40 - 60%, со што се создадоа огромни разлики во платите на вработените во уметничките дејности и вработените во установите за заштита на културното наследство. Заради сето претходно, потребно е донесување на нов Колективен договор за културата. Министерството за култура во 2017 година, формира работна група која подготвува текст на нов Колективен договор, за што со оваа информација ќе се извести Владата на РСМ. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** спроведување на културна политика во која клучните вредности се слободата на творештвото, еднаквоста и универзалното добро, а најважните движечки принципи се пристапноста, учеството и еднаквите услови и права за сите |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Со склучувањето на Колективниот договор од областа на културата ќе се изврши соодветна правична валоризација на трудот на вработените од областа на културата. |
| **Фискални импликации:** | Има, потпишувањето на Колективниот договор од областа на културата ќе предизвика фискални импликации кои ќе се обезбедат во Буџетот на РСМ. |
| **Предлагач:** | **Министерство за култура** |

**4. Информација за степенот на реализација (постигнати резултати) од спроведување на проектот за ромски здравствени медијатори во Република Северна Македонија за периодот јануари - декември 2018**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Проектот за ромските здравствени медијатори започна да се имплементира од 2012 година со цел надминување на бариерите во комуникацијата меѓу ромската популација и здравствените работници, идентификување на лицата и семејствата кои немаат пристап до здравствена заштита преку посети на терен и нивно информирање за пристапот до здравствена заштита и здравствено осигурување и информирање за достапност на бесплатни здравствени услуги предвидени во превентивните и куративните програми на Министерството за здравство со цел унапредување на здравствениот статус на Ромите. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** развивање на ефикасен и достапен систем на здравствена заштита на населението, што подразбира зајакнување на услугите и подобрување на организацијата на здравствената заштита на сите нивоа: превентивно, примарно, секундарно и терциерно ниво; развивање на одржлив, интегриран и ефикасен здравствен систем, заснован на еднаквоста и солидарноста, базиран на реалните потреби на граѓаните. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 1 - Слободно движење на стоки; Поглавје 27 - Животна средина; Поглавје 28 - Заштита на потрошувачи и јавно здравје** |
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување на здравствениот статус на Ромите преку подобрен пристап до здравствените услуги. |
| **Фискални импликации:** | Има, финансиските средства потребни за имплементација на проектот се обезбедени во Буџетот на Министерство за здравство. |
| **Предлагач:** | **Министерство за здравство** |

**5.Предлог за ослободување од партиципација за болничко лекување на осигурени лица во Република Северна Македонија**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со овој предлог осигурениците на Република Северна Македонија ќе се ослободат од плаќање на партиципација за болничко лекување со што ќе се олесни пристапот до секундарно и терциерно ниво на здравствена заштита по претходно утврдени индикации. Иницијативата **има индикација на поврзаност** |

| | |
|---|---|
| | **со приоритетната цел:** развивање на ефикасен и достапен систем на здравствена заштита на населението, што подразбира зајакнување на услугите и подобрување на организацијата на здравствената заштита на сите нивоа: превентивно, примарно, секундарно и терциерно ниво; развивање на одржлив, интегриран и ефикасен здравствен систем, заснован на еднаквоста и солидарноста, базиран на реалните потреби на граѓаните. |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 1 - Слободно движење на стоки; Поглавје 27 - Животна средина Поглавје 28 - Заштита на потрошувачи и јавно здравје** |
| **Очекувани влијанија:** | Финансиско олеснување на осигурениците во Република Северна Македонија |
| **Фискални импликации:** | Има, Буџет на РСМ |
| **Предлагач:** | **Министерство за здравство** |

**6. Информација за спроведување на проектот на ИПА „Подготовка на долгорочна стратегија и Закон за климатска акција"**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информацијата има за цел да ја запознае Владата на РСМ за прогресот на активностите од спроведувањето на проектот на ИПА и кој ќе предизвика финансиски импликации за Буџетот на РСМ заради националното кофинансирање на Проектот согласно правилата за искористување на средства од ИПА. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** Обезбедување квалитетна животна средина на граѓаните преку заштита и унапредување на животната средина во функција на исполнување на принципите на одржливиот развој. |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| **Очекувани влијанија:** | Позитивни влијанија со тоа што ќе се подобри подготвеноста на земјата корисник за пристапување кон ЕУ преку подготовка на долгорочна стратегија и Закон за климатска акција со цел да се воспостави силна и одржлива рамка за климатска акција до 2050 г. |
| **Фискални импликации:** | Има, (финансиски импликации за Буџетот на РСМ заради националното кофинансирање на Проектот согласно правилата за искористување на средства од ИПА) |
| **Предлагач:** | **Министерство за животна средина и просторно планирање** |

**7.Информација за имплементацијата на Оперативниот план на Националната програма за развој на социјалната заштита 2011 - 2021 г., за 2018 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Координативното тело за утврдување на имплементацијата на Националната програма за развој на социјалната заштита 2011 - 2021 година ќе спроведе евалуација на спроведените активности и мерки во Оперативниот план за |

| | |
|---|---|
| | имплементација во 2018 г., со цел: увид во реализацијата на предвидените стратешки правци, идентификација на спорни стратешки прашања во имплементацијата, ревидирање на Програмата, согласно со утврдените потреби и состојби. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** воспоставување на функционална мрежа на институции за социјална заштита и зголемување на капацитетите во согласност со потребите на граѓаните. |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| Очекувани влијанија: | Координативното тело врз основа на спроведена евалуација, ќе ја информира Владата на Република Северна Македонија за постигнатите стратешки активности и остварените резултати предвидени во Програмата. |
| Фискални импликации: | Нема |
| Предлагач: | **Министерство за труд и социјална политика**<br>Координативно тело за следење на имплементацијата на Националната програмата за развој на социјалната заштита 2011 - 2021 година |

**8.Информација за потребата од редефинирање на начинот и критериумите за наменските блок дотации за општините во Република Северна Македонија**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Информацијата се подготвува согласно заклучокот на Владата на Република Северна Македонија (80 - та седница од 17.7.2018 година) за подготовка на детална анализа на состојбите со утврдување на наменските и блок дотациите за општините и доставување предлог за редефинирање на начинот и утврдувањето на критериумите за наменските и блок дотациите за општините до крајот на декември 2018 година. Подготовката на анализата со предлогот за редефинирање на начинот и критериумите за распределба на наменските блок дотации е во завршна фаза и ќе биде доставена на почетокот на февруари. |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| Очекувани влијанија: | Подобрена финансиска стабилност на општините преку правична, транспарентна и предвидлива распределба на средствата од централниот буџет за наменските и блок дотации |
| Фискални импликации: | Има, средствата се обезбедени од донаторска поддршка |
| Предлагач: | **Министерство за локална самоуправа** |

**9. Иницијатива за истражување на можноста за финансиска поддршка на иселенички организации**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Да се поддржат активностите и дејствувањата на македонските иселеници преку објавен конкурс за финансирање на проекти од национален интерес од страна на Агенцијата за иселеништво. **Иницијативата има индикација на поврзаност со** |

| | |
|---|---|
| | **приоритетната цел:** грижа за македонските национални малцинства во соседството и македонската дијаспора. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Унапредување на врските со матичната држава и можности за реинтеграција |
| **Фискални импликации:** | Има, дел од финансиските средства се обезбедени, но потребно е да се обезбедат и дополнителни средства од Буџетот за 2019 година |
| **Предлагач:** | **Агенција за иселеништво** |

**Приоритет: Јакнење на владеењето на правото преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите, изградба на независни институции и функционален систем на локална самоуправа**

Б) Материјали

| **1.Годишен извештај за спроведувањето и унапредувањето на процесот на проценка на влијанието на регулативата (ПВР), за периодот јануари - декември 2018 година** | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согласно Методологијата за ПВР, МИОА во соработка со министерствата го следи спроведувањето и квалитетот на процесот и методологијата за ПВР. Врз основа на анализа на нацрт Извештаите за ПВР доставени од министерствата и мислењата дадени во однос на примената на актите кои ја уредуваат материјата која се однесува на ПВР и спроведените консултации на ЕНЕР, од страна на МИОА во соработка со министерствата и Генералниот секретаријат на ВРМ се подготвуваат полугодишни извештаи и Годишен извештај за Владата на Република Северна Македонија во однос на спроведување и унапредување на процесот на ПВР. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** подобрување на стручноста, ефикасноста, отчетноста и транспарентноста на јавната администрација и создавање на услужно ориентирани институции со примена на нови технологии, стандарди за квалитет и мерки за сајбер безбедност. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Препораките од годишните анализи треба да обезбедат унапредување на процесот на ПВР кој треба да обезбеди почитување на основните начела за добро владеење преку постигнување на поголема транспарентност и отвореност при подготовка на Предлог-законите, нивно ефективно и ефикасно спроведување, а со тоа и зголемување на отчетноста на работата на Владата на Република Северна Македонија |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за информатичко општество и администрација** |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

**2.Информација за мерки и активности за спроведување на децентрализација на дел од националните установи во областа на културата**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Институционалната децентрализација во културата започна во 2003 година со поделбата на мрежата на установите во културата, на национални и локални установи. Оваа прва фаза на децентрализација согласно Стратегијата за развој на култура во РСМ за периодот 2018/2022, треба да продолжи со натамошна децентрализација на дел од националните установи во културата во наредниот тригодишен период. Врз основа на заклучок на Владата на РСМ од април 2018 год., во Министерството за култура формирана е меѓуресорска работна група која направи анализа на досегашниот процес на децентрализација и за интересот на ЕЛС за натамошна децентрализација на дел на националните установи на локално ниво. Мрежата на национални установи од областа на културата во 2018 година ја сочинуваат 62 национални установи. Во Информацијата за мерки и активности за спроведување на децентрализација на дел од националните установи во областа на културата, на Владата на РСМ ќе ѝ се презентира евалуација на досегашната децентрализација во културата и ќе се предложат натамошните мерки и активности за реализација на овој процес. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** спроведување на културна политика во која клучните вредности се слободата на творештвото, еднаквоста и универзалното добро, а најважните движечки принципи се пристапноста, учеството и еднаквите услови и права за сите. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Децентрализацијата на дел од националните установи од областа на културата ќе придонесе за унапредување на институционалното остварување на културата на локално ниво, односно културата понепосредно да кореспондира со културните потреби на граѓаните. Овој процес ќе го поттикне локалниот развој на културата, а со тоа ќе генерира и општествено економски развој на општините. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за култура** |

**Приоритет: Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија**

Б) Материјали

**1.Информација за потребата од зголемување на наставници ко известуваат настава за основно образование на мајчин јазик за децата на граѓаните на Република Северна Македонија кои престојуваат во странство**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информирање на Владата на Република Северна Македонија за потребата од зголемување на наставниот кадар во дијаспората на барање на претставници на дијаспората од различни држави. **Иницијативата има индикација на поврзаност** |

| | |
|---|---|
| | **со приоритетната цел:** грижа за македонските национални малцинства во соседството и македонската дијаспора во светот; |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| Очекувани влијанија: | Зачувување на јазичниот идентитет и подобрен квалитет на изучување на мајчиниот јазик во дијаспората |
| Фискални импликации: | Има |
| Предлагач: | **Кабинет на министерот без ресор задолжен за дијаспора** |

**2. Информација за актуелни состојби и поважни политики на Европската Унија во 2018 година**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Информацијата има за цел запознавање на членовите на Владата на Република Северна Македонија со актуелните состојби и поважни политики на Европската Унија во 2018 година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** започнување и успешно водење на процесот на преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| Очекувани влијанија: | Информацијата е со цел запознавање со поважните политики и актуелните внатрешни случувања во Европската Унија. Редовното следење на овие состојби овозможува активно позиционирање на дипломатските активности и националните политики на земјата. |
| Фискални импликации: | Нема |
| Предлагач: | **Министерство за надворешни работи** |

**3. Информација за продолжување на Едностраната одлука за времено укинување на визите за краткорочен престој на државјаните на Азербејџан за периодот 16.3.2019 - 15.3.2020 година**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Со иницијативата ќе се продолжи едностраната одлука на Владата на Република Северна Македонија за времено укинување на визите за краткорочен престој на државјаните на Азербејџан за периодот 16.3.2019 - 15.3.2020 година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** унапредување на добрососедските односи, активно учество во регионалните иницијативи и јакнење на соработката со европските и вон европските земји на билатерален, регионален и мултилатерален план. |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| Очекувани влијанија: | Ќе се овозможи безвизен режим што овозможува краткорочен престој во Република Северна Македонија до 15 дена, односно 90 дена во 180 - дневен период. |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за надворешни работи** |

**4. Информација за продолжување на Еднострананата одлука за времено укинување на визите за краткорочен престој на државјаните на Руската Федерација за периодот 16.3.2019 - 15.3.2020 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со иницијативата ќе се продолжи еднострананата одлука на Владата на Република Северна Македонија за времено укинување на визите за краткорочен престој на државјаните на Руска Федерација за периодот 16.3.2019 - 15.3.2020 година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** унапредување на добрososедските односи, активно учество во регионалните иницијативи и јакнење на соработката со европските и вон европските земји на билатерален, регионален и мултилатерален план. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Ќе се овозможи безвизен режим што овозможува краткорочен престој во РСМ до 15 дена, односно 90 дена во 180 - дневен период. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за надворешни работи** |

**5.Информација за потребата од склучување на Спогодба за соработка меѓу Министерството за култура на Република Северна Македонија и Министерството за култура и спорт на Шпанија за периодот 2019 - 2022 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Спогодба за соработка со Кралството Шпанија, иницијативата е во контекст на севкупните заложби за градење на пријателски односи со земјите членки на ЕУ, што би водело кон засилување на капацитетите и позицијата на Република Северна Македонија во нејзините европски и евроатлански аспирации. Културната соработка може да претставува една од најсилните лоби алатки кај земјите членки на ЕУ. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** интензивирање на регионалната културна соработка во духот на добрососедските односи согласно новата стратегија за меѓународна соработка, како и соработката со УНЕСКО, Европската Унија, Советот на Европа и со други меѓународни организации. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Потпишувањето и спроведувањето на Спогодбата ќе значи отворање на културниот простор особено во Шпанија за македонските уметници што ќе резултирало со развивање на пријателства и развивање на позитивна перцепција кај шпанската публика. |

| | |
|---|---|
| **Фискални импликации:** | Има, средствата се планираат во рамки на одобрениот буџет |
| **Предлагач:** | **Министерство за култура** |

**6. Извештај за работата на Комисијата за организации со статус од јавен интерес во 2018 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Извештајот дава приказ за работата на Комисијата за организации со статус од јавен интерес во 2018 година, бројот на одржани седници, разгледани деловни и финансиски извештаи на организациите со статус од јавен интерес и предложени решенија за доделување статус на организации од јавен интерес. **Иницијативата има придонес за поврзаност со определена приоритетната цел:** промовирање на европските вредности во процесот на пристапување во Европската Унија преку транспарентност и зајакнување на соработката со граѓанскиот сектор и академската заедница |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Разгледувањето на годишни извештаи за работата на Комисијата за организации со статус од јавен интерес од страна на Владата и нивно објавување на веб - страницата на Одделението за соработка со невладини организации (www.nvosorabotka.gov.mk) на Генералниот секретаријат ќе придонесе кон афирмација на работата на Комисијата и поттикнување на граѓанските организации да поднесуваат барања за добивање статус на организација од јавен интерес |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Генерален секретаријат на Влада на Република Северна Македонија** |

**7. Извештај за работата на Советот за соработка и развој на граѓанскиот сектор за 2018 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Извештајот дава приказ на работата на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор за 2018 година, број на одржани седници и разгледани материјали, мислења и иницијативи доставени до Владата и ресорните министерства поврзани со јавните политики кои се однесуваат и/или влијаат на граѓанскиот сектор. Иницијативата **има придонес за поврзаност со определена приоритетната цел:** промовирање на европските вредности во процесот на пристапување во Европската Унија преку транспарентност и зајакнување на соработката со граѓанскиот сектор и академската заедница |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Иницијативата ќе придонесе кон унапредување на соработката и дијалогот помеѓу Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа и |

| | |
|---|---|
| | граѓанскиот сектор и ќе го поттикне развојот на граѓанскиот сектор во Република Северна Македонија |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Генерален секретаријат на Влада на Република Северна Македонија** |

**8. Извештај за спроведените мерки и активности од Стратегија на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанскиот сектор 2018 - 2020 г. со Акциски план, за 2018 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Извештајот дава приказ на спроведените мерки и активности од страна на органите на државната управа предвидени во Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка и развој на граѓанскиот сектор, од нејзиното донесување, октомври 2018 до декември 2018 година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** промовирање на европските вредности во процесот на пристапување во Европската Унија преку транспарентност и зајакнување на соработката со граѓанскиот сектор и академската заедница |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Разгледувањето на извештаите за спроведените мерки и активности предвидени во Акцискиот план за спроведување на Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанскиот сектор 2018 - 2020 г.,од страна на Владата и нивно објавување на веб - страницата на Одделението за соработка со невладини организации (www.nvosorabotka.gov.mk) на Генералниот секретаријат ќе придонесе кон зајакнување на довербата и унапредување на соработката помеѓу Владата на Република Северна Македонија и граѓанските организации. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Генерален секретаријат на Влада на Република Северна Македонија** |

**9. Годишен извештај за работа на Агенцијата за храна и ветеринарство за 2018 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Како иницијатива која произлегува од надлежноста на Агенцијата за храна и ветеринарство, а во функција на законските обврски и политиките на владата, врз основа на член 36 став 4 од Законот за Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15 и 142/16), а во врска со Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишна програма за работа на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 124/08 и 58/18) и Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на следење, оценување и известување на спроведувањето на |

| | |
|---|---|
| | стратешкиот и годишниот план за работа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.131/18) Агенцијата за храна и ветеринарство подготвува Годишен извештај за работа за 2018 година. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Соодветни информирање на Владата и релевантните министерства и други државни институции за спроведување на активностите на Агенцијата за храна и ветеринарство |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Агенција за храна и ветеринарство** |

## ИНИЦИЈАТИВИ КОИ НЕ СЕ ПОВРЗАНИ СО СТРАТЕШКИТЕ ПРИОРИТЕТИ

### А) Подзаконски акти

**1.Предлог одлука за утврдување на видот и количината на лекови и медицински помагала во стоковните резерви**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Обврската за донесување на Одлуката за утврдување на видот и количината на лекови и медицински помагала во стоковните резерви произлегува од член 8 став 6 од Законот за стоковните резерви („Службен весник на Република Северна Македонија" број 84/08, 77/09, 24/11, 43/14 и 83/18). **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетната цел.** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Агенцијата за стоковни резерви да располага со лекови и медицински помагала по структура и количини соодветни за современиот начин на живеење, со кои може да се интервенира во кои услови на воена состојба, вонредна состојба, елементарни непогоди, еколошки катастрофи како и при поголемо нарушување на пазарот. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Агенција за стоковни резерви** |

### Б) Материјали

**1.Предлог акциски план (2019 - 2020 г.) за реализација на Националната стратегија за млади (2016 - 2025 г.)**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со оглед на изменетите состојби во младинскиот сектор, а и со оглед на тоа дека претходниот акциски план е за 2016 - 2017 година, потребно е изготвување на нов |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| | Акциски план кој би ги опфатил активностите за наредниот период. Националната стратегија за млади е насочена кон систематско и сеопфатно делување на актерите во младинската сфера, во насока на разрешување на проблемите на младите луѓе и прифаќање на предизвиците со кои тие се соочуваат. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Иницијативата е важна за планирање на активностите во младинскиот сектор особено во делот на младинското учество, младинско информирање, здравство и превенција, спорт, култура, образование, вработување, локална младинска работа, партиципација на младите и самовработување на младите |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата ќе бидат обезбедени од буџетот на АМС, Програма млади |
| **Предлагач:** | **Агенција за млади и спорт** |

**Приоритет: Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија**

## Б) Материјали

| | |
|---|---|
| **1.Информација за потребата од усогласување на подзаконски акт кој произлегува од Законот за заштита и спасување со европските стандарди** | |
| **Образложение:** | Со измената на подзаконските акти и воведување на стандарди ќе се отворат можности за обука на припадниците за заштита и спасување, проекти и донации со кои сериозно ќе се подобри сегашната состојба со персонал и опрема. Исполнување на стандардите на Механизмот на цивилната заштита на Европската Унија. Со примена на овие критериуми првично ќе се зголеми одговорот при природни непогоди и други несреќи во Република Северна Македонија. Во случај на давање и примање на меѓународна помош ќе има унифицирано и компатибилно работење со останатите учесници во механизмот за цивилна заштита. Воведување на меѓународни стандардни оперативни процедури кои механизмот за цивилна заштита ги има изработено. Подзаконскиот акт „Одлука за видот, бројот, персоналниот и материјалниот состав на тимовите за брз одговор" („Службен весник на Република Северна Македонија" број 51/06) во моментов постои дефицит на кадри кои треба да членуваат во овие тимови, премногу формирани единици по специјалности, премал број на припадници и нема можност за сменско работење и пополнување на едниците за заштита и спасување со персонал. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетните цели:** квалитетно управување и координација со структурите во процесот на пристапување во Европската Унија и обезбедување квалитетна животна средина на граѓаните преку заштита и унапредување на животната средина во функција на исполнување на принципите на одржливиот развој преку постигнување на стандардите на Европската Унија. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со изменување и дополнување на подзаконскиот акт ќе се постигне компатибилност со стандардите на механизмот на цивилната заштита на ЕУ и ќе се зголеми ефикасноста на силите за заштита и спасување. Употреба на нова опрема која сега ќе биде пропишана на начин каде ќе има флексибилност и ќе се зголеми можноста на реагирање на силите за заштита и спасување согласно потребите. Со дефинирањето на личната заштитна опрема ќе се зголеми сигурноста на припадникот на силите за заштита и спасување и ќе можат ефективно да работат на теренот. |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата треба да бидат обезбедени од Буџетот на РСМ |
| **Предлагач:** | **Дирекција за заштита и спасување** |

# МАРТ

## ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ

**Приоритет: Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните**

### А) Подзаконски акти

| **1.Предлог уредба за индикативните цели за енергетска ефикасност до 2020 година** | |
|---|---|
| **Образложение:** | Целите за заштеда на енергија утврдени со оваа уредба ќе се засноваат на енергетска заштеда во крајната потрошувачка, а ќе се утврдат особено земајќи ги предвид: целите на Енергетската заедница за потрошувачка изразени како примарна и финална енергија; усвоените конкретни мерки за постигнување на целите за заштеда на енергија; другите мерки кои имаат за цел да ја промовираат енергетската ефикасност во Република Северна Македонија. Составен дел на Уредбата е посебната методологија за утврдување и пресметка на целите за заштеда на енергија, која се подготвува врз основа на условите кои влијаат врз потрошувачката на примарна енергија во Република Северна Македонија. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел: сигурност во снабдувањето со енергија, енергетска заштеда во крајната потрошувачка. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Заштеди на енергија на државно ниво кои треба да се постигнат до 2020 година. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за економија** |

**2.Предлог програма за распределба и користење на средства за проекти од комуналната инфраструктура во 2019 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согласно член 99 став 7 од Законот за домување („Службен весник на Република Северна Македонија" број 99/09, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14, 146/15 и 31/16), утврдено е дека Годишната програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија ја донесува Владата на Република Северна Македонија на предлог на министерот надлежен за работите од станбено - комуналната област, а ја реализира АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Имплементација на политиките за социјален развој, засолување на развојот на социјалната политика преку борбата со сиромаштијата и социјалната исклученост на лицата во социјален ризик и ранливите групи, кои се со ниски приходи и станбено необезбедени и зголемување на квалитетот на живот на лицата во социјален ризик и ранливи групи на граѓани со обезбедување на нивно соодветно домување. Изградба на социјални станови за лица во социјален ризик и други ранливи групи - Проектот за домување на социјално ранливи групи Ф/П 1674 (2009), намалување на сиромаштијата што претставува есенцијална претпоставка за обезбедување хумани услови за живот, реафирмација на семејството, како и постигнување на одржлив економски и социјален развој. |
| **Фискални импликации:** | Има, средства од Буџетот на РСМ, заем од Банката за развој при Советот на Европа (ЦЕБ) и средства остварени од работењето на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје. |
| **Предлагач:** | **Министерство за транспорт и врски**<br>АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје |

**3.Предлог уредба за критериумите и условите за прогласување на кризна состојба согласно Законот за енергетика**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со новиот Закон за енергетика, со кој се транспонира третиот пакет за внатрешен пазар на енергија и Директивата за обновливи извори на енергија на Европската Унија, дефинирана е обврска за донесување Уредба за критериумите и условите за прогласување на кризна состојба согласно член 14 став (1). Со оваа уредба подетално ќе бидат утврдени критериумите и условите за програсување на кризна состојба, а особено во случаи на временски и природни непогоди, хаварии и нарушувања на пазари на енергија, начинот на снабдување со соодветните видови на енергија во кризна состојба, мерките што се преземаат во случај на кризна состојба, како и правата и обврските на носителите на лиценци за вршење на одредена енергетска дејност согласно со Законот за управување со кризи. |

| | |
|---|---|
| НПАА - поглавје и подрачје | Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** обезбедување на енергетска сигурност и стабилност<br><br>**Економски критериуми; Поглавје 15: Енергетика** |
| Очекувани влијанија: | Основни придобивки од усвојување на овој акт е заштитата на енергетските системи и обезбедувањето сигурно снабдување со соодветен вид енергија во Република Северна Македонија. |
| Фискални импликации: | Има, средствата се обезбедени од донатори |
| Предлагач: | **Кабинет на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања** |

**4.Предлог уредба за критериуми и постапка за доделување на овластување за изградба на директен вод согласно Законот за енергетика**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Со новиот Закон за енергетика, со кој се транспонира третиот пакет за внатрешен пазар на енергија и Директивата за обновливи извори на енергија на Европската Унија е дефинирана обврска за донесување Уредба за критериуми и постапка за доделување на овластување за изградба на директен вод согласно член 67 став (4). Со оваа уредба подетално ќе бидат утврдени објективни, транспарентни и недискриминаторни критериуми и постапката за доделување на овластување за изградба на директен вод на територија на Република Северна Македонија. |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** обезбедување на енергетска сигурност и стабилност<br><br>**Економски критериуми; Поглавје 15 - Енергетика** |
| Очекувани влијанија: | Основни придобивки од усвојување на овој акт подобрување ефикасност на мрежата на производители и снабдувачи со електрична енергија или снабдувачи со природен гас. Ова, пак, ќе придонесе за постабилен и подобро организиран енергетски сектор во земјата |
| Фискални импликации: | Има, средствата се обезбедени од донатори. |
| Предлагач: | **Кабинет на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања** |

**5.Предлог уредба за работењето на операторот на организираниот пазар на електрична енергија, како и потребните технички, кадровски и финансиски услови што треба да ги исполни согласно Законот за енергетика**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Со новиот Закон за енергетика, со кој се транспонира третиот пакет за внатрешен пазар на енергија и Директивата за обновливи извори на енергија на Европската Унија, дефинирана е обврска за донесување Уредба за работењето на операторот на организираниот пазар на електрична енергија, како и потребните технички, |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| | кадровски и финансиски услови што треба да ги исполни согласно член 90 став (3). Со оваа уредба подетално ќе биде пропишано работењето на операторот на организираниот пазар на електрична енергија, како и потребните технички, кадровски и финансиски услови што треба да ги исполни. Операторот на организираниот пазар на електрична енергија во РСМ има исклучиво право да го воспостави и да управува со овој пазар. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** обезбедување на енергетска сигурност и стабилност |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Економски критериуми; Поглавје 15 - Енергетика** |
| **Очекувани влијанија:** | Основни придобивки од усвојување на овој акт подобрување ефикасност и организираноста на пазарот на електрична енергија во Република Северна Македонија |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата се обезбедени од донатори |
| **Предлагач:** | **Кабинет на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања** |

| | |
|---|---|
| **6.Предлог уредба за квалитет на течните горива согласно Законот за енергетика** | |
| **Образложение:** | Со новиот Закон за енергетика, со кој се транспонира третиот пакет за внатрешен пазар на енергија и Директивата за обновливи извори на енергија на Европската Унија е дефинирана обврска за донесување Уредба за квалитет на течните горива согласно член 150 став (4). Со оваа уредба особено се уредува: 1) видот на течни горива што можат да се пласираат на пазарот како и нивните карактеристики; 2) начинот на утврдување на квалитетот на течните горива; 3) начинот и постапката за следење на квалитетот на течните горива; 4) правата и обврските на учесниците на пазарот на сурова нафта, нафтени деривати и горива за транспорт; и 5) правата и обврските на учесниците на пазарот и државните органи во преодниот период за замена на резервите на намешувањата од нафтени деривати и биогорива на транспорт. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** обезбедување на енергетска сигурност и стабилност |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Економски критериуми; Поглавје 15: Енергетика** |
| **Очекувани влијанија:** | Основни придобивки од усвојување на овој акт е осигурување на квалитетот на течните горива, воспоставување услови за ефикасен систем на контрола и како и функционирањето на пазарот на сурова нафта, нафтени деривати и горива за транспорт |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата се обезбедени од донатори |
| **Предлагач:** | **Кабинет на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања** |

| | |
|---|---|
| **7.Предлог национален оперативен бродбенд план (НОБП)** | |
| **Образложение:** | Согласно Дигиталната агенда на ЕУ (ДАЕ) земјите членки треба до 2012 година да усвојат национални оперативни планови за изградба на брзи и ултрабрзи мрежи, согласно утврдени бродбенд таргети/цели. Во септември 2016 година, Европската комисија за периодот до 2025 година усвоила нови бродбенд таргети (Gigabit Society for 2025),комплементарни на бродбенд таргетите од ДАЕ. РСМ како земја кандидат за членство во ЕУ има обврска да усвои Национален оперативен план за изградба на брзи и ултрабрзи мрежи (Национален оперативен бродбенд план) усогласен со таргетите на ДАЕ на ЕУ. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** развој на електронските комуникации во Република Северна Македонија. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Обезбедување на бродбенд за сите области во државата. |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата ќе бидат обезбедени од страна на Министерството за финансии преку кредитни линии |
| **Предлагач:** | **Министерство за информатичко општество и администрација** |

Б) Материјали

| | |
|---|---|
| **1. Извештај за реализацијата на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2018 година** | |
| **Образложение:** | Извештајот се подготвува согласно дел IV од Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2018, согласно кој Министерството за економија за реализацијата на оваа програма за наменско користење на средствата ќе достави извештај со финансиски показатели до Владата на Република Северна Македонија, заклучно со 31 март 2019 година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** спроведување на макроекономска политика насочена кон задржување на макроекономската стабилност, зголемување на конкурентноста на економијата и зголемување на вработеноста. <br>**АП - Краткорочни приоритети, Поглавје 20: Претпријатија и индустриска политика:** имплементирање на проактивна индустриска политика која води кон раст, зголемување на конкурентноста базирана на знаење, иновации, истражувања, развој, инвестиции и технологии, понатамошен раст и развој на МСП. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **НПАА - Поглавје 20, Претпријатија и индустриска политика** |
| **Очекувани влијанија:** | Имплементација на индустриската политика за зголемена конкурентност на македонската економија која води кон економски раст, развој и иновации, понатамошен раст и развој на малите и средни претпријатија. |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **Фискални импликации:** | Има, за реализација на Програмата беа предвидени средства во Буџетот на Република Северна Македонија за 2018 година во износ од 47.190.000,00 денари |
| **Предлагач:** | **Министерство за економија** |

**2.Информација за преземени активности за надминување на состојбите со дефицитарен кадар (медицински и немедицински) во универзитетските клиники, клиничките и општите болници, заводите за здравствена заштита и институтите**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Универзитетските клиники, клиничките и општите болници, заводите за здравствена заштита и институтите се соочуваат со сериозен дефицит на медицински и немедицински кадри или здравствени и нездравствени работници. Согласно направената анализа констатирано е дека просечната старост на здравствениот кадар изнесува 56 години, а тоа би значело дека во наредните пет години 2/3 од стручниот кадар заминува во пензија, одливот на кадри во странство е следна посериозна причина и исто така, анализата покажа и дефицит на одредени специјалности како што се гинеколози, анестезиолози, хистопатолози. Министерството за здравство презема бројни мерки и активности за надминување на актуелниот проблем околу дефицитарниот кадар преку отворање на нови работни места, зголемување на платите на здравствените работници, воведување на месечен надоместок и за приватните специјализанти, промена во програмата за специјализации и супспецијализации со отворање на зголемена можност за упис на дефицитарните медицински гранки и друго. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** развивање на ефикасен и достапен систем на здравствена заштита на населението, што подразбира зајакнување на услугите и подобрување на организацијата на здравствената заштита на сите нивоа - превентивно, примарно, секундарно и терциерно ниво; развивање на одржлив, интегриран и ефикасен здравствен систем, заснован на еднаквоста и солидарноста, базиран на реалните потреби на граѓаните. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 1 - Слободно движење на стоки; Поглавје 27 - Животна средина Поглавје 28 - Заштита на потрошувачи и јавно здравје** |
| **Очекувани влијанија:** | Надминување на проблемите со дефицитот на медицинскиот кадар. Целта на оваа информација е да даде осврт на досега преземените активности и воедно да се даде предлози за идни дејствија. |
| **Фискални импликации:** | Има, Буџет на РСМ за 2019 година |
| **Предлагач:** | **Министерство за здравство** |

**3. Информација за преземените активности за воспоставување на Регистар за малигни заболувања**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Изработка на електронско пополнување на индивидуална евиденција (пријава) за малигни неоплазми, состојби и евиденции за влез на податоците во соодветниот регистар, а со цел следење на меѓународните, а особено европските практики за |

| | |
|---|---|
| | целосно, точно и автоматизирано (електронско) внесување на податоци во централен систем, со што од една страна ќе се овозможи брз пристап до податоците, а од друга страна ќе се овозможи избегнување на рачно пополнување на податоците и на тој начин се овозможува избегнување на можности за настанување на грешки во работењето. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** развивање на ефикасен и достапен систем на здравствена заштита на населението, што подразбира зајакнување на услугите и подобрување на организацијата на здравствената заштита на сите нивоа - превентивно, примарно, секундарно и терциерно ниво; развивање на одржлив, интегриран и ефикасен здравствен систем, заснован на еднаквоста и солидарноста, базиран на реалните потреби на граѓаните. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | 3.01 - Слободно движење на стоки; 3.02.4 Европска картичка за здравствено осигурување<br>**Ц2 Унапредување на веќе воспоставениот систем за електронска здравствена картичка** |
| **Очекувани влијанија:** | Автоматизирано делумно пополнување на пријави, намалување на административни обврски на здравствените работници и соработници, размена на податоци во реално време, водење на електронски регистри и извештаи. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за здравство** |

| | |
|---|---|
| **4.Предлог анализа на состојбите во примарната здравствена заштита во Република Северна Македонија** | |
| **Образложение:** | Дефицитот на доктори во примарната здравствена заштита станува ургентен проблем. Во внатрешноста на Републиката, некои здравствени домови се на граница на функционирање посебно во службата на Итната медицинска помош. Анализата на состојбите треба да даде реален приказ на ситуацијата во моментов во примарната здравствена заштита во однос на кадарот, со посебен осврт на состојбите во Итната медицинска помош и да предложи можни решенија за надминување на актуелните проблеми. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** развивање на ефикасен и достапен систем на здравствена заштита на населението, што подразбира зајакнување на услугите и подобрување на организацијата на здравствената заштита на сите нивоа - превентивно, примарно, секундарно и терциерно ниво; развивање на одржлив, интегриран и ефикасен здравствен систем, заснован на еднаквоста и солидарноста, базиран на реалните потреби на граѓаните. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 1 - Слободно движење на стоки; Поглавје 27 - Животна средина**<br>**Поглавје 28 - Заштита на потрошувачи и јавно здравје** |

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Анализата на состојбите по однос на кадарот во примарната здравствена заштита, со посебен акцент на Итната медицинска помош, содржи Предлог-мерки за надминување на посочените слабости обработени во анализата. |
| **Фискални импликации:** | Има, Буџет на РСМ |
| **Предлагач:** | **Министерство за здравство** |

**5. Информација за спроведување на активностите за поддршка на приватниот сектор од страна на центрите за развој на планските региони - регионални бизнис центри**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Иницијативата се предлага со цел да се информира Владата на РСМ за конкретните активности на бизнис центрите формирани во рамки на центрите за развој на планските региони за период од шест месеци**. Иницијативата има индикација на поврзаност и со стратешкиот приоритет на Владата на РСМ:** Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија **и со приоритетната цел:** намалување на разликите во развојот помеѓу и во планските региони, зголемување на конкурентската способност на планските региони. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Реализираните активности во рамки на проектот треба да придонесат кон натамошно зголемување на конкурентноста на планските региони |
| **Фискални импликации:** | Има, активностите се реализираат во рамки на средствата утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година и со донација обезбедена од Владата на Швајцарија. |
| **Предлагач:** | **Министерство за локална самоуправа** |

**6. Извештај за реализирани средства по мерките од програмите за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согласно Законот за основање на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Агенцијата има обврска да доставува полугодишен извештај за своето работење. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на Република Северна Македонија:** Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија. Иницијативата е планирано да се разгледува на 15 март 2019 година. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Навремено и правилно информирање за искористување на средства од Програмите за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и претпристапните фондови на ЕУ за руралниот развој (ИПАРД). Обезбедување на повисоко ниво на апсорпција на средствата од Инструментот за претпристапна помош (ИПА) преку поефикасна подготовка и спроведување на проектите |

| | |
|---|---|
| | финансирани од ИПА и зајакнување на координацијата меѓу надлежните институции |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој** |

| **7. Иницијатива за правно уредување на субвенционирањето здрав студентски оброк** | |
|---|---|
| **Образложение:** | Иницијативата за правно уредување на субвенционирањето здрав студентски оброк предвидува креирање на Предлог на закон за субвенционирање на здрав студентски оброк. Предлог-законот ќе опфати субвенционирање од страна на државата на дел од оброк во текот на денот за редовен студент на додипломски студии на приватен и државен универзитет, државјанин на Република Северна Македонија, во одредена временска рамка во текот на денот од 8 - 20часот, во регистриран ресторан. Висината на субвенцијата ќе изнесува 60 денари. Притоа, ова право нема да има можност да го користи секој студент туку оној кој се регистрирал во системот, а плаќањето на разликата во цената од субвенционираниот износ до висината на целосната цена на оброкот ќе се плаќа преку мобилен телефон, од кој и да е тип и модел и без ограничување на одреден мобилен оператор. Терминалите, односно уредите преку кои ќе се врши плаќањето ги обезбедуваат самите мобилни оператори и тие нема да претставуваат никаков дополнителен трошок, ниту на угостителските објекти ниту на државата. Оваа поволност нема да важи за време на летниот и зимскиот распуст. Делот од оброкот кој ќе подложи на субвенционирање ќе биде исклучиво здравата храна, кој дополнително ќе се утврди со подзаконски акт. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** подобрување на студентскиот живот и стандардот на младите и спроведување на мерките со кои тие полесно ќе дојдат до прво вработување и нивно задржување во земјата. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **(НПАА): III. Способност за преземање на обврските од acquis; Поглавје 3.26. Образование, култура и млади** |
| **Очекувани влијанија:** | Законското регулирање на овој проект би значело сериозен исчекор кон подобрување на студентскиот стандард и истакнување на уставната определба на Република Северна Македонија како социјална држава. Потоа, би придонело до подобрување на животниот стандард на студентите, развој на домашна економија и домашната бизнис клима (зголемен приход на ресторани, производители на земјоделски производи итн.), зголемување на вработеноста во угостителските објекти, зголемена побарувачка на домашни земјоделски производи, зголемен обрт на средства во општините и слично. |
| **Фискални импликации:** | Има, финансиските средства треба да бидат обезбедени од Буџетот на РСМ за 2019 година, преку Министерство за образование и наука. |
| **Предлагач:** | **Министерство за образование и наука**<br>Кабинет на министерот без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестициска клима за домашни претпријатија |

| 8.Информација за подготовката на нов концепт за економска промоција во странство | |
|---|---|
| **Образложение:** | Владата на Република Северна Македонија како свој врвен приоритет го постави економскиот напредок на земјата и во таа насока потребно е подготовка на нов концепт за економска промоција во странство со детално утврдување на начинот и формата преку кој ќе се презентираат можностите и предностите за инвестирање во Република Северна Македонија, можностите за извоз и туристичките потенцијали во државата на приемот. Иницијативата е во соработка со Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на РСМ задолжен за економски прашања и АСИПИ. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** промоција на македонските економски интереси и водење на активна и транспарентна политика на привлекување странски директни инвестиции преку стимулирање на привлекувањето на инвестиции со поголема додадена вредност, кои обезбедуваат поврзување со домашните претпријатија. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Инвестирање во активностите со економската дипломатија во функција на привлекување на странски инвестиции, промоција на извозот и туристичките потенцијали |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за надворешни работи** |

| 9. Информација за преземените активности за надминување на состојбите со дефицитарен кадар (медицински и немедицински) во центрите за јавно здравје (10), Институтот за медицина на труд (1) и Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија врз основа на претходно направена анализа на состојбата | |
|---|---|
| **Образложение:** | Центрите за јавно здравје, Институтот за медицина на труд и Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија се дел од здравствениот сектор во Република Северна Македонија со примарна цел: унапредување на здравјето, превенција на болести и спроведување на активности ориентирани кон поединец, пациент и заедница, т.е. населението во целост. Се јавува зголемена потреба од поддршка на концептот на водењето на јавното здравје, спречување на болестите, терапијата и рехабилитацијата кои се разгледуваат заедно како континуирана поврзаност на акции за подобрување на здравствените придобивки. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** развивање на ефикасен и достапен систем на здравствена заштита на населението, што подразбира зајакнување на услугите и подобрување на организацијата на здравствената заштита на сите нивоа - превентивно, примарно, секундарно и терциерно ниво; развивање на одржлив, интегриран и ефикасен здравствен систем, заснован на еднаквоста и солидарноста, базиран на реалните потреби на граѓаните. |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 1 - Слободно движење на стоки; Поглавје 27 - Животна средина; Поглавје 28 - Заштита на потрошувачи и јавно здравје** |
| **Очекувани влијанија:** | Функционалноста на здравствените служби треба да одговори на потребите на општеството. Врз основа на претходно направената анализа на кадарот во десет центри за јавно здравје, Институтот за медицина на трудот и Институтот за јавно здравје, подготвен е план за надминување на утврдените состојби на дефицит од медицински и немедицински кадар. Целта на оваа информација е да даде осврт на досега преземените активности за надминување на дефицитот од кадар и воедно да се даде предлози за идни дејствија. |
| **Фискални импликации:** | Има, Буџет на РСМ за 2019 година |
| **Предлагач:** | **Министерство за здравство** |

**10.Информација за одбележување на Денот на геноцидот врз Ромите од Втората светска војна на 5 август**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Одбележување на Денот на геноцидот врз Ромите од Втората светска војна на 5 август во насока на оддавање на почит кон загинатите семејства во текот на Втората светска војна. Точна и официјална статистика колку Роми биле жртви во македонските простори во текот на Втората светска војна нема, а одбележувањето на светскиот ден на геноцидот врз Ромите во Северна Македонија ќе придонесе кон истражување на оваа тема како и кон откривање на историски факти. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** градење на унитарно, мултикултурно и толерантно општество преку суштинска политичка поддршка со која Северна Македонија ќе се гради како граѓанска држава на сите што живеат во неа: Македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми, Бошњаци, Власи и сите други помали заедници во насока на поголема интеркултурна комуникација и градење дух на меѓусебно почитување. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Поголема интеркултурна комуникација и градење дух на меѓусебно почитување. Иницијативата е согласно Стратегијата за Ромите во РСМ 2014 - 2020 г. |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата треба да се обезбедат од Буџетот на РСМ за 2019 година. |
| **Предлагач:** | **Кабинет на министерот без ресор задолжен за подобрување на состојбата на Ромите во Северна Македонија** |

**11. Информација за ревидирање на Националната стратегија за Роми 2014 - 2020 г.**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Организационата поставеност за имплементација на Стратегијата е конфузна и има преклопување на ингеренции помеѓу Министерство за труд и социјална политика и Кабинетот на министерот без ресор (некои се дуплираат, што доведува до забуна како во државните институции така и со надворешни партнери кои |

| | |
|---|---|
| | даваат поддршка). Исто така, потребна е анализа за процентот на реализираност на овој стратешки документ. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** градење на унитарно, мултикултурно и толерантно општество преку суштинска политичка поддршка со која Северна Македонија ќе се гради како граѓанска држава на сите што живеат во неа: Македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми, Бошњаци, Власи и сите други помали заедници во насока на поголема интеркултурна комуникација и градење дух на меѓусебно почитување. |
| НПАА - поглавје и подрачје | 3.23 Правосудство и фундаментални права |
| Очекувани влијанија: | Пречистен текст со политички коректна формулација на напорите на државата во врска со подобрување на состојбата на Ромите во земјава. Јасно поделени ингеренции и улога на секој од вклучените чинители. Подобрување на состојбата на Ромите. Иницијативата е согласно согласно Стратегијата за Роми во РСМ 2014 - 2020 г. |
| Фискални импликации: | Има средствата треба да се обезбедат од Буџет на РСМ за 2019 година |
| Предлагач: | **Кабинет на министерот без ресор задолжен за подобрување на состојбата на Ромите во Северна Македонија** |

**12. Информација за отворање на Ромски културен центар**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Ромската култура е богата и полна со интересни историски факти. Република Северна Македонија како мултикултурна држава каде Роми има 2,6% според последниот попис на граѓани од 2002 година, со цел да покаже интерес за ромскиот народ и култура поддржува отворање на Ромски културен центар. Културата е битен и основен сегмент на еден етникум и поддршката за отворање на Ромски културен центар во Скопје ќе придонесе до промовирање на ромската култура како и прифаќање на културата од страна на мнозинските заедници во Република Северна Македонија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** градење на унитарно, мултикултурно и толерантно општество преку суштинска политичка поддршка со која Северна Македонија ќе се гради како граѓанска држава на сите што живеат во неа: Македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми, Бошњаци, Власи и сите други помали заедници во насока на поголема интеркултурна комуникација и градење дух на меѓусебно почитување. |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| Очекувани влијанија: | Поголема интеркултурна комуникација и градење дух на меѓусебно почитување. Иницијативата е согласно согласно Стратегијата за Ромите во РСМ 2014 - 2020 г. |
| Фискални импликации: | Има средствата треба да се обезбедат од Буџетот на РСМ за 2019 година |
| Предлагач: | **Кабинет на министерот без ресор задолжен за подобрување на состојбата на Ромите во Северна Македонија** |

**Приоритет: Реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија**

Б) Материјали

| **1.Предлог проект за потреба од изградба на податочен центар во Генералниот секретаријат на Влада на Република Северна Македонија** | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со изградба на податочен центар ќе биде подобрена ефикасноста во користење на информациско - комуникациската технологија, како и информациската безбедност на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија врз основа на целосно електронско работење. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** развој на електронските комуникации во Република Северна Македонија; подобрување на стручноста, ефикасноста, отчетноста и транспарентноста на јавната администрација и создавање на услужно ориентирани институции со примена на нови технологии, стандарди за квалитет и мерки за сајбер безбедност |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје: 3.10: Информациско општество и медиуми; Подрачје: 3.10.2: Услуги на информатичко општество** |
| **Очекувани влијанија:** | Позитивно влијание на иницијативата со обезбедена физичка сигурност во електронската комуникација со органите на државната управа и граѓаните. Оваа иницијатива нема негативни влијанија. Придонес: обезбедување на висока достапност на информациско - комуникациски технологии што ги обезбедува Генералниот секретаријат и приоритетната цел е функционалност на информациско - комуникациска инфраструктура, поддршка за Мултиплатформскиот систем за колаборација за е - седница, Платформа за серверско и клиентско дигитално потпишување за потребите на системот Е - влада, Систем за одобрување на трошоци, веб - локациите одржувани од ИТ секторот на ГС, функционалност на Системот за електронско управување со документи (ДМС), како и други системи од делокруг на работата. |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата за изградба ќе се обезбедат од Буџетот на РСМ |
| **Предлагач:** | **Генерален секретаријат на Влада на Република Северна Македонија** |

| **2.Иницијтатива за реализација и воспоставување на Национална младинска картичка** | |
|---|---|
| **Образложение:** | Реализацијата и воспоставувањето на Национална младинска картичка е со цел стимулирање повеќе млади луѓе да бидат социјално, културно, едукативно и економски мобилни преку: обезбедување квалитетни европски услуги за младински карти; придонес кон подобра политика за мобилност на младите и активното граѓанство. Придобивки од младинската картичка: младински ориентирана, инклузивност, одржливост, одговорност, иновативност. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување на студентскиот и младинскиот стандард |
| **Фискални импликации:** | Има, финансиските средства ќе бидат обезбедени од Буџетот на АМС, Програма млади |
| **Предлагач:** | **Агенција за млади и спорт** |

**Приоритет: Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија**

А) Подзаконски акти

**1.Предлог правилник за методите за земање на примероци и за вршење на анализи како и за методите за потврда и референтите кои се користат во случај на оспорување (суперанализа), критериумите за изведување, параметрите за анализи, несигурноста на методот и постапките за потврдување на методите и правилата за толкување на резултатите**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Понатамошно усогласување со законодавството на Европската Унија, поточно регулативите 32017R0644 и 32014R0519во насока на целосно усогласување. Иницијативата **има индикација на поврзаност и со стратешкиот приоритет на Владата на РСМ:** развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните **и со приоритетната цел:** зголемување и поддршка на развојот на индустриско - преработувачките капацитети кои ќе бидат извозно ориентирани и ќе создаваат производи со повисока додадена вредност, поддршка на индустриските капацитети кои ќе овозможат супституција на увозот |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **ЕПП: 2018.0886.7552; Поглавје 12 - 3.12. Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика, Подрачје - 3.12.2. Ветеринарна политика** |
| **Очекувани влијанија:** | Подобрена методологија на земање на примероци како дел од официјалната контрола заради испитувањето на присуството на диоксини, полихлорирани бифенили слични на диоксините и полихлорирани бифенили кои не се слични на диоскините, како и микотоксини кои се особено опасни по здравјето на луѓето. Сето ова е во насока на одржување на висок степен на здравствена заштита на населението преку избегнување на болести преносливи со храна/хронични труења. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Агенција за храна и ветеринарство** |

Б) Материјали

| | |
|---|---|
| **1. Предлог политики за внатрешната финансиска контрола во јавниот сектор со Акциски план за периодот од 2019 до 2021 година** | |
| **Образложение:** | Документот „Политика за внатрешната финансиска контрола во јавниот сектор со Акциски план за периодот од 2019 - 2021" е стратешки документ за понатамошен развој на системот за внатрешна контрола во јавниот сектор во Република Северна Македонија. Целта на овој документ е да ја дефинира рамката на современиот, соодветен и ефективен систем за ЈВФК, вклучувајќи го и финансиското управување и контрола, внатрешната ревизија, централната координација и хармонизација и финансиска инспекција во јавниот сектор, како и да помогне за добро финансиско управување со јавните средства во Република Северна Македонија. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетната цел:** создавање стручна, ефикасна, отчетна и транспарентна јавна администрација; |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Позитивни влијанија. Воспоставување и зајакнување на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор кој ќе обезбеди трошењето на јавните средства да се врши транспарентно, регуларно, економично, ефикасно и ефективно |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за финансии** |

| | |
|---|---|
| **2.Информација за работата на Советот за управување со јавни финансии за 2018 година со Извештај за напредок во спроведувањето на Акцискиот план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2018 година** | |
| **Образложение:** | Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии 2018 - 2021 година се спроведува преку годишни акциски планови. Акцискиот план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2018 година беше усвоен од страна на Владата на РСМ на 20 февруари 2018 година, по негово одобрување од Советот за управување со јавни финансии. Истиот ги содржи активностите кои започнаа/продолжија со реализација во текот на 2018 година. Извештајот е основна алатка за следење на напредокот во спроведување на Акцискиот план за 2018 година и истиот пред доставување на усвојување до Владата на Република Северна Македонија ќе биде одобрен од страна на членовите на Советот за управување со јавни финансии. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** спроведување на фискална политика во функција на фискална одржливост и етапна консолидација на јавните финансии, поддршка на економијата со значителни инвестиции во инфраструктурни проекти. |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Со усвојување на Информацијата за работата на Советот за управување со јавни финансии со Извештај за напредок во спроведувањето на Акцискиот план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2018 година од страна на Владата на РСМ, ќе се информира Владата и јавноста за напредокот во спроведувањето на реформите во областа на управувањето со јавни финансии и ќе се обезбеди основа за донесување на информирани одлуки, како и посветеност на највисоко ниво кон процесот на реформи. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за финансии** |

**3.Информација за потребата од сертифицирање на државните институции и локалната самоуправа за задоволување на стандардот за животна средина**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со пристапување и сертифицирање на институциите кон одреден стандард и задоволување на барањата на тој стандард, на пример ИСО 14001: 2015, се очекува да се подобри и влијанието на институцијата кон заштитата на животната средина со влијание на условите за работа и постапување со отпадот во институцијата. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** зголемување на јавната свест и едукација на населението од областа на животната средина и реализација на кампањи од областа на заштитата на животната средина и планирање и одржливо користење на просторот и природните богатства и развивање на институционалните капацитети. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Да се зголеми свесноста кај вработените во државните институции за можноста на нивното влијание врз животната средина со постапување согласно барањата на стандардот. Придонесување на институциите кон заштита на животната средина. |
| **Фискални импликации:** | Има, потребна е набавка на услуги од консултант за да се спроведат барањата на стандардот како и набавка на услуги од сертификациска куќа |
| **Предлагач:** | **Министерство за животна средина и просторно планирање** |

**4.Иницијатива за доделување годишни награди и признанија за достигнувања во заштитата и унапредувањето на животната средина за изминатата година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Доделување годишни награди и признанија (еко шампиони) за достигнувања во заштитата и унапредувањето на животната средина за изминатата година на локални самоуправи, национални паркови, општествено одговорни компании и здруженија на граѓани за вложувања и активности за поквалитетна животна средина. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** натамошно зголемување на инвестициите во животната средина и преземање на |

| | |
|---|---|
| | активности за намалување на климатските промени преку постигнување на пониско ниво на емисија на штетни гасови и зголемување на јавната свест и едукација на населението од областа на животната средина и реализација на кампањи од областа на заштитата на животната средина. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Подигање на свеста и мотивирање на локалната самоуправа, национални паркови, општествено одговорни компании и здруженија на граѓани за поголеми вложувања во животната средина како услов за обезбедување одржлив развој и поквалитетен живот согласно европските стандарди. |
| **Фискални импликации:** | Има, предвидено во Предлог-буџетот 280.000,00 ден |
| **Предлагач:** | **Министерство за животна средина и просторно планирање** |

**5. Предлог упатство за постапување со опасен и неопасен отпад произведен од државните институции**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Имајќи го предвид фактот што голем дел од институциите опасниот отпад (потрошен тонер) го фрлаат заедно со другиот отпад што го произведува институцијата, а законски се обврзани за селектирање и соодветно третирање на отпадот, со цел да не продолжи ваквата пракса сметаме дека е потребно да се изработи упатсво кои ќе се достави до сите државни институции и општини. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** планирање и одржливо користење на просторот и природните богатства и развивање на институционалните капацитети. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Да се намали опасноста од несоодветно постапување со опасен отпад како и да се мотивираат вработените за селектирање на неопасниот отпад, со што приходите добиени од предавање на опасниот и неопасниот отпад би се слевале во буџетот на институцијата и ќе им се ставаат на располагање за подобрување на условите за работа. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за животна средина и просторно планирање** |

**6.Информација за одржаниот петнаесетти состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување помеѓу Европската унија и Република Северна Македонија на 13 ноември, 2018 година во Скопје**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата за главните укажувања и преземените обврски од петнаесеттиот состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување одржан на 13 ноември 2018 година во |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| | Скопје. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** започнување и успешно водење на процесот на преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија; квалитетно управување и координација со структурите во процесот на пристапување во Европската Унија. |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| **Очекувани влијанија:** | Навремено информирање на членовите на Владата за укажувањата и преземените обврски |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Секретаријат за европски прашања** |

**7. Информација за усвојување на Процена на загрозеноста на безбедноста на Република Северна Македонија од сите ризици и опасности**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Една од основните законски обврски и надлежности на ЦУК се однесува на изработка и ажурирање на процена на загрозеноста на Републиката и подрачјата на општините и градот Скопје од сите ризици и опасности. ЦУК ги изврши сите неопходните подготовки за примена на Уредбата (организирана е и реализирана обука и дадени насоки) за изработка на Процената на загрозеноста на подрачјата на општините и на градот Скопје, од сите ризици и опасности. Процесот е завршен (усвоени и донесени од страна на советите на соодветните општини) во сите единици на локалната самоуправа и редовно се врши ажурирање на истите. Процесот на изработка на Процената на загрозеноста на безбедноста на Република Северна Македонија од сите ризици и опасности е во завршна фаза (претстои разгледување и усвојување од страна на Групата за процена и Управувачкиот комитет). **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетната цел:** усвојувањето и имплементацијата на Процена на загрозеноста на безбедноста на Република Северна Македонија е во функција на планско, навремено, целесообразно и координирано донесување на одлуки, насоки и препораки за преземање на мерки за превенција и оптимално справување со ризиците и опасностите од катастрофи на територијата на Р. Северна Македонија, како и јакнење на позицијата на Р. Северна Македонија во рамките на меѓународната заедница и подобрување на условите за побрз економски и социјален развој. |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| **Очекувани влијанија:** | Позитивни влијанија - Со донесување на Процената на загрозеноста на безбедноста на Р. Северна Македонија од сите ризици и опасности, како документ во кој се интегрирани процените на надлежните државни субјекти за ризици и опасности од нивна надлежност, ќе се придонесе функционално, планско, навремено, целесообразно и координирано донесување на одлуки, насоки и препораки за преземање на потребните мерки и активности на субјектите на |

| | |
|---|---|
| | Системот за управување со кризи на национално и локално ниво. Негативни влијанија нема. |
| **Фискални импликации:** | Има, активностите со предложената иницијатива се планирани и обезбедени во рамките на редовните финансиски средства на ЦУК одобрени со Буџетот на РСМ |
| **Предлагач:** | **Центар за управување со кризи** |

**Приоритет: Јакнење на владеењето на правото преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите, изградба на независни институции и функционален систем на локална самоуправа**

Б) Материјали

| | |
|---|---|
| **1. Информација за степенот на реализација на средствата за изградба на спомен - обележјето плоштад „Скендербег" во Скопје, обезбедени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2018 година** | |
| **Образложение:** | Со развојната програма 4А „Плоштад Скендербег" предвидена во Буџетот на Република Северна Македонија за 2018 година предвидени се средства со кои треба да заокружи втората фаза на изградбата на спомен обележјето плоштад „Скендербег". Заради уредување на намената и начинот на реализација на средствата за 2018 година, Владата ја донесе Програмата за користење на средствата за изградба на спомен - обележјето плоштад „Скендербег" во Скопје, во 2018 година („Сл. весник на РСМ" бр.21/18). Со Програмата Министерството за локална самоуправа е задолжено да доставува извештаи за степенот на реализација на средствата до Владата на Република Северна Македонија. Оваа информација е за реализација на средствата во 2018 година и се однесува на периодот јануари - декември 2018 г. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** унапредување на системот на локалната самоуправа, продолжување на процесот на децентрализација на власта, воедначување и подобрување на локалните јавни услуги, зајакнување на капацитетите на општините, зголемување на нивната транспарентност, отчетност и инклузивност преку зголемено учество на граѓаните во донесувањето одлуки, поради подобрување на квалитетот на живеење. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Со оваа информација се обезбедуваат сеопфатни информации за степенот на реализација на средствата обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија во 2018 година, за изградба на втората фаза на спомен - обележјето плоштад „Скендербег", во Скопје. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за локална самоуправа** |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

Приоритет: Намалување на аерозагадувањето

Б) Материјали

**1. Годишен извештај за спроведување на Националниот план за намалување на емисиите од големите согорувачки инсталации**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Следење на спроведувањето на усвоениот Национален план за намалување на емисиите во воздухот од големите согорувачки инсталации во Република Северна Македонија. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** натамошно зголемување на инвестициите во животната средина и преземање на активности за намалување на климатските промени преку постигнување на пониско ниво на емисија на штетни гасови и зголемување на јавната свест и едукација на населението од областа на животната средина и реализација на кампањи од областа на заштитата на животната средина |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| Очекувани влијанија: | Намалување на емисиите на сулфур диоксид ($SO_2$), азот оксиди (NOx)и прашина во воздухот од големите согорувачки инсталации. |
| Фискални импликации: | Има, потребните финансиски треба да се обезбедуваат од АД ЕЛЕМ во соработка со Министерството за финансии |
| Предлагач: | **Министерство за животна средина и просторно планирање** |

## ИНИЦИЈАТИВИ СО СРЕДЕН ПРИОРИТЕТ

Приоритет: Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните

А) Подзаконски акти

**1. Предлог одлука за забрана на продажба на одделни нафтени деривати**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Одлуката се носи врз основа на член 30 од Законот за трговија. Со Одлуката како времена мерка, на правни и физички лица кои вршат промет на нафтени деривати се забранува да вршат промет на маслото за горење екстралесно масло за домаќинство ЕЛ - 1 со содржина на сулфур најмногу до 0,1% (m/m) на бензинските станици за временскиот период од 15 април 2019 година до 15 октомври 2019 година, од причина што грејната сезона завршува на 15 април, а маслото за горење екстралесно е наменето само за греење и не смее да се користи како погонско гориво. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** создавање на поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис секторот, унапредување на концептот и практиките за општествена одговорност, |

| | |
|---|---|
| | недискриминација, зголемена ефикасност и транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| Очекувани влијанија: | Регулирање и контрола на употребата на маслото за горење |
| Фискални импликации: | Нема |
| Предлагач: | **Министерство за економија** |

Б) Материјали

**1. Информација за текот на втората ревизија на трговската политика на Република Северна Македонија согласно механизмот на Светската трговска организација со Предлог-извештај**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Информирање на Владата на Република Северна Македонија за текот на процесот на преиспитување на трговската политика на Република Северна Македонија согласно механизмот на Светската трговска организација со Предлог-извештај за трговската политика на Република Северна Македонија. Преиспитувањето на трговската политика на членките на СТО се спроведува со цел да се обезбеди придржување на членките кон правилата и обврските преземени согласно Спогодбите на СТО и непречено функционирање на мултилатералниот трговски систем. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** унапредување на добрососедските односи, активно учество во регионалните иницијативи и јакнење на соработката со европските и вон европските земји, на билатерален, регионален и мултилатерален план |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| Очекувани влијанија: | Со Информацијата се овозможува Владата на Република Северна Македонија да се информира за активностите во процесот на преиспитување на трговската политика согласно механизмот на СТО и за Извештајот за трговската политика. |
| Фискални импликации: | Нема |
| Предлагач: | **Министерство за економија** |

**2.Извештај за работењето на Комисијата за разгледување на барања за добивање на дозвола за вршење на извоз - увоз, транзит, брокерски услуги и офсет**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Извештајот се поднесува врз основа на Законот за производство и промет на вооружување и воена опрема. Со извештајот Комисијата ја информира Владата на Република Северна Македонија за бројот на издадени дозволи, правни и физички лица на кои се издадени дозволите, бројот на одбиени барања за добивање дозволи за извоз и причините за одбивањето, како и за покренатите жалби за |

| | |
|---|---|
| | неиздадени дозволи, покренатите прекршочни постапки или кривични пријави за непочитување на одредбите од законот. |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 3.30. Надворешни односи** |
| **Очекувани влијанија:** | Јакнење на позицијата на Република Северна Македонија во регионалната и мултилатералната заедница и унапредување на односите и соработката на билатерален, регионален и мултилатерален план. Со материјалот се информира Владата на Република Северна Македонија за работата на Комисијата за разгледување на барања за добивање на дозвола за вршење на извоз - увоз, транзит, брокерски услуги и офсет на вооружување и воена опрема |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за економија** |

**3.Предлог платформа за одржување на втората седница на Мешовитиот комитет по Договорот за економска и индустриска соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Чешката Република**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согласно Договорот, двете страни ќе се договорат да се одржи втората седница на Мешовитиот комитет. Мешовитиот комитет претставува тело кое е надлежно за развојот на билатералните економски односи меѓу двете земји, како и за имплементација на Договорот<br>**Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** олеснување на пристапот на меѓународните пазари на стоки и услуги преку склучување на договори за слободна трговија, за трговска и економска соработка, либерализација на трговијата со стоки и услуги |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| **Очекувани влијанија:** | Платформата има за цел да ги интегрира темите за разговор предложени од страна на ресорните институции, добивање на мандат за разговори од Владата на РСМ, за коишто подоцна се разговара со другата страна на самата седница |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата се обезбедени од буџетот на Министерството за економија |
| **Предлагач:** | **Министерство за економија** |

**4.Извештај од првата седница на Меѓувладината комисија за економска соработка по Договорот за економска соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Бугарија**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Извештајот има за цел да се информира Владата за темите кои се дискутирани на седницата и за договорените активности со протоколот од седницата<br>**Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** олеснување на пристапот на меѓународните пазари на стоки и услуги преку |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| | склучување на Договор за слободна трговија, Договор за трговска и економска соработка, либерализација на трговијата со стоки и услуги |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| Очекувани влијанија: | Се очекува да се дефинираат конкретни активности и чекори кои ќе треба да ги спроведат ресорните институции во одделни области кои ќе бидат дефинирани со протоколот. |
| Фискални импликации: | Има, средствата се обезбедени од буџетот на Министерството за економија |
| Предлагач: | **Министерство за економија** |

| **5.Информација за воспоставување на центар за поддршка при спроведување на услуги кон граѓаните** | |
|---|---|
| Образложение: | Во 2018 година Министерството за информатичко општество и администрација заврши со реализацијата на порталот за е - услуги кон граѓаните и со проектот за воспоставување на платформата за комуникации „Skype for business" („Скајп за бизнис"), проекти кои беа финансирани преку програмата ИПА. Имајќи ги предвид плановите за употреба на порталот за Е - услуги кон граѓаните и кон бизнисите, истиот ќе претставува главна алатка за спроведување на услугите во државата. Со цел да се обезбеди навремена информација кон граѓаните и институциите при спроведувањето на услугите, Министерството за информатичко општество и администрација треба да го подобри работењето на кол центарот за бројот 15111. Во таа насока, оваа иницијатива предвидува поврзување на бројот 15111 со платформата за комуникации „Skype for business" („Скајп за бизнис"), за да се обезбедат поголем број на работни места кои истовремено можат да одговорат на повиците од граѓаните, компаниите и институциите. Дополнително, со проширување на употребата на платформата се овозможува и комуникација по електронски пат, кое само по себе има дополнителни бенефиции и различни можности за проширување на употребата. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** подобрување на стручноста, ефикасноста, отчетноста и транспарентноста на јавната администрација и создавање на услужно ориентирани институции со примена на нови технологии, стандарди за квалитет и мерки за сајбер безбедност |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје3.10. Информатичко општество и медиуми; Подрачје3.10.2. Услуги на информатичкото општество** |
| Очекувани влијанија: | Преку оваа иницијатива се очекува подобрување на комуникацијата и достапноста на институциите при спроведување на услугите кон граѓаните и бизнисите. |
| Фискални импликации: | Има |
| Предлагач: | **Министерство за информатичко општество и администрација** |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

**Приоритет: Јакнење на владеењето на правото преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите, изградба на независни институции и функционален систем на локална самоуправа**

**Б) Материјали**

**1.Информација за статусот на реализација на Националниот акциски план за Отворено владино партнерство 2018 - 2020 година (полугодишен извештај за периодот септември 2018 година - февруари 2019 година)**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Врз основа на член 57 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" број 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011) и заклучок по точка 25 од Осумдесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 11.9.2018 година, министерот за информатичко општество и администрација донесе Решение за формирање работна група со сите чинители за спроведување на четвртиот Национален акциски план за Отворено владино партнерство 2018 - 2020 година. Согласно решението, Министерството за информатичко општество и администрација изготвува полугодишен извештај за спроведување на Националниот акциски план за Отворено владино партнерство 2018 - 2020 година и истиот го доставува до Владата на Република Северна Македонија на разгледување и утврдување и се објавува на веб - страницата на Министерството. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** подобрување на стручноста, ефикасноста, отчетноста и транспарентноста на јавната администрација и создавање на услужно ориентирани институции со примена на нови технологии, стандарди за квалитет и мерки за сајбер безбедност. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Работата на отворена влада е континуирана заложба и имплементацијата на Националниот акциски план за Отворено владино партнерство 2018 - 2020 година подразбира реализација на амбициозни напори за промовирање на транспарентноста и отчетноста на Владата. Преку Отвореното владино партнерство, Владата на РСМ се обврзува да се изгради на темелите на отворени, транспарентни, сигурни и ефикасни владини институции, кои комуницираат и соработуваат со граѓаните. Уште поважно, Отвореното владино партнерство врши силно влијание врз иновациите, развојот и конкурентноста. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за информатичко општество и администрација** |

**2.Извештај за работата на Меѓуресорското тело за човекови права за 2018 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информацијата има за цел запознавање на Владата со работата на Меѓуресорското тело за човекови права. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** унапредување на човековите права и создавање институционални капацитети за нивна ефикасна заштита. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Функционирањето на Телото овозможува зголемување на координираноста, експедитивноста и транспарентноста при исполнување на извештајните обврски на Република Северна Македонија по Конвенциите на ОН за човекови права и придонесува за зголемена дисеминација на информациите и зајакнување на координираноста меѓу ресорните институции при исполнување на обврските на Република Северна Македонија од областа на човековите права во рамки на евро - интегративниот процес. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за надворешни работи** |

**3. Информација за учество на делегација на Република Северна Македонија на Меѓународната конференција на трудот во Женева, во јуни 2019 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Република Северна Македонија е членка на Меѓународната организација на трудот чијшто главен орган е Меѓународната конференција на трудот која се одржува во јуни секоја година. На оваа конференција учествуваат голем број делегати и набљудувачи и е можност за широка размена на мислења и идеи за активностите на МОТ и за стекнување на сознанија за достигнатите резултати во областа на трудовите стандарди. Делегацијата треба да биде трипартитна, со претставници од Министерството за труд, претставници од репрезентативните здруженија на работодавачи и синдикати. Водач на делегацијата е министерот за труд и социјална политика. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** промовирање и унапредување на хуманата популациона политика и човековите права и создавање на институционални капацитети. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Унапредување на трудови стандарди |
| **Фискални импликации:** | Има, финансиски импликации во износ од 600.000 денари, средствата се обезбедени од Буџетот на Министерството за труд и социјална политика. |
| **Предлагач:** | **Министерство за труд и социјална политика** |

**4.Годишен извештај за работата и функционирањето на Економско - социјалниот совет**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Годишниот извештај за работата и функционирањето на Економско - социјалниот совет претставува преглед на реализираните активности на ова тело во претходната година согласно Годишната програма за работа на ЕСС и согласно Програмата на Владата за донесување или изменување и дополнување на закони. |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| | **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** создавање на поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис секторот, социјалните партнери, заштита на работничките права, недискриминација, зголемена ефикасност, транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава. Со извештајот, Владата ќе се информира за работењето на Економско - социјалниот совет и за неговото влијание во процесот на креирање и имплементација на економски и социјални стратегии и политики од страна на Владата. |
| НПАА - поглавје и подрачје | **3.19 Социјална политика и вработување** |
| **Очекувани влијанија:** | Зголемена транспарентност и видливост на Економско - социјалниот совет како советодавно и консултативно тело на Владата |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за труд и социјална политика** |

**Приоритет: Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија**

А) Подзаконски акти

**1. Предлог одлука за распределба на средства остварени врз основа на надоместок за производство на енергија од фосилни горива како наменски дотации на општините за 2019 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согласно член 185 - а од Законот за животната средина обврзници за плаќање на надоместок за производство на енергија од фосилни горива се правните и физичките лица кои управуваат со инсталации коишто произведуваат енергија произведена со согорување на фосилни горива, а висината на надоместокот изнесува 0,0007 денари за еден киловат час (kWh) произведена енергија. Основа за донесување на Одлуката е членот 2 од Уредбата за методологија за распределба на средствата остварени како приход од надоместокот за производство на енергија од фосилни горива („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/2008 и 22/2011), согласно кој средствата остварени врз основа на надоместок за производство на енергија од фосилни горива ги распределува Владата на Република Северна Македонија преку буџетот на Министерството за животна средина и просторно планирање како наменски дотации, на предлог на министерот за локална самоуправа. Средствата остварени врз основа на надоместокот се распределуваат на општините на чие подрачје обврзникот за плаќање на надоместокот за производство на енергија од фосилни горива ја остварува својата дејност и на соседните општини на општината на чиешто подрачје обврзникот ја остварува својата дејност во воздушен радиус од 10 км од местоположбата на инсталацијата и тоа преку фиксен и варијабилен дел. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** обезбедување квалитетна животна средина на граѓаните преку заштита и |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| | унапредување на животната средина во функција на исполнување на принципите на одржливиот развој преку постигнување на стандардите на Европската Унија. |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| Очекувани влијанија: | Зголемена заштита на животната средина во однос на влијанијата од енергетскиот сектор во подрачјата на општините корисници на средствата. |
| Фискални импликации: | Има, средствата се планираат во Буџетот на РСМ за 2019 година во делот на Министерството за животна средина и просторно планирање |
| Предлагач: | **Министерство за локална самоуправа** |

**2.Предлог одлука за доделување средства за финансирање проекти од областа на дијаспората**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Обезбедување на финансиски средства за организации во дијаспората за реализирање на активности кои на различен начин ја промовираат Република Северна Македонија при што се овозможува промоција на македонскиот културен и јазичен идентитет. На овој начин и во воспоставување и одржување на тесни врски на дијаспората со матичната држава. Во таа насока пожелно е државата да ги помага здруженијата и организациите од дијаспората преку проектно финансирање. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** грижа за македонските национални малцинства во соседството и македонската дијаспора во светот. |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| Очекувани влијанија: | Промоција на културен јазичен идентитет, воспоставување и одржување на тесни врски на дијаспората со матичната држава, како и промовирање на нашата држава преку активностите на дијаспората. |
| Фискални импликации: | Има, средствата се обезбедени од Буџетот на Влада на РСМ |
| Предлагач: | **Кабинет на министерот без ресор задолжен за дијаспора** |

**3. Предлог повеќегодишен контролен план на Агенцијата за храна и ветеринарство**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Како иницијатива која произлегува од надлежноста на Агенцијата за храна и ветеринарство, а во функција на законските обврски и политиките на владата, врз основа на одредбите од Законот за безбедност на храна. |
| НПАА - поглавје и подрачје | |
| Очекувани влијанија: | Координирано и ефективно исполнување на официјалните контроли во областа на безбедноста на храна |
| Фискални импликации: | Има, финансиски импликации кои произлегуваат од програмите, потпрограмите, мерките и активностите кои се составен дел на Годишниот план за работа за 2019 година се содржани во финансиските програми на Агенцијата за храна и ветеринарство дадени во Стратешкиот план |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | **Агенција за храна и ветеринарство** |

Б) Материјали

**1. Извештај за работењето на Комисијата за разгледување на барања за добивање на дозвола за вршење на извоз - увоз, транзит, брокерски услуги и офсет**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Извештајот се поднесува врз основа на Законот за производство и промет на вооружување и воена опрема. Со извештајот Комисијата ја информира Владата на Република Северна Македонија за бројот на издадени дозволи, правни и физички лица на кои се издадени дозволите, бројот на одбиени барања за добивање дозволи за извоз и причините за одбивањето, како и за покренатите жалби за неиздадени дозволи, покренатите прекршочни постапки или кривични пријави за непочитување на одредбите од законот. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** јакнење на позицијата на Република Северна Македонија во регионалната и мултилатералната заедница и унапредување на односите и соработката на билатерален, регионален и мултилатерален план. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.30. Надворешни односи** |
| **Очекувани влијанија:** | Со материјалот се информира Владата на Република Северна Македонија за работата на Комисијата за разгледување на барања за добивање на дозвола за вршење на извоз - увоз, транзит, брокерски услуги и офсет на вооружување и воена опрема. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за економија** |

**2.Информација за проширување на Информациско - документаристичката база на податоци (ИНДОК) со податоци за настанати штети од природни непогоди, несреќи и катастрофи**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Една од основните законски обврски и надлежности на ЦУК се однесува на изработка и ажурирање на процена на загрозеноста на Републиката и подрачјата на општините и градот Скопје, од сите ризици и опасности. Со проширување на веќе постоечката Информациско - документаристичката база на податоци (ИНДОК), со податоци за настанати штети од природни непогоди, несреќи и катастрофи, во голема мера се подобрува квалитетот на Процената на загрозеност на безбедноста на Република Северна Македонија од сите ризици и опасности. Се постигнува сублимирање на штетите на едно место (ЦУК) и нивна достапност за споделување и анализирање на штетите, што овозможува преземање на превентивни мерки заради намалување и ублажување на можните последици. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетната цел.** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Позитивни влијанија: Со проширување на Информациско - документаристичката база на податоци (ИНДОК) со податоци за настанати штети од природни непогоди, несреќи и катастрофи ќе се надгради безбедносниот систем на РСМ, а конкретно надградбата на предметната област претставува и цел на Република Северна Македонија согласно која се разработува и со ЕУ проектот IPADRAM - Проценка на ризик од катастрофи и мапирање во западниот Балкан и Турција (Disaster risk assessment and mapping in the western Balkan and Turkey)Grant contract (договор за грант) ECHO/SER/2016/740641, со што се постигнува и еден од стандардите кои се применуваат во земјите членки на ЕУ и НАТО. Негативни влијанија, нема |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата за активностите со предложената иницијатива се планирани и обезбедени во рамките на редовните финансиски средства на ЦУК одобрени со буџетот на РСМ |
| **Предлагач:** | **Центар за управување со кризи** |

# АПРИЛ

## ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ

**Приоритет: Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија**

А) Подзаконски акти

| | |
|---|---|
| **1.Предлог одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во мировна операција на Европската Унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР, АЛТЕА** | |
| **Образложение:** | Со продолжување на учеството на Република Северна Македонија во мировната операција „Алтеа", Република Северна Македонија останува посветена на заедничкиот ангажман на Европската Унија за придонес кон безбедноста и стабилноста на Босна и Херцеговина. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** придонес во Заедничката безбедносна и одбранбена политика на ЕУ преку активно учество во мисии и операции предводени од ЕУ |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 31 НБОП** |
| **Очекувани влијанија:** | Потврда на цврстата определба на Република Северна Македонија за силен придонес кон Заедничката безбедносна и одбранбена политика (ЗБОП) и Заедничката надворешна и безбедносна политика (ЗНБП) на Унијата, како и потврда на севкупните напори на Република Северна Македонија за интеграција во Европската Унија и промовирање на заложбите за воспоставување на безбедност и мир на глобално и регионално ниво. |
| **Фискални импликации:** | Има, финансиските средства се обезбедени со буџетот на Министерството за одбрана за 2019 година. |
| **Предлагач:** | **Министерство за одбрана** |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| 2.Предлог правилник за електромагнетна компатибилност | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со програма се утврдуваат средствата за извршување на работите согласно Законот за водите од член 212 и тоа за: управување и развој на водните ресурси и надоместување на трошоците за работење на органите на државната управа и органите и организациите кој имаат соодветни надлежности во управувањето со води, изградба на нови и одржување и унапредување на постојните јавни водоснабдителни објекти, изградба на нови и одржување и унапредување на постојните хидромелиоративните системи и хидросистеми, одржување и заштита на природните езера, одржување на водотеци, изградба и одржување на објекти за регулација на водотеци, заштита од штетните дејства на водите вон населени места, подготовка на планови за одбрана од поплави и замрзнување, планови за заштита од ерозија и порои, подготовка на соодветни планови за заштита од други штетни дејствија на водите вон населените места, контрола на состојбите и собирање и обработка на податоците за резерви на вода и нивно рационално користење,хидрогеолошки и други истражувања, подготовка и организирање на спроведувањето на програмата за мерки за заштита на водите од загадување, преземање на мерки за извршување на определени работи за заштита од загадување, мониторинг и утврдување на состојбата со квалитетот и квантитетот на водите и мониторинг на безбедноста на водата за консумирање од страна на човекот, воспоставување и одржување на заштитни зони и изградба на одржување на објекти за заштита на водите од загадување**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** согласно Програмата за работа на Влада на Република Северна Македонија 2018 - 2020 година и Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на РСМ, како и обезбедувањето квалитетна животна средина на граѓаните преку заштита и унапредување на животната средина во функција на исполнување на принципите на одржливиот развој. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување со управувањето со водите во Република Северна Македонија |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за животна средина и просторно планирање** |

# МАЈ

## ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ

**Приоритет: Реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија**

А) Подзаконски акти

### 1.Предлог уредба за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блокдотации за основното образование по општини за 2020 година

| | |
|---|---|
| Образложение: | Распределба на средствата за блок дотации за основното образование по општини за 2020 година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** спроведување на реформи во образованието преку развивање на интегриран систем на образование кој ќе влијае врз зголемување на економскиот раст и продуктивноста на трудот, зголемување на шансите на младите за квалитетни работни места, обезбедување на поголема општествена интеграција во етничка, регионална, социјална и културолошка смисла и поттикнување на критичкото мислење и активното граѓанство. |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| Очекувани влијанија: | Финансирање на дејноста основното образование во надлежност на општините |
| Фискални импликации: | Има, средствата за блок дотации ќе се обезбедат од Буџетот на Р. Северна Македонија - Министерство за образование и наука за 2020 година (Програма А - Децентрализација) |
| Предлагач: | **Министерство за образование и наука** |

### 2. Предлог уредба за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на наменски дотации за основното образование по општини за 2020 година

| | |
|---|---|
| Образложение: | Распределба на средствата за наменски дотации за основното образование по општини за 2020 година - за Општина Пласница (општина во прва фаза на децентрализација). Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** спроведување на реформи во образованието преку развивање на интегриран систем на образование кој ќе влијае врз зголемување на економскиот раст и продуктивноста на трудот, зголемување на шансите на младите за квалитетни работни места, обезбедување на поголема општествена интеграција во етничка, регионална, социјална и културолошка смисла и поттикнување на критичкото мислење и активното граѓанство. |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Финансирање на дејноста основното образование во надлежност на општините |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата за наменски дотации ќе се обезбедат од Буџетот на РСМ - Министерство за образование и наука за 2020 година (Програма А - Децентрализација) |
| **Предлагач:** | **Министерство за образование и наука** |

**3. Предлог уредба за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за средно образование по општини и Градот Скопје за 2020 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Распределба на средствата за блок дотации за средно образование по општини и Градот Скопје за 2020 година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** спроведување на реформи во образованието преку развивање на интегриран систем на образование кој ќе влијае врз зголемување на економскиот раст и продуктивноста на трудот, зголемување на шансите на младите за квалитетни работни места, обезбедување на поголема општествена интеграција во етничка, регионална, социјална и културолошка смисла и поттикнување на критичкото мислење и активното граѓанство |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Финансирање на дејноста средно образование за средните училишта кои се во надлежност на општините и Градот Скопје |
| **Фискални импликации:** | Средствата за блок дотации ќе се обезбедат од Буџетот на РСМ - МОН за 2020 година (Програма А - Децентрализација) |
| **Предлагач:** | **Министерство за образование и наука** |

**4.Предлог одлука за бројот на студентите кои се запишуваат на јавните високообразовни установи, чие образование се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија за академската 2019/2020 г. на прв, втор и трет циклус на студии**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согласно член 151, став 1 од Законот за високотообразование, Владата на Република Северна Македонија донесува Одлука за бројот на студентите кои се запишуваат на јавни високообразовниустанови, чие образование се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија, на предлог на јавната високообразовна установа. Со оваа одлука за запишување на студенти во прва година во учебната 2019/2020 г. во прв, втор и трет циклус на студии се регулираат бројот/квотите и студиските програми за упис на јавните универзитети согласно потребите на пазарот на трудот. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** приближување на знаењето на студентите до барањата на пазарот на трудот и унапредување на соработката меѓу високообразовните институции, истражувачките центри, приватниот сектор и активното граѓанство. |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Запишани студенти на високо образованите установи во Република Северна Македонија на студиски програми, кои на долгорочен план ќе придонесат да се вработат на работни места согласно потребите на пазарот на трудот. |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата се обезбедени во Буџетот на Министерството за образование и наука за 2019 година (Програма 4) |
| **Предлагач:** | **Министерство за образование и наука** |

**5.Предлог одлука за дополнителните квоти за запишување на студенти припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија, за академската 2019/2020 г. на прв, втор и трет циклус на студии**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согласно член 151, став 6 од Законот за високото образование, Владата на Република Северна Македонија донесува Одлука за дополнителните квоти за запишување на студенти припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** приближување на знаењето на учениците/студентите до барањата на пазарот на трудот и унапредување на соработката меѓу високообразовните институции, истражувачките центри, приватниот сектор и јавните институции и градење на унитарно, мултикултурно и толерантно општество преку суштинска политичка поддршка со која Република Северна Македонија ќе се гради како граѓанска држава на сите што живеат во неа: Македонци, Албанци, Турци, Срби, Власи, Роми, Бошњаци и сите други заедници во насока на поголема интеркултурна комуникација и градење на дух на меѓусебно почитување. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Запишани студенти на високо образовните установи во Република Северна Македонија на студиски програми, кои на долгорочен план ќе придонесат да се вработат на работни места согласно потребите на пазарот на трудот |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата се обезбедени во Буџетот на Министерството за образование и наука за 2019 година (Програма 4) |
| **Предлагач:** | **Министерство за образование и наука** |

**6.Предлог долгорочна национална ИКТ стратегија со Акциски план 2019 - 2022година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Долгорочната национална ИКТ стратегија 2019 - 2022 г. ќе претставува „чадор" на сите стратегии и проекти поврзани со ИКТ областа (сајбер безбедност, широкопојасен интернет, отворени податоци, интероперабилност). Заради изготвување и следење на имплементацијата на Националната ИКТ стратегија, Владата на РСМ го формираше Националниот совет за ИКТ. Стратегијата и акцискиот план ќе ги дефинираат и образложат приоритетните области и |

| | |
|---|---|
| | активности, а истите ќе бидат во корелација со Дигиталната агенда 2020 на ЕУ. Иницијативата **има индикација на поврзаност и со стратешките приоритети на Владата на РСМ:** развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните и Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија **и со приоритетните цели:** развој на електронските комуникации во Република Северна Македонија; подобрување на стручноста, ефикасноста, отчетноста и транспарентноста на јавната администрација и создавање на услужно ориентирани институции со примена на нови технологии, стандарди за квалитет и мерки за сајбер безбедност; промовирање на европските вредности во процесот на пристапување во ЕУ преку транспарентност и зајакнување на соработката со граѓанскиот сектор и академската заедница |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 3.10. Информатичко општество и медиуми** |
| **Очекувани влијанија:** | Оваа стратегија ќе и помогне на Република Северна Македонија да го унапреди развојот на информатичкото општество, да држи чекор со глобалните трендови и да постигне стабилен пораст на економијата. |
| **Фискални импликации:** | Има, Стратегијата и Акцискиот план ќе предизвикаат фискални импликации во текот на 4-те години, кои ќе се обезбедуваат од Буџетот на РСМ и од донатори. |
| **Предлагач:** | **Министерство за информатичко општество и администрација** |

Б) Материјали

| **1. Информација за потребата од модернизација и надградба на радиосистемите во Република Северна Македонија** | |
|---|---|
| **Образложение:** | Постоењето на радиосистем е наследено од МО кога овој сегмент функционираше таму, а помина во надлежност на ЦУК на РСМ во 2005г. Во далечните 80 - ти години е изграден и функционира радиосистем во согласност со тогашната организација и функционирање. Сега целосно е изменет овој организациски сегмент и потребно е изградба на нов помодерен систем на радиоврски со сите субјекти во системот како и резервна варијанта на комуникација која од друга страна ќе биде самостојна независна и сигурна, особено во случаи на настанување на големи несреќи, катастрофи и опасности. Иницијативата **нема индикација на поврзаност со приоритетна цел.** |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| **Очекувани влијанија:** | Зголемување на ефикасноста на ЦУК во брзото и навремено како и сигурно известување до сите и од сите субјекти во системот за управување со кризи во РМ. Со сопствен радиосистем како резервна варијанта на комуникација во кризни состојби и големи ризици и опасности; подобрување на ефикасноста во справувањето со настанати ризици и опасности; воспоставување на современ единствен систем за радиоврски за потребите на системот за управување со кризи. |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **Фискални импликации:** | Има, Буџет на РСМ |
| **Предлагач:** | **Центар за управување со кризи** |

**2. Информација за воспоставување на единствениот европски број за итни повици Е - 112 во Република Северна Македонија**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Имплементацијата на Е - 112 е обврска на Република Северна Македонија која произлегува од Директивата за универзална услуга и правата на корисниците во врска со електронски комуникациски мрежи и услуги (2002/22/ЕС), со која земјите членки на ЕУ се обврзани да го имплементираат единствениот европски број за итни повици Е - 112. Воспоставувањето на системот Е - 112 и воведувањето на единствениот број за итни повици е утврдено и со одредби од Законот за управување со кризи и Законот за електронски комуникации. **Иницијативата нема индикација на поврзаност со приоритетна цел.** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Исполнување на обврските на Република Северна Македонија согласно извештајот на Европската унија за остварување на критериумите за членство, како и подобрување на координирано дејствување на службите за итна помош. Брзо и координирано дејствување на службите за итна помош во Република Северна Македонија. Со имплементацијата на Е - 112 ќе се подобри достапноста и нивото на управување со итните повици, ќе се намали потребното време за одговор на итните повици и ќе се спасат животи и да се заштитат имоти со ефикасно, брзо и координирано дејствување на службите за итна помош во Република Северна Македонија, ќе се воведе единствен европски број за итни повици Е - 112 и ќе се изгради систем кој во целост ќе ги задоволува сегашните и идните потреби на службата Е - 112. |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата се обезбедени од Европската комисија исо кофинансирање од Буџетот на РСМ |
| **Предлагач:** | **Центар за управување со кризи** |

**Приоритет: Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните**

А) Подзаконски акти

**1.Предлог за изменување и дополнување на Одлуката за висината на надоместокот за вршење на лабораториски анализи и тестови („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 198/14, 143/2015, 126/2016 и 34/2012)**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Член 78 став 4 од Законот за здравјето на растенијата („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 29/2005, 81/2008, 20/2009, 57/2010, 17/2011, 148/2011, 69/2013, 43/2014, 158/2014, 149/2015, 39/16 и 83/18) ја |

| | |
|---|---|
| | уредува висината на надоместокот за вршење на лабораториски анализи и тестови. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** подобрување на конкурентноста на македонските производи. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Со измена и дополна на оваа одлука се уредува висината на надоместокот за вршење на лабораториски анализи и тестови. |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата се приходи во Буџетот на РСМ |
| **Предлагач:** | **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство** |

**2.Предлог за изменување и дополнување на Одлуката за висината и начинот на плаќање на посебниот надоместок, видот и количеството на растенија, растителни производи и други објекти и предмети за кои се плаќа надоместокот, како и висината и начинот на плаќање на трошоците во областа на здравјето на растенијата („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 141/11, бр. 161/11 и бр. 131/17)**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Член 57 став 5 од Законот за здравјето на растенијата („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 29/2005, 81/2008, 20/2009, 57/2010, 17/2011, 148/2011, 69/2013, 43/2014, 158/2014, 149/2015, 39/16 и 83/18) го регулира плаќањето на посебен надоместок за вршење на фитосанитарна инспекција. Согласно истиот член 57 став 6 се утврдува висината на посебниот надоместок, како и начинот на неговото плаќање и друго. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** подобрување на конкурентноста на македонските производи. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Со измена и дополнување на оваа одлука се уредува висината и начинот на плаќање на посебниот надоместок, видот и количеството на растенија, растителни производи и други објекти и предмети за кои се плаќа надоместокот, како и висината и начинот на плаќање на трошоците во областа на здравјето на растенијата согласно ажурираните Листи на штетни организми, растенија, растителни производи и други објекти и предмети |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата се приходи во Буџетот на РСМ |
| **Предлагач:** | **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство** |

Б) Материјали

**1.Предлог акциски план за заразни болести**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во октомври 2016 година експерти од Европскиот центар за контрола на болести (ECDC) и Европската комисија остварија мисија за проценка на системот за надзор и превенција на заразни болести на Република Северна Македонија. По |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| | завршената мисија доставен е Технички извештај со препораки кои се основа за подготовка на акциски план за надминување на утврдените слабости. За подготовката на овој АП во септември 2018 година беше спроведена TAIEX работилница на која со помош на тројца експерти на ECDC и двајца експерти на ЕУ, националните експерти ги дефинираа приоритетните цели за активностите во периодот по проценката и го применија пристапот на логичка рамка при изготвувањето на акцискиот план за превенција и контрола на заразните болести во врска со препораките од Извештајот за техничка проценка од 2016 година. Донесувањето на овој тригодишен АП ќе служи како основа за следење на напредокот во областа на унапредувањето на системот за рано откривање и спречувањето на заразните болести во Република Северна Македонија. Исто така, донесувањето на овој акциски план е обврска од последниот Извештај за напредокот на РСМ во пристапувањето кон ЕУ во областа на јавно здравје, односно претставува одредница според која Европската комисија ќе не оценува во идните извештаи за напредокот на РСМ и ќе биде корисна алатка во преговорите за пристапување кон ЕУ. **Иницијативата има индикација на поврзаност и со стратешкиот приоритет на Владата на РСМ:** Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија **и со приоритетната цел:** Развивање на ефикасен и достапен систем на здравствена заштита на населението, што подразбира зајакнување на услугите и подобрување на организацијата на здравствената заштита на сите нивоа - превентивно, примарно, секундарно и терциерно ниво; развивање на одржлив, интегриран и ефикасен здравствен систем, заснован на еднаквоста и солидарноста, базиран на реалните потреби на граѓаните. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 28.2 - дел Јавно здравје** |
| **Очекувани влијанија:** | Имплементацијата на активностите од АП ќе придонесе за обезбедување ефикасен, функционален и одржлив систем за заразни болести во делот на превенција на болести, контрола, следење и одговор, со примена на принципот „Едно здравје". Воедно, ќе се унапреди и дијагностичкиот капацитет во системот на микробиолошките лаборатории и ќе придонесе кон намалување на оптовареноста од специфични болести (особено интрахоспиталните инфекции, антимикробната резистенција, новите болести и вектор преносливите болест) |
| **Фискални импликации:** | Има, Буџет на РСМ за 2019 година и донатори |
| **Предлагач:** | **Министерство за здравство** |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

Приоритет: Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија

А) Подзаконски акти

| | |
|---|---|
| **1.Предлог одлука за распределба на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации** | |
| **Образложение:** | Согласно Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2019година, средствата наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации планирани во Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година, ќе се користат врз основа на Одлука на Владата на Република Северна Македонија, на предлог на комисија формирана од Владата. Распределбата на финансиските средства се спроведува во согласност со Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации, Програмата за финансирање на програмските активности на здруженија на граѓани и фондации за тековната година и Одлуката за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на програмски активности на здруженија на граѓани и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија, а врз основа на оглас што Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија го објавува во дневните јавни гласила и на веб - страницата на Одделението за соработка со невладини организации. www.nvosorabotka.gov.mk. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** промовирање на европските вредности во процесот на пристапување во Европската Унија преку транспарентност и зајакнување на соработката со граѓанскиот сектор и академската заедница. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Донесувањето на Одлуката е во функција на создавање поповолни услови за финансиска одржливост на граѓанскиот сектор, што е заложба на Владата на Република Северна Македонија согласно Стратегијата на Владата за соработка и развој на граѓанскиот сектор. |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година |
| **Предлагач:** | **Генерален секретаријат на Влада на Република Северна Македонија** |

Б) Материјали

| | |
|---|---|
| **1. Информација за обврските кои произлегуваат од одржувњето на Балкански медицински наменски сили (БМНС) - подготовки за преземање на обврската Рамковна земја на БМНС во периодот 2020 и 2021 година** | |
| **Образложение:** | Република Северна Македонија е членка на Балкански медицински наменски сили (БМНС) и како една од земјите членки кои поседуваат капацитет на лесна |

| | |
|---|---|
| | маневарска полска болница, ниво 2, има преземено обврска да ги стави на располагање споменатите воено - медицинските капацитети на АРСМ во периодот 2020 и 2021 година. За таа цел потребно е навремено преземање на мерки и активности од страна на Министерството за одбрана и Министерството за здравство за обезбедување на потребен персонал, опрема и потрошен материјал во насока на исполнување на оваа обврска. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** Унапредување на воено - медицинските способности на Р. Северна Македонија. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Придонес во напорите за заедничко справување со елементарни непогоди и безбедносни предизвици во регионот и пошироко. Унапредување на постојните воено - медицински капацитети на Република Северна Македонија, преку обука и едукација, вежбовни активности и опремување. Се потврдува цврстата определба за постојан придонес во регионалните иницијативи и процеси и се дава активен придонес во насока на унапредување и зајакнување на регионалната стабилност и безбедност. Изградбата на регионални воено - медицински сили, согласно НАТО/ЕУ/ОН стандардите ќе бидат наменети за реакција во услови на природни катастрофи во регионални рамки, како и можност за придонес во идни меѓународни операции. |
| **Фискални импликации:** | Има, финансиските средства се обезбедени со буџетот на МО на РСМ за 2019 година |
| **Предлагач:** | **Министерство за одбрана** |

**2. Информација за процесот на планирање и преглед на НАТО - проценката на Република Северна Македонија за 2019 г. (PARP Assessment 2019for The Republic of Macedonia)**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Секои две години Република Северна Македонија добива нова ПАРП проценка од НАТО. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** интеграција во политичките и воените структури на НАТО. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Унапредување на способностите и капацитетите на Армијата на Република Северна Македонија во согласност со барањата на НАТО. |
| **Фискални импликации:** | Има, финансиските средства се обезбедени со буџетот на Министерството за одбрана. |
| **Предлагач:** | **Министертсво за одбрана** |

**3. Информација за подготовка на шеснаесеттиот состанок на Комитетот за стабилизација и асоцијација кој ќе се одржи во 2019 година во Брисел**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата за подготовките за одржување на шеснаесеттиот состанок на Комитетот за |

| | |
|---|---|
| | стабилизација и асоцијација кој ќе се одржи во 2019 година во Брисел. Преку Комитетот за стабилизација и асоцијација и неговите помошни тела Европската комисија ја креира оценката за напредокот кој Северна Македонија го постигнува во насока на исполнувањето на критериумите за членство и коректноста во имплементацијата на договорните обврски преземени со Спогодбата за стабилизација и асоцијација. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетни цели:** започнување и успешно водење на процесот на преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија; квалитетно управување и координација со структурите во процесот на пристапување во Европската Унија. |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| **Очекувани влијанија:** | Навремена и квалитетна подготовка на претстојниот состанок со Европската комисија |
| **Фискални импликации:** | Има, средства во износ на трошоци за сместување и пат |
| **Предлагач:** | **Секретаријат за европски прашања** |

**4.Информација за петнаесеттиот состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика помеѓу ЕУ и РСМ во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација што ќе се одржи во Брисел во април 2019 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Оваа информацијата има за цел да ја информира Владата за состанокот на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика меѓу Република Северна Македонија и Европската Унија, што ќе се одржи во Брисел во април 2019 година и да се задолжат институциите за исполнување на обврските преземени од Поткомитетот. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** започнување и успешно водење на процесот на преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија; квалитетно управување и координација со структурите во процесот на пристапување во Европската Унија. |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| **Очекувани влијанија:** | Навремено задолжување и остварување на преземените обврски од состанокот со Европската комисија |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Секретаријат за европски прашања** |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

**5.Информација за петнаесеттиот состанок на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој помеѓу ЕУ и РСМ во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, 2019 година, во Охрид**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Оваа информацијата има за цел да се информира Владата за состанокот на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој меѓу Република Северна Македонија и Европската Унија, одржан во 2019 година во Охрид и да се задолжат институциите за исполнување на обврските преземени од Поткомитетот. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** започнување и успешно водење на процесот на преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија; квалитетно управување и координација со структурите во процесот на пристапување во Европската Унија. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Навремено задолжување и остварување на преземените обврски од состанокот со Европската комисија. |
| **Фискални импликации:** | Има |
| **Предлагач:** | **Секретаријат за европски прашања** |

**6.Информација за одржување на Конференцијата за креирање на институционална култура за родово - сензитивна надворешна политика и родов мејнстриминг во севкупното општествено живеење преку користење на компаративни искуства од западноевропските и нордиските држави**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Целта на настанот е креирање на институционална култура за родово - сензитивна надворешна политика како и за родов мејнстриминг во севкупното општествено живеење преку подигнување на свеста за потребата од креирање и спроведување на ваква политика на национално ниво, а преку користење на компаративните искуства на западноевропските и нордиските држави (Шведска, Данска, Финска, Франција, итн.) со кои МНР има потпишано декларации за соработка, а кои го вклучуваат аспектот на родова еднаквост. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** Република Северна Македонија да биде суверен, почитуван и просперитетен меѓународенсубјект со иницијативи и конкретни чекори на добро осмислена и реална, државнички ипрофесионално водена надворешна политика што ќе доведе до надминување напредизвиците и заканите по развојот и безбедноста. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Преземање иницијални чекори кон креирање на родово - сензитивна надворешна, но и сеопфатна општествена политика во насока на реализација на стратешките цели/определби на Владата на РСМ во евроинтегративните процеси. |
| **Фискални импликации:** | Има, примарно преку поддршка од донатори (билатерални и мултилатерални кои работат на родови/женски прашања) и од буџетот на МНР. |
| **Предлагач:** | **Министерство за надворешни работи** |

## Приоритет: Целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор и градење на граѓанска држава и етничка кохезија врз принципите на меѓуетничка толеранција и почитување

### А) Подзаконски акти

| 1.Предлог национална стратегија со акциски план за развој на концептот едно општество и интеркултурализмот во Република Северна Македонија | |
|---|---|
| **Образложение:** | Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија (КПВРСМ) ја информираше Владата на Република Северна Македонија за потребата од подобрување на интеркултурната толеранција во македонското општество помеѓу различните заедници и култури во нашата земја како и за имплементација на препораките од Советот на Европа кои беа посочени во последниот извештај на Европската комисија од 17 април 2018. Порадитоа се наметна потребата од подготовка на Национална стратегија за развој на концептотза „Едно општество" и интеркултурализмот. Изготвувањето и спроведувањето на Националната стратегија е во согласност со Програмата на Владата на Република Северна Македонија, како и со стратешките приоритети за работењето Владата во 2019 усвоено на 66 - та седница на Владата, одржана на 2 мај 2018 година. Со усвојување на информацијата и заклучоците на Владата за потребата од подговотвка на Национална стратегија за развој на концептот за „Едно општество" и интерклутурализам, се утврди дека е потребно стратешки да се делува во повеќе области, преку формата на т.н. кластери на активности на одговорните општествени субјекти, со нагласена улога на државата и Владата во сето тоа. Активностите треба особено да се насочат во следните области: **правна рамка, образование, култура, медиуми, локална самоуправа, млади и општествена кохезија и интеграција.** |
| **НПАА - поглавје и подрачје:** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Оваа стратегија ќе и помогне на Република Северна Македонија да го унапреди развојот на едно општетсво со признаени различности и еднакви можности за сите. |
| **Фискални импликации:** | Има, Стратегијата и Акцискиот план ќе предизвикаат фискални импликации, кои ќе се обезбедуваат од Буџетот на РСМ и од донатори. |
| **Предлагач:** | **Канцеларија на претседателот на Владата на Република Северна Македонија** |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

## ИНИЦИЈАТИВИ СО СРЕДЕН ПРИОРИТЕТ

**Приоритет: Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија**

А) Подзаконски акти

### 1.Предлог правилник за формата и содржината на регистарот на одобрени објекти и оператори со храна од животинско потекло, начинот на издавање и повлекување на одобрението како и формата и содржината на одобрението

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Воведување на нов Правилник согласно член 51 од Законот за безбедност на храна од животинско потекло („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 157/2010, 53/2011, 1/2012, 164/2013, 187/2013, 43/2014, 72/2015, 129/2015, 213/2015, 39/2016, 64/2018). **Иницијативата има индикација на поврзаност и со стратешкиот приоритет на Владата на РСМ:** развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните **и со приоритетната цел:** зголемување и поддршка на развојот на индустриско - преработувачките капацитети кои ќе бидат извозно ориентирани и ќе создаваат производи со повисока додадена вредност, поддршка на индустриските капацитети кои ќе овозможат супституција на увозот. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Обезбедување на зголемена ефикасност во имплементација на Законот за безбедност на храна и постапката на одобрување на операторите со храна од животинско потекло. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Агенција за храна и ветеринарство** |

### 2.Предлог правилник за посебните барања за безбедност на маслата и мастите наменети за консумирање од страна на луѓето и на храната која содржи додадени масла или масти во однос на содржината на ерука киселина

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Понатамошно усогласување со законодавството на Европската Унија, поточно со Регулативата 32015R0705, во насока на целосно усогласување. Иницијативата **има индикација на поврзаност и со стратешкиот приоритет на Владата на РСМ:** развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните **и со приоритетната цел:** зголемување и поддршка на развојот на индустриско - преработувачките капацитети кои ќе бидат извозно ориентирани и ќе создаваат производи со повисока додадена вредност, поддршка на индустриските капацитети кои ќе овозможат супституција на увозот. |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **ЕПП: 2018.0886.7557; Поглавје 12 - 3.12. Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика, Подрачје - 3.12.2. Ветеринарна политика** |
| **Очекувани влијанија:** | Примена на нова метода за испитување на присуството на супстанциите за кои се однесува правилникот, со што се олеснуваат службените контроли и се зголемува веродостојноста на резултатите. Со тоа се укинуваат непотребно строгите правила што претходно се применувани заради застареноста на методата од претходната регулатива (донесена во текот на 1980 година). |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Агенција за храна и ветеринарство** |

Б) Материјали

**1.Информација за состанокот на заменици - министри за економија/трговија на ЦЕФТА**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со информацијата се презентира тековното функционирање на ЦЕФТА, се предлагаат одлуки, препораки и министерски заклучоци кои треба да се усвојат на Мешовитиот комитет на ЦЕФТА. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет:** развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните **и со приоритетните цели:** унапредување на добрососедските односи, активно учество во регионалните иницијативи и јакнење на соработката со европските и вон европските земји на билатерален, регионален и мултилатерален план; создавање на поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис - секторот, унапредување на концептот и практиките за општествена одговорност, недискриминација, зголемена ефикасност и транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 30 Надворешни односи** |
| **Очекувани влијанија:** | Имплементација на годишните приоритети на Програмата на ЦЕФТА за 2018 година |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за економија** |

**2.Извештај за работата на Државниот завод за статистика за 2018 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во согласност со Законот на државната статистика, Државниот завод за статистика е должен да подготви и достави извештај до Владата за својата работа за претходната година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** започнување и успешно водење на процесот на преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија |

| | |
|---|---|
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Подрачје 18 - Статистика** |
| **Очекувани влијанија:** | Владата на Република Северна Македонија да се запознае со работата на Државниот завод за статистика во 2018 година |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Државен завод за статистика** |

**Приоритет: Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните**

Б) Материјали

**1. Информација за имплементација на Акциски план за вработување 2018 - 2020 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во изминатиот период во соработка со Меѓународната организација на трудот, Светска банка, УНДП и Европската Ккмисија се изработи Национална стратегија за вработување на Република Северна Македонија 2016 - 2020 г., документ во кој се содржани среднорочните и долгорочните стратегии и предизвици на пазарот на трудот кои се однесуваат на периодот од 2016 до 2020 година, од аспект на макроекономските политики, микроекономските политики и политиките за вработување на пазарот на трудот. Согласно планираната динамика за имплементација на Стратегијата за вработување 2020 се подготви акциски план за вработување 2018 - 2020 година и истиот се усвои од Владата на РСМ во 20108 година. Со цел целосно и навремено имплементирање на активностите Министерството за труд и социјална политика ќе ја известува Владата на РСМ на годишна основа почнувајќи од 2019 година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на РСМ:** Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија **и соприоритетната цел:** спроведување на макроеконмската политика насочена кон задржување на макроеконсомската стабилност, зголемување на конкурентноста на економијата и зголемување на вработеноста; создавање на поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис - секторот, социјалните партнери, заштита на работничките права, недискриминација, зголемена ефикасност, транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава; поддршка на домашните претпријатија, пред сè на малите и средните претпријатија, отворање на нови работни места, со активни мерки за вработување и зголемување на нивото на платите во економијата |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.19 Социјална политика и вработување; Потпоглавје 3.19.4 Политики за вработување и Европскиот социјален фонд; ЦЗ - Ефикасна и ефективна имплементација на претпристапната помош (IPA) во секторот „Вработување,** |

| | |
|---|---|
| | **образование и социјална политика"и евалуација на политиките за вработување.** |
| **Очекувани влијанија:** | Акцискиот план за вработување треба да ја операционализира Стратегијата за вработување 2020 година во насока на остварување на приоритетната цел - зголемување на вработеноста, квалитетот на работните места и продуктивноста, со посебен фокус кон ранливите групи на население. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за труд и социјална политика** |

**2.Извештај од втората седница на Мешовитиот комитет по Договорот за економска и индустриска соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Чешката Република**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Извештајот има за цел да се информира Владата за темите кои се дискутирани на седницата и за договорените активности со протоколот од седницата<br>**Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** олеснување на пристапот на меѓународните пазари на стоки и услуги преку склучување на договори за слободна трговија, за трговска и економска соработка, либерализација на трговијата со стоки и услуги. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Се очекува да се дефинираат конкретни активности и чекори кои ќе треба да ги спроведат ресорните институции во одделни области кои ќе бидат дефинирани со протоколот. |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата се обезбедени од буџетот на Министерството за економија |
| **Предлагач:** | **Министерство за економија** |

**Приоритет: Реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија**

Б) Материјали

**1.Информација за одржување на годишни летни кампови за помладата генерација Македонци кои живеат надвор од Република Северна Македонија**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со реализацијата на концептот Летен камп „Ја сакам Северна Македонија", наменет за деца на возраст од 7 до 14 години од редот на македонското национално малцинство во Регионот и македонските заедници во дијаспората, се одржува врската со матичната држава и се придонесува за зачувување, унапредување и развој на нивната посебност и национален идентитет.<br>Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** грижа за |

| | |
|---|---|
| | македонските национални малцинства во соседството и македонската дијаспора во светот |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Поддршка и зголемување на бројот на ученици со македонско потекло, кои живеат надвор од Република Северна Македонија, со цел унапредување на нивните знаења по македонски јазик, култура и историја, со оглед што истите не можат да ги стекнат преку образовните процеси во државите каде што живеат. |
| **Фискални импликации:** | Има, буџет на Министерството за надворешни работи |
| **Предлагач:** | **Министерство за надворешни работи** |

**Приоритет: Јакнење на владеењето на правото преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите, изградба на независни институции и функционален систем на локална самоуправа**

Б) Материјали

**1. Информација за примена на Законот за извршување и извршен надзор над работата на извршителите за 2018 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Се презентираат постигнатите резултати од работата на извршителите, примените барања за извршување и реализирани извршни предмети, извршени надзори над работењето на извршителите и поднесените предлози за поведување на дисциплински постапки против извршители. Воедно, со Информацијата ќе се предлагаат и мерки за унапредување и обезбедување на ефикасно и законито спроведување на извршувањето. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** јакнење на владеењето на правото преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Запознавање на Владата и општата јавност со ефектите на системот на извршувањето на извршните исправи и остварување на правата на доверителите. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за правда** |

**2. Годишен извештај за примена на Законот за бесплатна правна помош**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Годишна обврска произлегува од член 35 од Законот за бесплатна правна помош. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** унапредување на човековите права и создавање на институционални капацитети за нивна ефикасна заштита |

| | |
|---|---|
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Информирање на Владата на Република Северна Македонија за примена на одредбите од Законот |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за правда** |

## ИНИЦИЈАТИВИ КОИ НЕ СЕ ПОВРЗАНИ СО СТРАТЕШКИТЕ ПРИОРИТЕТИ

### А) Подзаконски акти

| **1.Предлог програма за формирање, чување обновување и користење на стоковните резерви за 2019 година** | |
|---|---|
| **Образложение:** | Програмата е законска обврска на Агенцијата согласно законот за стоковни резерви („Службен весник на Република Северна Македонија" број 84/08, 77/09, 24/11, 43 и 83/19) и е услов за користење на средства од Буџетот, согласно Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** Обезбедување на сигурност во снабдувањето на потрошувачите со сите видови на енергија. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Со реализација на програма за формирање, чување, обновување и користење на стоковните резерви, со Агенцијата за стоковни резерви ќе располага со квалитетни стоки за интервенција во услови на воена состојба, вонредна состојба, елементарни непогоди, еколошки катастрофи како и при поголемо нарушување на пазарот. |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата се делумно обезбедени од Буџетот на РСМ и средствата за самофинансирачки активности за стоковни резерви |
| **Предлагач:** | **Агенција за стоковни резерви** |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

# ЈУНИ

## ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ

**Приоритет: Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните**

### А) Подзаконски акти

### 1.Предлог стратегија за развој на енергетиката до 2035 година

**Образложение:** Согласно Законот за енергетика (,Службен весник на Република Северна Македонија" број 96/18), Владата на секои пет години донесува Стратегија за развој на енергетиката која се однесува на нареден период од најмалку 20 години. Со Стратегијата се определуваат: долгорочните цели за развој на одделните енергетски дејности за да се обезбеди сигурност во снабдувањето со различни видови на енергија; приоритетите за развој на енергетскиот сектор; поврзувањето на енергетските системи на Република Северна Македонија со енергетските системи на други земји; вклучувањето на пазарите на енергија во Република Северна Македонија во регионалните и меѓународните пазари на енергија; определувањето и користењето на енергетските ресурси и капацитети од стратешка важност за државата; изворите и начинот за обезбедување на потребните количини на енергија; долгорочното прогнозирање на потребите од инвестирање во производни, преносни и дистрибутивни капацитети со цел да се задоволат потребите од енергија; начинот на обезбедување на потребните финансиски средства за реализација на предвидените инвестиции; потенцијалот на обновливите извори на енергија и мерките за поддршка на искористувањето на обновливите извори на енергија со цел зголемување на учеството на енергијата произведена од обновливи извори во бруто финалната потрошувачка на енергија; стимулативните мерки за зголемување на енергетската ефикасност; мерките за намалување на користењето на фосилни горива за производство на енергија; условите и начините за обезбедување на заштита на животната средина и ублажување на климатските промени, како и мерки за реализација на заштитата; поттикнувањето на конкурентноста на пазарите на енергија според начелата на објективност, транспарентност и недискриминација; заштитата на потрошувачите; исполнувањето на обврските преземени со ратификувани меѓународни договори и другите елементи од значење за развојот на енергетскиот сектор на Република Северна Македонија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** обезбедување енергетска сигурност и стабилност и зголемување на учеството на обновливите видови на енергија во финалната потрошувачка на енергија

**Поглавје 3.15 - Енергетика; Подрачје 3.15.1 - Сигурност во снабдувањето**
**ЕПП 2018.0400.7641**

| | |
|---|---|
| **НПАА - поглавје и подрачје** | |
| **Очекувани влијанија:** | Со реализација на предложената иницијатива ќе се дефинираат долгорочните цели за развој на одделни енергетски дејности, долгорочно планирање, извори и начини за обезбедување на потребите количества енергија, стимулативни мерки и други елементи за развој на енергетскиот сектор. |
| **Фискални импликации:** | Нема, финансиските средства за изготвување на оваа стратегија се обезбедени со грант за техничка помош |
| **Предлагач:** | **Министерство за економија** |

**2. Предлог уредба за методологијата за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2020 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Се врши распределба на дотации од ДДВ кои се познати и сигурни приходи за општините и градот Скопје од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, кои се распределуваат согласно утврдени и транспарентни критериуми. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** воведување на поголема праведност во даночниот систем, праведна распределба на доходот и општественото богатство, паралелно со обезбедувањето на транспарентност во трошењето на парите на граѓаните преку државниот буџет. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Воспоставување на стабилна финансиска состојба на општините и развивање на локалната самоуправа врз основа на принципите на Европската повелба за локална самоуправа. |
| **Фискални импликации:** | Има, средства во износ од 4,5% од проценетите приходи од данокот на додадена вредност во претходната фискална година. |
| **Предлагач:** | **Министерство за финансии** |

**3. Предлог национална стратегија за електронско здравство**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Електронското здравство е средство кое се користи за да се осигура дека се обезбедуваат вистинските здравствени информации на вистинската личност на вистинското место и време во безбедна, електронска форма за да се оптимизира квалитетот и ефикасноста на здравствената заштита, истражувањето, образованието и знаењето. Инкорпорирањето на информациско - комуникациските технологии претставува приоритет при развојот на здравствените системи во насока на зголемување на ефикасноста и нивно прилагодување кон потребите и очекувањата на граѓаните. Искуството покажува дека ова прашање бара стратешко и интегрирано дејствување на национално ниво, за најдобро искористување на постојните капацитети, а истовремено обезбедувајќи цврста основа на инвестициите и иновациите. Донесување на Национална стратегија за електронско здравство ќе значи воспоставување на |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| | главните насоки, како и планирање на детални чекори кои се клучни за постигнување на долгорочни цели како што се универзален пристап до грижа, ефикасност во здравствениот сектор, реформи или друга пофундаментална трансформација. За креирање на ефикасна стратегија за е - здравство Министерството за здравство ќе го користи Прирачникот за национални стратегии за е - здравство на Светската здравствена организација и Меѓународната унија за телекомуникации (WHO&ITUNational eHealth Strategy Toolkit). Овој Прирачник тргнува од премисата дека стратегијата за е - здравство на земјата треба да се заснована националните здравствени приоритети, достапните и потенцијалните ресурси и сегашната е - здравство околина. Тој претставува цврста основа и метод за развој и имплементација на национална визија за е - здравство, акциски план за нејзино исполнувања и дава рамка за мониторинг на постигнатото. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** Развивање на ефикасен и достапен систем на здравствена заштита на населението, што подразбира зајакнување на услугите и подобрување на организацијата на здравствената заштита на сите нивоа: превентивно, примарно, секундарно и терциерно ниво. Развивање на одржлив, интегриран и ефикасен здравствен систем, заснован на еднаквоста и солидарноста, базиран на реалните потреби на граѓаните. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.01 Слободно движење на стоки; 3.02.4 Европска картичка за здравствено осигурување; Ц2 - Унапредување на веќе воспоставениот систем за електронска здравствена картичка** |
| **Очекувани влијанија:** | Преку стратегијата ќе биде развиена националната визија за е - здравство која треба да одговара на здравствените и развојните цели на нашата земја. Стратегијата за е - здравство треба да одговори на прашањето „каде нашата земјата сака да оди со здравството и како е - здравството ќе ни помогне да стигнеме таму?". Стратегијата треба да објасни ЗОШТО е потребен национален пристап кон е - здравството, КАКОВ национален план за е - здравство ќе биде потребен за да се оствари визијата и КАКО ќе се направи тоа. |
| **Фискални импликации:** | Има, Буџет на РСМ за 2019 година |
| **Предлагач:** | **Министерство за здравство** |

| **4. Предлог одлука за доделување средства за финансирање на проекти за развој на планските региони во 2019 година** | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во член 41 став 1 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на РСМ" број 63/07, 187/13, 43/14, 215/15 и 64/18), утврдено е дека Владата на Република Северна Македонија, врз основа на утврден предлог од Советот за регионален развој, донесува одлука за финансирање на проекти за развој на планските региони, подрачјата со специфични развојни потреби и на селата. **Иницијативата има индикација на поврзаност и со стратешкиот приоритет на Владата на РСМ**: Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија **и со приоритетната цел:** намалување на разликите во развојот помеѓу и во |

| | |
|---|---|
| | планските региони, зголемување на конкурентската способност на планските региони. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Со донесување на наведената одлука, ќе се создадат нормативни услови за започнување на реализацијата на конкретните проекти за развој на планските региони. |
| **Фискални импликации:** | Има, потребните средства се утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година |
| **Предлагач:** | **Министерство за локална самоуправа** |

**5. Предлог одлука за доделување средства за финансирање на проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби во 2019 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во член 41 став 1 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на РСМ" бр.63/07,187/13,43/14, 215/15 и 64/18), утврдено е дека Владата на Република Северна Македонија, врз основа на утврден предлог од Советот за рамномерен регионален развој, донесува одлука за финансирање на проекти за развој на планските региони, подрачјата со специфични развојни потреби и на селата. **Иницијативата има индикација на поврзаност и со стратешкиот приоритет на Владата на РСМ**: Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија **и со приоритетната цел:** намалување на разликите во развојот помеѓу и во планските региони, зголемување на конкурентската способност на планските региони. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Со донесување на наведената одлука ќе се создадат нормативни услови за започнување на реализацијата на конкретните проекти за развој на подрачја со специфични развојни потреби. |
| **Фискални импликации:** | Има, потребните средства се утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година |
| **Предлагач:** | **Министерство за локална самоуправа** |

**6.Предлог одлука за доделување средства за финансирање на проекти за развој на селата во 2019 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во член 41 став 1 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на РСМ" бр.63/07, 187/13, 43/14, 215/15 и 64/18), утврдено е дека Владата на Република Северна Македонија, врз основа на утврден предлог од Советот за рамномерен регионален развој, донесува одлука за финансирање на проекти за развој на планските региони, подрачјата со специфични развојни потреби и на селата. **Иницијативата има индикација на поврзаност и со стратешкиот приоритет на Владата на РСМ**: Република Северна Македонија - членка на НАТО |

| | |
|---|---|
| | и Европската Унија **и со приоритетната цел:** намалување на разликите во развојот помеѓу и во планските региони, зголемување на конкурентската способност на планските региони. |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| **Очекувани влијанија:** | Со донесување на наведената одлука, ќе се создадат нормативни услови за започнување на реализацијата на конкретните проекти за развој на селата. |
| **Фискални импликации:** | Има, потребните средства се утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година |
| **Предлагач:** | **Министерство за локална самоуправа** |

**7.Предлог проект „Ангажман на сениор експерти за развој на мали и средни претпријатија во Северна Македонија"**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Домашните компании се соочуваат со големи предизвици кои произлегуваат од недоволната екипираност, не делегирање на одговорностите, застарена технологија на производство, недиверзифицирани и недоволно развиени производи и услуги како и опрема за производство, недоволна размена на искуства и примена на европските стандарди во работењето (менаџмент, маркетинг и човечки ресурси). **Иницијативата има индикација на поврзаност со повеќе приоритетни цели:** поддршка на домашните претпријатија, пред сè на малите и средните и зголемување на нивото на платите во економијата; развој на активниот туризам како потенцијал за силен локален економски развој; поддршка на развојот и воведување на нови чисти (зелени) технологии за индустрискиот сектор; |
| НПАА - поглавје и подрачје | **НПАА - Економски критериуми**<br>**Поглавје 3.20. Претпријатија и индустриска политика** |
| **Очекувани влијанија:** | Проектот придонесува за зголемување на конкурентноста на домашните компании, зголемување на продажба на домашни и странски пазари, намалување на трошоците во работењето, а сето тоа резултира со креирање на нови работни места |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата се обезбедени во Буџетот на РСМ |
| Предлагач: | **Кабинет на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања** |

Б) Материјали

**1. Годишен извештај за управување со јавниот долг на Република Северна Македонија за 2018 година**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Изготвувањето на Годишниот извештај за управувањето со јавниот долг има за цел поблиску и на редовна основа да ги информира Владата на Република Северна |

| | |
|---|---|
| | Македонија и Собранието на Република Северна Македонија и да ја запознае јавноста со карактеристиките на вкупниот јавен долг на Република Северна Македонија, како и со чекорите кои се преземени во текот на минатата година за ефикасно управување со должничкото портфолио на Република Северна Македонија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** воспоставување на одржливо ниво на јавен долг преку одржување на умерено ниво на буџетски дефицит кое нема да придонесува за пораст на нивото на јавниот долг над долгорочно одржливо ниво. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Целта на извештајот за управување со јавниот долг на Република Северна Македонија за 2018 година е информирање на јавноста со стратешките цели за управувањето со јавниот долг и гаранциите, презентирање на детални информации за состојбата и карактеристиките на јавниот долг, ризиците на кои е изложено портфолиото, како и активностите преземени во насока на негово подобрување. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за финансии** |
| **2. Четврт национален акциски план за енергетска ефикасност до 2020 година** | |
| **Образложение:** | Донесувањето на четвртиот Национален акциски план за енергетска ефикасност до 2020г. дел од активностите утврдени во Националната програма за усогласување на националното законодавство на Република Северна Македонија со законодавството на Европската Унија. За постигнување на целите за енергетска ефикасност потребно е да се донесе четвртиот Национален акциски план за енергетска ефикасност. Четвртиот Национален акциски план за енергетска ефикасност до 2020 г. особено содржи анализа и извештај за спроведување на мерките и активностите од претходниот акциски план; вкупната индикативна цел за заштеда на енергија, како и индикативни цели на секторите, мерки и активности во врска со подобрување на енергетската ефикасност во предметниот акциски план, каде што таквите цели ќе опфаќаат заштеда на примарна енергија и заштеда на финална енергија, смалување на $CO_2$ емисии и влијание на мерките на енергетска ефикасност за смалување на емисиите; временска рамка и рокови за спроведување на конкретните мерки и активности; потребните средства за спроведување на предвидените мерки и активности и начинот на нивно обезбедување; одговорно тело или тела за спроведување на секоја од предвидените мерки или активности; образовни и промотивни активности насочени кон подигнување на свеста и поддршка за рационално користење на енергијата; законодавни мерки и мерки за политиките кои се планирани или веќе усвоени за постигнување на целите. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетните цели:** обезбедување енергетска сигурност и стабилност и зголемување на учеството на обновливите видови на енергија во финалната потрошувачка на енергија |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 3.15 - Енергетика; Подрачје 3.15.5 - Енергетска ефикасност** |
| **Очекувани влијанија:** | Со реализација на предложената иницијатива ќе се дефинираат мерки и активности за подобрување на енергетската ефикасност во следниот тригодишен период, со цел да се постигнат индикативните цели за заштеда на енергија, како и едукативни и промотивни активности насочени кон поттикнување на рационално користење на енергијата. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за економија** |

**3.Информација за развој на Националниот портал за е - услуги и Каталогот на услуги**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Националниот портал за е - услуги ќе биде платформа на која ќе може: да се развиваат нови и да се интегрираат постоечки електронски услуги; да се добиваат е - услуги кои ќе бидат поставени на порталот; да се овозможи единствена најава на корисниците; да се внесуваат и управуваат податоците за сите услуги кои ги даваат институциите (Каталог на услуги); јавно да се публикуваат информации за сите услуги кои се внесени во Каталогот. На почеток, на порталот ќе може да користат е - услуги само граѓаните, а во следната фаза (следна година) ќе се овозможи да може да се користи и за бизнисите. Како интегриран дел на порталот се јавува и БПМС (Business process management system) кој ќе овозможи уредување/организирање на внатрешните/работни процеси за генерирање на бараните електронски документи/услуги, ефикасно распоредување на работните задачи, мерење на квалитетот и ефикасноста на работењето на јавните услуги како и симулација на потребните ресурси во идно време. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** подобрување на стручноста, ефикасноста, отчетноста и транспарентноста на јавната администрација и создавање на услужно ориентирани институции со примена на нови технологии, стандарди за квалитет и мерки за сајбер безбедност. |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| **Очекувани влијанија:** | Порталот ќе им помогне на граѓаните на Република Северна Македонија да ги добиваат услугите по електронски пат, за брзо време, поднесувањето да го прават од било каде и да ги добиваат крајните документи по електронски пат. |
| **Фискални импликации:** | Има, националниот портал за е - услуги ќе предизвика фискални импликации во текот на следните години, кои се и ќе се обезбедуваат од Буџетот на РСМ и од донатори. |
| **Предлагач:** | **Министерство за информатичко општество и администрација** |

**4.Иницијатива за изготвување на Закон за млади**


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Дваесет и осум години по етаблирањето на независна и самостојна држава која ги спроведува процесот на демократизација и европеизација, статусот на младите сѐ уште не е сеопфатно и конкретно уреден во Република Северна Македонија. Категоријата млади како посебен општествен феномен како и политиката за млади претставуваат релативно нови флоскули кои се третираат во различните Европски форуми и институции. Младите претставуваат мошне динамична категорија која има допирни точки со многу други области како образование, здравство, вработеност, правда, локална самоуправа, култура и многу други. На ниво на Европа отсуствува единствена дефиниција за тоа што претставува младиот човек и на која возраст е, се разликуваат практиките за регулирање на статусот и делувањето на младите, опфатот на областите кои ги засегаат е различен и променлив и зависи од општите социјално економски практики. Она што ги обединува европските практики е дека се преземаат напори за регулирање на областа на младите на ниво на Европска Унија и Совет на Европа, но и дека по оделните земји развиваат или веќе имаат добро развиени младински политики кои се регулирани со законски решенија. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Постојната законска регулатива во многу мала мера го третира прашањето, положбата и улогата на младите во Република Северна Македонија. Носењето на посебни законски решенија за младите како на пример одделен Закон за млади и придонел за уредување на статусот, начинот на организирање и регистарција, како и формите на делување на младите во Република Северна Македонија. |
| **Фискални импликации:** | Има, финансиските средства ќе бидат обезбедени од буџетот на АМС, Програма млади |
| **Предлагач:** | **Агенција за млади и спорт** |

**5.Иницијатива за воведување на регистар за осигуреници од задолжително социјално осигурување**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Институциите од задолжително социјално осигурување (ФОНД на ПИОСМ, Фонд за здравствено осигурување на Северна Македонија, АВРСМ, МАПАС и УЈП) добиваат податоци и водат евиденција за осигурениците од задолжително социјално осигурување. Дополнително, податоците за осигурениците ги користат и приватните пензиски фондови и истите се од влијание за идните пензии на членовите во двостолбниот пензиски систем. Со новите измени во законската регулатива од пензиско осигурување утврдени се недостатоци и проблеми во размена и ажурирање на податоци од задолжително социјално осигурување. Преку воведување на регистар за осигуреници ќе се овозможи единствена евиденција за секој осигуреник како и едновремено ажурирање на сите промени на податоците. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетна цел:** Спроведување макроекономска политика насочена кон задржување на макроекономската стабилност, зголемување на конкурентноста на економијата и зголемување на вработеноста |

| | |
|---|---|
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Ќе се имплементира единствен регистар на податоци за осигуреници од задолжително социјално осигурување преку кои сите засегнати институции ќе даваат и примаат ажурирани податоци во секое време. Ова ќе придонесе во подобрување на квалитетот на податоците за осигурениците, намалување на грешките поради ненавремено ажурирање на промените, ефективност во промената и побрзо остварување на правата од социјално осигурување. |
| **Фискални импликации:** | Има, во моментот фискалните импликации не можат да се квантифицираат, но истите ќе се обезбедат преку Светска Банка |
| **Предлагач:** | **Министерство за труд и социјална политика** |

**Приоритет: Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија**

А) Подзаконски акти

**1.Предлог одлука за упатување на припадници на Армијата на Република Северна Македонија во мировната операција на ООН „УНИФИЛ" во Либан**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Зголемувањето на придонесот на Република Северна Македонија во мисиите предводени од ООН претставува потврдување на посветеноста на Република Северна Македонија кон глобалниот мир и безбедност. Со заедничкиот придонес со Република Италија во мисијата УНИФИЛ во Либан, de facto се продлабочува билатералната соработка со Италија и се создаваат услови за понатамошно унапредување на истата. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** активно учество во меѓународни операции на Организацијата на обединетите нации. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Стратегиско партнерство со Организацијата на обединетите нации; продлабочување на билатералната соработка со Република Италија; презентирање на Република Северна Македонија како рамноправен партнер во рамките на ООН кој се залага за зачувување на заедничките вредностите и споделување на обврските; продлабочување и унапредување на билатералната соработка со Република Италија. |
| **Фискални импликации:** | Има, финансиските средства се обезбедени со буџетот на Министерството за одбрана за 2019 година |
| **Предлагач:** | **Министерство за одбрана** |

**2. Предлог одлука за упатување на припадници на Армијата на Република Северна Македонија во мировната мисија „Одлучна поддршка во Авганистан"**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Зголемувањето на придонесот на Република Северна Македонија во меѓународните операции предводени од НАТО претставува конкретна потврда за цврстите стратегиски определби на Република Северна Македонија за членство во Алијансата и потврда за подготвеноста за преземање на обврските како полноправна членка на НАТО. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** активно учество во меѓународни операции предводени од НАТО. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Добивање на полноправно членство во НАТО. Презентирање на Република Северна Македонија како партнер од доверба во рамките на меѓународната заедница и НАТО, кој се залага за зачувување на заедничките вредности и споделување на обврските како и промовирање на заложбите за воспоставување на безбедност и мир на глобално и регионално ниво. |
| **Фискални импликации:** | Има, финансиските средства се обезбедени со буџетот на Министерството за одбрана за 2019 година |
| **Предлагач:** | **Министерство за одбрана** |

**3. Предлог стратегија за надворешна политика**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Стратегијата има за цел да ја афирмира нашата надворешна политика и да ги оствари интересите на Република Северна Македонија на меѓународен план. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** Република Северна Македонија да биде суверен, почитуван и просперитетен меѓународен субјект со иницијативи и конкретни чекори на добро осмислена и реална, државнички и професионално водена надворешна политика што ќе доведе до надминување на предизвиците и заканите по развојот и безбедноста |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Унапредување и јакнење на соработката и односите со европските и вон европските држави на билатерален, регионален и мултилатерален план |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за надворешни работи** |

**4.Предлог правилник за мерилата**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Иницијативата произлегува од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ 2019 - 2021 (НПАА) и Планот 18 усвоен на 30.10.2018 година. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.01; ЕПП2016.0480.7364** |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување и унапредување на постоечката регулатива |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за економија,** Биро за метрологија |

| **5. Предлог правилник за неавтоматски ваги** | |
|---|---|
| **Образложение:** | Иницијативата произлегува од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ 2019 - 2021 (НПАА) и Планот 18 усвоен на 30.10.2018 година. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.01; ЕПП 2016.0480.7365** |
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување и унапредување на постоечката регулатива |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за економија**<br>Биро за метрологија |

| **6. Предлог правилник за технички спецификации кои опремата и системите на ОИЕ мора да ги исполнуваат** | |
|---|---|
| **Образложение:** | Иницијативата произлегува од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ 2019 - 2021 (НПАА) и Планот 18 усвоен на 30.10.2018 година. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.15.4;ЕПП 2018.0400.7677** |
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување и унапредување на постоечката регулатива |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за економија** |

| **7. Предлог правилник за лиценцирање на инсталатори** | |
|---|---|
| **Образложение:** | Иницијативата произлегува од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ 2019 - 2021 (НПАА) и Планот 18 усвоен на 30.10.2018 година. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.15.4; ЕПП 2015.0400.7233** |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување и унапредување на постоечката регулатива |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за економија** |

**8.Предлог уредба за класификацијата на подземни води**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Владата на РСМ да се запознае со Предлог-уредбата за класификација на подземни води. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** обезбедување квалитетна животна средина на граѓаните преку заштита и унапредување на животната средина во функција на исполнување на принципите на одржливиот развој преку постигнување на стандардите на Европската Унија и планирање и одржливо користење на просторот и природните богатства и развивање на институционалните капацитети. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **ЕПП број: 2015.0000.7248** |
| **Очекувани влијанија:** | Со уредбата ќе се овозможи класификација на подземни води во Република Северна Македонија |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за животна средина и просторно планирање** |

**9.Предлог план за интегрирано управување со екосистемот во сливот на Преспанско Езеро во Албанија, Северна Македонија и Грција и спроведување на мерки од Планот за управување со подрачје на речен слив со Преспанско Езеро**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Изработка на План за интегрирано управување со екосистемот во сливот на Преспанско Езеро и спроведување на мерки од Планот за управување со подрачје на речен слив со Преспанско Езеро. Во рамките на проектот ќе се обезбеди зајакнување на административните капацитети на локално и централно ниво. Плански документ согласно барањата од законот за водите и согласно барањата на Рамковната директива за води. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** подобрување на животниот стандард на населението, заштита на животната средина и развој на општините преку подобрување на водоснабдувањето и одводот на отпадните води и изградба и реконструкција на водоснабдителни и канализациски системи со третман на отпадни води; зголемување на јавната свест и едукација на населението од областа на животната средина и реализација на кампањи од областа на заштитата на животната средина; планирање и одржливо користење на просторот и природните богатства и развивање на институционалните капацитети; |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **3.27.04. Квалитет на водата Ц6** |

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | **Подобрување на статусот на водните тела на сливот на река Струмица, а со тоа и подобрување на социо-економскиот развој на регионот.** |
| **Фискални импликации:** | Нема, финансиските средства се обезбедени од ГЕФ и УНДП |
| **Предлагач:** | **Министерство за животна средина и просторно планирање** |

**10. Предлог стратегија за деконтаминација на земјоделските површини загадени со тешки метали, како последица од индустриското загадување на животната средина**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Иницијативата се однесува на донесување на Стратегија во Република Северна Македонија за начинот на решавање на проблемот за почвите загадени со тешки метали. Постојат повеќе начини за прочистување (ремедијација) на почвата, но стручната фела треба да донесе одлука и препорака на кој начин и каде треба да се промени соодветниот метод. Некои се поевтини, други поскапи, едни методи се побрзи, а други бараат подолг временски период. Со оглед на фактот дека во загадените индустриски региони се произведуваат различни земјоделски култури, потребно е врз основа на Стратегијата да се одреди како ќе се деконтаминираат загадените подрачја, а за реализација на Стратегијата е потребно да се овозможи прочистување на почвата и создавање услови за производство на здрава храна. Како држава во која земјоделството е една од најзначајните економски гранки и конкурентно на европскиот пазар поради поволните климатски услови и квалитетното земјоделско производство, Р. Северна Македонија ќе има огромни проблеми да извезува храна загадена со тешки метали на европскиот пазар. Концентрациите на тешки метали во растенијата се неколку пати над МДК (максимално дозволените граници), со што храната произведена во овие земјоделски региони е штетна и опасна и не ги задоволува европските норми за квалитет на храна, со што станува неконкурентна и покрај останатиот квалитет и конкурентноста. Стратегијата би можела да биде дел од Законот за почви, кој во иднина треба да се донесе во во Р. Северна Македонија, како обврска во пристапот кон ЕУ. Потребни се средства за реализација на Стратегијата, врз основа на планот како ќе се реши деконтаминацијата на површините, пред сè за субвенционирање на земјоделските култури ако се врши деконтаминација со фиторемедијација (во Велешикот Регион се врши со маслодајна репка) или набавка на хемиски материјали како зеолит или други минерали со кои се врши имобилизација на штетните материи во почвата. Иницијативата **има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на РСМ:** намалување на аерозагадувањето **и повеќе приоритетни цели.** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Подготвена и усвоена Стратегија за деконтаминација на земјоделските површини загадени со тешки метали; преземање на активности за ремедијација на земјоделските површини; производство на здрава храна, после деконтаминацијата на загадените земјоделски површини; подобра конкретност на земјоделските производи, како на домашниот, така и на европскиот пазар. Со спроведување на Стратегијата се предвидува намалување на концентрацијата на тешки метали во |

| | |
|---|---|
| | почвата околу големите индустриски капацитети (Велес, Скопје, Тетово, Битола и Кавадарци), како и детоксификација на храната која се произведува на оваа почва и претставува опасност по здравјето на луѓето. Производство на здрава храна преставува основна стратешка цел и право на граѓаните на Р. Северна Македонија. Покрај еколошкиот, загадената почва, а со тоа и загадената храна имаат големо влијание врз здравјето на луѓето(штетно влијание од тешките метали во овошјето и зеленчукот), како и социјално - економско значење бидејќи земјоделците кои произведуваат производи на загадени површини тешко ги продаваат своите производи на зелените пазари, токму поради контаминираноста на површините на кои проведуваат, за што се свесни конзументите на храна. |
| **Фискални импликации:** | Има, (ЕД „Вила Зора" - Велес за изготвување на стратегија е поддржана од УСАИД со 120.000 долари на тригодишен проект, а потребни се и дополнителни средства од Буџетот на РСМ за спроведување на Стратегијата) |
| **Предлагач:** | **Министерство за животна средина и просторно планирање**<br>Врз основа на иницијатива на еколошко друштво „Вила Зора" - Велес |

**Б) Материјали**

**1. Предлог за склучување на Договори меѓу Република Казахстан и Република Северна Македонија за меѓусебна правна помош во кривични предмети, екстрадиција и трансфер на осудени лица**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Република Северна Македонија и Република Казахстан досега немаат склучено билатерален договор за меѓународната правна помош во кривичните предмети и екстрадиција и трансфер на осудени лица. Од страна на Република Казахстан покрената е иницијатива за склучување на билатерални договори. Постапката е во тек. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** унапредување на добрососедските односи, активно учество во регионалните иницијативи и јакнење на соработката со европските и вон европските земји, на билатерален, регионален и мултилатерален план |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Со склучувањето на Договор меѓу Република Северна Македонија и Република Казахстан во областа на меѓусебна правна помош, екстрадиција и трансфер се очекува попрецизно регулирање на постапките за давање на меѓународна правна помош во кривичните предмети, имајќи предвид дека Република Казахстан не е потписник на конвенциите и на дополнителните протоколи кон Европската конвенција за меѓусебна правна помош во кривичната материја и Европската конвенција за екстрадциија |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за правда** |

**2.Информација за четиринаесеттиот состанок на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција помеѓу ЕУ и РСМ во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација во Скопје во мај 2019 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Оваа информација има за цел да ја информира Владата за четиринаесеттиот состанок на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција помеѓу ЕУ и РСМ во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација во Скопје во мај 2019 година и да се задолжат институциите за исполнување на обврските преземени од Поткомитетот. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** Започнување и успешно водење на процесот на преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија; Квалитетно управување и координација со структурите во процесот на пристапување во Европската Унија. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Навремено задолжување и остварување на преземените обврски од состанокот со Европската комисија |
| **Фискални импликации:** | Има |
| **Предлагач:** | **Секретаријат за европски прашања** |

**3.Информација за подготовките за учество на делегација од Република Северна Македонија на Конференцијата на високо ниво за Западен Балкан (Берлински процес) во Полска (Познан), јули 2019, со Предлог-платформа за настап на делегацијата**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Целта на Конференцијата (Берлински процес) е изградба на рамка за унапредување на односите меѓу земјите од Западен Балкан во насока на достигнување на економски развој и раст, отворена пазарна економија, техничко и хумано поврзување и решавање на отворените билатерални прашања, односно постигнување на забрзан реформски напредок во интерес на поскора интеграција со ЕУ. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** зголемување на економскиот раст со надградба и подобрување на транспортната инфраструктура во сите сегменти и воспоставување на интегрирана и интерконектирана транспортна мрежа. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Запознавање на членовите на Владата со целта и Предлог-платформата за настап на македонската делегација на предметната конференција |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за надворешни работи** |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| 4.Иницијатива за градење на систем на т.н. „Виртуелен конзулат" | |
|---|---|
| **Образложение:** | **Во соработка со Министерството за правда** - Управа за водење на матичните книги на родените, венчаните и умрените, да се овозможи електронско издавање на изводи, како и информации од областа на семејството, заштита на правата на децата и други прашања од интерес на дијаспората. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** грижа за македонските национални малцинства во соседството и македонската дијаспора во светот. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Позитивен однос на државјаните кои по разни основи престојуваат во странство кон државните институции на матичната држава и подигање на нивото на доверба. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за надворешни работи** |

**Приоритет: Одлучна и неселективна борба со организираниот криминал и корупцијата**

Б) Материјали

| 1. Информација за Извештајот на ГРЕКО (Група на држави против корупција) на Совет на Европа за евалуација на Република Северна Македонија - петти круг на евалуација | |
|---|---|
| **Образложение:** | Република Северна Македонија е членка на ГРЕКО од октомври 2000 година. Од своето зачленување во ГРЕКО до денес Република Северна Македонија успешно ги помина првите три кругови на евалуација, во тек е четвртиот круг на евалуација, а започна и петтиот круг на евалуација (на тема: „Спречување на корупција и промовирање на интегритет кај централната власт - највисоките извршни функции и органите за спроведување на законот"), кој е во фаза на изготвување на Извештај за евалуација од страна на надлежниот експертски тим на ГРЕКО. Во март 2018 година се испратени одговори на Прашалникот на ГРЕКО за петтиот круг, а во периодот 1 - 5 октомври 2018 година се одржа и посета на Република Северна Македонија од страна на експертски тим на ГРЕКО. Врз основа на информациите кои се добиени од одговорите на Прашалникот и од средбите остварени со надлежните институции и лица во рамките на експертската посета како и од бројните дополнителни материјали кои се доставени, надлежниот експертски тим на ГРЕКО ќе подготви Извештај за евалуација, кој ќе биде усвоен на пленарна седница на ГРЕКО. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** одлучна и неселективна борба со организираниот криминал и корупцијата, реформи во насока на владеење на правото, изградба на независни институции и зголемување на јавната безбедност. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Се очекува во рамките на Извештајот за евалуација на Република Северна Македонија - петти круг да се упатат одредени препораки на државата, кои ќе бидат во насока на подобрување на правниот и институционалниот систем на државата за борба против корупцијата, пред сè во однос на полицијата и највисоките извршни функции - кои се предмет на овој круг на евалуација |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за правда** |

А) Подзаконски акти

## ИНИЦИЈАТИВИ СО СРЕДЕН ПРИОРИТЕТ

**Приоритет: Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија**

| **1.Предлог одлука за утврдување на листата на стоки и технологии со двојна употреба** | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согласно член 5 точка 1 од Законот за контрола на извозот на стоки и технологии со двојна употреба, Комисијата за извоз на стоки и технологии со двојна употреба и предлага на Владата на Република Северна Македонија донесе Одлука за утврдување на Листа на стоки и технологии со двојна употреба. Листата на стоки и технологии со двојна употреба ќе се усогласи со најновите измени. Листата на стоки и технологии со двојна употреба на ЕУ кои се направени во 2017 година, а која се очекува ЕУ да ја донесе до крајот на 2017 година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** активно учество во меѓународната борба против современите безбедносни закани и предизвици, вклучително тероризмот, насилниот екстремизам и феноменот на странските борци и миграциите. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.30. Надворешни односи** |
| **Очекувани влијанија:** | Со донесувањето на листата ќе се оствари напредок во усогласувањето на националното законодавство со законодавството на ЕУ и ќе се исполнат меѓународните обврски на Република Северна Македонија во меѓународната борба против современите безбедносни закани и предизвици, вклучително тероризмот, насилниот екстремизам и феноменот на странските борци и миграциите. Оваа листа ја имаат прифатено сите земји кои го подржуваат меѓународниот режим за контрола на извозот и имаат донесено национална легислатива по однос на контролата на извозот, брокеринг и транзит на стоки и технологии со двојна употреба. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за економија** |

| 2.Предлог национална стратегија за заштита на потрошувачите 2018 - 2022 година | |
|---|---|
| **Образложение:** | Иницијативата произлегува од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ 2019 - 2021 (НПАА) и Планот 18 усвоен на 30.10.2018 година.<br>„Сообразување на законодавството и спроведување на законите", член 68 приспособување на законите на Република Северна Македонија со правото на Европската Унија. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** макроекономска политика насочена кон безусловно задржување на финансиската и макроекономската стабилност и зголемување на конкурентноста на економијата на трајна основа, зголемување на вработеноста и социјална заштита на најранливите категории, пред сѐ преку натамошно подобрување на деловното окружување и креирање еднакви можности за економски раст и развој на сите учесници во економските процеси. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.28 - Заштита на потрошувачите и јавно здравје** |
| **Очекувани влијанија:** | Главна цел на Стратегијата за заштита на потрошувачите за периодот 2018 - 2022 г. е да го поттикне потрошувачот да стане активен учесник на пазарот Унапредување на заштитата на потрошувачите со натамошна хармонизација на Законот за заштита на потрошувачите и ефикасно спроведување на правото во делот на заштита на потрошувачите.Политиката за заштита на потрошувачите во Република Северна Македонија во следниот петгодишен период ќе се фокусира на понатамошен развој на стандарди за заштита на потрошувачите што имплицира дека заштитата на потрошувачите е комплементарна со сите секторски политики и обезбедува високи стандарди за заштита на потрошувачите на начин со кој се заштитуваат економските интереси на потрошувачите, се овозможува информирање и едуцирање на потрошувачите и се утврдуваат едноставни процедури за решавање на поплаките на потрошувачите.Стратегијата за заштита на потрошувачите ќе овозможи: подобро информирање и едуцирање на потрошувачите за нивните права; обезбедување на потрошувачите со инструменти за брзо решавање на споровите; подобро остварување на правата на потрошувачите преку ефективен надзор на пазарот; понатамошен развој на политиката за безбедност на производите; зајакнување на независноста и репрезентативноста на здруженијата за заштита на потрошувачите; зајакнување на улогата на локалната и регионалната самоуправа во реализација на политиката за заштита на потрошувачите. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за економија** |

**3.Предлог правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката за земање примероци, начин и методи на вршење на лабораториски анализи на храната за животни**


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Понатамошно усогласување со законодавството на Европската Унија, поточно Регулативата32017R0771 во насока на целосно усогласување. Иницијативата **има индикација на поврзаност и со стратешкиот приоритет на Владата на РСМ:** развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните **и со приоритетната цел:** зголемување и поддршка на развојот на индустриско - преработувачките капацитети кои ќе бидат извозно ориентирани и ќе создаваат производи со повисока додадена вредност, поддршка на индустриските капацитети кои ќе овозможат супституција на увозот. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **ЕПП: 2018.0886.7554; Поглавје 12 - 3.12. Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика, Подрачје - 3.12.2. Ветеринарна политика** |
| **Очекувани влијанија:** | Побрзи и почувствителни методи за испитување на можното присуство на одредени опасни материи во храната (диоксини, полихлорирани бифенили слични на диоксини и полихлорирани бифенили кои не се слични на диоксините). Тоа ќе овозможи олеснето вршење на официјалните контроли, избегнување на непотребно строги и ограничувачки правила заради сомнеж (во случај кога аналитичката метода не е доволно веродостојна) и одржување на висок степен на здравствена заштита на животните преку избегнување на болести преносливи со храна за животни/хронични труења кај животните. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Агенција за храна и ветеринарство** |

Б) Материјали

**1.Извештај за работата на Националното координативно тело за превенција, намалување на ризиците и заштита од хемиски, биолошки, радијациони и нуклеарни оружја и материјали во 2018 година, како и за имплементацијата на Националниот акциски план за спроведување на Резолуцијата 1540 на Советот на безбедност на ОН**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информацијата има за цел запознавање на Владата со активностите на ХБРН телото и имплементацијата на резолуцијата на СБ на ОН 1540. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** Република Северна Македонија да биде суверен, почитуван и просперитетен меѓународен субјект со иницијативи и конкретни чекори на добро осмислена и реална, државнички ипрофесионално водена надворешна политика што ќе доведе до надминување напредизвиците и заканите по развојот и безбедноста. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **НПАА - Поглавје 31 - ЗНБП на ЕУ; ГНП за членство во НАТО** |
| **Очекувани влијанија:** | Функционирањето на Телото овозможува зајакнување на националниот систем за превенција, намалување на ризиците и заштита од ХБРН оружја и материјали, како и подобра координација на активностите и процесите кои произлегуваат од |

| | |
|---|---|
| | предметната област меѓу надлежните органи на Владата на Република Северна Македонија. Истото придонесува и за зајакната соработка со главните партнери во сферата на ХБРН заканите - ЕУ и САД |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за надворешни работи** |

| | |
|---|---|
| **2. Информација за проектот „Изградба на систем за третман на отпадни води во Општина Кочани"** | |
| **Образложение:** | Во рамките на проектот ќе се реализираат следните активности: изградба на дел од канализациска мрежа, главен собирен колектор и станица за третман на отпадни води во Општина Кочани. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** натамошно зголемување на инвестициите во животната средина и преземање на активности за намалување на климатските промени преку постигнување на пониско ниво на емисијата на штетни гасови; подобрување на животниот стандард на населението, заштита на животната средина и развој на општините преку подобрување на водоснабдувањето и одводот на отпадните води и изградба и реконструкција на водоснабдителни и канализациони системи со третман на отпадни води. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Ц47 Изградба на системи за третман на отпадни води** |
| **Очекувани влијанија:** | Со изградбата на систем за третман на отпадни води во Општина Кочани се пристапува кон директна имплементација на Законот за води во делот на третман на отпадни води. |
| **Фискални импликации:** | Има, вкупната вредност на проектот изнесува 23.069.000,00 CHF, од кои од швајцарската Влада преку SECO се обезбедени 20.985.000 CHF, кофинансиран од Владата на РСМ преку МЖСПП со финансиски средства во висина од 1.785.000,000 CHF и Општина Кочани со ЈП Водовод - Кочани во висина од 299.000,00 CHF. |
| **Предлагач:** | **Министерство за животна средина и просторно планирање** |

| | |
|---|---|
| **3.Информација за утврдување на потребата од влегување во процес на подготовка на Закон за дијаспора** | |
| **Образложение:** | Утврдување на потребата од влегување на процес на подготовка на Закон за дијаспора со цел првенствено да се утврди потребата од таков закон и при тоа да се влезе во процедура на изработка на тој закон.Крајната цел е регулирање на односите и соработката помеѓу државата и дијаспората. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** грижа за македонските национални малцинства во соседството и македонската дијаспора во светот; |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | |

| | |
|---|---|
| | / |
| **Очекувани влијанија:** | Регулирање на односите и соработката помеѓу државата и дијаспората |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Кабинет на министерот без ресор задолжен за дијаспора** |

**4.Информација за доделување на годишна награда/признание на граѓани на Република Северна Македонија кои живеат во странство за особен придонес во промоција на државата во различни области**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информирање на Владата на Република Северна Македонија за реализирање на настан во форма на годишна конференција или т.н. ден на дијаспора, на кој на индивидуалци од дијаспората ќе им бидат доделени признанија за постигнат особен придонес во промовирање на државата во различни области. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** грижа за македонските национални малцинства во соседството и македонската дијаспора во светот; |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Зајакнување на соработката помеѓу државата и дијаспората. |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата се обезбедени од Буџетот на РСМ, Владата на РСМ |
| **Предлагач:** | **Кабинет на министерот без ресор задолжен за дијаспора** |

**Приоритет: Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните**

А) Подзаконски акти

**1. Предлог нова рамка за развојна соработка на ОН со Република Северна Македонија за периодот 2021 - 2025 г. (што претставува петгодишна програма за поддршка на развојот на Република Северна Македонија од системот на ОН)**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Продолжување на редовната соработка со системот на ОН на планот на развојот во Република Северна Македонија со нов петгодишен циклус. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** Подобрување на животниот стандард на населението, заштита на животната средина и развој на општините преку подобрување на водоснабдувањето и одводот на отпадните води и изградба и реконструкција на водоснабдителни и канализациски системи со третман на отпадни води. Обезбедување квалитетна животна средина на граѓаните преку заштита и унапредување на животната средина во функција на исполнување на принципите на одржлив развој преку постигнување на стандардите на ЕУ. |

| | |
|---|---|
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Очекувани позитивни влијанија во сферата на социјалната политика и инклузија, доброто управување, регионалниот развој, локалната самоуправа и заштитата на животната средина. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за надворешни работи** |

**Б) Материјали**

**1. Иницијатива за корекција на такса за фирма, односно назив на деловните простории на трговските друштва и другите правни лица**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Основна причина заоваа иницијатива за измени и дополнувања на Законот за комуналните такси („Службен весник на Република Северна Македонија" број 61/04, 64/05, 92/07, 123/12, 154/15 и 23/16) е потребата од воспоставување на пропорционално и правично оптоварување на деловните субјекти со комунални такси врз основа на нивната големина односно остварените приходи. Врз основа на постојното законско решение, сите деловни субјекти плаќаат еднаков износ на комунална такса за фирма независно од нивната големина, остварениот приход или обемот на користењето на комуналната инфраструктура. Иницијативата има за цел освен да обезбеди пропорционално и правично оптоварување на деловните субјекти, да обезбеди и намалување на административните трошоци пред сè за микро претпријатијата, за кои комуналната такса за фирма во почетниот период претставува значително оптоварување. За предложениот модел предвидено е да се спроведат консултации со бизнис заедницата, со општините и градот Скопје, вклучително и ЗЕЛС, коишто се засегнати од предложената иницијатива. Од првичните консултации со единиците на локална самоуправа добиени се позитивни сигнали во однос на идејата врз која е креирана оваа иницијатива. Иницијативата е во согласност со Програмата на Владата на Република Северна Македонија за периодот 2017 - 2020 година во рамки на којашто е предвидено „Намалување на фирмарината за претпријатија со помалку од 5 вработени со што ќе се намалат трошоците на работењето и ќе се поттикне започнувањето на сопствен бизнис". **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** поддршка на домашните претпријатија, пред сè на малите и средните претпријатија, отворање на нови работни места со активни мерки за вработување и зголемување на нивото на платите во економијата. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | (НПАА): II. Економски критериуми;2.1. Постоење на функционална пазарна економија; III. Способност за преземање на обврските од acquis; **Поглавје 3.06. Право на трговски друштва; Поглавје 3.20. Претпријатија и индустриска политика** |

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Импликации врз буџетите на локално ниво (единици на локална самоуправа) не се очекуваат, односно со предложениот модел буџетот по оваа основа ќе остане непроменет (за најголемиот дел од единиците на локална самоуправа). Моделот предвидува само прераспределување на оптоварувањето при што за 2/3 од претпријатијата, моделот предвидува намалување на износот којшто го плаќаат со постојното законско решение. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Кабинет на Министерот без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија** |

**2. Информација за рамномерен културен развој**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Рамномерен културен развој и перманентна поддршка на проекти и содржини во сите општини во Република Северна Македонија преку подвижноста на установите и достапноста на културните содржини од поголеми урбани средини, пред сè од главниот град во помалите населени места и обратно. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** спроведување на културна политика во која клучните вредности се слободата на творештвото, еднаквоста и универзалното добро, а најважните движечки принципи се пристапноста, учеството и еднаквите услови и права за сите. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Рамномерен културен развој во функција на дисперзија на културата и создавање општествен амбиент за поттикнување на креативноста на локално ниво со цел достапност на културните вредности до граѓаните и нивно масовно користење во општините во РМ, со што ќе се придонесе за поттикнување и економскиот развој на самата општина. |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата се планирани во буџетот на Министерството за култура |
| **Предлагач:** | **Министерство за култура** |

**3. Информација за развој на граѓанското општество со овозможување достапност на културните вредности за граѓаните**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Министерството за култура преку главните носители на културниот живот - институциите и организациите од културата, уметниците и сите луѓе со креативна визија - да овозможи поддршка на проекти со цел создавање услови за достапност на културните содржини од сите дејности од областа на културата за сите граѓани во Република Северна Македонија. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** спроведување на културна политика во која клучните вредности се слободата на творештвото, еднаквоста и универзалното добро, а |

| | |
|---|---|
| **НПАА - поглавје и подрачје** | најважните движечки принципи се пристапноста, учеството и еднаквите услови и права за сите. / |
| **Очекувани влијанија:** | Развој на граѓанското општество со овозможување достапност на културните вредности за граѓаните и создавање општествен амбиент за поттикнување на креативноста преку реализација на содржини од сите дејности од областа на културата достапни за сите граѓани во Република Северна Македонија. |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата се планирани финансиски во буџетот на Министерството за култура |
| **Предлагач:** | **Министерство за култура** |

**4.Информација за стимулирање и поддршка на стручни и дефицитарни кадри во областа на културата**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Министерството за култура преку конкурс продолжува со стимулирање и поддршка на стручно усовршување на талентирани уметници и дефицитарни стручни кадри во областа на театарот, музиката, танцот, литературата, визуелните уметности, архитектурата и дизајнот и заштитата на недвижното, движното и нематеријалното културно наследство. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** спроведување на културна политика во која клучните вредности се слободата на творештвото, еднаквоста и универзалното добро, а најважните движечки принципи се пристапноста, учеството и еднаквите услови и права за сите. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Со еднократната финансиска поддршка Министерството за култура го остварува својот придонес кон унапредување и развој на културата преку поддршката на лицата запишани на содржински поразлични, квалитетни и едукативни програми во областа на културата. |
| **Фискални импликации:** | Има, планирани финансиски средства во буџетот на Министерството за култура |
| **Предлагач:** | **Министерство за култура** |

**5. Информација за одржување на Конференција во Република Северна Македонија за почесните конзули на Република Северна Македонија во странство**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Почесните конзули на Република Северна Македонија во странство имаат обврска да ја промовираат Република Северна Македонија во државата на приемот и да ги презентираат можностите и предностите за инвестирање во и можностите за извоз од Република Северна Македонија, во координација и соработка со МНР на Република Северна Македонија. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** промоција на македонските економски интереси во странство и водење на активна и транспарентна политика на привлекување странски |

| | |
|---|---|
| | директни инвестиции преку стимулирање на привлекувањето на инвестиции со поголема додадена вредност, кои обезбедуваат поврзување со домашните претпријатија. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Интензивирање на активностите со почесните конзули во функција на привлекување на странски инвестиции, промоција на извозот и туристичките потенцијали. |
| **Фискални импликации:** | Има, буџет на МНР |
| **Предлагач:** | **Министерство за надворешни работи** |

**6.Извештај од четвртата седница на Мешовитата комисија по Договорот за економска соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Унгарија**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Извештајот има за цел да се информира Владата за темите кои се дискутирани на седницата и за договорените активности со протоколот од седницата. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** олеснување на пристапот на меѓународните пазари на стоки и услуги преку склучување на Договори за слободна трговија, за трговска и економска соработка, либерализација на трговијата со стоки и услуги. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Се очекува да се дефинираат конкретни активности и чекори кои ќе треба да ги спроведат ресорните институции во одделни области кои ќе бидат дефинирани со протоколот. |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата се обезбедени од буџетот на Министерството за економија |
| **Предлагач:** | **Министерство за економија** |

**Приоритет: Реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија**

**Б) Материјали**

**1.Иницијатива за воспоставување на информациски систем за поддршка на операции за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во моментов во Република Северна Македонија не поседува ваков информациски систем. Истиот е потребен затоа што ќе обезбеди поефикасно дејствување на терен, а со тоа на долг рок заштеда на ресурси и поголема безбедност на граѓаните и материјалните добра од природните непогоди и другите несреќи. До полнително воспоставувањето на ваквиот информациски систем во Дирекцијата за заштита и спасување е предуслов за наше целосно интегрирање во Механизмот за цивилна заштита на ЕУ и каде сме рамноправна членка од 2012 година. Ваквите системи |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| | функционираат во сите држави на ЕУ и членки на Механизмот за цивилна заштита. Истите се користат пред сѐ за поддршка на операции, но и во делот на превенцијата преку мапирање на критични точки, разработка на можни сценарија, рано предупредување на граѓаните итн. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетните цели:** квалитетно управување и координација со структурите во процесот на пристапување во Европската Унија; развој на електронските комуникации во Република Северна Македонија и подобрување на стручноста, ефикасноста, отчетноста и транспарентноста на јавната администрација и создавање на услужно ориентирани институции со примена на нови технологии, стандарди за квалитет и мерки за сајбер безбедност. |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| **Очекувани влијанија:** | Воспоставениот информациски систем ќе овозможи целосна дигитализација на процесот на одлучување при водењето на операции за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи. На локално ниво тоа ќе обезбеди побрза и поефикасна реакција на силите за заштита и спасување, а на централно ниво ќе помогне во формирањето на целосен увид во ситуацијата, носење на стратешки одлуки базирани на знаење и со тоа ефикасен одговор на државата. Во таа насока Дирекцијата за заштита и спасување како оперативно - стручно тело на Владата на Република Северна Македонија преку овој систем во целост ќе може да ја оправда својата функција. Дополнително воспоставувањето на овој информациски систем во Дирекцијата за заштита и спасување го предизвикал и организациски промени што ќе отвори простор за поголема искористеност на лица со соодветна стручна наобразба на информатичките технологии кои во моментов се дефицитарен кадар. |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата не се обезбедени од Буџетот на РСМ и истите треба да бидат обезбедени |
| **Предлагач:** | **Дирекција за заштита и спасување** |

**Приоритет: Јакнење на владеењето на правото, преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите, изградба на независни институции и функционален систем на локална самоуправа**

Б) Материјали

| | |
|---|---|
| **1. Информација за примена на Законот за нотаријатот за 2018 година** | |
| **Образложение:** | Се презентираат податоци за спроведување на Законот за нотаријатот од аспект на редовна нотарска дејност, надлежноста на нотарите да ја потврдуваат задолжницата согласно Законот за задолжница, надлежноста на нотарите да донесуваат решенија за издавање на нотарски платен налог и надлежноста на нотарите да спроведуваат оставински постапки како повереници на судот. Едновремено Владата ќе биде запознаена со бројот и ефектите од извршени надзори над нотарите и поднесените предлози за поведување на дисциплински |

| | |
|---|---|
| | постапки против нотари, а во правец на обезбедување на законитост во работењето на нотарите. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** јакнење на владеењето на правото преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Унапредување на нотаријатот и обезбедување на законито и ефикасно давање на нотарските услуги на граѓаните и правните лица преку извршениот надзор над работата на нотарите. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за правда** |

**Приоритет: Реформи во правосудството**

**Б) Материјали**

**1. Информација за кадровската екипираност и материјално - техничката опременост на судската полиција**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информацијата ќе содржи анализа за кадровската екипираност и материјално - техничката опременост на припадниците на судската полиција во сите судови во Република Северна Македонија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** создавање услови за независно, департизирано и ефикасно судство и правда достапна до сите. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Со донесувањето на Информацијата која ќе содржи заклучоци се очекува да се подобрат состојбите во функционирањето на судската полиција во Република Северна Македонија. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за правда** |

## ИНИЦИЈАТИВИ КОИ НЕ СЕ ПОВРЗАНИ СО СТРАТЕШКИТЕ ПРИОРИТЕТИ

**Б) Материјали**

**1. Информација за Проектот за конзервација на Коџа Мехмед џамија во Табановце**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со Информацијата за реализација на Проектот за заштитата на Коџа Мехмед џамијата во Табановце, Владата ќе се информира за тековните активности во насока на соодветен третман во областа на заштитата на Коџа Мехмед џамијата во Табановце. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** |

| | |
|---|---|
| | континуирана заштита на културното наследство независно од неговото историско, цивилизациско и етнокултурно обележје, како долгорочен приоритет во насока на адекватна грижа за развојот и унапредувањето на културата на етничките заедници на национален и локален план, со акцент на финансиската поддршка во рамките на годишните планови и програми, со што се стимулираат кохезивните и инклузивните проекти во урбаните и рурални мултикултурни средини, заштита на културното наследство. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Соодветна заштита, научна обработка, презентација и промоција на културното наследство. |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година |
| **Предлагач:** | **Министерство за култура** |

**2.Информација за Проектот за непосредна заштита, конзервација на црквата Св. Богородица во Лешочкиот манастир во село Лешок - Тетово**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со Информацијата за реализација на Проектот за непосредна заштита и конзервација на црквата Св. Богородица во Лешочкиот манастир во село Лешок - Тетово, Владата ќе се информира за тековните активности во насока на обезбедување на соодветен третман за заштитата на црквата Св. Богородица во Лешочкиот манастир. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** континуирана заштита на културното наследство независно од неговото историско, цивилизациско и етнокултурно обележје, како долгорочен приоритет во насока на адекватна грижа за развојот и унапредувањето на културата на етничките заедници на национален и локален план, со акцент на финансиската поддршка во рамките на годишните планови и програми, со што се стимулираат кохезивните и инклузивните проекти во урбаните и рурални мултикултурни средини, заштита на културното наследство. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Соодветна заштита, научна обработка, презентација и промоција на културното наследство |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година |
| **Предлагач:** | **Министерство за култура** |

**3. Информација за проектот „Конзерваторско - реставраторски работи на Аквадуктот во Скопје"**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со Информацијата за реализација на Проектот „Конзерваторско - реставраторски работи на Аквадуктот во Скопје", Владата ќе се информира за тековните активности во насока на соодветен третман во областа на заштитата на |

| | |
|---|---|
| | Аквадуктот во Скопје. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** континуирана заштита на културното наследство независно од неговото историско, цивилизациско и етнокултурно обележје, како долгорочен приоритет во насока на адекватна грижа за развојот и унапредувањето на културата на етничките заедници на национален и локален план, со акцент на финансиската поддршка во рамките на годишните планови и програми, со што се стимулираат кохезивните и инклузивните проекти во урбаните и рурални мултикултурни средини, заштита на културното наследство. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Соодветна заштита, научна обработка, презентација и промоција на културното наследство |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година |
| **Предлагач:** | **Министерство за култура** |

**4. Информација за потребата од модернизација и надградба на Системот за тревожење во Република Северна Македонија**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Постоењето на јавното тревожење во Република Северна Македонија е регулирано со членовите 38 и 39 од Законот за управување со кризи. По конституирањето на ЦУК, опремата за тревожење со која располагаше Министерството за одбрана премина во надлежност на ЦУК. Системите за тревожење во РСМ се концепирани и поставени уште во седумдесеттите и осумдесетите години на минатиот век. Уредите за тревожење се многу стари, во голема мерка нефункционални со застарен и неефикасен начин на командување и без алтернативен извор на напојување. Итно е потребно воспоставување на современ систем за тревожење на територијата на РСМ со можност на активирање на која било сирена во државата од една централна позиција, далечинско праќање на препораки и соопштенија за постапување и слично. Подобрување на ефикасноста во навременото и брзо известување на населението за настанати опасности од поголем обем кои може да нанесат и предизвикаат поголеми последици и штети, а со цел навремено извлекување и евакуирање на населението и згрижување на материјално - техничките средства. Брзо и ефикасно доставување препораки за постапување по далечински пат, преку електронски сирени; зголемување на ефикасноста на раното предупредување, навремено известување и спасување на животи и материјални добра на територијата на РСМ. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Воспоставување на современ единствен систем за тревожење на територијата на РСМ кој ќе овозможи доверлив и безбеден начин на тревожење на населението, поголема безбедност во спасување на животи и материјални добра. |

| | |
|---|---|
| **Фискални импликации:** | Има, средствата ќе се обезбедат од Буџет на РСМ |
| **Предлагач:** | **Центар за управување со кризи** |

# ЈУЛИ

## ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ

**Приоритет: Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија**

Б) Материјали

| **1. Предлог платформа за настап на петнаесеттиот состанок на Советот за стабилизација и асоцијација меѓу Република Северна Македонија и Европската Унија** | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информирање на членовите на Владата на РСМ за подготвителните активности околу одржувањето на петнаесеттиот состанок на Советот за стабилизација и асоцијација РСМ - ЕУ и усвојување на ставови кои делегацијата на Република Северна Македонија ќе ги презентира на состанокот. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** Започнување и успешно водење на процесот на преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Усвојувањето на Платформата за состанокот на Советот за стабилизација и асоцијација ќе ѝ овозможи на македонската делегација која ќе учествува на состанокот да ги презентира усвоените ставови во име на Владата на Република Северна Македонија и исто така, ќе овозможи координиран настап на целата делегација. Негативно влијание нема. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за надворешни работи** |

| **2.Информација за одржување на Мониторинг комитет на ИПА** | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информација за текот на расправата и заклучоците од Мониторинг комитетот на ИПА, со специфични заклучоци за понатамошно унапредување на процесот на користење на средствата од ИПА. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** квалитетно управување и координација со структурите во процесот на пристапување во Европската Унија. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Зголемување на ефикасноста во искористувањето на фондовите од ИПА. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Секретаријат за европски прашања** |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| **3.Информација за внесување на родовата перспектива во процесот на буџетирање и стратешко планирање** | |
|---|---|
| **Образложение:** | Процесот на интегрирање на Република Северна Македонија во ЕУ налага почитување и стремеж кон постигнување на определени норми и стандарди во насока на унапредување на еднаквоста и еднаквите можности за сите граѓани на РСМ и подобрување на транспарентноста и отчетноста на институциите. Во Република Северна Македонија нормативната рамка за воведување на родово одговорно буџетирање изразена прекуЗаконот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Северна Македонија" број 6/2012); со кои се обврзуват сите субјекти во рамките на своите стратешки планови и буџети да го икорпорииат принципот на еднакви можности на жените и мажите; да ги следат ефектите и влијанието на нивните програми врз жените и мажите и да известуваат за преземените активности во рамките на годишните извештаи. Вклучувањето на родовата перспектива во стратешките планови и во буџетскиот процес има трансформативен потенцијал кој придонесува за намалување на нееднаквостите помеѓу жените и мажите и отстранување на пречките за нивниот еднаков пристап до јавните добра и услуги и овозможување на еднакви можности на жените и мажите во сите области на општестеното живеење. Имајќи го предвид значењето на ова прашање Генералниот секретаријат на Влада на Република Северна Македонија во дополнувањето на Упатство за начинот на постапување на министерствата и другитеоргани на државната управа во процесот на подготвување на стратешкиот план и годишниот план за работа принципот на еднакви можности на жените и мажите е задолжителен елемент на стуктурата и содржината на стратешките планови на органите на државнита управа. Со донесувањето на новиот за Закон за буџети, родовата перстектива ќе стане интегративен дел од овој закон.Оваа обврска подеднакво се однесува и за единиците на локалната самоуправа. Иницијативата **има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на РСМ:** јакнење на владеењето на правото, преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите, изградба на независни институции и функционален систем на локална самоуправа и**со повеќе приоритетни цели:** унапредување на родовата еднаквост во сите области од општественото живеење и вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките на буџетите; воведување на концептот на еднаквост и недискриминација во сите области на општественото живеење - здравството, социјалната заштита, работните односи и правосудството; јакнење на владеењето на правото преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите; и унапредување на човековите права и создавање на институционални капацитети за нивна ефикасна заштита. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 19 - Социјална политика и вработување, односно Потпоглавје 19.7 Антидискриминација и еднакви можности** |
| **Очекувани влијанија:** | Креирање и спроведување на политики и буџети кои ќе ја земат предвид различната положба на жените и мажите и различните пречки со кои тие се соочуваат; креирање на поефективни програми и поцелисходно трошење на |

| | |
|---|---|
| | јавните средства; проценка на влијанието на владините приходи и расходи врз жените и мажите и креирање на мерки со кои би се надминала родовата нееднаквост; и зголемување на транспарентноста, отчетноста, одговорноста и учеството на институциите во промовирање на еднаквите можности. |
| **Фискални импликации:** | Има, финансиски средства се обезбедени во партнерство со UN Women |
| **Предлагач:** | **Министерство за труд и социјална политика** |

**Приоритет: Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните**

А) Подзаконски акти

| **1. Предлог програма за советодавни услуги од Советодавниот систем во земјоделството во Република Северна Македонија за период од 2020 - 2022 година** | |
|---|---|
| **Образложение:** | Програмата произлегува од Законот за советодавен систем во земјоделството и ги определува типот на советодавните услуги кои ќе бидат финансирани или кофинансирани од државата по корисници, даватели, методи на извршување на услугите, како и процентот на финансиска поддршка со индикативен буџет. АПРЗ како јавен давател на советодавните услуги треба соодветно да ги прилагоди годишните програми за работа и својата организација. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** унапредување на концептот и практиките за општествена одговорност; зголемување на земјоделските површини и на приносот и квалитетот на земјоделските производи; надминување на традиционалниот пристап во земјоделството и унапредување на најновите технологии со зголемен трансфер на знаење во земјоделството. |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| **Очекувани влијанија:** | Спроведувањето на советите предвидени со советодавниот систем во земјоделството до идентификуваните развојни категории земјоделски стопанства ќе има директно позитивно влијание на намалување на сиромаштијата и подинамичен развој на руралните заедници, заштитата и унапредувањето на здравјето на луѓето и поддршка на: младите земјоделци, на половата рамноправност и вклученост во извршување на земјоделските активности и на локалните економски иницијативи (преку локалните акциски групи, земјоделски задруги и др). |
| **Фискални импликации:** | Има, носењето на програмата која произлегува од законот има фискални импликации согласно вклучениот индикативен план во програмата |
| **Предлагач:** | **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство** |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **2. Предлог стратегија за регионален развој на Република Северна Македонија за 2019 - 2029година** | |
| **Образложение:** | Документот се донесува од Собранието на Република Северна Македонија во согласност со член 10 став 2 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.63/07, 187/13, 43/14, 215/15 и 64/18). Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** рамномерен развој со зголемување на конкурентноста и препознавање на потенцијалите на планските региони, како и развој на селата и на подрачјата со специфични развојни потреби |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 22** |
| **Очекувани влијанија:** | Утврдување на концептот, стратешките цели и приоритети за рамномерен регионален развој на Република Северна Македонија за период од десет години, како и дефинирање на мерките и активностите за нивно постигнување. |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата за подготвување на овој стратешки документ се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година и од донација на Владата на Швајцарија |
| **Предлагач:** | **Министерство за локална самоуправа** |

**Б) Материјали**

| | |
|---|---|
| **1. Информација за спроведување на пилот проект - Мобилен сервис за здравствени и социјални услуги „Домашна посета" и „Се грижиме заедно"** | |
| **Образложение:** | Иницијативата за воспоставување на заеднички мобилен сервис за здравствени и социјални услуги **„Домашна посета" и „Се грижиме заедно"** на Министерството за здравство и Министерството за труд и социјална политика за грижа во домашни услови доаѓа од сознанието дека живеењето во социјален ризик води до нееднаков пристап до здравствени услуги и дека тоа директно влијае врз здравјето на граѓаните. Затоа целта на овој мобилен сервис е да се унапреди достапноста, пристапот и квалитетот на здравствената и социјалната заштита преку приближување на здравствените и социјалните услуги поблиску до граѓаните и кој ќе служи како продолжена рака на матичните лекари, на најранливите граѓани и на луѓето кои имаа најголема потреба да поддршка надвор од институциите. Сервисот е пилотиран во Општина Кочани во септември 2018 г., а се очекува до крајот на годината и почетокот на следната година да се прошири и во неколку други општини. Преку оваа иницијатива која е поддржана преку Програмата за општинско - корисна работа дополнително се овозможува социјално вклучување на невработени лица преку нивно ангажирање на определено време, заради стекнување на одредени вештини и постепено вклучување на пазарот на труд. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** развивање на ефикасен и достапен систем на здравствена заштита на населението, што подразбира зајакнување на услугите и подобрување на организацијата на здравствената заштита на сите нивоа - превентивно, примарно, секундарно и терциерно ниво; развивање на одржлив, интегриран и |

| | |
|---|---|
| | ефикасен здравствен систем, заснован на еднаквоста и солидарноста, базиран на реалните потреби на граѓаните. |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 1 - Слободно движење на стоки; Поглавје 27 - Животна средина Поглавје 28 - Заштита на потрошувачи и јавно здравје** |
| **Очекувани влијанија:** | Да се придонесе преку подобрување на достапноста, пристапот и квалитетот на здравствените и социјалните услуги во домовите и заедниците на граѓаните; да се подобри достапноста, пристапот и квалитетот на здравствената и социјалната заштита на луѓето што живеат во социјален ризик и коишто имаат или се под ризик да се стекнат со некое хронично заболување; да се превенира и/или да се намали времетраењето на хоспитализација предизвикана од хронични заболувања. |
| **Фискални импликации:** | Има, буџетски средства нема, средствата се обезбедени преку Програмата „Општинско - корисна работа" на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП). |
| **Предлагач:** | **Министерство за здравство** |

**Приоритет: Целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор и градење на граѓанска држава и етничка кохезија врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување**

Б) Материјали

| | |
|---|---|
| **1.Информаија за мерките кои треба да се преземат од страна на институциите во врска со годишните планови за вработување на административните службеници во следната календарска година, со променување на Законот за административни службеници** | |
| **Образложение:** | Владата на Република Северна Македонија да се информира за измените во однос на планирањето на вработувањата на административни службеници согласно методологијата за планирање, утврдено во Законот за вработени во јавниот сектор. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** одржување на добри меѓуетнички односи и соживот врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување и подеднаков третман на сите пред законот. |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| **Очекувани влијанија:** | Поефикасна мерки за спроведување на соодветната и правичната застапеност. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор** |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

**Приоритет: Одлучна и неселективна борба со организираниот криминал и корупцијата**

Б) Материјали

**1. Информација со статистички податоци за кривични предмети од областа Корупција за 2018 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Собирањето статистички податоци за предмети за случаи на корупција претставува една од редовните активности кои ги презема Министерството за правда во врска со спречувањето и борбата против корупцијата и следењето на спроведувањето на антикорупциската политика. Добиените статистички податоци се обработуваат со цел да послужат за натамошна анализа. Прибирањето, обработката и анализата на статистичките податоци за следење на случаите на корупцијата претставуваат значаен сегмент што е од особена важност за градење на антикорупциската политика и следење на нејзината ефективност. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** одлучна и неселективна борба со организираниот криминал и корупцијата, реформа во насока на владеење на правото, изградба на независни институции и зголемување на јавната безбедност. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Следење на состојбите со корупцијата во Република Северна Македонија заради унапредување на антикорупциската политика. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за правда** |

Б) Материјали

## ИНИЦИЈАТИВИ СО СРЕДЕН ПРИОРИТЕТ

**Приоритет: Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните**

**1. Полугодишен извештај за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Обврската за изготвување на Полугодишниот извештај за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија произлегува од Законот за буџетите. Полугодишниот извештај за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија се изготвува со цел поефикасно искористување на буџетските ресурси преку поефикасно извршување на буџетот. Кон извештајот за извршувањето на буџетот се приложува и ажуриран извештај за макроекономските индикатори и проектирани приходи, преземени обврски и расходи за буџетската година. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** создавање на поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис - секторот, социјалните партнери, заштита на работничките права, недискриминација, |

| | |
|---|---|
| | зголемена ефикасност, транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава. |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| Очекувани влијанија: | Овој извештај се користи за следење на динамиката на извршувањето на буџетот на приходната и расходната страна, притоа утврдувајќи ги отстапувањата, со цел буџетските корисници навремено да преземат мерки за негово подобрување. Овој извештај исто така, преставува и основа за утврдување на иницијалната проекција на буџетот и потребата за ревизија преку изготвување на измени и дополнувања на Буџетот на Република Северна Македонија. |
| Фискални импликации: | Нема |
| Предлагач: | **Министерство за финансии** |

| **2.Информација со Предлог-решенија за реформа во делот на бенефицираниот стаж** | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со поддршка на Светска банка подготвена е анализа на постојниот систем на бенефициран стаж во Република Северна Македонија и предложени се решенија за реформа и усогласување со европските стандарди. Можните решенија ќе бидат презентирани пред Економско - социјалниот совет и стопанските комори, по што ќе се предложат законски решенија и активности за натамошна имплементација. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** спроведување на макроекономска политика насочена кон задржување на макроекономската стабилност, зголемување на конкурентноста на економијата и зголемување на вработеноста; |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| Очекувани влијанија: | Дефинирање на критериуми кои работи (функции) се опасни и штетни по здравјето и животот на работникот и покрај преземање на сите заштитни мерки, дефинирање на нов концепт на предвремено пензионирање за работници кои работат на работни места кои се опасни и штетни по здравјето и креирање регистар на специфичните професии со дефинирање на возраста за пензионирање комбинирано со утврдени години поминати на бенефицирани работни места. |
| Фискални импликации: | Во моментот фискалните импликации не можат да се квантифицираат |
| Предлагач: | **Министерство за труд и социјална политика** |

Приоритет: Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија

А) Подзаконски акти

| | |
|---|---|
| **1. Предлог програма и приоритети на претседавањето на Финска со Советот на ЕУ, со календар за одржување на неформалните министерски состаноци на Европската Унија** | |
| **Образложение:** | Информирање на членовите на Владата на РСМ за финското претседателство со Советот на ЕУ и учеството на претставници од Република Северна Македонија на неформалните министерски состаноци на ЕУ. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** започнување и успешно водење на процесот на преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Информирање на членовите на Владата на Република Северна Македонија за неформалните министерски состаноци на ЕУ за време на финското претседателство со Советот на ЕУ. Негативно влијание нема. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за надворешни работи** |

Б) Материјали

| | |
|---|---|
| **1. Информација за статусот на спроведување на програмите на ИПА за прекугранична соработка, за периодот јануари - јуни 2019 година** | |
| **Образложение:** | Информацијата се доставува со цел да се информира Владата на РСМ за статусот на втората компонента на ИПА. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** развој на пограничните региони преку спроведување на прекугранична соработка, како и овозможување на субјекти од земјата да воспостават партнерства и да учествуваат на проекти од макро регионален карактер. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 22** |
| **Очекувани влијанија:** | Иницијативата има позитивно влијание бидејќи ја информира Владата на РСМ за напредокот во однос на програмата на ИПА за прекугранична соработка. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за локална самоуправа** |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **2.Годишен извештај на интерресорската советодавна и консултативна група за еднакви можности на жените и мажите** | |
| **Образложение:** | Согласно член 10 став 7 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, Владата формира интерресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите, составена од функционери/раководни државни службеници, претставници на граѓански организации, здруженија на работодавци, експерти, претставници на локалната самоуправа, синдикатите и други субјекти. Интерресорската група согласно член 10 став 8 на овој закон е должна да го промовира концептот на вклучување на родовите аспекти во генералните политики на сите јавни институции како и: да ја следи интеграцијата на концептот во секторските политики во соработка со социјалните партнери и институциите од поединечните области; да го следи прогресот на хармонизација на националното законодавство со законодавството на Европската Унија и европските стандарди во областа на родовите прашања; да учествува во подготовката и да дава насоки во процесот на подготовка на Стратегијата за родова еднаквост; да ги следи периодичните извештаи од институциите. Работата на интерресорската група ја координира Министерството за труд и социјална политика и согласно Деловникот за работа на интерресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите во Владата на РСМ се доставува годишен извештај. Иницијативата **има индикација на поврзаност со стратешки приоритет на Владата на РСМ:** јакнење на владеењето на правото преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите **и со приоритетната цел:** унапредување на родовата еднаквост во сите области од општественото живеење и вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките на буџетите; воведување на концептот на еднаквост и недискриминација во сите области на општественото живеење, здравството, социјалната заштита, работните односи и правосудството; и унапредување на човековите права и создавање на институционални капацитети за нивна ефикасна заштита |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавјето 19 Социјална политика и вработување, односно Потпоглавје 19.7 Антидискриминација и еднакви можности** |
| **Очекувани влијанија:** | Унапредување на еднаквите можности на жените и мажите не е само прашање на остварување на слободите и правата на граѓаните без разлика на полот, туку почитувањето на овој принцип придонесува и кон намалување на сиромаштијата; и промовирање на концептот на родова рамноправност и вклучување на родовите перспективи во општествените текови. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за труд и социјална политика** |

# АВГУСТ

## ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ

**Приоритет: Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија**

### А) Подзаконски акти

| | |
|---|---|
| **1. Предлог уредба за мерки за поддршка на производството на електрична енергија од обновливи извори на енергија** | |
| **Образложение:** | Иницијативата произлегува од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ 2019 - 2021 (НПАА) и Планот 18 усвоен на 30.10.2018 година. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје - 3.15.4; ЕПП: 2015.0000.7230** |
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување и унапредување на постоечката регулатива |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за економија** |

### Б) Материјали

| | |
|---|---|
| **1. Предлог платформа за учество на делегацијата на Република Северна Македонија на 74 - то редовно заседание на Генералното собрание на Обединетите нации** | |
| **Образложение:** | Платформата ги содржи општите податоци за 74 - то редовно заседание на Генералното собрание на Обединетите нации и ги определува приоритетите, активностите и работата на делегацијата на Република Северна Македонија на редовното заседание. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** Република Северна Македонија да биде суверен, почитуван и просперитетен меѓународен субјект со иницијативи и конкретни чекори на добро осмислена и реална, државнички и професионално водена надворешна политика што ќе доведе до надминување на предизвиците и заканите по развојот и безбедноста. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Натамошна афирмација на надворешната политика и остварување на интересите на Република Северна Македонија на меѓународен план |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата ќе бидат покриени од буџетите на односните институции |
| **Предлагач:** | **Министерство за надворешни работи** |

| | |
|---|---|
| **2. Годишен извештај за функционирањето на системот на јавна внатрешна финансиска контрола во 2018 година** | |
| **Образложение:** | Годишниот извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2018 година претставува обединет извештај за функционирањето на системот за финансиско управување и контрола и внатрешната ревизија во јавниот сектор во Република Северна Македонија за 2018 година. Тој се изготвува согласно член 48, алинеа 11, од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 90/2009,188/2013 и 192/15) и Правилникот за формата и содржината на извештаите и изјавата за квалитетот и состојбата за внатрешните контроли од годишниот финансиски извештај („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.147/10, 34/2011 и 113/14 ). Цел на Годишниот извештај е обединето прикажување на состојбата на внатрешните контроли кај буџетските корисници од централно и локално ниво, како и утврдување идни мерки кои ќе бидат преземени за унапредување на системот за јавна внатрешна финансиска контрола. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** подобрување на стручноста, ефикасноста, отчетноста и транспарентноста на јавната администрација и создавање на услужно ориентирани институции со примена на нови технологии, стандарди за квалитет и мерки за сајбер безбедност; |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје: 3.32 Финансиска контрола; Подрачје: 3.32.1 Јавна внатрешна финансиска контрола** |
| **Очекувани влијанија:** | Има позитивни влијанија. Воспоставување и зајакнување на системот на внатрешна финансиска контрола кој обезбедува трошењето на јавните средства да се врши транспарентно, регуларно, економично, ефикасно и ефективно. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за финансии** |

| | |
|---|---|
| **3.Информација за ангажирање на преведувачки агенции и преведувачи (надворешни соработници) и воспоставување на технички комитети за стручна и правна ревизијазаради ефикасно извршување на задачата „Подготовка на националната верзија на правото на ЕУ"** | |
| **Образложение:** | Секторот за подготовка на националната верзија на правото на ЕУ (Acquis) е главна точка каде што се врши преводот на правото на ЕУ и сите релевантни документи за евроинтегративниот процес, кои подоцна се транспонираат во националното законодавство во насока на негова хармонизација со она на ЕУ. Значењето на оваа активност е дотолку поголема имајќи ја предвид одлуката за скрининг процесот и во таа насока почетокот на отворањето на поглавјата за претпристапни преговори. |

| | |
|---|---|
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** квалитетно управување и координација со структурите во процесот на пристапување во Европската Унија.<br><br>/ |
| **Очекувани влијанија:** | Зајакнување на структурата и капацитетите на Секторот за подготовка на националната верзија на правото на ЕУ (Acquis) за поефикасно и поделотворно исполнување на обврската за превод на правото на ЕУ и сите придружни документи важни за процесот на евроинтеграција на земјата. |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата треба да бидат обезбедени од Буџетот на РСМ. |
| **Предлагач:** | **Секретаријат за европски прашања** |

**4.Информација за Националниот инвестициски комитет и можностите на инструментот на Инвестициската рамка за Западен Балкан**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Презентирање на можностите на инструментот на Инвестициската рамка за Западен Балкан. Информација околу претстојните повици за техничка поддршка и инвестициски грант. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** квалитетно управување и координација со структурите во процесот на пристапување во Европската Унија |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Зголемување на ефикасноста во искористувањето на фондовите од ИПА. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Секретаријат за европски прашања** |

**5.Информација за Предлог-решение за задржување на кадарот во структурата на ИПА**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информацијата има за цел да ја информира Владата на Република Северна Македонија за актуелната состојба во структурата на ИПА и за развивање на политика за задржување на кадрите во оваа структура. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** квалитетно управување и координација со структурите во процесот на пристапување во Европската Унија. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Зголемување на ефикасноста во искористувањето на фондовите од ИПА. |

| | |
|---|---|
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Секретаријат за европски прашања** |

**6. Извештај за остварените резултати од петнаесеттиот состанок на Советот за стабилизација и асоцијација меѓу Република Северна Македонија и Европската Унија**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Извештајот има за цел да ги запознае членовите на Владата на Република Северна Македонија со резултатите од одржаниот петнаесетти состанок на Советот за стабилизација и асоцијација РСМ - ЕУ. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** започнување и успешно водење на процесот на преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Редовно информирање на членовите на Владата на Република Северна Македонија со остварените резултати од состаноците на ССА меѓу Република Северна Македонија и ЕУ |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за надворешни работи** |

**Приоритет: Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните**

Б) Материјали

**1.Информација за одбележување на Меѓународниот ден на ромскиот јазик - 5 Ноември**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Првиот конгрес на Ромите во Лондон резултираше со прогласување на официјален ромски јазик (romani chiba). На 5 ноември се одбележува Меѓународниот ден на ромскиот јазик, кој за прв пат се одбележува во Република Северна Македонија дури во 2017 година. Целта на одбележувањето на Меѓународниот ден на ромскиот јазик е да се воспостави традиција на одбележување на овој ден и поголема интеркултурна комуникација и градење дух на меѓусебно почитување. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** градење на унитарно, мултикултурно и толерантно општество преку суштинска политичка поддршка со која Северна Македонија ќе се гради како граѓанска држава на сите што живеат во неа - Македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми, Бошњаци, Власи и сите други помали заедници во насока на поголема интеркултурна комуникација и градење дух на меѓусебно почитување. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Поголема интеркултурна комуникација и градење дух на меѓусебно почитување. Иницијативата е согласно Стратегијата за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија. |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата треба да се обезбедат од Буџетот на РСМ за 2019 година. |
| **Предлагач:** | **Кабинет на министерот без ресор задолжен за подобрување на состојбата на Ромите во Северна Македонија** |

Б) Материјали

## ИНИЦИЈАТИВИ СО СРЕДЕН ПРИОРИТЕТ

**Приоритет: Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните**

**1. Полугодишен извештај за користење на средствата од резервите на Централниот буџет**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Обврската за изготвување на Извештај за користењето на средствата од резервите на Централниот буџет произлегува од Законот за буџетите. Во рамките на Централниот буџет на Република Северна Македонија се планираат средства за непредвидени случаи како буџетска резерва. Планираните средства за непредвидени случаи се наменети за покривање на расходи во случај на виша сила, елементарни непогоди и други непредвидени случаи, како и за програми кои во текот на подготовката на буџетот не можеле да бидат предвидени. Постојаната и тековната резерва не можат да надминат 3% од вкупните тековни расходи на основниот буџет. За користење на средствата од резервите одлучува Владата на Република Северна Македонија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** создавање на поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис - секторот, социјалните партнери, заштита на работничките права, недискриминација, зголемена ефикасност, транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Извештај за користењето на средствата од резервите на Централниот буџет се изготвува со цел да се утврдат намените за кои се користат средствата од резервите и да се изнајдат начини како би се подобрило буџетското планирање, со што во иднина би се избегнало нивно користење за секакви намени кои не се непредвидливи и можат да бидат опфатени со иницијалниот буџет |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за финансии** |

**2. Информација за спроведување на проектот на ИПА „Поддршка, подготовка на потребната документација и набавка на опрема за води за општините Радовиш, Кичево, Струмица, Битола, Тетово, Берово, Куманово и Прилеп"**


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информацијата има за цел да ја запознае Владата на РСМ за прогресот на активностите од спроведувањето на проектот на ИПА. Информацијата е поврзана со Секторската оперативна програма за животна средина и клима 2014 - 2020 г. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** обезбедување квалитетна животна средина на граѓаните преку заштита и унапредување на животната средина во функција на исполнување на принципите на одржливиот развој. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Позитивни влијанија врз заштитата на животната средина преку инвестирање во опрема за собирање и прочистување на урбаните отпадни води пред нивно испуштање, со цел да се оптимизира одржувањето и работењето на изградените системи за собирање и прочистување на урбаните отпадни води. |
| **Фискални импликации:** | Има, информацијата има за цел да ја запознае Владата на РСМ за реализацијата на проектот на ИПА и ќе предизвика финансиски импликации за Буџетот на РСМ заради националното кофинансирање на Проектот согласно правилата за искористување на средства од ИПА. |
| **Предлагач:** | **Министерство за животна средина и просторно планирање** |

**Приоритет: Јакнење на владеењето на правото преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите, изградба на независни институции и функционален систем на локална самоуправа**

Б) Материјали

**1.Информација за прогресот и реализацијата на процесот на проценка на влијанието на регулативата (ПВР), за периодот јануари - јуни 2019 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согласно Методологијата за ПВР, МИОА во соработка со министерствата го следи спроведувањето и квалитетот на процесот и методологијата за ПВР. Врз основа на анализа на нацрт - извештаите за ПВР доставени од министерствата и мислењата дадени во однос на примената на актите кои ја уредуваат материјата која се однесува на ПВР и спроведените консултации на ЕНЕР, од страна на МИОА во соработка со министерствата и Генералниот секретаријат на ВРСМ се подготвуваат полугодишни извештаи и Годишен извештај за Владата на Република Северна Македонија во однос на спроведувањето и унапредувањето на процесот на ПВР. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** подобрување на стручноста, ефикасноста, отчетноста и транспарентноста на јавната администрација и создавање на услужно ориентирани институции со примена на нови технологии, стандарди за квалитет и мерки за сајбер безбедност. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Препораките од полугодишните анализи треба да обезбедат унапредување на процесот на ПВР кој треба да обезбеди почитување на основните начела за добро владеење преку постигнување на поголема транспарентност и отвореност при подготовка на Предлог-законите, нивно ефективно и ефикасно спроведување, а со тоа и зголемување на отчетноста на работата на Владата на Република Северна Македонија. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за информатичко општество и администрација** |

**Приоритет: Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија**

А) Подзаконски акти

**1.Предлог правилник за изменување и дополнување на Правилникот за посебните барања за екстракционите средства кои може да се користат во производството на храна и состојки на храна, условите за нивна употреба во поглед на процесот за производство на категоријата храна и максималните дозволени нивоа на резидуи на екстракционите средства во крајните производи и максималните дозволени нивоа на резидуи на екстракционите средства во аромите кои се добиваат од природни извори на ароми**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Понатамошно усогласување со законодавството на Европската Унија, поточно со Директивата 32016L1855, во насока на целосно усогласување. **Иницијативата има индикација на поврзаност и со стратешкиот приоритет на Владата на РСМ:** развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните **и со приоритетната цел:** зголемување и поддршка на развојот на индустриско - преработувачките капацитети кои ќе бидат извозно ориентирани и ќе создаваат производи со повисока додадена вредност, поддршка на индустриските капацитети кои ќе овозможат супституција на увозот. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **ЕПП: 2018.0886.7560; Поглавје 12 - 3.12. Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика, Подрачје - 3.12.2. Ветеринарна политика** |
| **Очекувани влијанија:** | Способност за преземање на обврските што произлегуваат од членството во Европската Унија. Одобрување на нови и поефикасни екстракциони средства што се употребуваат во производството на храна, како резултат на научно - технолошкиот напредок. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Агенција за храна и ветеринарство** |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

# СЕПТЕМВРИ

## ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ

**Приоритет: Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните**

### А) Подзаконски акти

| | |
|---|---|
| **1.Предлог уредба со која се утврдува обврзувачка шема за енергетска ефикасност** | |
| **Образложение:** | Владата на Република Северна Македонија донесува уредба со која се утврдува обврзувачка шема за енергетска ефикасност која може да пропише правила и обврски за операторите на дистрибутивните мрежи и/или снабдувачите на пазарите на енергија во Република Северна Македонија за постигнување на заштеди во финалната потрошувачка на енергија, како и други мерки за постигнување на целите за заштеда како воведување на правила за означување на производите кои користат енергија, доброволни договори, програми за енергетска ефикасност, кампања и др. Целите за заштеда утврдени со оваа уредба се еднакви на вкупните годишни заштеди во финалната потрошувачка на енергија секоја година за 0,7% од вкупните продажби кон крајните потрошувачи на сите дистрибутери и/или снабдувачи на енергија во Република Северна Македонија, од денот на влегување во сила на новиот Закон за енергетска ефикасност до 31 декември 2020 г. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел: правила и обврски за операторите на дистрибутивните мрежи и/или снабдувачите на пазарите на енергија во Република Северна Македонија за постигнување на заштеди во финалната потрошувачка на енергија. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Годишните заштеди во финалната потрошувачка на енергија, преку мерки за енергетска ефикасност и заштеди со кои се достигнуваат целите за заштеди на енергија |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за економија** |

### Б) Материјали

| | |
|---|---|
| **1.Годишен извештај за реализација на програмите за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој** | |
| **Образложение:** | Согласно Законот за основање на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој Агенцијата има обврска да доставува полугодишен извештај за своето работење. Иницијативата **има индикација на** |

| | |
|---|---|
| | **поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на Република Северна Македонија:** Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Навремено и правилно информирање за искористување на средства од програмите за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и претпристапните фондови на ЕУ за руралниот развој (ИПАРД). Обезбедување на повисоко ниво на апсорпција на средствата од Инструментот за претпристапна помош (ИПА) преку поефикасна подготовка и спроведување на проектите финансирани од ИПА и зајакнување на координацијата меѓу надлежните институции. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој** |

**2.Полугодишен извештај за реализација на програмите за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согласно Законот за основање на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој Агенцијата има обврска да доставува полугодишен извештај за своето работење. Иницијативата **има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на Република Северна Македонија:** Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Навремено и правилно информирање за искористување на средства од програмите за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и претпристапните фондови на ЕУ за руралниот развој (ИПАРД). Обезбедување на повисоко ниво на апсорпција на средствата од Инструментот за претпристапна помош (ИПА) преку поефикасна подготовка и спроведување на проектите финансирани од ИПА и зајакнување на координацијата меѓу надлежните институции. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој** |

**3.Иницијатива за изградба на фотонапонски и ветерни електрични централи**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со новиот Закон за енергетика, со кој се транспонира и Директивата 2009/28/ЕС за обновливи извори на енергија (ОИЕ), се пропишуваат пазарно - ориентирани механизми за поддршка за промовирање на ОИЕ и поедноставени постапки за |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| | изградба на нови централи на ОИЕ. Владата на Република Северна Македонија ќе објави јавен повик за доделување на 3 - 4 локации за изградба на фотонапонски централи со капацитет 20 - 25 MW, при што ќе се обезбеди државно земјиште со уредена инфраструктура и приклучок до електроенергетската мрежа. Воедно Владата на Република Северна Македонија ќе објави јавен повик за изградба на ветерни централи со моќност од 100 MW со користење на (feed - in premium), на локации за кои веќе постои утврден потенцијал за производство на енергија од ветар. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** обезбедување на енергетска сигурност и стабилност |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **НПАА: Економски критериуми; Поглавје 15: Енергетика** |
| **Очекувани влијанија:** | Преку реализација на иницијативата ќе се постигне диверзификација во снабдувањето, зголемување на конкуренцијата на пазарите на енергија, поголема искористеност на обновливите извори на енергија, зголемување на домашното производство на енергија, ќе се обезбеди сигурност и континуираност во снабдувањето со енергија на домаќинствата и компаниите во Република Северна Македонија, намалување на емисиите на стакленички гасови и подобрување на општата состојба на животна средина. |
| **Фискални импликации:** | Има, финансиските средства се обезбедени од донатори |
| **Предлагач:** | **Кабинет на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања** |

**Приоритет: Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија**

А) Подзаконски акти

| | |
|---|---|
| **1. Предлог правилник за посебните барања за безбедност на храната произведена со иновирани технологии** | |
| **Образложение:** | Хармонизација на националното законодавство од областа на храна произведена со иновирани технологии со европските регулативи: 32015R 2283, 32017R 2468, 32017R 2469, 32017R 2470 и 32018R 0456. **Иницијативата има индикација на поврзаност и со стратешкиот приоритет на Владата на РСМ:** развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните **и со приоритетната цел:** зголемување и поддршка на развојот на индустриско - преработувачките капацитети кои ќе бидат извозно ориентирани и ќе создаваат производи со повисока додадена вредност, поддршка на индустриските капацитети кои ќе овозможат супституција на увозот. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3. 12 Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика; ЕПП 2018.0886.7558** |
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување на процедурата за начинот и постапката на издавање на одобрение, нејзиното времетраење, потребната документација и висината на трошоците во |

| | |
|---|---|
| | постапката за издавање на одобрение за ставање во промет на производот од категоријата на храна и состојки на храна произведени со иновирани технологии; и подобрување на мониторингот за безбедноста на состојките и производите кои спаѓаат во категоријата на храна добиени со иновирани технологии. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Агенција за храна и ветеринарство** |

**Б) Материјали**

| **1. Информација за работата на Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздух** | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во надлежност на Министерството за животна средина и просторно планирање е управувањето со Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздухот на Република Северна Македонија кои се состои од 17 фиксни автоматски мониторинг станици за квалитет на воздух. Мониторинг станиците се поставени на следните мерни места: 5 станици во Скопје (Лисиче, Гази Баба, Ректорат, Карпош, Центар), 2 станици во Битола, и по една станица во Велес, Гостивар, Струмица, Кичево, Куманово, Кочани, Тетово, Кавадарци, с. Миладиновци, с. Лазарополе и една мобилна автоматска мониторинг станица која во март 2018 година се постави во Општина Бутел. Во рамките на ДАМСКВ постојат и уреди за земање примероци за следење на суспендирани честички со големина до 10 микрометри и калибрациона лабораторија. Воспоставувањето на Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздухот на Република Северна Македонија е во согласност со барањата на ЕУ регулативите. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** натамошно зголемување на инвестициите во животната средина и преземање на активности за намалување на климатските промени преку постигнување на пониско ниво на емисија на штетни гасови; зголемување на јавната свест и едукација на населението од областа на животната средина и реализација на кампањи од областа на заштитата на животната средина. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **2018Ц4 Одржување и надоградба на автоматскиот мониторинг систем за квалитет на амбиентниот воздух** |
| **Очекувани влијанија:** | Редовното континуирано работење на овој систем овозможува идентификација на квалитетот на амбиентниот воздух на територија на Република Северна Македонија, со цел информирање на јавноста, научни и стручни институции, известување согласно барањата на меѓународните договори и институции и подготвување на планови и програми за подобрување на квалитетот на воздухот. Континуирано следење на квалитетот на сите медиуми на животната средина (воздух, вода, почва, вибрации) и негово унапредување и развој согласно препораките и методологиите на ЕУ и УНЕЦЕ. Следење и примена на мерки за унапредување на медиумите на животната средина, планирање и одржливо користење на просторот и природните богатства. |

| | |
|---|---|
| **Фискални импликации:** | Има, за редовната работа на Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздухот се подготвува Оперативна програма за работа во која се определени сите потребни средства кои треба да се обезбедат од буџетот на Република Северна Македонија. |
| **Предлагач:** | **Министерство за животна средина и просторно планирање** |

**2.Информација за реализација на активностите во рамките на одбележувањето на Европската недела за редукција на отпадот**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Акцијата на европско ниво се спроведува од 2012 година. Во Р. Северна Македонија ја организираат НВО, но потребно е вклучување и на Министерството за животна средина и просторно планирање со што ќе се постигне поцелосно ангажирање на расположливите различни општествени чинители (локални самоуправи со нивните комунални претпријатија, институции, граѓани и граѓански здруженија, фирми, колективни постапувачи со отпад). На тој начин ќе се обезбеди поголемо национално единство во справувањето со проблемот со отпад кој што е актуелен приоритетен проблем години station наназад. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** подигање на јавната свест и развивање на позитивни навики во однос на правилното постапување со отпадот и промоција на концептот на тројното Р - рециклирање, редуцирање, реупотреба со што се овозможува системско намалување на отпадот и исполнување на принципите на одржливиот развој. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Подигнување на јавната свест и одговорноста на сите засегнати општествени чинители за потребата од заедничко, интегрирано делување во насока на правилно постапување со отпадот, но и употреба на истиот како мошне корисна и исплатлива секундарна суровина што е во согласност определбите на државата и МЖСПП да ги достигне европските стандарди за животна средина. |
| **Фискални импликации:** | Има, предвидено во Предлог-буџет: (200.000,00) |
| **Предлагач:** | **Министерство за животна средина и просторно планирање** |

**3. Предлог проект за изработка на Национален катастар за подземни води**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Катастарот е согласно барањата од законот за водите и преставува планирачка дата база која ќе претставува основа во управувањето со водите во Република Северна Македонија. Исто така, со документот ќе се обезбеди интегрално од едно место да се прикажат најзначајните податоци за подземните води кое пак ќе обезбеди рационално употребување на водните тела во нашата држава. Активностите се предвидени да се реализираат во рамки на проект кој е финансиски подржан од страна на швајцарската влада. Плански документ со содржана база на податоци за состојбата со квантитетот и квалитетот на подземните водни тела во Р. Северна Македонија согласно барањата од законот за |

| | |
|---|---|
| | водите и согласно барањата на рамковната Директива за води и Директивата за подземни води. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** обезбедување квалитетна животна средина на граѓаните преку заштита и унапредување на животната средина во функција на исполнување на принципите на одржливиот развој преку постигнување на стандардите на Европската Унија; подобрување на животниот стандард на населението, заштита на животната средина и развој на општините преку подобрување на водоснабдувањето и одводот на отпадните води и изградба и реконструкција на водоснабдителни и канализациски системи со третман на отпадни води; зголемување на јавната свест и едукација на населението од областа на животната средина и реализација на кампањи од областа на заштитата на животната средина; планирање и одржливо користење на просторот и природните богатства и развивање на институционалните капацитети; |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | 3.27.04. Квалитет на водата Ц6 |
| **Очекувани влијанија:** | Интегрирано управување со речните сливови во Република Северна Македонија. Подобрување на статусот на водните тела на сливот на река Струмица, а со тоа и подобрување на социо-економскиот развој на регионот. |
| **Фискални импликации:** | Нема, финансиските средства се обезбедени од швајцарската влада, а ќе се спроведуваат со помош на УНДП |
| **Предлагач:** | **Министерство за животна средина и просторно планирање** |

**4.Информација за подготовка на четиринаесеттиот состанок на Поткомитетот за правда и внатрешни работи помеѓу ЕУ и Република Северна Македонија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација што ќе се одржи во Скопје во 2019 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата за подготовката на четиринаесеттиот состанок на Поткомитетот за правда и внатрешни работи, што ќе се одржи во Скопје во 2019 година, на кој ќе бидат разгледани следните области: Судски реформи; Фундаментални права; Антикорупција; Внатрешни работи; Управување со граници, азил и миграции. Информацијата дава преглед на моменталната состојба на напредокот по одделните области, отворените прашања, насоки за реализација на одредени прашања, како и ставови кои треба да бидат презентирани на состанокот во однос на постигнатиот напредок. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетните цели:** започнување и успешно водење на процесот на преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија; квалитетно управување и координација со структурите во процесот на пристапување во Европската Унија. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Навремена и квалитетна подготовка на претстојниот состанок со ЕК. |
| **Фискални импликации:** | Има, средства за превод и угостителски услуги |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | **Секретаријат за европски прашања** |

**5.Информација за подготовка на шеснаесеттиот состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија кој ќе се одржи кон крај на 2019 година во Брисел**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата за подготовките на шеснаесеттиот состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување одржан на кој ќе се одржи кон крај на 2019 година во Брисел. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** започнување и успешно водење на процесот на преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија; квалитетно управување и координација со структурите во процесот на пристапување во Европската Унија. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Навремено информирање на членовите на Владата за подготовките за одржување на состанокот. |
| **Фискални импликации:** | Има, средства во износ од патни трошоци и трошоци за сместување на учесниците на состанокот. |
| **Предлагач:** | **Секретаријат за европски прашања** |

**6.Информација за петнаесеттиот состанок на Поткомитетот за земјоделство и рибарство помеѓу ЕУ и Република Северна Македонија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација одржан во Брисел на 14 мај 2019 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата на Република Северна Македонија за текот на петнаесеттиот состанок на Поткомитетот за земјоделство и рибарство на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија, што се одржа на 14.5.2019 година во Брисел. Во информацијата е даден преглед на најважните поенти од дискусијата по секоја точка од Дневниот ред на состанокот. Од состанокот произлегоа заклучоци, кои воедно претставуваат обврски за институциите кон Европската комисија. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** започнување и успешно водење на процесот на преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија; квалитетно управување и координација со структурите во процесот на пристапување во Европската Унија. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Навремено остварување на преземените обврски од состанокот со Европската комисија |
| **Фискални импликации:** | Нема |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | **Секретаријат за европски прашања** |

| | |
|---|---|
| **7. Информација за Финансиската спогодба за ИПА 2018 година** | |
| **Образложение:** | Обезбедување на овластување од Владата на РСМ за склучување на финансиските спогодби. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** квалитетно управување и координација со структурите во процесот на пристапување во Европската Унија. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Зголемување на ефикасноста во искористувањето на фондовите од ИПА. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Секретаријат за европски прашања** |

**Приоритет: Целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор и градење на граѓанска држава и етничка кохезија врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување**

Б) Материјали

| | |
|---|---|
| **1.Предлог акциски план за употреба на јазиците** | |
| **Образложение:** | Предлог акцискиот план произлегува од потребата за ефикасна употреба на Законот за употреба на јазиците<br>**Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** вклучување на граѓанскиот сектор во спроведување на политиките кои произлегуваат од Рамковниот договор. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Преземање на поефикасни мерки за реализација на законските одредби. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор** |

**Приоритет: Јакнење на владеењето на правото преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите, изградба на независни институции и функционален систем на локална самоуправа**

Б) Материјали

| | |
|---|---|
| **1. Информација за степенот на реализација на средствата, обезбедени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2018 година, за поддршка на имплементацијата на локалните акциски планови во единиците на локална самоуправа каде такви планови се усвоени, а се изработени врз основа на Националната стратегија за Ромите во Република Северна Македонија 2014 - 2020 година** | |
| **Образложение:** | Со Програмата 4 - Активности поврзани со децентрализација, Потпрограма 40 - Активности поврзани со децентрализација, Категорија 46, Ставка 464 - Разни трансфери, во Буџетот на Република Северна Македонија за 2018 година се предвидени средства за поддршка на имплементацијата на локалните акциски планови во единиците на локална самоуправа каде такви планови се усвоени, а се изработени врз основа на Националната стратегијата за Ромите во Република Северна Македонија 2014 - 2020 година**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** унапредување на системот на локалната самоуправа, продолжување на процесот на децентрализација на власта, воедначување и подобрување на локалните јавни услуги, зајакнување на капацитетите на општините, зголемување на нивната транспарентност, отчетност и инклузивност преку зголемено учество на граѓаните во донесувањето одлуки, поради подобрување на квалитетот на живеење. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Со оваа информација се обезбедуваат сеопфатни информации за Владата за степенот на реализација на средствата обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за поддршка на имплементацијата на локалните акциски планови во единиците на локална самоуправа каде такви планови се усвоени, а се изработени врз основа на Националната стратегијата за Ромите во Република Северна Македонија 2014 - 2020 година. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за локална самоуправа** |

| | |
|---|---|
| **2.Извештај за реализација на Акцискиот план за спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во Република Северна Македонија 2015 - 2020 г., за 2018 година** | |
| **Образложение:** | Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во Република Северна Македонија 2015 - 2020 г. е основен плански документ на Владата за натамошен развој на локалната самоуправа во Република Северна Македонија во наредните |

| | |
|---|---|
| | пет години. Конкретната операционализација на Програмата се врши преку тригодишни акциски планови. Со овој извештај ќе се утврди состојбата со реализација на активностите планирани за 2018 година. Податоците за изготвување на извештаите ќе се прибираат преку комплексен повеќеслоен механизам составен од повеќе органи, институции и тела, утврдени со методологијата усвоена од Владата. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** Зајакнување на приоритетите на општините, зголемување на нивната транспарентност и отчетност, продолжување со процесот на децентрализација во насока на приближување на власта до граѓаните и нивно зголемено учество при донесувањето на одлуките, подобрување на услугите, рамномерен развој и зголемен квалитет на живеење на целата територија на РСМ. |
| НПАА - поглавје и подрачје | I. Политички критериуми ; 1.1 Демократија |
| Очекувани влијанија: | Со извештајот ќе се обезбедат информации за реализација на Акцискиот план за спроведување на Програмата во 2018 година ќе се идентификуваат евентуалните „тесни грла" и ќе се обезбеди основа за утврдување на идните политики за надминување на проблемите во реализација на утврдени политики во Програмата. Истовремено, ќе се овозможи информирање на пошироката јавност, вклучително и на соодветните структури на ЕУ, за состојбата со развојот на локалната самоуправа и процесот на децентрализација на Република Северна Македонија. |
| Фискални импликации: | Нема |
| Предлагач: | **Министерство за локална самоуправа** |

А) Подзаконски акти

## ИНИЦИЈАТИВИ СО СРЕДЕН ПРИОРИТЕТ

**Приоритет: Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните**

**1.Предлог за изменување и дополнување на Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот на доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Согласно член 101 став (7) од Закон за земјоделство и рурален развој со Уредбата се уредува спроведувањето, искористувањето и имплементацијата на мерката за техничка поддршка во земјоделството и руралниот развој која е дел од „Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој". Со предложување на именување и дополнување на истата се воспоставува правна основа за реализација на финансиските средства според нивната намена. Владата на Република Северна Македонија на предлог на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство. |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Зголемување на процентот на реализација на мерките од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој. Според Националната програма за развој за периодот 2018 - 2022 година стратешка цел е да се зајакне земјоделството за да може да биде конкурентно на интегрираните регионални пазари на Европската Унија и Југоисточна Европа преку мерки за воведување на повисоки стандарди за квалитет и заштита на квалитетот на земјоделските производи. |
| **Фискални импликации:** | Нема, изменувањето и дополнувањето на Уредбата не предизвикува фискални импликации, истата се реализира во рамките на предвидените средства на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2019 година, а истите ќе се обезбедат согласно Буџетот на РСМ за 2019 година |
| **Предлагач:** | **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство** |

**2.Предлог одлука за начинот на наплата на износот за „Детска недела“ во октомври 2019 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Одлуката се предлага во согласност со одредбите во Законот за заштита на децата и со истата Владата го утврдува начинот на наплата на износот на средства кои се наплаќаат во време на траењето на „Детската недела“. „Детската недела“ се установува заради развивање на општествената активност за афирмација на заштитата на децата. „Детска недела“ почнува во првата полна недела во октомври секоја година и трае седум дена, а посебниот износ за „Детска недела“ се плаќа во текот на траењето на „Детска недела“. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** промовирање и унапредување на хумана популациона политика и човековите права и создавање на институционални капацитети. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Средствата кои ќе се остварат со наплата на посебниот износ на „Детска недела“ќе се користат за помош на деца од ранливи категории. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за труд и социјална политика** |

**Б) Материјали**

**1.Информација за текот на имплементацијата на Индустриската стратегија на Република Северна Македонија 2018 - 2027 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Индустриската стратегија е во фаза на усвојување од страна на Владата на Република Северна Македонија. Во информацијата ќе бидат опреставени последните состојби од имплементацијата на документот, со насоки за следни чекори во нејзино успешно имплементирање. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** поврзано со зајакнување на конкурентноста на македонската економија и Планот за економски раст. |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| НПАА - поглавје и подрачје | Поглавје 20: Претпријатија и индустриска политика |
| Очекувани влијанија: | Информирање за текот на имплементација на мерките од индустриската политика |
| Фискални импликации: | Има финансиски импликации (Имплементацијата на индустриската политика и мерките кои се имплементираат од страна на Министерството за економија ќе бидат предвидени во Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво) |
| Предлагач: | **Министерство за економија** |

**2. Иницијатива за подобрување на работната клима за ИТ - компаниите со инцијативи на законски промени**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Предлог законски промени за: намалување на данок на добивка за информатиката и информационите технологии на 5%, даночно олеснување за извоз на софтвер и услуги, целосна заштита на правата на интелектуална и индустриска сопственост во областа на информатичките технологии. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** имплементација на реформите на јавните финансии во насока на подобрување на фискалната рамка, зајакнување на процесот на планирање и извршување на Буџетот на Република Северна Македонија, подобрување на наплатата на приходите, зајакнување на системот на јавни набавки, внатрешна и надворешна контрола и транспарентно владино известување. |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| Очекувани влијанија: | Подобрена работната клима за ИТ - компаниите со инцијативи на законски промени. |
| Фискални импликации: | Има |
| Предлагач: | **Министерство за информатичко општество и администрација** |

**3. Информација за одржани преговори за склучување на Договор за социјално осигурување со Француска Република**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Република Северна Македонија има интерес од склучување на договори за социјално осигурување со цел обезбедување на права од социјално осигурување на граѓани кои работеле во повеќе држави. Со Француската Република започнувањето на преговори за склучување на нов договор за социјално осигурување е од посебна важност, бидејќи се применува конвенција од 1950 година која не е усогласена со новите состојби во сферата на социјалното осигурување. Иницијативата **нема индикација на поврзаност со приоритетна цел.** |

| | |
|---|---|
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.02 - Слободно движење на работници; Потпоглавје 3.02.1 - Пристап кон пазарот на трудот; Потпоглавје 3.02.3 - Координација на системи за социјално осигурување** |
| **Очекувани влијанија:** | Преку завршување на преговорите и усогласување на текстот на Договорот ќе се овозможи постапка на ратификација и имплементација на истите, а исто така и остварување на права од социјално осигурување за македонски граѓани кои живеат и работат ( или работеле) во Француската Република. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за труд и социјална политика** |

**4.Информација за одржани преговори за склучување на Административна спогодба за спроведување на Договор за социјално осигурување со Руската Федерација**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Република Северна Македонија има интерес од склучување на договори за социјално осигурување со цел обезбедување на права од социјално осигурување на граѓани кои работеле во повеќе држави. Со склучување на Административната спогодба за спроведување на Договор за социјално осигурување со Руската Федерација ќе се операционализира имплементацијата на Договорот. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Преку завршување на преговорите и усогласување на текстот на Административната спогодба ќе се овозможи постапка на ратификација и имплементација на истите, а со тоа и остварување на права од социјално осигурување за македонски граѓани кои живеат и работат ( или работеле) во Руската Федерација |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за труд и социјална политика** |

**Приоритет: Реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија**

## Б) Материјали

**1.Информација за активностите, состојбите и проблемите на Центарот за обука на Дирекцијата за заштита и спасување**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во моментов во Република Северна Македонија нема соодветен центар за обука за потребите на заштитата и спасувањето од природни непогоди и други несреќи. Дирекцијата за заштита и спасување согласно член 29 од Законот за заштита и спасување има формирано Центар за оспособување и обука на републичките сили за заштита и спасување и командниот и раководен кадар за превентивно оперативно справување со природните непогоди и други несреќи. Дирекцијата за |

| | |
|---|---|
| | заштита и спасување до пред 4 години во своја сопственост имаше објект кој се користеше за оваа намена и истиот беше одземен од Владата на РСМ и даден за потребите на Општина Ѓорче Петров за користење за потребите на основно училиште. Со оваа одлука се оневозможува превентивното дејствување, а со тоа и едукацијата, обуката и тренинзите за потребите на силите на Дирекцијата за заштита и спасување. Согласно Законот за пожарникарство во овој центар треба да се врши и стручното оспособување на пожарникарите во Република Северна Македонија. Како услов заедно лице да работи како професионален пожарникар е да има минимум средно образование и уверение застручно оспособување - пожарникар издадено од Центарот за оспособување и обука. Бидејќи постоечкиот објект што се користеше за оваа намена беше одземен со одлука на Владата на РСМ, очекуваме поддршка за овој проект. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** зголемување на јавната свест и едукација на населението од областа на животната средина и реализација на кампањи од областа на заштитата на животната средина, унапредување на системот на локалната самоуправа, продолжување на процесот на децентрализација на власта, воедначување и подобрување на локалните јавни услуги, зајакнување на капацитетите на општините, зголемување на нивната транспарентност, отчетност и инклузивност преку зголемено учество на граѓаните во донесувањето одлуки, поради подобрување на квалитетот на живеењ, обезбедување квалитетна животна средина на граѓаните преку заштита и унапредување на животната средина во функција на исполнување на принципите на одржливиот развој преку постигнување на стандардите на Европската Унија и зголемување на квалитетот на образованието преку негова модернизација и примена на меѓународните и европските стандарди за акредитацијата и евалуацијата. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Воспоставувањето на Центарот за оспособување и обука е неопходна потреба во Република Северна Македонија. Истиот ќе го овозможи потребното ниво на едукација за потребите на системот на заштита и спасување како и активно спроведување на утврдениот и потребниот раководен и команден кадар. Дополнително ќе се овозможи систем на континуирано оспособување и кондицирање на потребните вештини, знаења и способности на потребниот кадар. Предлогот се дава со цел надминување на сегашната состојба и обезбедувањето на модерен и функционален центар за обука согласно на ЕУ и НАТО за кои меѓународните субјекти придаваат големо значење и постојано укажуваат на потребата од остварување на овој приоритет. |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата не се обезбедени и истите е потребно да се обезбедат од Буџетот на РСМ |
| **Предлагач:** | **Дирекција за заштита и спасување** |

**Приоритет: Јакнење на владеењето на правото преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите, изградба на независни институции и функционален систем на локална самоуправа**

## Б) Материјали

| | |
|---|---|
| **1.Информација за статусот на реализација на Националниот акциски план за Отворено владино партнерство 2018 - 2020 година (Полугодишен извештај за периодот март - август 2019 година)** | |
| **Образложение:** | Врз основа на член 57 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и заклучок по точка 25 од Осумдесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 11.9.2018 година, министерот за информатичко општество и администрација донесе решение за формирање работна група со сите чинители за спроведување на четвртиот Национален акциски план за Отворено владино партнерство 2018 - 2020 година. Согласно решението, Министерството за информатичко општество и администрација изготвува полугодишен извештај за спроведување на Националниот акциски план за Отворено владино партнерство 2018 - 2020 година и истиот го доставува до Владата на Република Северна Македонија на разгледување и утврдување и се објавува на веб - страницата на Министерството. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** подобрување на стручноста, ефикасноста, отчетноста и транспарентноста на јавната администрација и создавање на услужно ориентирани институции со примена на нови технологии, стандарди за квалитет и мерки за сајбер безбедност |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Работата на отворена влада е континуирана заложба и имплементацијата на Националниот акциски план за Отворено владино партнерство 2018 - 2020 година подразбира реализација на амбициозни напори за промовирање на транспарентноста и отчетноста на Владата. Преку Отвореното владино партнерство, Владата на РСМ се обврзува да се изгради на темелите на отворени, транспарентни, сигурни и ефикасни владини институции, кои комуницираат и соработуваат со граѓаните. Уште поважно, Отвореното владино партнерство врши силно влијание врз иновациите, развојот и конкурентноста. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за информатичко општество и администрација** |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

Б) Материјали

| | |
|---|---|
| **1. Информација за проектот „Водоснабдување на Делчево"** | |
| **Образложение:** | Во рамките на проектот се предвидува да се реализираат следните активности: во првата фаза од проектот предвидено е изградба дел од системот за водоснабдување на Општина Делчево и зајакнување на капацитетите за управување со ЈПКД „Брегалница" од Делчево. Доколку има успешна реализација на првата фаза ќе се премине кон втора фаза во која е предвидено изградба на пречистителна станица за отпадна вода во Општина Делчево. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** натамошно зголемување на инвестициите во животната средина и преземање на активности за намалување на климатските промени преку постигнување на пониско ниво на емисијата на штетни гасови; подобрување на животниот стандард на населението, заштита на животната средина и развој на општините преку подобрување на водоснабдувањето и одводот на отпадните води и изградба и реконструкција на водоснабдителни и канализациони системи со третман на отпадни води. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Со реализација на Проектот се овозможува изградба на систем за водоснабдување и на систем за третман на отпадни води во Општина Делчево како и зајакната капацитети на јавното комунално претпријатие и се пристапува кон директна имплементација на Законот за води. |
| **Фискални импликации:** | Има, вкупната вредност е 7.254.000 CHF од кои 6.000.000 CHF ги обезбедува Швајцарската конфедерација преку SEKO, 1.224.000 CHF ги обезбедува Владата на Република Северна Македонија преку МЖСПП и 30.000 CHF Општина Делчево. Проектот ќе се реализира во периодот 2018 - 2021 година. |
| **Предлагач:** | **Министерство за животна средина и просторно планирање** |

| | |
|---|---|
| **2. Информација за проект „Изградба на дел од доводен цевковод за водоснабдување на населените места од Општина Липково од централна разделна шахта до приклучна шахта за населено место Никуштак, Општина Липково"** | |
| **Образложение:** | Во рамките на проектот ќе се изгради доводен цевковод во должина од 3 $km^2$ за повеќе населени места со што ќе се обезбеди чиста вода за пиење на жителите во Општина Липково. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** натамошно зголемување на инвестициите во животната средина и преземање на активности за намалување на климатските промени преку постигнување на пониско ниво на емисијата на штетни гасови; подобрување на животниот стандард на населението, заштита на животната средина и развој на општините преку подобрување на водоснабдувањето и одводот на отпадните води |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| | и изградба и реконструкција на водоснабдителни и канализациски системи со третман на отпадни води. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Со изградбата на цевковод за водоснабдување на населените места во Општина Липково се пристапува кон директна имплементација на Законот за води |
| **Фискални импликации:** | Има, вкупната вредност на проектот изнесува 25.140.346,00 денари, средства обезбедени од Буџетот на Министерството за животна средина и просторно планирање во фискалните година 2018 и 2019 година |
| **Предлагач:** | **Министерство за животна средина и просторно планирање** |

**3. Годишен извештај за преземените активности и постигнатиот напредок за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Обезбедување на континуиран развој и приод, кој се заснова на промоција, обезбедување на еднакви можности на жените и мажите и принцип на недискриминација со цел за остварување на човековите права. Презентирање на активностите кои ќе бидат насочени во инкорпорирање на концептот на еднакви можности и не дискриминација во сите области од општественото живеење. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на РСМ:** јакнење на владеењето на правото преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите **и со приоритетните цели:** унапредување на родовата еднаквост во сите области од општественото живеење и вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките на буџетите, воведување на концептот на еднаквост и недискриминација во сите области на општественото живеење, здравството, социјалната заштита, работните односи и правосудството; и унапредување на човековите права и создавање на институционални капацитети за нивна ефикасна заштита |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавјето 19 Социјална политика и вработување, односно под поглавје 19.7 Антидискриминација и еднакви можности** |
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување на статусот на најранливите категории на граѓани во општеството и да се обезбеди континуитет во остварувањето на еднаквоста и не дискриминацијата; и унапредување на еднаквите можности на жените и мажите, не е само прашање на остварување на слободите и правата на граѓаните без разлика на полот, туку почитувањето на овој принцип придонесува и кон намалување на сиромаштијата. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за труд и социјална политика** |

| 4.Информација за организирање на Конференција со опфат на теми од интерес за државата и дијаспората | |
|---|---|
| Образложение: | Организирање на Конференција со учество на релевантни субјекти од државата и / или Западен Балкан на теми би овозможиле интензивирање на соработката помеѓу државата и дијаспората. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** грижа за македонските национални малцинства во соседството и македонската дијаспора во светот. |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| Очекувани влијанија: | Конкретни насоки за подобрување и интензивирање на соработката помеѓу државата и дијаспората. |
| Фискални импликации: | Има, средствата се во дел обезбедени од Буџет на РСМ, Владата на РСМ, а дел во план да се обезбедат од општините и меѓународните организации |
| Предлагач: | **Кабинет на министерот без ресор задолжен за дијаспора** |

Приоритет: Реформи во правосудството

Б) Материјали

| 1. Информација за примената на одредбите од Кривичниот законик и Законот за кривичната постапка во однос на мерката конфискација | |
|---|---|
| Образложение: | Информацијата ќе опфати анализа на материјалните, но и на процесните одредби за примената на мерката конфискација. Посебен акцент во информацијата ќе биде ставен на примената на мерката проширена конфискација. Исто така, целта на анализата е да ги лоцира и слабостите при примената на мерката конфискација. Анализата ќе биде поткрепена и со статистички показатели за изречени конфискации и проширена конфискација. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** создавање услови за независно, департизирано и ефикасно судство и правда достапна до сите. |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| Очекувани влијанија: | Информацијата ќе ја презентира состојбата во оваа област и ќе ги лоцира слабостите при примената на мерката конфискација од страна на судовите и јавните обвинителства. |
| Фискални импликации: | Нема |
| Предлагач: | **Министерство за правда** |

## ИНИЦИЈАТИВИ КОИ НЕ СЕ ПОВРЗАНИ СО СТРАТЕШКИТЕ ПРИОРИТЕТИ

Б) Материјали

### 1.Иницијатива за подобрување на можностите за вработување кај младите преку можноста за опсервација на работно место (Job Shadowing)

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Целта на иницијативата за опсервација на работно место (Job Shadowing) е привлекување на младите кон дообразовни обуки кои нудат животни вештини и можности преку набљудување на различни работни места за идни насоки за вработување и кариера. Подигнување на свеста кај младите кои сево средни училишта за понатамошни можности за следење на различни работни места, кариерно насочување и идни можности за вработување. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување на можностите за вработување на младите. |
| **Фискални импликации:** | Има, финансиските средства ќе бидат обезбедени од Буџетот на АМС, Програма млади |
| **Предлагач:** | **Агенција за млади и спорт** |

# ОКТОМВРИ

## ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ

**Приоритет: Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните**

А) Подзаконски акти

### 1. Предлог одлука за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2020 година

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согласно член 68 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Северна Македонија и европските заедници, номенклатурата во Царинската тарифа на Република Северна Македонија треба да биде хармонизирана со Комбинираната номенклатура на ЕУ. Со донесување на наведената Предлог-одлука Република Северна Македонија ја исполнува обврската од Спогодбата за стабилизација и асоцијација помеѓу РСМ и ЕУ. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** спроведување на макроекономска политика насочена кон задржување на макроекономската стабилност, зголемување на конкурентноста на економијата и зголемување на вработеноста. **Иницијативата не предизвикува фискални импликации.** |

| | |
|---|---|
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 3.29 - Царинска унија** |
| **Очекувани влијанија:** | Усогласување со европското законодавство во насока на еднообразна примена на номенклатурата во Царинската тарифа. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за финансии** |

**2.Предлог проект „Бизнис сегментација на МЖ Транспорт и приватизација на МЖ Транспорт (карго)"**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во рамките на овој проект се развива стратегија за бизнис сегментација за МЖ Транспорт, со што ќе се обезбеди распределба на средствата, обврските и капиталот од тековната компанија на новоформираните компании; предлогот исто така, треба да се осврне на прераспределбата на постојните вработени. Исто така, ќе се развие проценка за подготвеноста за приватизација на АД „МЖ Транспорт" (карго компанијата), која вклучува дефинирање на можни сценарија на бизнис модели кои би се примениле при приватизацијата имајќи ги предвид силните и слабите страни поврзани со моменталната состојба на МЖ Транспорт и регулаторната рамка која е во сила. Ќе се дефинира и листа на препораки и „брзи активности" кои треба да се применат за да се поддржи успехот на операцијата. Според резултатите од спроведената анализа, македонската влада ќе избере конкретен бизнис модел за приватизација. За целите на приватизацијата ќе се изготви акциски план за приватизација кој ќе даде преглед на клучните активности, временската рамка и пресвртници според бизнис моделот за приватизација што ќе биде избран од македонската влада. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** зголемување на економскиот раст со надградба и подобрување на транспортната инфраструктура во сите сегменти и воспоставување на интегрирана и интерконектирана транспортна мрежа. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 14: Транспортна политика;** Поголема усогласеност со новата Директива 2012/34/ EU со Законот за железничкиот систем, во врска со отворањето на пазарот за железнички товарен транспорт |
| **Очекувани влијанија:** | Постепено отворање на пазарот на железнички товарен транспорт што е едно од Барањата на транспортната заедница. |
| **Фискални импликации:** | Има, средства за студиите и анализите се обезбедени од Европска банка за обнова и развој. |
| **Предлагач:** | **Кабинет на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања** |

Б) Материјали

| | |
|---|---|
| **1.Иницијатива за потребата од климатска рехабилитација за деца од загадените подрачја во Република Северна Македонија** | |
| Образложение: | Активноста се реализира во согласност со Програмата на Министерството и ги опфаќа децата од Велес, с. Осломеј, с. Возарци, с. Миладиновци и Тетово кои се во непосредна близина на индустриските капацитети Окта, Осломеј, Фени и Југохром во кои се чувствуваат последиците врз здравјето на децата како резултат на историско загадување. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** обезбедување на квалитетна животна средина на граѓаните преку заштита и унапредување на животната средина во функција на исполнување на принципите на одржливиот развој. |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| Очекувани влијанија: | Намалување на последиците од историското загадување кај најмладата популација. |
| Фискални импликации: | Има, предвидени се средства во Предлог-буџет 2.000.000,00 ден |
| Предлагач: | **Министерство за животна средина и просторно планирање** |

| | |
|---|---|
| **2.Информација за реализација на активности во рамки на кампањата „Северна Македонија без отпад"** | |
| Образложение: | Се спроведува национална акција за собирање на неправилно одложениот отпад на фреквентни и посетени од граѓани локации со вклучување на различни општествени чинители (локални самоуправи со нивните комунални претпријатија, институции, граѓани и граѓански здруженија, фирми, колективни постапуваши со отпад). Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** обезбедување на квалитетна животна средина преку развивање на концептот за правилно постапување со отпад во функција на исполнување на принципите на одржливиот развој. |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| Очекувани влијанија: | Подигнување на јавната свест и одговорноста на сите засегнати општествени чинители за потребата од делување во насока на селектирање и рециклирање на отпадот и спречување на создавање на нелегални и диви депонии што е во согласност определбите на државата и МЖСПП да ги достигне европските стандарди за животна средина. |
| Фискални импликации: | Има, предвидени средства со во Предлог-буџет: (200.000,00 ден.) |
| Предлагач: | **Министерство за животна средина и просторно планирање** |

| | |
|---|---|
| **3.Информација за статусот на реализација на проекти финансирани преку кинеска помош** | |
| **Образложение:** | Информирање на Владата на Република Северна Македонија за текот на реализација на проектите. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** квалитетно управување и координација со структурите во процесот на пристапување во Европската Унија. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Навремено и насочено искористување на средствата од билатерални партнери. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Секретаријат за европски прашања** |

| | |
|---|---|
| **4.Информација за статусот на реализација на активности во рамки на „Европска недела на движење и Меѓународен ден без автомобили - 22 Септември"** | |
| **Образложение:** | Активности за промоција на одржлив начин на транспорт и намалување на аерозагадувањето од сообраќајот преку одбележување на Европска недела на движење и Меѓународниот ден без автомобили - 22 Септември". **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** обезбедување квалитетна животна средина на граѓаните преку заштита и унапредување на животната средина во функција на исполнување на принципите на одржливиот развој преку постигнување на стандардите на Европската Унија; натамошно зголемување на инвестициите во животната средина и преземање на активности за намалување на климатските промени преку постигнување на пониско ниво на емисија на штетни гасови; зголемување на јавната свест и едукација на населението од областа на животната средина и реализација на кампањи од област на заштитата на животната средина. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Подигнување на јавна свест и мотивирање за примена на одржливи транспортни решенија во урбаните средини; промоција за употребата на алтернативни еколошки превозни средства со што транспортот ќе биде поефикасен и поеколошки и ќе придонесе кон заштити животната средина и здравјето на луѓето; развивање и прифаќање на концептот за „паметни градови". |
| **Фискални импликации:** | Има, предвидено во Предлог-буџет: (355.000,00 ден) |
| **Предлагач:** | **Министерство за животна средина и просторно планирање** |

Б) Материјали

| | |
|---|---|
| **1.Иницијатива за отворање на податоци од Регистарот за вработени во јавниот сектор во отворен формат** | |
| **Образложение:** | Согласно законските овластувања, Министерството за информатичко општество и администрација води Електронски регистар за вработени во јавниот сектор. Во насока на целосна транспарентност на јавната администрација, МИОА ќе ги објави организациските шеми на сите институции за кои има податоци во Регистарот, како и пополнетост на работните позиции и истите ќе ги објави во отворен формат како отворени податоци. Овие податоци ќе се ажурираат автоматски со секоја измена во регистарот. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** подобрување на стручноста, ефикасноста, отчетноста и транспарентноста на јавната администрација и создавање на услужно ориентирани институции со примена на нови технологии, стандарди за квалитет и мерки за сајбер безбедност. Промовирање на европските вредности во процесот на пристапување во ЕУ преку транспарентност и зајакнување на соработката со граѓанскиот сектор и академската заедница. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Зголемување на транспарентноста во кадровската политика и работењето на јавната администрација |
| **Фискални импликации:** | Има, иницијативата предизвикува финансиски импликации, треба да се предвидат средства за изработка на веб - сервиси за објава на податоци од електронскиот регистар на ИСУЧР на платформата за отворени податоци. |
| **Предлагач:** | **Министерство за информатичко општество и администрација** |

Приоритет: Одлучна и неселективна борба со организираниот криминал и корупцијата

Б) Материјали

| | |
|---|---|
| **1. Информација за Адендумот кон Вториот извештај на ГРЕКО за усогласеност на Република Северна Македонија - четврт круг на евалуација** | |
| **Образложение:** | Извештајот на ГРЕКО за евалуација на Република Северна Македонија - четврт круг беше усвоен во декември 2013 година. Истиот се однесува на превенција на корупцијата кај членовите на Собранието, судиите и јавните обвинители и содржи вкупно 19 препораки упатени до Република Северна Македонија, од кои 4 се однесуваат на членовите на Собранието, 9 се однесуваат на судството, 3 се однесуваат на јавното обвинителство и 3 се однесуваат на сите категории. Првиот извештај за усогласеност за Република Северна Македонија - четврт круг беше усвоен од страна на ГРЕКО во јули 2016 година. Вториот извештај за усогласеност |

| | |
|---|---|
| | за Република Северна Македонија - четврт круг беше усвоен во јуни 2018 година при што заклучи дека од првично 19 - те дадени препораки, Република Северна Македонија има во целост имплементирано 6 препораки, делумно имплементирано 8 препораки, а 5 препораки воопшто не се имплементирани. Согласно Деловникот за работа на ГРЕКО, овој степен на реализација на препораките се подведува под Правилото 31 став 8.3 и е со оценка „генерално незадоволително", односно значи ниско ниво на усогласеност. Поради тоа, овој евалуационен круг не се затвори, туку ГРЕКО и понатаму ќе го следи напредокот кој Република Северна Македонија ќе го направи во поглед на имплементацијата на преостанатите препораки од четвртиот евалуационен круг. Во таа насока ГРЕКО го повика шефот на Делегацијата на Република Северна Македонија во ГРЕКО да извести за прогресот во имплементацијата на преостанатите препораките од овој круг најдоцна до 30 јуни 2019 година. Врз основа на информациите кои ќе се достават за активностите преземени за реализација на преостанатите препораки на ГРЕКО во јуни 2019 година, ГРЕКО ќе усвои Адендум кон Вториот извештај за усогласеност на Република Северна Македонија, со кој ќе ја констатира состојбата во однос на степенот на реализација на препораките од четвртиот круг. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** одлучна и неселективна борба со организираниот криминал и корупцијата, реформи во насока на владеење на правото, изградба на независни институции и зголемување на јавната безбедност. |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| **Очекувани влијанија:** | Со имплементацијата на препораките од четвртиот круг на евалуација се очекува зајакнување на правниот и институционалниот систем на државата во однос на превенција и борба против корупцијата кај пратениците, судиите и јавните обвинители, кои се предмет на четвртиот круг на евалуација на ГРЕКО. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за правда** |

Б) Материјали

## ИНИЦИЈАТИВИ СО СРЕДЕН ПРИОРИТЕТ

**Приоритет: Реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија**

**1.eID - електронска идентификација за секој граѓанин во РСМ за користење на електронските јавни услуги**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Согласно **Предлог-законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги** се дефинираат шеми за електронска идентификација на со ниско, значително или високо ниво на сигурност. МИОА води регистар на даватели на доверливи услуги и на шеми за електронска идентификација. Во овој регистар задолжително се впишуваат шемите за |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| | електронска идентификација кои ги употребуваат јавните органи. На барање во регистарот може да се регистрираат шеми за електронска идентификација создадени од приватни правни лица, под услов истите да задоволуваат високо ниво на сигурност. За електронска идентификација пред јавен орган задолжително се користи шема која е регистрирана во регистарот, додека за идентификација во приватниот сектор не мора да се користи регистрирана шема. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** развој на електронските комуникации во Република Северна Македонија. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Зголемување на пробивот на електронските услуги за граѓаните. |
| **Фискални импликации:** | Има |
| **Предлагач:** | **Министерство за информатичко општество и администрација** |

**Приоритет: Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните**

**Б) Материјали**

**1.Информација за степенот на реализација на проектот „Воведување на Национална програма за консолидација на земјиште - MAINLEND"**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Поради потребата за надминување на неповолната земјишната структура во Република Северна Македонија што директно влијае на слабата конкурентна способност на македонските земјоделци, во 2012 година Владата на Република Северна Македонија ја донесе Национална стратегија за консолидација на земјоделското земјиште за период од 2012 до 2020 г., согласно која се започна со воведување на активни политики на консолидирање на обработливото земјиште и имплементирање на проекти за консолидација на земјоделско земјиште. Владата го задолжи МЗШВ за редовно полугодишно информирање за напредокот на реализација на политиката за консолидација која се спроведува поддржана од проектот „Воведување на Национална програма за консолидација на земјиште". **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на РСМ:** Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија и **со приоритетните цели:** зголемување на земјоделските површини и на приносот и квалитетот на земјоделските производи; надминување на традиционалниот пристап во земјоделството и унапредување на најновите технологии со зголемен трансфер на знаење во земјоделството; планирање и одржливо користење на просторот и природните богатства и развивање на институционалните капацитети. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Запознавање на Владата на Република Северна Македонија со прогрес за реализација на проектот „Воведување на Национална програма за консолидација на земјиште - MAINLAND" |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство** |

**Приоритет: Јакнење на владеењето на правото, преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите, изградба на независни институции и функционален систем на локална самоуправа**

**Б) Материјали**

| **1.Иницијатива за потребата од развивање на Рамка на професионални компетенции за администрацијата во Република Северна Македонија** | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во законодавството во Република Северна Македонија утврдена е Рамка на општи работни компетенции за секоја од групите на административните службеници. Во рамките на ИПА ТАИБ 2012 кој се спроведуваше во МИОА, беше развиена Рамка на професионални компетенции за административните службеници за 5 најчести професии во администрацијата во Република Северна Македонија (финансиско работење, ИКТ, управување со човечки ресурси, правно - нормативна дејност и односи со јавноста). Иницијативата подразбира доразвивање на рамката на професионални компетенции со уште 5 до 10 најчести професии во администрацијата, како на пример: јавни набавки, ревизија, стратешко планирање. Основна цел на иницијативата е градење на професионална, компетентна и стручна администрација која ќе биде вистински сервис на граѓаните и бизнис заедницата, а со тоа директно ќе придонесе за создавање на силни, независни и услужно ориентирани институции. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** подобрување на стручноста, ефикасноста, отчетноста и транспарентноста на јавната администрација и создавање на услужно сервисни институции со примена на нови технологии, стандарди за квалитет и мерки за сајбер безбедност. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Ефикасна и професионална администрација способна да биде сервис на граѓаните и бизнис заедницата. |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата за оваа иницијатива треба да бидат обезбедени со донаторска поддршка. |
| **Предлагач:** | **Министерство за информатичко општество и администрација** |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

Приоритет: Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија

А) Подзаконски акти

**1.Предлог правилник за изменување и дополнување на Правилникот за условите за ставање во промет на суровини за храна за животни, декларирањето и карактеристиките кои треба да бидат дадени на придружниот документ или пакувањето и листа на суровини за храна за животни**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Понатамошно усогласување со законодавството на Европската Унија, поточно Регулативата 32017R1017, во насока на целосно усогласување. **Иницијативата има индикација на поврзаност и со стратешкиот приоритет на Владата на РСМ:** развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните **и со приоритетната цел:** зголемување и поддршка на развојот на индустриско - преработувачките капацитети кои ќе бидат извозно ориентирани и ќе создаваат производи со повисока додадена вредност, поддршка на индустриските капацитети кои ќе овозможат супституција на увозот. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **ЕПП: 2018.0886.7559; Поглавје 12 - 3.12. Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика, Подрачје - 3.12.2. Ветеринарна политика** |
| **Очекувани влијанија:** | Поголема меѓусебна поврзаност, јасност и поедноставување на содржината заради многубројните измени на прописот претрпени досега (соодветно со многубројните измени на Регулативата); намалување на административните пречки и оптоварувања за операторите со обезбеден временски период кој овозможува непречена замена на означувањето на храната за животни со цел да се избегне непотребно нарушување на комерцијалните практики и административни оптоварувања за операторите со храна за животни. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Агенција за храна и ветеринарство** |

Б) Материјали

**1. Информација за назначување на раководител на Оперативната структура (ХОС) од страна на Владата на Република Северна Македонија**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информацијата се доставува со цел да се информира Владата на РСМ за статусот на напредокот на процесот на воспоставување на децентрализиран систем (ДИС) на управување со фондовите од програмите на ИПА за прекугранична соработка на Република Северна Македонија со Република Албанија и со Република Косово. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** развој на пограничните региони преку спроведување на прекугранична соработка, како и овозможување на субјекти од земјата да воспостават партнерства и да учествуваат на проекти од макро - регионален карактер. |

| | |
|---|---|
| **НПАА - поглавје и подрачје** | Поглавје 22 |
| **Очекувани влијанија:** | Иницијативата има позитивно очекување бидејќи се очекува Владата да се информира и да го одобри воспоставениот систем, како и да го одобри назначувањето на раководителот на Оперативната структура (ХОС), според номенклатурата на Регулативата за спроведување на ИПА за прекугранична соработка |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за локална самоуправа** |

**2.Информација за подготвениот седми Извештај за имплементација на Ревидираната европска социјална повелба на Советот на Европа**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | **Ревидираната Европска социјална повелба (РЕСП)** претставува еден од основните документи на Советот на Европа кој ги штити социјалните и економски човекови права и слободи. Со ратификувањето на РЕСП Република Северна Македонија се обврза на почитување и имплементирање на правата содржани во неа. Поради тоа, секоја година Министерството за труд и социјална политика во координација со други министерства и институции, подготвува извештаи кон имплементацијата на РЕСП, кои по усвојувањето од страна на Владата на РСМ се доставуваат до генералниот секретар на Советот на Европа. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** унапредување на човековите права и создавање на институционални капацитети за нивна ефикасна заштита. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Штитење и унапредување на економските и социјалните човекови права на граѓаните, како и спроведување на реформите кои се во насока на интегративните процеси на Република Северна Македонија. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за труд и социјална политика** |

**3.Информација за продолжување на проектот „Канцеларии за соработка со дијаспората"**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информацијата има за цел да ја информира Владата на Република Северна Македонија за досегашните активности во рамки на отворените канцеларии за дијаспората во неколку општини во Република Северна Македонија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** грижа за македонските национални малцинства во соседството и македонската дијаспора во светот. |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| Очекувани влијанија: | Информирање на Владата на Република Северна Македонија за досегашното функционирање на овие канцеларии со цел да се утврди потребата од продолжување на овој проект во поголем обем. |
| Фискални импликации: | Има, средствата се дел обезбедени од Буџет на РСМ, Владата на РСМ, а дел во план да се обезбедат од општините и меѓународните организации |
| Предлагач: | **Кабинет на министерот без ресор задолжен за дијаспора** |

# НОЕМВРИ

## ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ

**Приоритет: Јакнење на владеењето на правото преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите, изградба на независни институции и функционален систем на локална самоуправа**

Б) Материјали

### 1. Информација за примената на Законот за медијација

| | |
|---|---|
| Образложение: | Ќе се прикажат резултатите од спроведувањето на новиот Закон за медијација, спроведувањето на испитот за медијатори, бројот на медијатори, бројот на медијации, бројот на субвенционирани медијации од државата. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** јакнење на владеењето на правото преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите. |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| Очекувани влијанија: | Проценка на резултатите од новокреираниот модел на медијација и зголемување на примената на медијацијата како алтернативен, брз и ефикасен начин на решавање на спорните односи помеѓу страните. |
| Фискални импликации: | Нема |
| Предлагач: | **Министерство за правда** |

### 2.Информација за потребата од донесување на Закон за државно правобранителска служба

| | |
|---|---|
| Образложение: | Имајќи ја предвид одговорната улога на Државното правобранителство на Република Северна Македонија, постапување на органот во сите инстанци пред сите судови во Република Северна Македонија и постапување пред надлежните управни органи, исто така, во сите инстанци, сеопфатноста на материјата по која се |

| | |
|---|---|
| | постапува, за потребата од независно остварување на државноправобранителската служба потребно е да се основа независна државноправобранителската служба |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Работна група за Поглавјето3.23 - Правосудство и фундаментални права** |
| **Очекувани влијанија:** | Обезбедување на висококвалитетна, професионална, независна и пред се ефикасна државноправобранителската служба |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата не се обезбедени и истите треба да се обезбедат од Буџетот на РСМ за 2019 година. |
| **Предлагач:** | **Државно правобранителство на Република Северна Македонија** |

| | |
|---|---|
| **3. Информација за усвојување на текст на Националната стратегија за заштита и спасување во Република Северна Македонија** | |
| **Образложение:** | Како основа за донесување на Национална стратегија за заштита и спасување е членот 8 од Уставот на Република Северна Македонија во кои се утврдени темелните вредности на Република Северна Македонија, Националната концепција за безбедност и одбрана на Република Северна Македонија и членот 8 од Законот за заштита и спасување во кој се дефинира обврската на Собранието на Република Северна Македонија да донесе Национална стратегија за заштита и спасување. Целта на овој документ е креирање на единствен систем за заштита и спасување без преклопување на надлежности и субјекти кои ќе и организираат, спроведуваат и контролираат активностите и мерките во заштитата и спасувањето на луѓето и материјалните добра. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетни цели:** подобрување на стручноста, ефикасноста, отчетноста и транспарентноста на јавната администрација и создавање на услужно ориентирани институции со примена на нови технологии, стандарди за квалитет и мерки за сајбер безбедност, обезбедување квалитетна животна средина на граѓаните преку заштита и унапредување на животната средина во функција на исполнување на принципите на одржливиот развој преку постигнување на стандардите на Европската Унија, унапредување на системот на локалната самоуправа, продолжување на процесот на децентрализација на власта, воедначување и подобрување на локалните јавни услуги, зајакнување на капацитетите на општините, зголемување на нивната транспарентност, отчетност и инклузивност преку зголемено учество на граѓаните во донесувањето одлуки, поради подобрување на квалитетот на живеење и намалување на разликите во развојот помеѓу и во планските региони, зголемување на конкурентната способност на планските региони. |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 3.27 - Животна средина и климатски промени; 3.27.1 - Хоризонтални** |
| **Очекувани влијанија:** | Оптимална безбедност на заштитата и спасувањето од природни непогоди и други несреќи, штитејќи ги трајните интереси кои произлегуваат од темелните вредности утврдени во Уставот на Република Северна Македонија, како учество и давање на помош во заштитата и спасувањето на други земји, создавање на единствен систем |

| | |
|---|---|
| | за заштита и спасување. Изработената Национална стратегија за заштита и спасување во најголема мерка ќе ја следи структурата на цивилната заштита во ЕУ, ставајќи целосен акцент на Националното законодавство и тргнувајќи исклучиво од него, но со имплементација и одразување на Механизмот за цивилна заштита на ЕУ аспектот, следејќи ја политиката и принципите на Европската Унија во делот на цивилната заштита. Националната стратегија за заштита и спасување ќе дефинира јасна насока за развојот на политиката и спасувањето во државата при тоа превентивно делувајќи и намалувајќи ги ризиците од катастрофи кои често предизвикуваат големи материјални и други последици. |
| **Фискални импликации:** | Има, Буџет на РСМ |
| **Предлагач:** | **Дирекција за заштита и спасување** |

**Приоритет: Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните**

## А) Подзаконски акти

**1. Предлог програма за испитување на појавата, спречувањето и сузбивањето на бруцелозата кај населението во Република Северна Македонија за 2020 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Годишна превентивна програма согласно Законот за здравствена заштита. Во истата се предвидени активностите за епидемиолошко набљудување за рано откривање на извори, патишта и начин на пренесување на заразата, рано и активно откривање на заболени, лабораториско докажување, навремено хоспитализирање и здравствено - едукативна дејност **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** развивање на ефикасен и достапен систем на здравствена заштита на населението, што подразбира зајакнување на услугите и подобрување на организацијата на здравствената заштита на сите нивоа - превентивно, примарно, секундарно и терциерно ниво; развивање на одржлив, интегриран и ефикасен здравствен систем, заснован на еднаквоста и солидарноста, базиран на реалните потреби на граѓаните. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 1 - Слободно движење на стоки; Поглавје 27 - Животна средина**<br>**Поглавје 28 - Заштита на потрошувачи и јавно здравје** |
| **Очекувани влијанија:** | Навремено откривање и соодветно лекување на лицата со бруцелоза, едукација за превенција |
| **Фискални импликации:** | Има, Буџет на РСМ за 2019 година |
| **Предлагач:** | **Министерство за здравство** |

**2. Предлог програма за обезбедување на трошоци за болни кои се третираат со дијализа и активности за пациентите со хемофилија во Република Северна Македонија за 2020 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Програмата за обезбедување на трошоците за болни кои се третираат со дијализа, за започнување и континуирано вршење на хемодијализа на пациенти за нивен поквалитетен и поздрав живот обезбедување здравствена заштита за лицата кои се опфатени со Спогодбата меѓу македонската Влада и албанската Влада за соработка во областа на здравството и медицинските науки и активности за пациентите со хемофилија во Република Северна Македонија, подобрување на состојбата на лица заболени од хемофилија преку рано препознавање и навремено нивно лекување. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** Развивање на ефикасен и достапен систем на здравствена заштита на населението, што подразбира зајакнување на услугите и подобрување на организацијата на здравствената заштита на сите нивоа: превентивно, примарно, секундарно и терциерно ниво. Развивање на одржлив, интегриран и ефикасен здравствен систем, заснован на еднаквоста и солидарноста, базиран на реалните потреби на граѓаните. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 1 - Слободно движење на стоки; Поглавје 27 - Животна средина Поглавје 28 - Заштита на потрошувачи и јавно здравје** |
| **Очекувани влијанија:** | Програмата ќе овозможи навремено згрижување на пациентите со дијализа и превентивно - едукативни активности за хемофилијата. |
| **Фискални импликации:** | Има, Буџет на РСМ за 2019 година |
| **Предлагач:** | **Министерство за здравство** |

**3. Предлог програма за здравствена заштита на лица со душевни растројства во Република Северна Македонија за 2020 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во програмата се содржани мерки и активности на болничко лекување на лица со изречена од надлежен суд мерка „задолжително лекување и чување", лекување на пациентите во центрите за ментално здравје (дневни болници), промотивни активности за астигматизација на ментално болните пациенти и отворање на нови центри за ментално здравје; обезбедување на здравствена заштита и згрижување на пациентите кои се со од надлежен суд изречена мерка „задолжително лекување и чување"; обезбедување на здравствена заштита на близу 700 пациенти кои се лекуваат во центрите за ментално здравје низ Републиката; развивање на различни форми на вонинституционално и вонболничко лекување; подобрување на системот на брзо препознавање на депресијата кај младата и средовечната популација и преземање на мерки за намалување на самоубиства во Република Северна Македонија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** Развивање на ефикасен и достапен систем на здравствена заштита на населението, што подразбира зајакнување на услугите и подобрување на организацијата на здравствената заштита на сите нивоа - превентивно, примарно, секундарно и терциерно ниво; развивање на одржлив, |

| | |
|---|---|
| | интегриран и ефикасен здравствен систем, заснован на еднаквоста и солидарноста, базиран на реалните потреби на граѓаните. |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 1 - Слободно движење на стоки; Поглавје 27 - Животна средина Поглавје 28 - Заштита на потрошувачи и јавно здравје** |
| **Очекувани влијанија:** | Програмата ќе овозможи навремено згрижување и лекување на лица со изречена од надлежен суд мерка „задолжително лекување и чување", лекување на лицата во центрите за ментално здравје (партиципацијата), промотивни активности за астигматизација на ментално болните пациенти и отворање на нови центри за ментално здравје, како и помош на лицата со депресивни епизоди. |
| **Фискални импликации:** | Има, Буџет на РСМ за 2019 година |
| **Предлагач:** | **Министерство за здравство** |

**4.Предлог програма за едукација на лекари и медицински персонал и за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените соработници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени во Република Северна Македонија за 2020 година**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Со оваа програма се обезбедуваат средства за стручно усовршување на докторите на медицина упатени на специјализација во странство, како и стручно доусовршување со ангажирање на еминентни стручни лица од различни области на медицината, како и средства за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени лица. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** развивање на ефикасен и достапен систем на здравствена заштита на населението, што подразбира зајакнување на услугите и подобрување на организацијата на здравствената заштита на сите нивоа - превентивно, примарно, секундарно и терциерно ниво; развивање на одржлив, интегриран и ефикасен здравствен систем, заснован на еднаквоста и солидарноста, базиран на реалните потреби на граѓаните. |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 1 - Слободно движење на стоки; Поглавје 27 - Животна средина Поглавје 28 - Заштита на потрошувачи и јавно здравје** |
| **Очекувани влијанија:** | Со стручното доусовршување се очекува давање на поквалитетни здравствени услуги за пациентите, обезбедување на дополнителни услуги. Со оваа програма, исто така, ќе се обезбедат соодветни специјалистички кадри за населението на примарно и секундарно ниво во регионите каде што има недостаток од истите. |
| **Фискални импликации:** | Има, Буџет на РСМ за 2019 година |
| **Предлагач:** | **Министерство за здравство** |

| 5.Предлог програма за задолжителна имунизација на населението во Република Северна Македонија за 2020 година | |
|---|---|
| **Образложение:** | Годишна превентивна програма согласно Законот за здравствена заштита. Во истата се предвидени видови и количини на вакцини за редовна имунизација на децата и вакцини по епидемиолошки индикации, како и опфат на лицата кои се подлежни на поедини вакцинации. Со средствата предвидени во програмата се обезбедуваат годишни потреби на вакцини за целата држава. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** развивање на ефикасен и достапен систем на здравствена заштита на населението, што подразбира зајакнување на услугите и подобрување на организацијата на здравствената заштита на сите нивоа - превентивно, примарно, секундарно и терциерно ниво; развивање на одржлив, интегриран и ефикасен здравствен систем, заснован на еднаквоста и солидарноста, базиран на реалните потреби на граѓаните. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 1 - Слободно движење на стоки; Поглавје 27 - Животна средина; Поглавје 28 - Заштита на потрошувачи и јавно здравје** |
| **Очекувани влијанија:** | Редовна вакцинација на деца од 0 - 18 години со опфат над 95% и можност за спречување на појава на болести кои се превенираат со вакцина. Обезбедување на здраво поколение. |
| **Фискални импликации:** | Има, Буџет на РСМ за 2019 година |
| **Предлагач:** | **Министерство за здравство** |

| 6.Предлог програма за обезбедување инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење шеќер и едукација за третман и контрола на дијабетес за 2020 година | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со обезбедување на средства за централна набавка на инсулинот се постигнува редовно лекување на пациентите со шеќерна болест, заштита на здравјето на овие пациенти, намалување на компликациите кои настануваат како резултат од нередовното обезбедување на инсулин, намалување на инвалидитетот на оваа категорија на лица и зголемување на работоспособноста, кое од друга страна претставува намален број на боледувања, 100% опфатеност на пациентите со терапијата, добра регулација на шеќерот во крв со помош на ленти и едукација. Инсулинот е неопходно потребен на пациентите со шеќерна болест, централизираната набавка на инсулин, воведување водич за лекување на пациентите со инсулин и вмрежување на сите центри за дијабетичари се трите сегменти кои ќе придонесат за воспоставување на добар систем за унифицирање на третманот со инсулин низ државата, притоа водејќи се според најсовремените светски и европски протоколи. Националниот регистар за дијабетес е спроведен на цела територија на Република Северна Македонија каде се вмрежени сите центри за дијабетес и инсулински аптеки. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** развивање на ефикасен и достапен систем на здравствена заштита на населението, што подразбира зајакнување на услугите и подобрување на организацијата на здравствената заштита на сите нивоа - |

| | |
|---|---|
| | превентивно, примарно, секундарно и терциерно ниво; развивање на одржлив, интегриран и ефикасен здравствен систем, заснован на еднаквоста и солидарноста, базиран на реалните потреби на граѓаните. |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 1 - Слободно движење на стоки; Поглавје 27 - Животна средина Поглавје 28 - Заштита на потрошувачи и јавно здравје** |
| Очекувани влијанија: | Централизирана набавка на инсулин, воведување водич за лекување на пациентите со инсулин и вмрежување на сите центри за дијабетичари се трите сегменти кои придонесоа за воспоставување на добар систем за современо лекување на пациентите со шеќерна болест, практицирање на медицина базирана на докази, унифицирање на третманот на инсулино - зависни пациенти, притоа водејќи се според најсовремените светски и европски протоколи. Со централизираната набавка на инсулин на годишно ниво, што ја спроведе Министерството за здравство, навреме се обезбедуваат потребните количини на инсулин, а со оглед на фактот дека се работи за голема количина се доби и пониска цена за набавка. |
| Фискални импликации: | Има, Буџет на РСМ за 2019 година |
| Предлагач: | **Министерство за здравство** |

| | |
|---|---|
| **7.Предлог програма за здравствена заштита на мајки и деца во Република Северна Македонија за 2020 година** | |
| Образложение: | Годишна превентивна програма согласно Законот за здравствена заштита. Предвидени мерки и активности се: континуирано обезбедување на ефикасни превентивни здравствени услуги и услуги од областа на унапредување на здравјето на мајките и децата, следејќи ги целите за одржлив развој и принципите на човекови права, родова еднаквост и недискриминација и правото на сексуално и репродуктивното здравје. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** развивање на ефикасен и достапен систем на здравствена заштита на населението, што подразбира зајакнување на услугите и подобрување на организацијата на здравствената заштита на сите нивоа - превентивно, примарно, секундарно и терциерно ниво; развивање на одржлив, интегриран и ефикасен здравствен систем, заснован на еднаквоста и солидарноста, базиран на реалните потреби на граѓаните |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 1 - Слободно движење на стоки; Поглавје 27 - Животна средина Поглавје 28 - Заштита на потрошувачи и јавно здравје** |
| Очекувани влијанија: | Зголемување на достапноста и унапредување на квалитетот на превентивните здравствени услуги на мајките и децата, јакнење на капацитетите на здравствените работници за унапредување на квалитетот на нивната работа и јакнење на капацитетите на семејствата и поддршка на родителите во унапредување на здравјето, растот и развојот кај малите деца. |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **Фискални импликации:** | Има, Буџет на РСМ за 2019 година |
| **Предлагач:** | **Министерство за здравство** |

**8.Предлог програма за рано откривање на малигни заболувања во Република Северна Македонија за 2020 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Годишна превентивна програма согласно Законот за здравствена заштита. Во истата се предвидени активности за едукација на населението за превентивни прегледи за рано откривање на малигни заболувања како и превентивни гинеколошки прегледи со ПАП - тест, превентивни прегледи на дојка и прегледи за рано откривање на карцином на дебело црево. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** развивање на ефикасен и достапен систем на здравствена заштита на населението, што подразбира зајакнување на услугите и подобрување на организацијата на здравствената заштита на сите нивоа - превентивно, примарно, секундарно и терциерно ниво; развивање на одржлив, интегриран и ефикасен здравствен систем, заснован на еднаквоста и солидарноста, базиран на реалните потреби на граѓаните. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 1 - Слободно движење на стоки; Поглавје 27 - Животна средина; Поглавје 28 - Заштита на потрошувачи и јавно здравје** |
| **Очекувани влијанија:** | Подигање на свеста и знаењата на населението за превентивни мерки за рано откривање на карциномите, а воедно со превентивните прегледи рано откривање на малигни заболувања и навремено лекување |
| **Фискални импликации:** | Има, Буџет на РСМ за 2019 година |
| **Предлагач:** | **Министерство за здравство** |

**9.Предлог програма за превенција на кардиоваскуларните болести (КВБ) во Република Северна Македонија за 2020 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Како и секоја друга гранка од хирургијата, кардиохирургијата бара искусен тим од кардиохирурзи, васкуларни хирурзи, анестезиолози, кардиолози и други, како и среден персонал (инструментарки, медицински сестри, анестетичари, перфузионисти и други). Министерството едуцира и создава кадар кој ќе работи во државната адултна и детската кардиохирургија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** развивање на ефикасен и достапен систем на здравствена заштита на населението, што подразбира зајакнување на услугите и подобрување на организацијата на здравствената заштита на сите нивоа - превентивно, примарно, секундарно и терциерно ниво; развивање на одржлив, интегриран и ефикасен здравствен систем, заснован на еднаквоста и солидарноста, базиран на реалните потреби на граѓаните. |

| | |
|---|---|
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 1 - Слободно движење на стоки; Поглавје 27 - Животна средина; Поглавје 28 - Заштита на потрошувачи и јавно здравје** |
| **Очекувани влијанија:** | Со цел навремено дијагностицирање и третман на кардиолошките заболувања кај адултните и педијатриските пациенти, Министерството за здравство интензивно вложува напори во растот и развојот на адултната и педијатриската кардиохирургија, како и на интензивната хируршка нега. |
| **Фискални импликации:** | Има, Буџет на РСМ |
| **Предлагач:** | **Министерство за здравство** |

**10.Предлог програма за осигурени лица во Република Северна Македонија за 2020 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Ослободување од партиципација при користењето на здравствена заштита на родилките и доенчињата до едногодишна возраст и граѓаните за одделни заболувања во Република Северна Македонија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** развивање на ефикасен и достапен систем на здравствена заштита на населението, што подразбира зајакнување на услугите и подобрување на организацијата на здравствената заштита на сите нивоа - превентивно, примарно, секундарно и терциерно ниво; развивање на одржлив, интегриран и ефикасен здравствен систем, заснован на еднаквоста и солидарноста, базиран на реалните потреби на граѓаните. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 1 - Слободно движење на стоки; Поглавје 27 - Животна средина Поглавје 28 - Заштита на потрошувачи и јавно здравје** |
| **Очекувани влијанија:** | Подобрена здравствената заштита на родилките и доенчињата до едногодишна возраст и граѓаните за одделни заболувања во Република Северна Македонија. |
| **Фискални импликации:** | Има, Буџет на РСМ за 2019 година |
| **Предлагач:** | **Министерство за здравство** |

**11.Предлог програма за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери и за обезбедување на средства за специјалистичко - консултативни и болнички здравствени услуги за децата на возраст до 18 години, чии семејства се корисници на правото на социјална парична помош во Република Северна Македонија за 2020 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со воведените мерки за здравствена заштита се врши ослободување од партиципација на пензионерите при нивното лекување во болнички здравствени установи (пензионери корисници на старосна, инвалидска, семејна и земјоделска пензија која е пониска од 12.600 денари) и се обезбедуваат средства за партиципација на специјалистичко - консултативни и болнички здравствени услуги за децата на возраст до 18 години, чии семејства се корисници на правото на |

| | |
|---|---|
| | социјална парична помош. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** развивање на ефикасен и достапен систем на здравствена заштита на населението, што подразбира зајакнување на услугите и подобрување на организацијата на здравствената заштита на сите нивоа - превентивно, примарно, секундарно и терциерно ниво; развивање на одржлив, интегриран и ефикасен здравствен систем, заснован на еднаквоста и солидарноста, базиран на реалните потреби на граѓаните |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 1 - Слободно движење на стоки; Поглавје 27 - Животна средина Поглавје 28 - Заштита на потрошувачи и јавно здравје** |
| Очекувани влијанија: | Обезбедување на грижа во чувањето, следењето и унапредувањето на здравјето на пензионерите со пензија која е пониска од 12.600 денари и децата на возраст до 18 години чии семејства се корисници на социјална парична помош во Република Северна Македонија |
| Фискални импликации: | Има, Буџет на РСМ за 2019 година |
| Предлагач: | **Министерство за здравство** |

**12.Предлог програма за лекување на ретки болести во Република Северна Македонија за 2020 година**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Националната програма за лекување на ретки болести има за цел лековите за ретки, орфански болести да станат достапни за граѓаните навремено и подеднакво за сите, со оглед дека лекувањето на овие случаи кој доживотно ја примаат потребната терапија и лекарства, а се откриваат во детска возраст и преживувањето зависи од навремено поставената дијагноза и обезбедената терапија. Лековите кои се потребни за овие болести најчесто не се на позитивната листа на лекови. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** развивање на ефикасен и достапен систем на здравствена заштита на населението, што подразбира зајакнување на услугите и подобрување на организацијата на здравствената заштита на сите нивоа - превентивно, примарно, секундарно и терциерно ниво; развивање на одржлив, интегриран и ефикасен здравствен систем, заснован на еднаквоста и солидарноста, базиран на реалните потреби на граѓаните. |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 1 - Слободно движење на стоки; Поглавје 27 - Животна средина; Поглавје 28 - Заштита на потрошувачи и јавно здравје** |
| Очекувани влијанија: | Раната дијагноза на ваквите болести, кои често се од генетско потекло е најдобра гаранција за ефикасно лекување од аспект на терапија и трошоци. Терапиите често не се куративни, туку обично нудат од ограничена до екстензивна симптоматска поддршка. Целта на реализацијата на оваа програма е целосна грижа за спроведување на мерките и активностите предвидени во Програмата, со оглед дека лекувањето на овие лица претставува посебен проблем заради неможноста |

| | |
|---|---|
| | на фамилиите да ги обезбедат потребните финансиски средства на лицата заболени од овие ретки болести. |
| **Фискални импликации:** | Има, Буџет на РСМ за 2019 година |
| **Предлагач:** | **Министерство за здравство** |

**13.Предлог програма за спречување на туберкулозата во Република Северна Македонија за 2020година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Годишна превентивна програма согласно Законот за здравствена заштита. Предвидени се активности за превенција, рано откривање, дијагностицирање и лекување на туберкулозата во Република Северна Македонија. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** развивање на ефикасен и достапен систем на здравствена заштита на населението, што подразбира зајакнување на услугите и подобрување на организацијата на здравствената заштита на сите нивоа - превентивно, примарно, секундарно и терциерно ниво; развивање на одржлив, интегриран и ефикасен здравствен систем, заснован на еднаквоста и солидарноста, базиран на реалните потреби на граѓаните. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 1 - Слободно движење на стоки; Поглавје 27 - Животна средина Поглавје 28 - Заштита на потрошувачи и јавно здравје** |
| **Очекувани влијанија:** | Намалување на инциденца од туберкулоза и намалување на компликации кај болни лица од туберкулоза. |
| **Фискални импликации:** | Има, Буџет на РСМ за 2019 година |
| **Предлагач:** | **Министерство за здравство** |

**14. Предлог програма за трансплантација во Република Северна Македонија за 2020 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Програмата има за цел да го зголеми бројот на донори од починато лице преку: олеснување на постапката на трансплантација на органи и ткива во интерес на пациентите; зголемување на бројот на пресадувања на органи и ткива од човечкото тело заради лекување; воспоставување на систем кој ќе обезбеди и гарантира правичен пристап кон органите и ткивата; подигање на свеста кај населението за донирање на органи и ткива, особено преку информирање на јавноста за важноста на трансплантацијата на органи и ткива; воспоставување на мрежа на болници спремни во секој момент да препознаат потенцијален дарител, болници кои можат да го извадат органот и да осигураат дека истиот ќе пристигне во центрите каде би се изведувале трансплантациите**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** развивање на ефикасен и достапен систем на здравствена заштита на населението, што подразбира зајакнување на услугите и подобрување на организацијата на здравствената заштита на сите нивоа - превентивно, примарно, секундарно и терциерно ниво; |

| | |
|---|---|
| | развивање на одржлив, интегриран и ефикасен здравствен систем, заснован на еднаквоста и солидарноста, базиран на реалните потреби на граѓаните. |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 1 - Слободно движење на стоки; Поглавје 27 - Животна средина; Поглавје 28 - Заштита на потрошувачи и јавно здравје** |
| **Очекувани влијанија:** | Министерството за здравство ги врши своите законски пропишани обврски, создавајќи предуслови покрај трансплантацијата на бубрези од жив донор, да се започне и со трансплантација од кадавери, како и заживување на трансплантацијата на црн дроб. |
| **Фискални импликации:** | Има, Буџет на РСМ за 2019 година |
| **Предлагач:** | **Министерство за здравство** |

**15.Предлог програма за систематски прегледи на учениците и студентите во Република Северна Македонија за 2020 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со програмата се обезбедуваат услови за зачувување и унапредување на здравјето на сите деца од училишна возраст и студентите, преку превенција и рана детекција на здравствените ризици и нарушување на здравјето. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** развивање на ефикасен и достапен систем на здравствена заштита на населението, што подразбира зајакнување на услугите и подобрување на организацијата на здравствената заштита на сите нивоа - превентивно, примарно, секундарно и терциерно ниво; развивање на одржлив, интегриран и ефикасен здравствен систем, заснован на еднаквоста и солидарноста, базиран на реалните потреби на граѓаните. |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 1 - Слободно движење на стоки; Поглавје 27 - Животна средина; Поглавје 28 - Заштита на потрошувачи и јавно здравје** |
| **Очекувани влијанија:** | Опфаќање на сите ученици од I, III, V и VII одделение и I, III година средно и I година студенти преку спроведување на превентивни систематски прегледи (тежина, висина, вид, лабораторија, крв и урина) на учениците, средношколците и студентите |
| **Фискални импликации:** | Има, Буџет на РСМ за 2019 година |
| **Предлагач:** | **Министерство за здравство** |

**16. Предлог програма здравје за сите во Република Северна Македонија за 2020 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Годишна превентивна програма согласно Законот за здравствена заштита. Во истата се предвидени активности за бесплатни превентивни прегледи во рурални средини (крвен притисок, телесна тежина, висина, индекс на телесна маса, шеќер и масноти во крвта, како и навремено спречување на појавата на кардиоваскуларни заболувања) за сите лица без разлика на нивното здравствено |

| | |
|---|---|
| | осигурување. Подготовка и печатење на брошури за едукација на населението за здрави стилови за живот и континуирана медицинска едукација на здравствени работници. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** развивање на ефикасен и достапен систем на здравствена заштита на населението, што подразбира зајакнување на услугите и подобрување на организацијата на здравствената заштита на сите нивоа - превентивно, примарно, секундарно и терциерно ниво; развивање на одржлив, интегриран и ефикасен здравствен систем, заснован на еднаквоста и солидарноста, базиран на реалните потреби на граѓаните. |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 1 - Слободно движење на стоки; Поглавје 27 - Животна средина; Поглавје 28 - Заштита на потрошувачи и јавно здравје** |
| Очекувани влијанија: | Подобра едукација на населението од навремени превентивни прегледи, за контрола на сопственото здравје, а со тоа и откривање на болести или спречување на нарушување на здравјето и истата ќе се спроведува преку планирани мерки и активности координирани преку Министерството за здравство и Републичкиот институт за јавно здравје на Република Северна Македонија |
| Фискални импликации: | Има, Буџет на РСМ за 2019 година |
| Предлагач: | **Министерство за здравство** |

| **17.Предлог национална програма за јавно здравје во Република Северна Македонија за 2020 година** | |
|---|---|
| Образложение: | Годишна превентивна програма согласно Законот за здравствена заштита. Предвидени мерки и активности за работа на Заводите за здравствена заштита од областа на заразни болести, незаразни болести, надзор над безбедност на храна, вода и воздух и јонизирачко зрачење. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** развивање на ефикасен и достапен систем на здравствена заштита на населението, што подразбира зајакнување на услугите и подобрување на организацијата на здравствената заштита на сите нивоа - превентивно, примарно, секундарно и терциерно ниво; развивање на одржлив, интегриран и ефикасен здравствен систем, заснован на еднаквоста и солидарноста, базиран на реалните потреби на граѓаните. |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 1 - Слободно движење на стоки; Поглавје 27 - Животна средина Поглавје 28 - Заштита на потрошувачи и јавно здравје** |
| Очекувани влијанија: | Се обезбедува мирна епидемиолошка средина со контрола над епидемии, безбедна храна, вода, воздух, предвидени се јавни здравствени мерки за подобрување на општото здравјето за населението. |
| Фискални импликации: | Има, Буџет на РСМ за 2019 година |
| Предлагач: | **Министерство за здравство** |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

## 18.Предлог програма за организирање и унапредување на крводарителството во Република Северна Македонија за 2020 година

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Крводарителството има нагласено општествено значење и претставува дејност од општ интерес за Републиката. Без потребните количества на крв и крвни продукти не е можно да се обезбеди современа и квалитетна здравствена заштита. Во програмата се содржани мерки и активности за организирање и спроведување на крводарителски акции, изготвување на здравствено - воспитни пропагандни материјали, мотивациски средства за крводарителите, надоместок на трошоци за организирање на крводарителски акции за општинските организации на Црвениот крст по единица крв, одредени активности на Републичкиот завод за трансфузиологија и партиципација при користење на здравствени услуги на дарители со над 10 крводарувња. Основна определба е да се најде начин и механизми за обезбедување на сигурна и здрава крв преку квалитетно реализирање на програмата за крводарителство и нејзино редовно финансирање. На тој начин ќе се обезбедат услови за нормално функционирање на Црвениот крст на Република Северна Македонија при реализација на активностите планирани со програмата за крводарителство и покривање на направените трошоци. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** развивање на ефикасен и достапен систем на здравствена заштита на населението, што подразбира зајакнување на услугите и подобрување на организацијата на здравствената заштита на сите нивоа - превентивно, примарно, секундарно и терциерно ниво; развивање на одржлив, интегриран и ефикасен здравствен систем, заснован на еднаквоста и солидарноста, базиран на реалните потреби на граѓаните. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 1 - Слободно движење на стоки; Поглавје 27 - Животна средина Поглавје 28 - Заштита на потрошувачи и јавно здравје** |
| **Очекувани влијанија:** | Програмата ќе овозможи континуитет на активностите кои државата ги презема за обезбедување на доволни количини крв во државата, ќе се овозможи навремена и квалитетна здравствена заштита при интервенции за кои е потребна крв и спасување на многу животи. |
| **Фискални импликации:** | Има, Буџет на РСМ за 2019 година |
| **Предлагач:** | **Министерство за здравство** |

## 19.Предлог програма за здравствена заштита на лица со болести на зависности во Република Северна Македонија за 2020 година

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Основна цел на програмата е вклучување на што поголем број на лица зависни од дроги во програмите за лекување со супституциона метадонска терапија и терапија со бупренорфин, со што ќе се намали употребата на илегални дроги, смртноста од предозирање, честотата на инјектирање, употребата на нестерилен прибор за инјектирање, ширење на инфекции со ХИВ/хепатит Б и Ц и ќе се |

| | |
|---|---|
| | намалат криминалните активности. Ефикасноста на супституционата терапија на одржување со метадон се состои и во подобрување на квалитетот на животот, здравјето, можноста за вработување, социјалното функционирање и физичкото (телесното) функционирање. Во Програмата се содржани мерки и активности за лекување во дневни болници и болничко лекување на зависници од алкохол и дрога над 30 до 90 дена и зависници - судски случаи, како и обезбедување на метадон за 1200 лица и бупренорфин за 230 лица со болести на зависности. Доколку не се спроведат активностите предвидени со Програмата, постои опасност овие лица да останат незгрижени, без терапија и со своето однесување да го загрозат интегритетот на останатите лица во државата. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** развивање на ефикасен и достапен систем на здравствена заштита на населението, што подразбира зајакнување на услугите и подобрување на организацијата на здравствената заштита на сите нивоа - превентивно, примарно, секундарно и терциерно ниво; развивање на одржлив, интегриран и ефикасен здравствен систем, заснован на еднаквоста и солидарноста, базиран на реалните потреби на граѓаните. |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 1 - Слободно движење на стоки; Поглавје 27 - Животна средина; Поглавје 28 - Заштита на потрошувачи и јавно здравје** |
| **Очекувани влијанија:** | Напредок во однос на намалување на листи на чекање преку отворање на нови служби за превенција и третман од злоупотреба на droги и вклучување на што поголем број на лица зависни од дроги во програмите за лекување со супституциона метадонска терапија и терапија со бупренорфин. Со овие мерки, ќе се овозможи: постигнување апстиненција, намалување на зачестеноста и остринатa на рецидивите, намалување на морбидитетот и на морталитетот предизвикани со злоупотреба на незаконската опиоидна дрога или како последица од тоа, особено ризикот од ХИВ, хепатитис Б и Ц и други по крвен пат преносливи болести од инјектирање со нестерилна опрема, подобрување на физичкото и психолошкото здравје, намалување на криминалното однесување за обезбедување на финансиски средства за злоупотреба на дрога, овозможување и поддршка за реинтеграција на работното место и во системот на образованието и унапредување на социјалното функционирање. |
| **Фискални импликации:** | Има, Буџет на РСМ за 2019 година |
| **Предлагач:** | **Министерство за здравство** |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

Приоритет: Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија

## А) Подзаконски акти

| | |
|---|---|
| **1. Предлог програма за заштита на населението од ХИВ - инфекција во Република Северна Македонија за 2020 година** | |
| **Образложение:** | Годишна превентивна програма согласно Законот за здравствена заштита. Во истата се предвидени активности за едукација на населението за спречување на појава на ХИВ - инфекција, бесплатни тестови за рано откривање на ХИВ/сида кај групи со ризик, обезбедување на лекови и лекување. Главна цел на Националната програма за ХИВ е припадниците на клучните популации да бидат опфатени со програмите за превенција и тестирање за ХИВ, лицата кои се инфицирани да бидат детектирани и поврзани со системот на здравствена заштита во врска со ХИВ - инфекцијата и да пристапат кон лекување и терапија. На тој начин ќе се унапреди нивното здравје и ќе се спречи натамошно пренесување на инфекцијата. Во исто време, се избегнуваат трошоци за долги хоспитализации и за лекување на компликации поврзани со сида, како и смртен исход поради ненавремена дијагноза. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** развивање на ефикасен и достапен систем на здравствена заштита на населението, што подразбира зајакнување на услугите и подобрување на организацијата на здравствената заштита на сите нивоа - превентивно, примарно, секундарно и терциерно ниво; развивање на одржлив, интегриран и ефикасен здравствен систем, заснован на еднаквоста и солидарноста, базиран на реалните потреби на граѓаните. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 1 - Слободно движење на стоки; Поглавје 27 - Животна средина; Поглавје 28 - Заштита на потрошувачи и јавно здравје** |
| **Очекувани влијанија:** | Подигање на свеста и знаењата на населението за превентивни мерки за спречување на појава на ХИВ - инфекција и рано откривање на носителство на ХИВ - вирусот кај ризични групи. Доколку се остварат целите на новата Национална програма за ХИВ, кои се во согласност и со глобалните цели во однос на ХИВ - епидемијата, се очекува до 2021 г. состојбата да се стави под контрола, бројот на нови инфекции значително да опадне, а со тоа и потребите за терапија да се стабилизираат. |
| **Фискални импликации:** | Има, Буџет на РСМ за 2019 година |
| **Предлагач:** | **Министерство за здравство** |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

Б) Материјали

| | |
|---|---|
| **1. Предлог акциски план за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2019 - 2022 година** | |
| **Образложение:** | Документот се донесува од Владата на Република Северна Македонија во согласност со член 10 став 5 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.63/07, 187/13, 43/14, 215/15 и 64/18). **Иницијативата има индикација на поврзаност и со стратешкиот приоритет на Владата на РСМ:** развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните **и со приоритетната цел:** намалување на разликите во развојот помеѓу и во планските региони, зголемување на конкурентската способност на планските региони. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 22 -** |
| **Очекувани влијанија:** | Со донесувањето на наведениот документ ќе се определат приоритетите за развој на Република Северна Македонија за период од три години. |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата за подготвување на овој стратешки документ се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година и од донација на Владата на Швајцарија. |
| **Предлагач:** | **Министерство за локална самоуправа** |

| | |
|---|---|
| **2. Иницијатива за изработка на Студија за идентификација на критична информациска инфраструктура и важни информациски системи** | |
| **Образложение:** | Идентификацијата на Критична информациска инфраструктура (КИИ) и Важни информациски системи (ВИС) е предвидена со Националната стратегија за сајбер безбедност 2018 - 2012 година, усвоена во јули 2018 година. Во Акцискиот план за имплементација на стратегијата, изработката на Студијата за КИИ и ВИС е потенцирана како приоритетна активност. Потребата за идентификацијата на КИИ беше многу пати истакната од страна на сите засегнати страни во процесот на јавните расправи. Оваа студија понатаму ќе ги даде основните насоки за изработка на Закон за безбедност на мрежи и информациски системи, со кој ќе се утврдат мерките за постигнување на високо ниво на безбедност на мрежните и информативните системи во Република Северна Македонија и ќе се транспонира НИС директивата на Европската Унија (directive (eu) 2016/1148). Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** зајакнување на процесот на планирање, подготвување и следење на реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА) како основен стратешки програмски документ во процесот на усогласување на националното законодавство со законодавството на Европската Унија; континуирано јакнење на координативниот систем за процесот на евроинтеграции и јакнење на професионалните административни капацитети, како и зајакнување на |

| | |
|---|---|
| | механизмите за следење на примената на законодавната процедура во процесот на усогласување на националното законодавство со правото на Европската Унија; поддршка на другите државни институции; непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите; усогласување на работата на јавната администрација со стандардите на Европската Унија, заради целосна интеграција на македонскиот со европскиот административен простор. |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 10. Информатичко општество и медиуми; Подрачје 10.1. Електронски комуникации и информациски технологии** |
| **Очекувани влијанија:** | Безбедност и стабилност на мрежи и информациски системи. Развој на економски активности |
| **Фискални импликации:** | Има |
| **Предлагач:** | **Министерство за информатичко општество и администрација** |

**3. Информација за подготовка на деветтиот состанок на Специјалната група за реформа на јавна администрација, кој ќе се одржи во 2019 година во Скопје**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата за подготовките за одржување на деветтиот состанок на Специјалната група за реформа на јавна администрација, кој ќе се одржи во 2019 година во Скопје, вклучувајќи ги и ставовите кои ќе бидат изнесени на состанокот. Со цел успешна подготовка на македонската делегација, која ќе ги покрива точките од дневниот ред и организирање на претходни подготвителни состаноци, Информацијата ги презентира главните укажувања и преземените обврски од претходниот состанок на Специјалната група, констатациите изнесени на Комитетот за стабилизација и асоцијација, проблематичните подрачја во кои се доцни со имплементацијата на обврските, областите во кои треба да се истакне напредокот, како и оценките и препораките содржани во Извештајот за Република Северна Македонија за 2019 година. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** започнување и успешно водење на процесот на преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија; квалитетно управување и координација со структурите во процесот на пристапување во Европската Унија. |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| **Очекувани влијанија:** | Навремена и квалитетна подготовка на претстојниот состанок со Европската комисија. |
| **Фискални импликации:** | Има, трошоци за логистичка организација на состанокот. |
| **Предлагач:** | **Секретаријат за европски прашања** |

**4. Информација за програмирање Инструментот на претпристапна поддршка (ИПА) за периодот 2019 - 2020 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Презентација на основни информации во врска со програмирањето инструментот за претпристапна поддршка (ИПА) на ЕУ за Република Северна Македонија 2019 - 2020 година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** квалитетно управување и координација со структурите во процесот на пристапување во Европската Унија. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Зголемување на ефикасноста во искористувањето на фондовите од ИПА. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Секретаријат за европски прашања** |

Б) Материјали

## ИНИЦИЈАТИВИ СО СРЕДЕН ПРИОРИТЕТ

**Приоритет: Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија**

**1. Информација за состанокот на Мешовитиот комитет на ЦЕФТА земјите**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Извештајот се однесува на прашањата кои ќе се разгледуваат како и на одлуките, препораките и заклучоците кои ќе се усвојат на Мешовитиот комитет на ЦЕФТА. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет:** развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните **и со приоритетните цели:** унапредување на добрососедските односи, активно учество во регионалните иницијативи и јакнење на соработката со европските и вон европските земји, на билатерален, регионален и мултилатерален план; и создавање на поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис - секторот, унапредување на концептот и практиките за општествена одговорност, недискриминација, зголемена ефикасност и транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 30 - Надворешни односи** |
| **Очекувани влијанија:** | Имплементација на годишните приоритети на Програмата на ЦЕФТА за 2019 година |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за економија** |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

**2. Информација за продолжување на Одлуката за краткорочен престој на државјаните на трети земји носители на британска, канадска или американска виза за периодот 1.1.2020 - 31.12.2020 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со иницијативата ќе се продолжи Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за краткорочен престој на државјаните на трети земји носители на британска, канадска или американска виза за периодот 1.1.2020 - 31.12.2020година. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** унапредување на добрososедските односи, активно учество во регионалните иницијативи и јакнење на соработката со европските и вон европските земји, на билатерален, регионален и мултилатерален план. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Ќе се овозможи безвизен режим што овозможува краткорочен престој во РСМ до 15 дена, односно 90 дена во 180 дневен период. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за надворешни работи** |

**Приоритет: Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните**

А) Подзаконски акти

**1.Предлог програма за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Северна Македонија кои не се задолжително здравствено осигурени за 2020 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со Програмата се обезбедуваат услови за плаќање на придонесот за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Северна Македонија кои немаат ниту една основа на здравствено осигурување. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** развивање на ефикасен и достапен систем на здравствена заштита на населението, што подразбира зајакнување на услугите и подобрување на организацијата на здравствената заштита на сите нивоа - превентивно, примарно, секундарно и терциерно ниво; развивање на одржлив, интегриран и ефикасен здравствен систем, заснован на еднаквоста и солидарноста, базиран на реалните потреби на граѓаните. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 1 - Слободно движење на стоки; Поглавје 27 - Животна средина; Поглавје 28 - Заштита на потрошувачи и јавно здравје** |
| **Очекувани влијанија:** | Да се обезбеди здравствено осигурување на сите државјани во Република Северна Македонија |
| **Фискални импликации:** | Има, Буџет на РСМ за 2019 година |
| **Предлагач:** | **Министерство за здравство** |

Б) Материјали

## 1. Иницијатива за воспоставување на регулатива за неформален ризичен капитал (бизнис ангели) во Република Северна Македонија

**Образложение:** Иницијативата ќе овозможи анализа на можностите за воспоставување на правна рамка за неформален ризичен капитал односно уредување на регулатива преку нов закон за бизнис ангели (ангел инвеститори, деловни ангели) во Република Северна Македонија. Иницијативата има за цел институционално регулирање на финансирањето преку моделот на бизнис ангели и долгорочно привлекување и зголемување на бројот на инвестициите во Република Северна Македонија, неопходни за раст и севкупен економски развој. Раководејќи се од своите определби за постојана интерактивна комуникација со бизнис секторот, Владата на Република Северна Македонија, конкретно Кабинетот на министерот без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашни претпријатија проф. д - р Зоран Шапуриќ, во соработка со бизнис заедницата, стопанските комори и други вклучени страни организираше серија форуми поврзани со можностите за инвестирање преку бизнис ангели, коишто имаа за цел промоција на овој модел на финансирање. Следните активности се планирани во насока на континуирано организирање на работни средби, по што ќе се предложи Информација до членовите на Владата на РСМ со што ќе се формира работна група, чиишто членови ќе работат на изготвување регулативата за овозможување на полесен пристап за инвестирање преку формата на бизнис ангели, како и стимулирање на потенцијалните инвеститори да инвестираат во малите и средните претпријатија во Република Северна Македонија. Активностите ќе бидат спроведени во соработка со Центарот за истражување и развој во рамки на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, којшто има потпишано Меморандум за соработка со Светскиот инвестициски форум на бизнис ангели. Генерално, активностите ќе ги опфатат и можностите за формирање на официјални ризични фондови за да може да се создаде клима за водење на бизнис, започнување на сопствен бизнис и реализација на квалитетни бизнис идеи поддржани со концепти на менаџирање на ризичен капитал, менторство и искуство. Преку активностите ќе се подготви компаративна анализа на постојната законска регулатива и глобални трендови. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** создавање на поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис - секторот, социјалните партнери, заштита на работничките права, недискриминација, зголемена ефикасност, транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава; поддршка на домашните претпријатија, пред сè на малите и средните претпријатија, отворање на нови работни места со активни мерки за вработување и зголемување на нивото на платите во економијата.

**НПАА - поглавје и подрачје:** (НПАА): II. Економски критериуми; 2.1. Постоење на функционална пазарна економија; III. Способност за преземање на обврските од acquis; **Поглавје 3.20. Претпријатија и индустриска политика; 3.20.2 Инструменти на претпријатија и индустриска политика**


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Бизнис ангелите како форма на инвестирање во Република Северна Македонија засега се реализираат во многу мал обем. Очекувањата се во насока да прераснат во солиден извор на финансирање на бизнис секторот, што ќе значи и унапредување на севкупниот економски амбиент. Преку интензивните активности коишто ќе произлезат со реализација на оваа иницијатива ќе се анимираат малите и средни претпријатија во насока на запознавање со еден нов модел на инвестирање, којшто ќе има за цел да го пополни јазот што постои помеѓу понудата и побарувачката на финансиски средства. Во моментот, малите и средните претпријатија се соочуваат со ограничени можности за финансирање, поради ригидната кредитна политика на комерцијалните банки. Влезот на капитал преку бизнис ангели ќе обезбеди полесен пристап до инвестиции и ќе овозможи валоризација на иновативните бизнис идеи. Од друга страна, се очекува институционалното регулирање на финансирањето преку бизнис ангели да привлече потенцијални инвеститори и воедно да придонесе кон поволна инвестициска клима и севкупен економски раст. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Кабинет на министерот без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија** |

**Приоритет: Јакнење на владеењето на правото преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите, изградба на независни институции и функционален систем на локална самоуправа**

Б) Материјали

**1.Среднорочен извештај за самооценка за Акцискиот план за отворено владино партнерство за 2018 - 2020 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во 2015 година од земјите членки на Отвореното владино партнерство беше побарано да изработат и да достават Среднорочен и Финален извештај за самооценка за акциските планови за Отворено владино партнерство. Самооценката ќе биде објавена на веб - страницата на МИОА и доставена на англиски јазик до Интернационалата на Отвореното владино партнерство во Вашингтон со цел нејзина објава на opengovparnetrship.org. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** подобрување на стручноста, ефикасноста, отчетноста и транспарентноста на јавната администрација и создавање на услужно ориентирани институции со примена на нови технологии, стандарди за квалитет и мерки за сајбер безбедност. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Работата на отворена влада е континуирана заложба и имплементацијата на Националниот акциски план за Отворено владино партнерство 2018 - 2020 година подразбира реализација на амбициозни напори за промовирање на |

| | |
|---|---|
| | транспарентноста и отчетноста на Владата. Преку Отвореното владино партнерство, Владата на РСМ се обврзува да се изгради на темелите на отворени, транспарентни, сигурни и ефикасни владини институции, кои комуницираат и соработуваат со граѓаните. Уште поважно, Отвореното владино партнерство врши силно влијание врз иновациите, развојот и конкурентноста. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за информатичко општество и администрација** |

**Приоритет: Реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија**

Б) Материјали

| **1.Иницијатива за спроведување на обука за претприемништво и млади претприемачи** | |
|---|---|
| **Образложение:** | Обуката е предвидено да опфати што поголем број на млади невработени лица, на кои во соработка со државните надлежни институции и Стопанската комора на Република Северна Македонија би им се помогнало во делот на изработка на бизнис план како и негова реализација. Обуките е планирано да се реализираат во четири интервали од по еден работен ден. Средствата се наменети за финансирање на бизнис план подготвен од младо невработено лице, кое би можело добиените средства во износ од 440.000,00 денари да го реализира сопствениот бизнис план. Со останатите средства би се организирала промоција на проектот за да се пријават што поголем број на млади невработени лица. Активностите ќе се спроведуваат во соработка со Стопанската комора на Република Северна Македонија. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Зголемување на свеста кај младите за отворање на сопствен бизнис и подобрување на претприемачкиот дух со цел намалување на невработеноста кај младите |
| **Фискални импликации:** | Има, финансиските средства од Буџетот на АМС, Програма млади |
| **Предлагач:** | **Агенција за млади и спорт** |

| **2.Иницијатива за потребата од изградба на затворени пливачки училишни базени** | |
|---|---|
| **Образложение:** | Иницијативата се наметна како потреба на најмладите генерации , посебно во основното образование за нивниот здравствен и физички развој преку пливачи вештини, тренинзи за пливање и натпреварувања. Во 2019 година сепланирани да се отворат 5 (пет) од вкупно планирани 14 (четиринаесет) затворени пливачки базени во поголемите градски урбани средини на територијата на Република Северна Македонија. Проектот е предвидено да се реализира во соработка со локалната самоуправа. Потребни финансиски средства заизградба на еден |

| | |
|---|---|
| | затворен пливачки училишен базен се предвидува да изнесува 10.000.000,00 денари (во 2019 година за 5x10.000.000,00= 50.000.000,00 денари) |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| **Образложение:** | Предлагање на измени и дополнувања во Законот за еднакви можности на жените и мажите и Законот за спречување и заштита од дискриминација за формирање на дополнителен механизам за спроведување на прекршочните одредби од двата закони во насока на поефикасна заштита и без трошоци за граѓаните. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на РСМ:** јакнење на владеењето на правото, преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите, изградба на независни институции и функционален систем на локална самоуправа **и со повеќе приоритетни цели:** унапредување на родовата еднаквост во сите области од општественото живеење и вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките на буџетите; воведување на концептот на еднаквост и недискриминација во сите области на општественото живеење, здравството, социјалната заштита, работните односи и правосудството; јакнење на владеењето на правото преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите; и унапредување на човековите права и создавање на институционални капацитети за нивна ефикасна заштита. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | |

| | |
|---|---|
| | **Поглавје 19 - Социјална политика и вработување, односно Потпоглавје 19.7 Антидискриминација и еднакви можности** |
| **Очекувани влијанија:** | Подигнување на свеста во областа на еднаквост и недискриминација и ефикасна примена на законите. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за труд и социјална политика** |

**Приоритет: Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните**

А) Подзаконски акти

| **1. Предлог одлука за утврдување на максималниот износ на ново задолжување преку издавање на државни хартии од вредност во 2020 година** | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со одлуката се утврдува максималниот износ на ново задолжување преку издавање на државни хартии од вредност кои Министерството за финансии ќе ги издаде во 2020 година во име на Република Северна Македонија, а со цел обезбедување на парични средства за финансирање на буџетските потреби на државата во 2020 година, како и заради развој и одржување на ефикасни домашни финансиски пазари. Обврската за донесување на годишна одлука произлегува од Законот за јавен долг. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** воспоставување на одрживо ниво на јавен долг преку одржување на умерено ниво на буџетски дефицит кое нема да придонесува за пораст на нивото на јавниот долг над долгорочно одржливо ниво. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Обезбедување на парични средства неопходни за финансирање на буџетските потреби во 2020 година и натамошен раст и развој на примарниот пазар на државни хартии од вредност во Република Северна Македонија. |
| **Фискални импликации:** | Има, Иницијативата предизвикува финансиски импликации во вид на исплата на камата и главница од државните хартии од вредност кои ќе се издадат во 2020 година (Паричните средства потребни за редовна и навремена исплата на обврските кои произлегуваат од издадените државни хартии од вредност се предвидени во буџетот за 2020година). |
| **Предлагач:** | **Министерство за финансии** |

| **2.Предлог енергетски биланс на Република Северна Македонија за 2019 година** | |
|---|---|
| **Образложение:** | Владата на Република Северна Македонија со енергетскиот биланс за период од една година, како индикативен плански документ ги определува вкупните потреби од енергија и потребите од одделните видови на енергија, како и можностите за |

| | |
|---|---|
| | нивно задоволување од домашно производство и од увоз. Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Министерството за економија, а по претходно мислење од Регулаторната комисија за енергетика, го донесува енергетскиот биланс до крајот на календарската година. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** обезбедување на енергетска достапност до сите граѓани и претпријатија и стимулација на иновативни решенија и напредни технологии за производство на обновливи извори на енергија и намалување на учеството на фосилни горива. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Со енергетскиот биланс се овозможува да се создадат услови за планирање на потрошувачката на енергија во наредниот период од домашно производство и од увоз. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за економија** |

**3. Предлог за донесување на Програма за заштита на ранливите потрошувачи на енергија за 2020 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Донесувањето на Програма за заштита на ранливите потрошувачи на енергија е дел од активностите утврдени во Националната програма за усогласување на националното законодавство на Република Северна Македонија со законодавството на Европската Унија. Програмата за ранливи потрошувачи произлегува од Законот за енергетика („Службен весник на Република Северна Македонија" број 96/2018). Со Програмата се утврдуваат потрошувачите кои спаѓаат во категорија на ранливи потрошувачи, мерките што треба да се преземат за заштита на ранливите потрошувачи на енергија, вклучувајќи субвенции за потрошувачка на енергија наменети за домаќинствата кои не се предвидени со програмата за субвенционирање на потрошувачката на енергија согласно прописите за социјална заштита, мерките за заштеда на енергијата и подобрување на енергетската ефикасност, начинот на спроведување на мерките и надлежните органи одговорни за нивно спроведување, мерките што ги преземаат операторите на системите за дистрибуција на енергија, мерките што треба да ги презема снабдувачот со обврска за обезбедување на јавна услуга, односно универзална услуга во снабдувањето со енергија, и потребните средства и извори за финансирање. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** сигурност во снабдувањето на потрошувачите со сите видови на енергија и енергенси |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.15 - Енергетика; Подрачје 3.15.2 - Внатрешен пазар** |
| **Очекувани влијанија:** | Заштита на ранливите потрошувачите од ценовни шокови |
| **Фискални импликации:** | Има, програмата предизвикува финансиски импликации кои ќе се обезбедат од Буџетот на Република Северна Македонија или од донатори |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | **Министерство за економија** |

**4. Предлог одлука за утврдување на должности во трупа заклучно со бригада и соодветна единица и одредени должности во команди во кои службата се врши под трупни услови**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со членот 76 став 1 точка 3 под б) од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 27/16) е пропишано донесување на одлука за утврдување на должностите во трупа заклучно со бригада и соодветна единица и одредени должности во команда на корпус и во воени установи во кои службата се врши под трупни услови. Согласно членот 243 од овој закон, подзаконските акти чие донесување е предвидено со Законот, требаше да бидат донесени во рок од 30 дена од денот на влегување во сила на истиот. Во моментов, во правниот промет егзистира Одлука за утврдување на должностите во трупа заклучно со бригада и соодветна единица и одредени должности во команда на корпус и во воени установи во кои службата се врши под трупни услови („Службен весник на Република Северна Македонија" број 32/09), донесена согласно член 94 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. бр. 80/93, 3/94, 14/95, 71/96, 32/97, 24/00, 96/00, 50/01, 85/03, 50/04,/ 4/05, 84/05, 101/05, 70/06, 153/07, 152/08, 161/08, 81/09, 156/09, 83/10, 156/10, 24/11, 51/11 и 11/12), кој престана да важи со донесување на сега важечкиот Закон за пензиското и инвалидското осигурување, поради што престана да постои правната основа за примена на горенаведената одлука. Одлуката да носи назив „Одлука за утврдување на должности во трупа заклучно со бригада и соодветна единица и одредени должности во команди во кои службата се врши под трупни услови", кој назив соодветствува на новата структура на АРМ. Со одлуката како должности во трупа заклучно со бригада и соодветна единица и одредени должности во команди во кои службата се врши подтрупни услови должности да се утврдат останатите должности на кои се врши служба во Армијата на Република Северна Македонија, согласно Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија донесен врз основа на закон кој престанал да важи. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Донесување на одлука согласно член 76 став 1 точка 3 под б) од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 27/16). Позитивно влијание е тоа што сите припадници на АРСМ ќе имаат право на стаж на осигурување со зголемено траење. Негативно влијание нема. |
| **Фискални импликации:** | Има |
| **Предлагач:** | **Министерство за одбрана** |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

**5. Предлог уредба за работни места на определени должности во Министерството за одбрана и во постојаниот состав на Армијата на кои тежината на работата и посебните услови под кои тие се вршат битно влијаат врз намалувањето на работната способност**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со член 167 став 1 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Северна Македонија" број 42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11 и 151/11, 215/15) пропишано е дека работните места на определени должности во Министерството за одбрана и во постојаниот состав на Армијата на кои тежината на работата и посебните услови под кои тие се вршат битно влијаат врз намалувањето на работната способност, ги определува Владата со уредба. Владата може да определи и други работни места што имаат карактер на одредени должности во смисла на став 1 на овој член. Заработувачката на лицата кои вршат должности пропишани со уредбата ќе се зголеми најмногу до 30% од заработувачката на другите лица со соодветни квалификации. До сега не е донесена Уредба согласно наведената законска одредба. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Донесување на уредбата согласно член 167 став 1 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Северна Македонија" број 42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11 и 151/11, 215/15). Позитивно влијание е тоа што заработувачката на лицата кои вршат должности пропишани со уредбата ќе се зголеми најмногу до 30% од заработувачката на другите лица со соодветни квалификации. |
| **Фискални импликации:** | Има |
| **Предлагач:** | **Министерство за одбрана** |

**6. Предлог програма за соработка со САД во доменот на одбраната - ERIP - Европска програма за поттикнување на рекапитализација (European Recapitalization Incentive Program)**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Програмата ERIP е преостанат фонд на - EUCOM (Европската команда на Армијата на САД) кој е наменет за дивестација на стара опрема од источно производство за сметка на воведување на модерни, интероперабилни системи со висок степен на кредибилност кои во иднина би генерирале воени капацитети со подолга трајност. Опремување и модернизација на Армијата на Република Северна Македонија со поддршка на фондови од оваа иницијатива. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Влијанијата од имплементацијата на оваа програма се позитивни. Со нејзина употреба се овозможува набавка на опрема за потребите на АРСМ која е компатибилна и интероперабилна со стандардите на НАТО. Јакнење на капацитетите на Армијата на Република Северна Македонија и подигнување на степенот на нејзината опременост. |

| | |
|---|---|
| **Фискални импликации:** | Има, финансиски импликации кои произлегуваат за Министерството за одбрана, се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, во рамките на финансискиот план на Министерството за одбрана |
| **Предлагач:** | **Министерство за одбрана** |

**7. Предлог програма за остварување на социјалната заштита за 2020 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со оваа програма се овозможува остварување на социјалната заштита согласно со потребите на граѓаните за остварување, подобрување и развој на правата, услугите и мерките од социјална заштита. Со Програмата поблиску се уредуваат подрачјата на социјална работа, потребите на населението, социјалната превенција, начинот и средствата за остварувањето на социјалната заштита. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** воспоставување на функционална мрежа на институции за социјална заштита и зголемување на капацитетите во согласност со потребите на граѓаните; промовирања и унапредување на хуманата популациона политика и човековите права и создавање на институционални капацитети. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Програмата преставува основа за редовно и ефикасно остварување на социјалната заштита во поглед на правата од социјалната заштита, дејноста на социјалната заштита, како и активностите во доменот на социјалната политика, социјалната инклузија, вршење на работи од семејно - правната заштита и други законски надлежности на институциите во системот на социјалната заштита. |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата за реализирање на оваа програма ќе се обезбедат во Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година |
| **Предлагач:** | **Министерство за труд и социјална политика** |

**Б) Материјали**

**1. Информација со Предлог-мерки за подобрување на деловното окружување согласно препораките на извештајот „Doing Business 2020" на Светска банка**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Извештајот на Светска банка „DoingBusiness" ги анализира и мери состојбите поврзани со условите за водење на бизнис во земјите во светот, со цел обезбедување на компаративна анализа и рангирање на условите за водење бизнис, кои на креаторите на политиките треба да им помогнат во одредувањето на насоките на дејствување и преземање на реформи за подобрување на условите. Со цел подобрување на деловната клима и условите за водење бизнис во земјата, како и подобрување на рангот на Република Северна Македонија, се подготвува информација до Владата на Република Северна Македонија со Предлог-мерки за подобрување на бизнис климата согласно препораките на овој извештај. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** создавање на поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис - секторот, социјалните партнери, заштита на работничките права, недискриминација, |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| | зголемена ефикасност, транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава. |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| Очекувани влијанија: | Подобрување на условите за водење бизнис во земјата. |
| Фискални импликации: | Нема |
| Предлагач: | **Министерство за финансии** |

**2. Информација за текот на спроведувањето на проектите „Купи куќа, купи стан" и „Купи куќа за млади" со Одлука за времетраењето на јавниот повик и бројот на јавни повици за пријавување на граѓани за добивање субвенциониран станбен кредит**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Преку Информацијата, Владата на РСМ се информира за текот на спроведувањето на проектите „Купи куќа, купи стан" и „Купи куќа за млади", за бројот на одобрени субвенции според намената, локацијата и моделот на субвенција и тоа: субвенционирање на дел од месечниот ануитет (главница и камата) и субвенционирање на дел или целосниот износ на учеството потребно за добивање кредит за купување нов стан/куќа. Со одлуката, Владата на РСМ го утврдува времетраењето и бројот на јавните повици за пријавување на граѓаните за добивање на субвенциониран станбен кредит за 2020 година. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** воспоставување на функционална мрежа на институции за социјална заштита и зголемување на капацитетите во согласност со потребите на граѓаните. |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| Очекувани влијанија: | Подобрување на животниот стандард и квалитетот на живеење на населението, како и интензивирање на економската активност во градежништвото. |
| Фискални импликации: | Има, Буџет на Република Северна Македонија за 2019 година |
| Предлагач: | **Министерство за финансии** |

**3. Информација за набавка на медицинска опрема за потребите во Јавниот здравствен сектор во Република Северна Македонија за 2019 година**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Годишна информација за набавена медицинска опрема за потребите во јавното здравство во Република Северна Македонија за 2019 година, согласно претходно направената анализа за потребите и во рамките на одобрениот буџет за 2019 година. **Иницијативата има индикација на поврзаност и со стратешкиот приоритет на Владата на РСМ:** Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската **и со приоритетната цел:** развивање на ефикасен и достапен систем на здравствена заштита на населението, што подразбира зајакнување на |

| | |
|---|---|
| | услугите и подобрување на организацијата на здравствената заштита на сите нивоа - превентивно, примарно, секундарно и терциерно ниво. Развивање на одржлив, интегриран и ефикасен здравствен систем, заснован на еднаквоста и солидарноста, базиран на реалните потреби на граѓаните. |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| Очекувани влијанија: | Подобрување на условите за работа во јавниот здравствен сектор, преку набавка на нова медицинска опрема со цел поквалитетна здравствена заштита на граѓаните на Република Северна Македонија и зајакнување на услугите. |
| Фискални импликации: | Има, Буџет на РСМ за 2019 година |
| Предлагач: | **Министерство за здравство** |

**4. Предлог за склучување на Договор за соработка во одбраната меѓу владите на Република Северна Македонија и САД**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Договорот врз основа на кој во моментов се остварува соработката е склучен во 1994 година и е прилично застарен - не ја отсликува реалната соработка и сите програми врз основа на кои таа се реализира. Од тие причини, МО на РСМ презема иницијатива за склучување на нов Договор со цел остварување на соработка во доменот на опремувањето и модернизација на Армијата на Република Северна Македонија; размена на искуства и информации, едукација на кадар и други форми на соработка. |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| Очекувани влијанија: | Зајакнување на соработката и партнерството со САД во доменот на одбраната. Влијанијата од имплементацијата на оваа иницијатива се позитивни. Цениме дека со истата се засилува стратегиското партнерство со САД. |
| Фискални импликации: | Има, финансиски импликации кои би произлегле за Министерството за одбрана би се обезбедиле од Буџетот на Република Северна Македонија, во рамките на финансискиот план на Министерството за одбрана |
| Предлагач: | **Министерство за одбрана** |

**5.Годишен извештај за спроведувањето на Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2016 - 2018 г., за 2018 година**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Во согласност со член 18 став 3 алинеа 3 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.63/07, 187/13, 43/14, 215/15 и 64/18), Министерството за локална самоуправа подготвува и доставува на Владата на Република Северна Македонија Годишен извештај за спроведување на планските документи за регионален развој. **Иницијативата има индикација на поврзаност и со стратешкиот приоритет на Владата на РСМ:** |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| | Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија **и со приоритетната цел:** намалување на разликите во развојот помеѓу и во планските региони, зголемување на конкурентската способност на планските региони. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | Поглавје 22 |
| **Очекувани влијанија:** | Во Годишниот извештај за спроведувањето на Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2016 - 2018 г. за 2018 година, се информира Владата на Република Северна Македонија за степенот на имплементација на приоритетните мерки за поттикнување рамномерен регионален развој, утврдени во наведениот документ, од надлежните министерства и државни агенции, за 2018 година. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за локална самоуправа** |

**6.Иницијатива за модернизација на ТЕЦ Осломеј**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согласно стратегиските определби, Владата на Република Северна Македонија планира да изврши модернизација на ТЕ Осломеј со цел да се продолжи нејзиниот работен век. Проектот за модернизација (фазата на градба/реконструкција и оперативната фаза) би се реализирал на локацијата на веќе постојната инсталација, односно во близина на село Осломеј, Општина Кичево. Проектот претставува инвестиција во нова опрема за замена на постојната која ќе овозможи согорување на висококалоричен битуменозен јаглен (кој би се набавувал од увоз) и евентуално комунален отпад, а во исто време ќе придонесе кон намалување на влијанието врз животната средина и усогласување на количините на емисии во атмосферата во рамки на дозволените согласно Директивите на ЕУ. Задоволувањето на потребите со јаглен на Термоелектраната Осломеј со инсталирана моќност од 125 MW, се вршеше со експлоатација од површинскиот коп Осломеј - исток и по 2002/2003 година и Осломеј - запад. Поради исцрпување на достапните резерви на јаглен, оперативноста на оваа централа се соочуваше и сè уште се соочува со прекини во работењето што како последица генерира висока цена на произведена електрична енергија. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** обезбедување на енергетска достапност до сите граѓани и претпријатија и стимулирање иновативни решенија и напредни технологии за производство на обновливи извори на енергија и намалување на учеството на фосилните горива; |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **НПАА: Економски критериуми; Поглавје 15 - Енергетика** |
| **Очекувани влијанија:** | Предлог иницијативата се очекува да има долгорочни и позитивни влијанија од продолжување на работниот век на ТЕ Осломеј. ТЕ Осломеј учествуваше со 10% учество во домашното производство на електрична енергија и нејзиното |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| | продолжување со работа е суштинско за снабдувањето со електрична енергија во државата. Се очекува да има поволно влијание и врз вработувањето на локалното население. |
| **Фискални импликации:** | Има, финансиските средства се планирани од АД ЕЛЕМ. |
| **Предлагач:** | **Кабинет на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања** |

| **7.Иницијатива за воведување на платена студентска работа** | |
|---|---|
| **Образложение:** | Иницијативата е студентите да имаат можност да заработуваат преку работа во студентските ресторани и кафетерии, да можат да заработат на организација на културно - забавни настани во склоп на кампусот, да бидат водачи на нивните колеги бруцоши или како асистенти за административни обврски во рамки на студентскиот кампус, да работат во читални, библиотеки, да вршат обврски од областа на диспечерството, обезбедувачи и при тоа да им бидат платени придонеси (пензиско и здравствено) без да го изгубат статусот на редовен студент. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Студентите во текот на нивното студирање ќе имаат можност да заработат финансиски средства, со цел да ги намалат своите трошоци за студирање и живеење, а воедно да се стекнат и со искуство пред да влезат на пазарот на трудот и да имаат поквалитетен живот. |
| **Фискални импликации:** | Има, потребно е да се направи дополнителна анализа со цел да се утврди точниот износ на потребни финансиски средства |
| **Предлагач:** | **Агенција за млади и спорт** |

| **8.Извештај за извршена анализа на нацрт - стратешките планови 2020 - 2022 година на министерствата и органите на државната управа** | |
|---|---|
| **Образложение** | Анализата на доставените нацрт - стратешки планови 2020 - 2022 год. министерствата и другите органи на државната управа до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија е од аспект на усогласеност на нацрт - стратешките планови на органите на државната управа со приоритетната цел на Владата на Република Северна Македонија; Методологијата за стратешко планирање и Упатството за формата, содржината и начинот на подготвување на стратешките планови (од страна на Секторот за стратегија, планирање и следење). |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Владата на Република Северна Македонија да се информира со поврзувањето на креираните програми во стратешките планови на министерствата и органите на државната управа со стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија и нивниот придонес во остварувањето на истите. Извештајот со извршена анализата за степенот на подготвеноста и на усогласеноста на нацрт - стратешките планови на министерствата и другите органи на државна управа се доставува до Владата на Република Северна Македонија со барање за нејзино разгледување и усвојување |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија** |

**Приоритет: Реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија**

А) Подзаконски акти

**1. Предлог уредба за мерила и критериуми за финансирање на високото образование во Република Северна Македонија**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согласно член 43, став 5 од Законот за високото образование, Владата на Република Северна Македонија донесува Уредба за мерила и критериуми за финансирање на високообразовните установи во Република Северна Македонија, на предлог на Националниот совет за високо образование. Со донесување на нова Уредба за мерила и критериуми за финансирање на високообразовните установи во Република Северна Македонија ќе се воведе нов начин на финансирање на универзитетите, кој ќе придонесе за поефикасно, потранспарентно и автономно работење на истите. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** зголемување на ефикасноста и транспарентноста преку нов начин на управување и финансирање на универзитетот со почитување на неговата автономија и достоинството на професорите, нивна целосна одговорност за функционирање на високото образование според уставните и законските одредби во функција на зголемување на негова ефикасност и транспарентност. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Функционирање на високото образование според уставните и законските одредби во функција на зголемување на негова ефикасност и транспарентност. |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на МОН за 2020 година (Програма 4) |
| **Предлагач:** | **Министерство за образование и наука** |

**2. Предлог уредба за мерила и критериуми за финансирање на научно - истражувачката дејност во Република Северна Македонија**


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согласно член 43, став 24 од Законот за високото образование, Владата на Република Северна Македонија донесува Уредба за мерила и критериуми за финансирање на високообразовните установи во Република Северна Македонија, на предлог на Националниот совет за високо образование и научно - истражувачка дејност. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** вложување во науката и истражувањето како и развој на нови технологии и индустрии. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Со донесување на нова Уредба за мерила и критериуми за финансирање на научно - истражувачка дејност во Република Северна Македонија ќе се воведе нов начин на финансирање на научните установи, кој ќе придонесе за зголемување на научно - истражувачката дејност во земјата. |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на МОН за 2020 година (Програма 7) |
| **Предлагач:** | **Министерство за образование и наука**<br>Национален совет за високо образование и научно - истражувачка дејност |

**3.Предлог уредба и критериуми за стимулирање на талентирани студенти и за стипендирање на студенти кои постигнуваат натпросечни резултати во студиите**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согласно член 43, став 6 од Законот за високото образование, Владата на Република Северна Македонија донесува Уредба за мерила и критериуми за стимулирање на талентирани студенти и за стипендирање на студенти кои постигнуваат натпросечни резултати во студиите, на предлог на Националниот совет за високо образование. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** подобрување на студентскиот живот и стандард на младите и спроведување на мерки со кои тие полесно ќе дојдат до прво вработување и нивно задржување во земјата. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Стимулирање на талентираните студенти, подобрување на студенсткиот живот и стандардот на младите со цел нивно задржување во земјата. |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на МОН за 2020 година (Програма 6) |
| **Предлагач:** | **Министерство за образование и наука**<br>Национален совет за високо образование и научно - истражувачка дејност |

**4. Предлог уредба со која се уредува правото на лицата со инвалидност и други лица да бидат ослободени од партиципација за студирање**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согласно член 43, став 10 од Законот за високото образование, Владата на Република Северна Македонија донесува уредба со која се уредува правото на |

| | |
|---|---|
| | лицата со инвалидност и други лица да бидат ослободени од партиципација за студирање, на предлог на Националниот совет за високо образование. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** спроведување на реформи во образованието преку развивање на интегриран систем на образование кој ќе влијае врз зголемување на економскиот раст и продуктивноста на трудот, зголемување на шансите на младите за квалитетни работни места, обезбедување на поголема општествена интеграција во етничка, регионална, социјална и културолошка смисла и поттикнување на критичкото мислење и активното граѓанство. |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| **Очекувани влијанија:** | Со Уредбата на студентите со посебни потреби да им се овозможат низа поволности и олеснувања за студирање како што се бесплатна партиципација, право на редовно студирање, користење на сите услуги утврдени според студентскиот стандард и др. |
| **Фискални импликации:** | Има, Буџет на Министерството за образование и наука за 2020 година (Програма 4 и Програма 6) |
| Предлагач: | **Министерство за образование и наука**<br>Национален совет за високо образование |

**Приоритет: Јакнење на владеењето на правото преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите, изградба на независни институции и функционален систем на локална самоуправа**

Б) Материјали

**1. Извештај за оценката на спроведувањето на Законот за локална самоуправа**

**Образложение:** Во периодот 2018 - 2020 година Министерството за локална самоуправа планира да го оценува спроведувањето на Законот за локална самоуправа (по поглавја). Со оценките ќе се соберат податоци за тоа што се постигнало со досегашната примена на законот, имајќи го предвид неговиот статус на системски закон чие спроведување иницира усогласување на голем број на други закони со кои се уредуваат одредени елементи на системот на локалната самоуправа. На тој начин ќе се оцени дали е постигната основната и посебните цели заради која истиот е донесен, а доколку не е, кои фактори влијаеле на тоа. Со извештаите за секое поглавје кое ќе се оценува, ќе се формулираат, препораки за донесување, измени или дополнувања на законите со кои се спроведува, односно треба да се спроведува соодветното поглавие на Законот за локална самоуправа или препораки за измени и дополнувања на Законот за локална самоуправа. Овие препораки треба да се земат предвид при развојот на нови политики или при измена и дополнување на постојните или донесување на нови закони со кои се

| | |
|---|---|
| | разработуваат основите утврдени во Законот за локална самоуправа. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** унапредување на системот на локалната самоуправа, продолжување на процесот на децентрализација на власта, воедначување и подобрување на локалните јавни услуги, зајакнување на капацитетите на општините, зголемување на нивната транспарентност, отчетност и инклузивност преку зголемено учество на граѓаните во донесувањето одлуки, поради подобрување на квалитетот на живеење. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Се очекува предлог иницијативата да иницира корекции на постојната или донесување на нова регулатива преку која ќе се воспостави конзистентен систем на локална самоуправа, кој во општиот систем на управување на државата ќе обезбеди целосна политичка, административна и финансиска самостојност на единиците на локалната самоуправа |
| **Фискални импликации:** | Има, Иницијативата предизвикува финансиски импликации. Средствата ќе бидат обезбедени од странски донатори (УНДП, ОПСЕ и други). |
| **Предлагач:** | **Министерство за локална самоуправа** |

А) Подзаконски акти

## ИНИЦИЈАТИВИ СО СРЕДЕН ПРИОРИТЕТ

**Приоритет: Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија**

### 1.Предлог стратегија за намалување на ризици од катастрофи

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | На Светската конференција за намалување на катастрофите (World Conference on Disaster Reduction - WCDR), која се одржа во Кобе, Хјого, Јапонија, од 18 до 22 јануари 2005 година е донесена Рамката за акција од Хјого 2005 - 2015 **„Градење на отпорноста кон катастрофи на нациите и заедниците"** (Hyogo Framework for Action: Building the Resilience of Nations and Communities to Disaster - HFA). Рамката за акција од Хјого 2005 - 2015 г.е подржана од 168 држави, меѓу кои и Република Северна Македонија, со што се преземени одредени обврски за постигнување на поставените цели во областа на намалувањето на ризиците од катастрофи. Со заклучоците од 140 - та седница, одржана на 11.6.2013 година, ВРМ го задолжи ЦУК да отпочне со активностите за изработка на Стратегијата за намалување на ризици од катастрофи и за национална контакт точка со Секретаријатот на Меѓународната стратегија на ООН за намалување на ризици од катастрофи (UNISDR) и институција која ќе координира и известува за напредокот во имплементацијата на обврските кои произлегуваат од Рамката за активности од Хјого (HFA) 2005 - 2015г. |

| | |
|---|---|
| **НПАА - поглавје и подрачје** | ЦУК со меѓуресорската работна група за изработка на Стратегија за намалување на ризици од катастрофи изработи Нацрт - верзија на Стратегијата за НРК. Истата е доставена до надлежните институции на разгледување.<br><br>**Поглавје - 3.27 - Животна средина и климатски промени; 3.27.1 - Хоризонтални** |
| **Очекувани влијанија:** | Позитивни влијанија: Имплементацијата на активностите од Стратегијата за намалување на ризици од катастрофи ќе претставува можност за преземање на координирани меѓуресорски активности заради намалување на воочените ризици кои често ја загрозуваат општата безбедност на државата и предизвикуваат големи материјални штети и други последици и ќе преставува добра основа за обезбедување на соработка и поддршка на Р. Северна Македонија од страна на меѓународните организации и институции во нејзиното имплементирање.<br>Негативни влијанија нема. |
| **Фискални импликации:** | Има, потребните финансиски средства за спроведување на активностите со предложената иницијатива ќе се обезбедат од Буџетот на РСМ |
| **Предлагач:** | **Центар за управување со кризи** |

**2.Предлог годишна програма за користење на средствата за ветеринарно јавно здравство во 2020 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Обезбедување на средства за спроведување на ветеринарните мерки и контроли за заштита на јавното здравство од контаминенти или резидуи кои се пренесуваат од животни или производи од животинско потекло за 2020година.<br>**Иницијативата има индикација на поврзаност и со стратешкиот приоритет на Владата на РСМ:** развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните **и со приоритетната цел:** зголемување и поддршка на развојот на индустриско - преработувачките капацитети кои ќе бидат извозно ориентирани и ќе создаваат производи со повисока додадена вредност, поддршка на индустриските капацитети кои ќе овозможат супституција на увозот. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Обезбедување на висок степен на заштита на здравјето на луѓето и интересите на потрошувачите во однос на храната |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата се обезбедени од Буџет на РСМ |
| **Предлагач:** | **Агенција за храна и ветеринарство** |

**3.Предлог програма за мониторинг на безбедноста на храната за животни за 2020 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со програмата за мониторинг на безбедноста на храната за животни се врши мониторинг на безбедноста на храната за животни заради откривање на присуство на резидуи, контаминенти и недозволени или непожелни супстанции, суровини и производи во храната за животни. Оваа програма се применува во сите фази на |

| | |
|---|---|
| | производство, преработка и дистрибуција на храната за животни, освен на примарното производство наменето за сопствени потреби во домаќинството и има за цел утврдување на одредени несообразности во однос на прописите за безбедност на храната за животни. **Иницијативата има индикација на поврзаност и со стратешкиот приоритет на Владата на РСМ:** развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните **и со приоритетната цел:** зголемување и поддршка на развојот на индустриско - преработувачките капацитети кои ќе бидат извозно ориентирани и ќе создаваат производи со повисока додадена вредност, поддршка на индустриските капацитети кои ќе овозможат супституција на увозот. |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 12 - Безбедност на храната, ветеринарна и фитосанитарна политика** |
| **Очекувани влијанија:** | Со донесување на Програмата за безбедност на храната за животни се обезбедува следење и континуиран надзор над безбедноста на храната за животни. |
| **Фискални импликации:** | Има, финансиските средства потребни за реализација на оваа активност се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија, а ќе се користат преку Програмата за користење на средства за ветеринарно јавно здравство за тековната година. |
| **Предлагач:** | **Агенција за храна и ветеринарство** |

**4.Предлог програма за мониторинг на безбедноста на храната во Република Северна Македонија за 2020 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со Програмата за мониторинг на безбедноста на храната во Република Северна Македонија за 2020 година се утврдуваат одредување на присуството и концентрациите на контаминентите во храната, утврдување на присуство на резидуи од пестициди во и на храната, миграцијата на одделни супстанции од материјалите и производите кои доаѓаат во контакт со храната мониторирање на можно присуство на ГМО храна, мониторирање на органските производи, мониторирање на храната третирана со јонизирачко зрачење, утврдување на безбедноста на храна за различни други параметри, микробиолошки критериуми и други опасности во храната, како и евалуација на нивното влијание врз здравјето на човекот. Мониторингот на безбедноста на храната се спроведува на различни видови или категории храна и во однос на различни параметри, кои се критериуми за безбедноста на храната. **Иницијативата има индикација на поврзаност и со стратешкиот приоритет на Владата на РСМ:** развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните **и со приоритетната цел:** зголемување и поддршка на развојот на индустриско - преработувачките капацитети кои ќе бидат извозно ориентирани и ќе создаваат производи со повисока додадена вредност, поддршка на индустриските капацитети кои ќе овозможат супституција на увозот |
| | / |

| | |
|---|---|
| **НПАА - поглавје и подрачје** | |
| **Очекувани влијанија:** | Со донесување на Програмата за мониторинг на безбедноста на храната во Република Северна Македонија за 2020 година се обезбедува мониторинг безбедноста на храната, се спроведува на различни видови или категории храна и во однос на различни параметри, кои се критериуми за безбедноста на храната. |
| **Фискални импликации:** | Има, финансиските средства потребни за релација на оваа активност се обезбедени преку Буџетот на Република Северна Македонија, предвидени во оваа програма. |
| **Предлагач:** | **Агенција за храна и ветеринарство** |

**5.Предлог правилник за посебните барања за безбедност на храна наменета за доенчиња и мали деца, храна за посебни медицински намени и целосна замена на дневни оброци за регулирање на телесната тежина**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Понатамошно усогласување со законодавството на Европската Унија, поточно Регулативата 32013R0609, во насока на целосно усогласување. Иницијативата **има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на РСМ:** развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните **и со приоритетната цел:** зголемување и поддршка на развојот на индустриско - преработувачките капацитети кои ќе бидат извозно ориентирани и ќе создаваат производи со повисока додадена вредност, поддршка на индустриските капацитети кои ќе овозможат супституција на увозот. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **ЕПП: 2015.0886.7185; Поглавје 12 - 3.12. Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика, Подрачје - 3.12.2. Ветеринарна политика** |
| **Очекувани влијанија:** | Задоволување на барањата за исхрана на доенчињата, вклучувајќи ги и барањата за составување и барањата за употреба на пестициди во производи наменети за производство на таква храна, остатоци од пестициди, етикетирање, презентација, рекламирање и промотивни и комерцијални практики, како што е соодветно, преку утврдување на специфичните барања за храна за специјални медицински намени. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Агенција за храна и ветеринарство** |

**6.Предлог годишен план за работа на Агенцијата за храна и ветеринарство за 2020 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Како иницијатива која произлегува од надлежноста на Агенцијата за храна и ветеринарство, а во функција на законските обврски и политиките на владата, врз основа на член 36 став 4 од Законот за Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15 и 142/16), а во |

| | |
|---|---|
| | врска со Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишна програма за работа на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 124/08 и 58/18) и Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на подготвување на стратешкиот план и годишниот план за работа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.131/18) Агенцијата за храна и ветеринарство подготвува Годишен план за работа за 2020 година. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Координирано и ефективно исполнување на стратешките приоритети на ВРМ и тековните обврски на Агенцијата за храна и ветеринарство |
| **Фискални импликации:** | Има, финансиски импликации кои произлегуваат од програмите, потпрограмите, мерките и активностите кои се составен дел на Годишниот план за работа за 2020година се содржани во финансиските програми на Агенцијата за храна и ветеринарство дадени во Стратешкиот план. |
| **Предлагач:** | **Агенција за храна и ветеринарство** |

| **7.Предлог програма за работа на Владата за 2020 година** | |
|---|---|
| **Образложение:** | Врз основа на член 6 од Законот за Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" број 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10,51/11, 15/13, 134/14, 139/14, 196/15, 142/16 140/18), а согласно член 27 - а став 1 од Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" број 38/01, 98/02, 9/03, 47/03, 64/03, 67/03, 51/06, 5/07, 15/07, 26/07, 30/07, 58/07, 105/07, 116/07, 129/07, 157/07, 29/08, 51/08, 86/08, 144/08, 42/09, 62/09, 141/09, 162/09, 40/10, 83/10, 166/10, 172/10, 95/11, 151/11,170/11, 67/13, 145/14, 62/15/ 41/16, 153/16 и 113/17) и Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" број 124/08 и 58/18), Владата на Република Северна Македонија донесува Годишна програма за работа. Доставените Предлог-иницијативи од страна на министерствата и другите органи на државната управа треба да бидат во согласност и со Одлуката за утврдените стратешки приоритети на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" број 84/18 и 229/18) и НПАА |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Со донесување на Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија, временски се операционализира програмата која мандатарот ја предлага во Собранието при изборот на новата Влада. Во Годишната програма и Буџетот на Република Северна Македонија, Владата на |

| | |
|---|---|
| | Република Северна Македонија ги вградува стратешките приоритети и фискалната политика. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија** |

Б) Материјали

| **1. Извештај за работа на Комисијата за извоз на стоки и технологии со двојна употреба** | |
|---|---|
| **Образложение:** | Извештајот се поднесува врз основа на Законот за контрола на извозот на стоки и технологии со двојна употреба. Со извештајот Комисијата ја информира Владата на Република Северна Македонија за бројот на издадени дозволи, правни и физички лица на кои се издадени дозволите, бројот на одбиени барања за добивање дозволи за извоз и причините за одбивањето, како и за покренатите жалби за неиздадени дозволи, покренатите прекршочни постапки или кривични пријави за непочитување на одредбите од законот. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** активно учество во меѓународната борба против современите безбедносни закани и предизвици, вклучително тероризмот, насилниот екстремизам и феноменот на странските борци и миграциите; |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.30 - Надворешни односи** |
| **Очекувани влијанија:** | Со материјалот се информира Владата на Република Северна Македонија за работата на Комисијата за извоз на стоки и технологии со двојна употреба. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за економија** |

| **2.Информација за одржан состанок на Заедничката меѓувладина комисија согласно член 12 од Договорот за пријателство, добрососедство и соработка со Република Бугарија (ноември 2019 г.)** | |
|---|---|
| **Образложение:** | Заедничката меѓувладина комисија се копретседава од министрите за надворешни работи на двете договорни страни и вклучува високи официјални претставници на двете договорни страни. Заедничката меѓувладина комисија одржува редовни средби еднаш годишно, со цел преглед на ефективната примена на овој договор, примена на мерки за подобрување на билатералната соработка, како и решавање на прашања кои се појавиле за време на исполнувањето на Договорот. Секоја од договорните страни може, по потреба, да предложи организирање на дополнителни средби на Заедничката меѓувладина комисија. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** унапредување на добрососедските односи, активно учество во регионалните иницијативи и јакнење |

| | |
|---|---|
| | на соработката со европските и вон европските земји, на билатерален, регионален и мултилатерален план. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Продлабочување на билатералните односи, развивање на партнерство, пријателство и соработка со Република Бугарија. Одржувањето на состанок на Заедничката меѓувладина комисија со Република Бугарија е во функција на потврда на добрите билатерални односи, интересот за нивно унапредување, вклучително преку преразгледување на статусот на примена на Договорот за пријателство, добрососедство и соработка, како и унапредување на соработката и добрососедството во регионот. |
| **Фискални импликации:** | Има, Буџет на МНР/Влада |
| **Предлагач:** | **Министерство за надворешни работи** |

**3. Предлог за склучување на Договор за соработка во одбраната меѓу владите на Република Северна Македонија и Државата Катар**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Договорот е иницииран од Државата Катар а во насока на воспоставување на соработка во одбраната. Иницијативата за воспоставување на соработка во доменот на одбраната. Воспоставување на соработка во согласност за заедничките интереси на двете земји. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Влијанијата од имплементацијата на оваа иницијатива се позитивни. Се очекува реализација на активности од бенефит за двете страни. |
| **Фискални импликации:** | Има, финансиски импликации кои би произлегле за Министерството за одбрана, би се обезбедиле од Буџетот на Република Северна Македонија, во рамките на финансискиот план на Министерството за одбрана. |
| **Предлагач:** | **Министерство за одбрана** |

**4. Информација за статусот на спроведување на програмите од ИПА за прекугранична соработка, за периодот јули - декември 2019 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информацијата се доставува со цел да се информира Владата на РСМ за статусот на втората компонента на ИПА. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** развој на пограничните региони преку спроведување на прекугранична соработка, како и овозможување на субјекти од земјата да воспостават партнерства и да учествуваат на проекти од макро регионален карактер. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | Поглавје 22 |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Иницијативата има позитивно влијание бидејќи ја информира Владата на РСМ за напредокот во однос на програмата на ИПА за прекугранична соработка |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за локална самоуправа** |

**5.Иницијатива за имплементација на Систем за еколошко означување (Ecolabel)**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Министерство за животна средина и просторно планирање како надлежна институција за еколошко означување на производи и услуги во Република Северна Македонија согласно Законот за животна средина, покрај Правилникот за формата и содржината на еколошката ознака, начинот, условите и постапката за нејзино доделување и користење, како и составот и начинот на формирање и работа на Комисијата за еколошка ознака има донесено и осум правилници за еколошки критериуми и тоа за: детергенти за рачно миење садови, туристичко сместување, мебел, текстилни производи, бои и лакови, хигиенска хартија, обувки, сапуни, шампони и кондиционери за коса. Значи, Системот за еколошко означување е воспоставен и транспониран во македонското законодавство, а недостасува негова имплементација зашто не е доделена ниту една еколошка ознака, со тоа што треба да се донесат и правилници за еколошки критериуми за останатите актуелни производи и услуги во Република Северна Македонија после претходна изработка на физибилити студии за донесување на еколошки критериуми за истите, а постојните правилници треба да се ажурираат согласно ажурираните ЕУ мерки. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** обезбедување квалитетна животна средина на граѓаните преку заштита и унапредување на животната средина во функција на исполнување на принципите на одржливиот развој преку постигнување на стандардите на Европската Унија; натамошно зголемување на инвестициите во животната средина и преземање на активности за намалување на климатските промени преку постигнување на пониско ниво на емисија на штетни гасови; зголемување на јавната свест и едукација на населението од областа на животната средина и реализација на кампањи од областа на заштитата на животната средина. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Како обврска во поглед на транспонирањето на ЕУ законодавството од областа на еколошко означување во националното законодавство и негово имплементирање, во Министерството за животна средина и просторно планирање ќе се преземат соодветни и навремени активности. |
| **Фискални импликации:** | Има, финансиски импликации - се предлага финансирање преку ИПА, Буџетот или од други извори |
| **Предлагач:** | **Министерство за животна средина и просторно планирање** |

## 6. Иницијатива за воспоставување на Систем за управување со животната средина и за ревизија (EMAS)

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Надлежна институција за EMAS во Република Северна Македонија согласно Законот за животна средина е Министерство за животна средина и просторно планирање, меѓутоа, Системот за управување со животната средина и за ревизија (EMAS) досега не е пропишан, што значи дека не е ниту транспониран во нашето законодавство, ниту пак имплементиран. Од таа причина е неопходно донесување на комплетна регулатива, односно закон и правилници за EMAS, а потоа и нивно имплементирање. Значи, потребно е да се развие концепт за воведување на EMAS систем во Република Северна Македонија, а потоа да се пропише законската регулатива од оваа област, зашто овој систем е доброволен, но пред нашето членство во ЕУ треба да е веќе воспоставен во Република Северна Македонија. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** обезбедување квалитетна животна средина на граѓаните преку заштита и унапредување на животната средина во функција на исполнување на принципите на одржливиот развој преку постигнување на стандардите на Европската Унија; натамошно зголемување на инвестициите во животната средина и преземање на активности за намалување на климатските промени преку постигнување на пониско ниво на емисија на штетни гасови; зголемување на јавната свест и едукација на населението од областа на животната средина и реализација на кампањи од областа на заштитата на животната средина. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Како обврска во поглед на транспонирањето на ЕУ законодавството од областа на Системот за управување со животната средина и за ревизија (EMAS) во националното законодавство и негово имплементирање, во Министерството за животна средина и просторно планирање ќе се преземат соодветни и навремени активности за EMAS системот да го воспоставиме најдоцна пред приемот на Република Северна Македонија во ЕУ. |
| **Фискални импликации:** | Има финансиски импликации. Предлагаме финансирање преку ИПА, Буџетот или од други извори. |
| **Предлагач:** | **Министерство за животна средина и просторно планирање** |

## 7. Годишен извештај за имплементација на Стратегијата за родова еднаквост

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Воспоставување на ефективен и ефикасен систем на постигнување родова еднаквост преку функционални механизми за поддршка на национално и локално ниво, хармонизирани индикатори за мерење на прогресот на родовата еднаквост и обезбедена родова разделена статистика, градење на култура на еднакви можности, промоција на еднаков третман и недискриминација врз основа на пол. **Иницијативата има индикација на поврзаност со стратешкиот приоритет на Владата на РСМ:** јакнење на владеењето на правото преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите **и со приоритетните цели:** унапредување на родовата еднаквост во сите области од општественото живеење |

| | |
|---|---|
| | и вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките на буџетите; воведување на концептот на еднаквост и недискриминација во сите области на општественото живеење, здравството, социјалната заштита, работните односи и правосудството; и унапредување на човековите права и создавање на институционални капацитети за нивна ефикасна заштита. |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавјето 19 Социјална политика и вработување, односно Потпоглавје 19.7 Антидискриминација и еднакви можности** |
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување на статусот на најранливите категории на граѓани во општеството и да се обезбеди континуитет во остварувањето на еднаквоста и не дискриминацијата; и унапредувањето на еднаквите можности на жените и мажите не е само прашање на остварување на слободите и правата на граѓаните без разлика на полот, туку почитувањето на овој принцип придонесува и кон намалување на сиромаштијата. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за труд и социјална политика** |

**Приоритет: Реформи во правосудството**

А) Подзаконски акти

| 1.Предлог одлука на Меѓународната класификација за кривични дела (ICCS) | |
|---|---|
| **Образложение:** | Судските статистики се еден многу важен сегмент особено податокот за жртвите во кривичните дела што се однесуваат за семејно насилство и насилство над жената - пол на жртвата, однос со сторителот на насилство и вид на насилство. Од особен интерес е и продуцирањето на индикатори за одржлив развој. Во согласност со член 18 од Законот за државната статистика по предлог на Државниот завод за статистика, Владата на Република Северна Македонија ги утврдува националните статистички стандарди. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** започнување и успешно водење на процесот на преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија. |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Подрачје 18 - Статистика** |
| **Очекувани влијанија:** | Квалитетни статистички податоци од областа на правосудството |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Државен завод за статистика** |

**Приоритет: Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните**

## А) Подзаконски акти

### 1.Предлог програма за развој на дејноста за заштита на децата за 2020 година

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Развојот на дејноста за заштитата на децата се утврдува секоја година со Програма која согласно со Законот за заштита на децата, ја носи Владата на Република Северна Македонија. Програмата е во функција на спроведување и унапредување на системот на заштитата на децата. Остварувањето на програмата ќе биде во согласност со утврдената програма со Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, како и врз основа на одредбите од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година во делот на надоместоците за заштита на децата. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** промовирање и унапредување на хумана популациона политика и човековите права и создавање на институционални капацитети. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Вклучување на поголем број на деца од популацијата деца од 0 до 6 години живот со проширување на постоечките капацитети, реконструкција и адаптација на јавни детски градинки како и на други објекти и просторни услови. Доближување на детските градинки и центри за ран детски развој до поголем број на население со посебен акцент на руралните средини, а со тоа ќе се создадат услови и за нови вработувања. Поддршка на семејството за покривање на дел од трошоците во подигање и развој на детето преку обезбедување на права од заштитата на децата. |
| **Фискални импликации:** | Фискалните импликации кои се поврзани со програмираните активности во Програмата се во рамките на планираните средства со Буџетот на Република Северна Македонија, во моментов не можат да се квантифицираат. |
| **Предлагач:** | **Министерство за труд и социјална политика** |

## Б) Материјали

### 1. Имплементација на Концептот за проценка на специфичните потреби на децата и младите со инвалидност во Северна Македонија (МКФ)

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Постоењето на пречки во развојот на детето претставува мошне комплексен предизвик кој мора да се набљудува од повеќе аспекти: медицински, социјален и економски. Одговорот на институциите, исто така, е комплексен бидејќи реперкусиите се одразуваат на личноста, семејството и општеството пошироко. Во однос на состојбата на децата и младите со специфични потреби во земјава, меѓу другото соочени сме и со: отсуство на статистичка евиденција за лицата со посебни потреби; иако со закон децата со посебни потреби се ослободени од учество (партиципација) за користење здравствени услуги, во практиката одредени услуги |

| | |
|---|---|
| | како издавање наод или медицинска белешка се наплаќаат; не е унифицирана работата на установите кои издаваат наод за категоризација на лица поради што услугите различно се наплаќаат; постои неприфаќање на децата со посебни потреби од другите деца, но и од родителите и дел од наставниците во редовното образование; и покрај превентивните функционални мерки, сè уште нема пренатални и неонатални скрининг методи за рано откривање на пречките во развојот; стручниот кадар во установите кои работат со оваа категорија на деца сè уште има потреба од дополнителна едукација и соодветно техничко образование. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** воспоставување на функционална мрежа на институции за социјална заштита и зголемување на капацитетите во согласност со потребите на граѓаните; промоворирање и унапредување на хуманата популациона политика и човековите права и создавање на институционални капацитети опремување. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.19 - Социјална инклузија** |
| **Очекувани влијанија:** | Бројот, составот и географската покриеност на комисиите; обезбедување на мрежно поврзување на комисиите кои работат на локално ниво; воспоставување на единствена евиденција - централен регистар; да се утврди дали има потреба од второстепена комисија; формирање на мобилни тимови и изготвување програма за нивната работа; процес, структура и алатки за мониторирање и известување; утврдување на листа на специфични потреби. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за труд и социјална политика** |

**2. Предлог акциски план за спроведување на Националната стратегија за деинституционализација на Република Северна Македонија 2018 г. „Тимјаник", за 2019 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Акциски план за спроведување на Националната стратегија за деинституционализација на Република Северна Македонија 2018 - 2027г. „Тимјаник", опфаќа трансформација на установите за социјална заштита и тоа: ЈУ Специјален завод Демир Капија, ЈУ Завод за заштита и рехабилитација - Бања Банско, ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци Топанско Поле - Скопје, ЈУ Детски дом 11 Октомври - Скопје, ЈУ Дом за доенчиња - Битола и ЈУ за згрижување на деца со воспитно - социјални проблеми и нарушено поведение - Скопје. Активностите за трансформација на институциите се насочени кон: изготвување на трансформациски планови за институциите - ЈУСпецијален завод Демир Капија, ЈУ Завод за заштита и рехабилитација - Бања Банско, ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци Топанско Поле - Скопје, ЈУ Детски дом 11 Октомври - Скопје, ЈУ Дом за доенчиња - Битола и ЈУ за згрижување на деца со воспитно - социјални проблеми и нарушено поведение - Скопје (резиденцијални институции); воспоставување на нова организациска структура во резиденцијалните институции, која овозможува учество на кадарот и корисниците, делегирање и нови функции на институциите согласно трансформациските планови; |

| | |
|---|---|
| | изготвување на програми за работа на малите групни домови (за секоја категорија посебно); изготвување на интерни процедури, за испорака на нови социјални услуги; изготвување на критериуми за избор на корисници за сместување во малите групни домови; развивање нови стандарди за квалитет на услугите во заедницата; обезбедување обука на стручните лица кои ќе работат во малите групни домови (за секоја категорија посебно); обезбедување на простор, опрема и кадар за отпочнување со работа на малите групни домови. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** воспоставување на функционална мрежа на институции за социјална заштита и зголемување на капацитетите во согласност со потребите на граѓаните; промоворење и унапредување на хуманата популациона политика и човековите права и создавање на институционални капацитети |
| НПАА - поглавје и подрачје | Поглавје 3.19 - Социјална инклузија |
| **Очекувани влијанија:** | Утврдување на клучните предизвици и потребните реформи во согласност со насоките на ЕУ; поддршка на ефективна транзиција од институционална грижа кон социјална поддршка во заедницата од сите релевантни фактори; проширување на мрежата на вон институционалните форми на заштита во заедницата и воспоставување на нови форми на заштита блиска до граѓаните и соодветна на нивните потреби; подобрување на квалитетот на социјалната грижа за сите ранливи категории во заедницата; овозможување на независен и самостоен живот на лицата со попреченост во локална заедница |
| **Фискални импликации:** | Има, иницијативата предизвикува фискални импликации, средствата се обезбедени од буџетот на МТСП и од грант на програмата на ИПА. |
| Предлагач: | **Министерство за труд и социјална политика** |

Б) Материјали

| | |
|---|---|
| 1.Иницијатива за креирање на Бела книга за млади | |
| Образложение: | Преку креирање на Бела книга за млади ќе се отиде чекор понапред не само да се утврдат проблемите во соработката меѓу институциите и младите, туку и да се посочат и утврдат и начините за унапредување и интензивирање на таа соработка, со цел да се унапредат правата на младите луѓе. |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| **Очекувани влијанија:** | Преку анализите на податоците кои ќе бидат собрани од младите луѓе, ќе биде утврдена фактичката состојба на младите во Република Северна Македонија |
| **Фискални импликации:** | Има, средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на АМС и од донации |
| Предлагач: | **Агенција за млади и спорт** |

## ИНИЦИЈАТИВИ КОИ НЕ СЕ ПОВРЗАНИ СО СТРАТЕШКИТЕ ПРИОРИТЕТИ

А) Подзаконски акти

| | |
|---|---|
| **1. Предлог одлука на Владата на Република Северна Македонија за прогласување на Осоговски Планини за заштитено подрачје** | |
| **Образложение:** | Иницијативата се спроведува согласно Закон за заштита на заштита на природата и Национална стратегија за заштита на природата со Акциски план (2017 - 2027). **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** планирање и одржливо користење на просторот и природните богатства и развивање на институционалните капацитети и зголемување на јавната свест и едукација на населението од областа на животната средина и реализација на кампањи од областа на заштитата на животната средина. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Обезбедување на интегрална заштита на природното наследство и зголемување на процент за заштитени подрачја на национално ниво. Унапредување на законската регулатива за заштитата на природата. |
| **Фискални импликации:** | Нема |
| **Предлагач:** | **Министерство за животна средина и просторно планирање** |

Б) Материјали

| | |
|---|---|
| **1.Иницијатива за изработка на студија за ревалоризација на природните вредности на Охридско Езеро и изработка на досие за вклучување на Охридското Езеро во Светската Рамсар листа** | |
| **Образложение:** | Обврска од Законот за заштита на природата („Сл.весник на РСМ" бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16 и 63/16). Националната програма за усвојување на правото на ЕУ, дел за природа (2018) и Национална стратегија за заштита на природата со Акциски план (2017 - 2028). Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** планирање и одржливо користење на просторот и природните богатства и развивање на институционалните капацитети и зголемување на јавната свест и едукација на населението од областа на животната средина и реализација на кампањи од областа на заштитата на животната средина. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Унапредување на заштитата на природното наследство во Република Северна Македонија. Со изготвувањето на студијата ќе се добијат податоци за состојбата со природните вредности на Охридското Езеро и ќе се предложат мерки и активности за нивна заштита. Исто така, ќе се утврдат: Предлог-категоријата на заштитеното подрачје, предлог надворешните граници, видовите на зони и Предлог-внатрешни граници на зоните на заштитено подрачје. Со изработката на Студијата за ревалоризација ќе се исполнат условите МЖСПП во согласност со Законот за |

| | |
|---|---|
| | заштита на природата, да отпочне постапка пред Владата на Република Северна Македонија за повторно прогласување на Охридско Езеро за заштитено подрачје. Изработка на досие за вклучување на Охридското Езеро во Светската Рамсар листа е обврска на одлука на Владата. |
| **Фискални импликации:** | Има, во буџетот на МЖСПП за 2019 година потребно е да се обезбедат 1.500 000 МКД за изработка на Студија за ревалоризација на заштитеното подрачје Охридско Езеро. |
| **Предлагач:** | **Министерство за животна средина и просторно планирање**<br>- Управа за животна средина |

| | |
|---|---|
| **2.Информација за потребата од изработка на База на податоци за геодиверзитет и геонаследство** | |
| **Образложение:** | Обврска од Законот за заштита на природата („Сл.весник на РСМ"бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16 и 63/16). Со изработка на Базата на податоци за геодиверзитет и геонаследство ќе се обезбедат податоци за геолошкото и геоморфолошкото наследство на територијата на Република Северна Македонија (спелеолошки објекти, минерали, фосили и геообјекти) и картирање на истите со ГПС координати во државен координатен систем, во функција на заштита и зачувување на природата од антропгените влијанија (урбанизација, легализација на бесправно изградени објекти, доделување на концесии за експлоатација на минерални суровини и сл.). Со изработка на Базата на податоци за геодиверзитет и геонаследство ќе се исполни утврдената точка 1.1.4 - Национална цел 1 - Акциски план од Националната стратегија за заштита на природата (2017 - 2028). **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** обезбедување квалитетна животна средина на граѓаните преку заштита и унапредување на животната средина во функција на исполнување на принципите на одржливиот развој преку постигнување на стандардите на Европската Унија; планирање и одржливо користење на просторот и природните богатства и развивање на институционалните капацитети; |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Добивање на релевантни податоци за состојбата со геодиверзитетот и геонаследството како составен дел на природното наследство на територијата на Република Северна Македонија; збогатување на базата на податоци за природното наследство и ажурирање на Националниот информативен систем за природа; добивање на податоци за состојбата со геодиверзитетот и геонаследството, во насока на соодветно спроведување на Законот за заштита на природата; унапредување на ефикасноста во спроведување на мерките за интегрална заштита на природата. Иницијативата е согласно Национална стратегија за заштита на природата со Акциски план (2017 - 2028) |
| **Фискални импликации:** | Има, во буџетот на МЖСПП за 2019 година потребно е да се обезбедат 300.000,00 денари |

| | |
|---|---|
| Предлагач: | **Министерство за животна средина и просторно планирање**<br>- Управа за животна средина |

Иницијативи кои се доставуваат во континуитет

## ИНИЦИЈАТИВИ СО ВИСОК ПРИОРИТЕТ

**Приоритет: Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните**

А) Подзаконски акти

| **1.Предлог програма за промоција на обновливи извори на енергија и поттикнување на енергетска ефикасност во домаќинствата за 2019 година** | |
|---|---|
| | Со цел да се стимулираат домаќинствата за користење на обновливи извори на енергија, како и подигање на јавната свест за заштедите преку енергетската ефикасност, средствата од оваа програма во вкупен износ од 50.000.000, 00 денари ќе се користат за следните мерки: надоместување на дел од трошоците за купени и вградени сончеви термални колекторски системи во домаќинствата до 30 %, но не повеќе од 300 евра во денарска противвредност по домаќинство за 2019 година и тоа во износ од 5.000.000 денари и за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени ПВЦ или алуминиумски прозорци во домаќинствата до 50 %, но не повеќе од 500 евра во денарска противвредност по домаќинство за 2019 година во износ од 25.000.000 денари за надоместување на дел од трошоците за купување печки на пелети до 50%, но не повеќе од 500 евра во денарска противвредност по домаќинство за 2019 година во износ од 20.000.000 денари. Иницијативата **има индикација на поврзаност со стратешката цел:** обезбедување на енергетска достапност до сите граѓани и претпријатија и стимулација на иновативни решенија и напредни технологии за производство на обновливи извори на енергија и намалување на учеството на фосилни горива**. Иницијативата предизвикува фискални импликации:** финансиските средства се предложени во Буџетот за 2019 година во износ од 50.000.000 денари |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 3.15 - Енергетика; Подрачје 3.15.4 - Обновливи извори на енергија** |
| Очекувани влијанија: | Подигање на јавната свест за позитивните ефекти од спроведување на мерки за енергетска ефикасност во своите домови и искористувањето на обновливите извори на енергија. |
| Рок на доставување: | Јануари и ноември во текот на 2019 година |
| Предлагач: | **Министерство за економија** |

**2. Предлог уредба за применување на регулативите на Комисијата на европските заедници за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со донесувањето на уредбата, Република Северна Македонија ја исполнува обврската утврдена во Националната програма, како земја кандидат за членство во Европската Унија, а воедно се обезбедува правна основа за еднообразна примена на Комбинираната номенклатура за стоките што се распоредени во прилозите од Уредбата и во Република Северна Македонија**. Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** спроведување на макроекономска политика насочена кон задржување на макроекономската стабилност, зголемување на конкурентноста на економијата и зголемување на вработеноста. **Иницијативата не предизвикува фискални импликации.** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.29 - Царинска унија** |
| **Очекувани влијанија:** | Усогласување со европското законодавство во насока на еднообразна примена на Комбинираната номенклатура за стоките што се распоредени во прилозите од Уредбата. |
| **Рок на доставување:** | Континуирано во текот на 2019 година (4 пати годишно) |
| **Предлагач:** | **Министерство за финансии** |

| | |
|---|---|
| **3.Предлог стратегија за конкурентност на македонската економија и Акциски план за 2016 - 2020 година** | |
| **Образложение:** | Цел на иницијативата е подобрување на конкурентност на Република Северна Македонија, а со тоа и подобрување на индексот на глобална конкурентност на РСМ во Извештајот за глобална конкурентност на Светскиот економски форум. Иницијативата **има индикација на поврзаност со повеќе приоритетни цели:** поддршка на домашните претпријатија, пред сè на малите и средните претпријатија и отворање нови работни места со активни мерки за вработување и зголемување на нивото на платите во економијата; создавање на поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис секторот, социјалните партнери, заштита на работничките права, недискриминација, зголемена ефикасност, транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава; зголемување и поддршка за развојот на индустриско - преработувачките капацитети кои ќе бидат извозно ориентирани и ќе создаваат производи со повисока додадена вредност, поддршка на индустриските капацитети кои ќе овозможат супституција на увозот; вложување во науката и истражувањето, како и во развој на нови технологии и индустрии; промоција на македонските економски интереси во странство и водење на активна и транспарентна политика на привлекување странски директни инвестиции преку стимулирање на привлекувањето на инвестиции со поголема додадена вредност, кои обезбедуваат поврзување со домашните претпријатија. Иницијативата **предизвикува фискални импликации:** Има, финансиски средства се предвидени во буџетот на ЗПВРМ задолжен за економски прашања и другите институции носители на мерките и активностите од Акцискиот план |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |

| | |
|---|---|
| Очекувани влијанија: | Успешно спроведени мерки за подобрување на глобалната конкурентност на Република Северна Македонија и подобрување на деловната клима и унапредување на можностите за функционална пазарна економија, што ќе доведе до подобрување на индексот на глобална конкурентност на Република Северна Македонија |
| Рок на доставување: | Семестрално во текот на 2019 година (април - октомври) |
| Предлагач: | **Кабинет на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања** |

Б) Материјали

| 1.Предлог проект „Локална и регионална конкурентност во туризмот" | |
|---|---|
| Образложение: | Во рамките на Инструментот за претпристапна помош (ИПА) на Европската комисија за периодот 2014 - 2020 година, во секторот конкурентност и иновации предвидена е реализација на активности дефинирани во акциски документ за локална и регионална конкурентност за 2014 година, со посебен акцент на проекти од областа на туризмот. Вредноста на средствата од ИПА е околу 18 милиони евра, надополнети со национално кофинансирање од околу 3,1 милион евра (вкупно околу 21,1 милион евра). Опфатени се конкретни видливи проекти кои ќе придонесат за реализација на локални и регионални проекти чија цел е да го унапредат туризмот во РМ, како на пример: локална инфраструктура, ревитализација на објекти од културно наследство, поддршка за развој на туристички услуги и понуда, поддршка на домашниот приватен сектор и сл. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** натамошен развој на активниот туризам како потенцијал за силен локален економски развој. **Иницијативата предизвикува фискални импликации:** има, финансиски средства се предвидени во Буџетот на РСМ во посебна наменска сметка |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| Очекувани влијанија: | Унапредување на конкурентноста на државата преку унапредување на конкурентноста на локално и регионално ниво, со посебен осврт на развој на туризмот, туристичките услуги и туристичката понуда. |
| Рок на доставување: | Семестрално во текот на 2019 година(мај) |
| Предлагач: | **Кабинет на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за економски прашања** |

2.Предлог проект „Функционалност на Националниот совет за рамномерен регионален развој преку воспоставување систем за воспоставување на координација во планирањето, спроведувањето, следењето и оценувањето на политиката за рамномерен регионален развој во Република Северна Македонија"


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Овој проект опфаќа активности во насока на креирање механизми за координација и усогласување на секторските политики и програми на хоризонтално (меѓу ресорните министерства) и вертикално ниво (меѓу национално и регионално ниво). Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** намалување на разликите во развојот помеѓу и во планските региони, зголемување на конкурентната способност на планските региони. **Иницијативата предизвикува фискални импликации:** има, средствата се обезбедени во Буџетот на РСМ и од донатори. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Зголемена функционалност и ефикасност при следењето на распределбата и дистрибуцијата на средства за рамномерен регионален развој од централниот буџет што ќе води кон подобрување на спроведувањето на политиката на рамномерен регионален развој. |
| **Рок на доставување:** | Семестрално во текот на 2019 година (март - септември) |
| **Предлагач:** | **Кабинет на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања** |

**3.Предлог проект „Координативни тела за зголемување на соработката на странските инвеститори со домашните компании, за анализа на мерките за привлекување на странски инвестиции, анализа на состојбата и консолидирање на натамошните активности во полето на странски инвестиции и за координација на мерки за консолидација на енергетиката во Република Северна Македонија"**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Усогласените економски политики и активности на министерствата и другите надлежни државни органи кои се задолжени да постапуваат во рамките на својата надлежност се потребни заради утврдување на единствени и поврзани Предлог-решенија, а кои ќе придонесат за севкупно подобрување и зајакнување на економските состојби во Република Северна Македонија, подобрување на деловната клима и слично. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетните цели:** промоција на македонските економски интереси во странство и водење на активна и транспарентна политика на привлекување странски директни инвестиции преку стимулирање на привлекувањето на инвестиции со поголема додадена вредност, кои обезбедуваат поврзување со домашните претпријатија; зголемување и поддршка за развојот на индустриско - преработувачките капацитети кои ќе бидат извозно ориентирани и ќе создаваат производи со повисока додадена вредност, поддршка на индустриските капацитети кои ќе овозможат супституција на увозот. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Усогласени економски политики и активности кои се однесуваат на зголемување на соработката на странските инвеститори, за анализа на мерките за привлекување на странски инвестиции, утврдување на анализа на состојбата, |

| | |
|---|---|
| | консолидирање на нејзините натамошни активности во полето на странски инвестиции како и за координација на мерки за консолидација на енергетиката во Република Северна Македонија |
| Рок на доставување: | Континуирано во текот на 2019 година (по потреба мај) |
| Предлагач: | **Кабинет на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања** |

| **4.Иницијатива за изработка на анализа/студија за можноста за формирање на национален авиопревозник** | |
|---|---|
| Образложение: | Еден од важните предуслови за развој на воздушниот сообраќај на една држава и пошироко во регионот е создавањето на национален авиопревозник. Во периодот кој претстои ќе биде извршена детална анализа за можноста за формирање на национален авиопревозник, со концепт на формирање на авиопревозник кој ќе врши комерцијален редовен воздушен сообраќај и воздушен сообраќај за остварувањето на државните интереси. Во таа насока предвидено е да се изработи студија за можноста за формирање на национален авиопревозник. Студијата за можноста за формирање, односно воспоставување на национален авиопревозник во Република Северна Македонија треба да се резултира со изработена документација, која јасно ќе покаже дали можноста е исплатлива и остварлива и каде ќе се дефинираат условите за формирање, односно воспоставување на национален авиопревозник во Република Северна Македонија. **Иницијативата предизвикува фискални импликации:** има, во Буџетот на РСМ за2019 година се обезбедени средства во износ од 70.000,00 евра, а во 2020 година ќе бидат обезбедени средства во износ од 80.000,00 евра. |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| Очекувани влијанија: | Воведување на национален авиопревозник кој ќе воспостави своја база во Република Северна Македонија ќе значи нови вработувања на пилоти, стјуардеси, воздухопловно - технички персонал за одржување на воздухоплови и друг персонал во воздухопловството, понатаму, авиони кои постојано ќе бидат и ќе оперираат од/до Република Северна Македонија и секако зголемување на бројот на директни линии од Скопје кон главните аеродроми во Европа и пошироко. Воведувањето на авиопревозник кој ќе врши комерцијален редовен воздушен сообраќај за остварување на државните интереси. Промовирање на Република Северна Македонија како туристичка дестинација преку претставништвата на авиопревозникот. |
| Рок на доставување: | Континуирано во текот на 2019 година |
| Предлагач: | **Министерство за транспорт и врски** |

**5.Извештај за реализација на финансиски средства за проектот „Реконструкција на источниот дел од железничкиот Коридор 8 фаза 1 Делница Куманово - Бељаковце, финансиран по пат на заем од Европската банка за обнова и развој за 2018 година"**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Изведување на градежни активности на рехабилитација на постојната пруга ќе придонесат до подобрување на техничките карактеристики на пругата, постигнување на брзина на возење од 100 км/час, замена на старите и дотрајани прагови со замена на нови, замена на шините, положување на нов дробен камен, поправање на темелните стопи и лежиштата, обновување на изолацијата и дренажата, изградба на нов мост во с. Лопате, обновување на постојните мостови, инсталирање на кабелските водови и огради, поставување на безбедни бариери и заштита од бука и вибрации, поставување на нови и сигнално сигурносни уреди ЕТЦЅ ниво 1, изградба на три железнички станици Куманово Ново, Шупљи Камен и Бељаковце како и 6 стојалишта во селата Лопате, Перо Чичо, Проевце, Добрешане, Клечевце и Довезанце, како и изградба на нови подвозници и надвозници. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** зголемување на економскиот раст со надградба и подобрување на транспортната инфраструктура во сите сегменти и воспоставување на интегрирана и интерконектирана транспортна мрежа. Иницијативата **предизвикува фискални импликации:** има, во Буџетот на МТВ за 2018 година во Потпрограма ДА - Инвестиции во железничката инфраструктура, приходно конто 761114 - задолжување кај Европската банка за обнова и развој, расходна ставка 489 - капитални субвенции за претпријатија и невладини организации, се обезбедени средства во вкупен износ од 1.137.057,00 денари. Од нив за овој проект се лоцирани средства во износ од613.317.000,00 денари. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.21; Подрачје 3.21.1** |
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување на состојбата на железничката инфраструктура во Република Северна Македонија. Овозможување на врска на Република Северна Македонија со Република Бугарија, заштеди во време на патување и еколошки придобивки. Исто така, кога ќе биде оперативен овој коридор значително ќе се зголеми транспортот преку Република Северна Македонија со обезбедување на пократка врска до Истанбул, со што ќе се овозможи регионалната интеграција на државите кои се наоѓаат на истиот и стимулација на регионалната економија. На локално ниво ќе се подобрат условите на сообраќај на жители кои гравитираат во подрачјето каде ќе се изврши рехабилитацијата на железничката линија, преку побрз и побезбеден проток на патници и тежок товар. |
| **Рок на доставување:** | Полугодишно во текот на 2019 година |
| **Предлагач:** | **Министерство за транспорт и врски**<br>ЈП Македонски железници - Инфраструктура, Скопје |

**6.Извештај за реализација на финансиски средства за проектот „Реконструкција на постојна и изградба на нова делница од источниот дел на железничкиот Коридор 8 - фаза 2 Делница Бељаковце - Крива паланка, финансиран по пат на заем од Европската банка за обнова и развој за 2018 година"**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Изведување на градежни активности на рехабилитација на постојните објекти, положување на нови прагови на шини, положување на нов дробен камен поставување на темелните стопи и лежиштата на мостови, поставување на изолацијата и дренажата, обновување на 33 од постојните мостови, изградба на 11 нови мостови, изградба на 10 тунели, изведба на 33,3 км од главниот колосек и на 7.05 км колосек на станици, инсталирање на кабелски водови и огради, поставување безбедносни бариери и заштита од бука и вибрации, инсталирање на 29 скретници, изградба на нова тарфостаница во близина на с. Бељаковце, поставување на нови сигнално - сигурносни уреди ЕТЦЅ ниво 1, изградба на две железнички станици во Кратово и Гиновце како и 3 стојалишта во Шопско Рударе, Крилатица и Псача, како и изградба на подвозници и надвозници. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** зголемување на економскиот раст со надградба и подобрување на транспортната инфраструктура во сите сегменти и воспоставување на интегрирана и интерконектирана транспортна мрежа. Иницијативата **предизвикува фискални импликации:** има, во Буџетот на МТВ за 2018 година во Потпрограма ДА - Инвестиции во железничката инфраструктура, приходно конто 761114 - задолжување кај Европската банка за обнова и развој, расходна ставка 489 - капитални субвенции за претпријатија и невладини организации, се обезбедени средства во вкупен изно од 1.137.057,00 денари. Од нив за овој проект се лоцирани средства во износ од 307.500.000,00 денари |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.21; Подрачје 3.21.1** |
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување на состојбата на железничката инфраструктура во Република Северна Македонија. Овозможување на врска на република Северна Македонија со Република Бугарија, заштеди во време на патување и еколошки придобивки. Исто така кога ќе биде оперативен овој коридор значително ќе се зголеми транспортот преку Република Северна Македонија со обезбедување на пократка врска со Истанбул, со што ќе се овозможи регионална интеграција на државите кои се наоѓаат на истиот и стимулација на регионалната економија. На локално ниво ќе се подобрат условите на сообраќај на жителите кои гравитираат во подрачјето каде ќе се изврши рехабилитацијата на железничката линија, преку побрз и побезбеден проток на патници и тежок товар. |
| **Рок на доставување:** | Полугодишно во текот на 2019 година. |
| **Предлагач:** | **Министерство за транспорт и врски**<br>ЈП Македонски железници - Инфраструктура, Скопје |

## 7.Иницијатива за бизнис сегментација во МЖ Транспорт АД - Скопје

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Иницијативата за бизнис сегментација ја опфаќа проценката на подготвеноста на МЖ Транспорт АД - Скопје за приватизација и своите бизниси (патнички операции, товарни операции, управување со возните средства како и одржувањето на возните средства), со цел да се дефинира факторот на успех за идните бизниси меѓу Владата на Република Северна Македонија како сопственик на МЖ Транспорт АД - Скопје. Изработка на проценка / ревизија на средствата - возниот парк и практики за управување со средствата, вклучително и одржувањето, како клучен елемент за атрактивност на компанијата на пазарот. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** зголемување на економскиот раст со надградба и подобрување на транспортната инфраструктура во сите сегменти и воспоставување на интегрирана и интерконектирана транспортна мрежа. Иницијативата **предизвикува фискални импликации:** има, средствата се обезбедени од Европската банка за обнова и развој во вид на грант во износ од 450.000 евра |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.21; Подрачје 3.21.1** |
| **Очекувани влијанија:** | Усогласување на европското законодавство со домашното законодавство и подготовка за отворање на пазарот за влез на нови оператори |
| **Рок на доставување:** | Полугодишно во текот на 2019 година |
| **Предлагач:** | **Министерство за транспорт и врски**<br>МЖ Транспорт АД - Скопје |

## 8.Информација за статус на проектот „Изградба на нова патна делница Градско - клучка Дреново како дел од Коридор 10 - д"

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информацијата има за цел да ја информира Владата на РСМ за прогресот на активностите од спроведувањето на проектот на ИПА. Информацијата е поврзана со Секторската оперативна програма за транспорт 2014 - 2020. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** изградба на нова патна делница Градско - клучка Дреново, како интегрален дел од патниот Коридор 10 - д. **Иницијативата предизвикува фискални импликации:** има, информацијата има за цел да ја информира Владата на РСМ за реализацијата на проектот на ИПА и ќе предизвика финансиски импликации на Буџетот на РСМ заради националното кофинансирање на проектот согласно правилата за искористување на средства од ИПА. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Проектот ќе обезбеди подобрување на квалитетот на услугите на граѓаните преку подобрување на поврзаноста на кракот 10 - д со Коридорот 10. |
| **Рок на доставување:** | Полугодишно во текот на 2019 година. |
| **Предлагач:** | **Министерство за транспорт и врски** |

| **9.Информација за воспоставување на „една точка за услуги“** | |
|---|---|
| **Образложение:** | Прва фаза: До крајот на 2018 г. започнува со работа „салата за јавни услуги“ во Скопје именувана како „една точка за услуги“, која ќе им овозможи на граѓаните од едно место од една локација да добијат повеќе услуги, без потреба да шетаат од институција до институција, по принципот дисперзиран шалтер од вклучените 9 (девет) институции во салата за јавни услуги. Во првата фаза „сала за јавни услуги“ би се овозможила работа на шалтерите од следниве институции: Министерство за внатрешни работи; Управа за јавни приходи; Агенција за катастар на недвижности; Агенција за вработување на РСМ; Министерство за труд и социјална политика; Централен регистар на Северна Македонија; Фонд за здравствено осигурување на Северна Македонија; Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на Северна Македонија; Министерство за транспорт и врски. Втора фаза: Воспоставување на принцип „едношалтерски систем“ за обезбедување на услуги, односно на еден шалтер ќе може да се добијат услуги од различни институции користејќи го националниот портал за услуги, по принципот на овластување на шалтерскиот работник во име на граѓанинот да аплицира и добие определена услуга. Во текот на трет квартал од 2019 година е предвидено воспоставување на 14 нови „една точка за услуги“ лоцирани во 14 градови во државата, кои ќе работат на овој принцип. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** Подобрување на стручноста, ефикасноста, отчетноста и транспарентноста на јавната администрација и создавање на услужно ориентирани институции со примена на нови технологии, стандарди за квалитет. **Иницијативата предизвикува фискални импликации:** воспоставувањето на „една точка за услуги“ ќе предизвика фискални импликации во текот на трите години, кои се/ ќе обезбедуваат од Буџетот на РСМ и од донатори. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.10. Информатичко општество и медиуми** |
| **Очекувани влијанија:** | Воспоставувањето на „една точка за услуги“, ќе обезбеди поголема пристапност на услугите до граѓаните и ќе овозможи од еден шалтер, од една локација остварување на повеќе различни услуги. |
| **Рок на доставување:** | Март, јуни и септември во текот на 2019 година. |
| **Предлагач:** | **Министерство за информатичко општество и администрација** |

| **10.Информација за „Активности кои ги презема Република Северна Македонија за имплементација на Националната стратегија за одржлив развој и имплементација на целите за одржлив развој на Обединетите нации“** | |
|---|---|
| **Образложение:** | Националниот совет за одржлив развој ќе ги Разгледува прашањата од областа на политиките за одржлив развој: дава мислење по предлози на нацрт - документи од областа на одржливиот развој пред нивно поднесување на разгледување и усвојување од Владата/Собранието на Република Северна Македонија; следење на имплементација на Националната стратегија за одржлив развој и целите за одржлив развој како и Агендата 2030 на Обединетите нации; давање мислења по |

| | |
|---|---|
| | однос на документи од областа на економијата, социјалниот развој, заштита на животната средина, енергетиката, земјоделството и други релевантни документи; развивање на соработка со релевантни институции во земјата и странство од областа на одржливиот развој. Националниот совет за одржлив развој ќе го следи процесот на интегрирање на целите за одржлив развој и Агендата 2030 на Обединетите нации при изработката на национални стратешки документи. **Иницијативата има индикација на поврзаност со повеќе приоритетни цели. Иницијативата предизвикува фискални импликации: има, средствата** не се предвидени во Буџетот на РСМ, се очекува финансиска поддршка од странски донатори. |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| Очекувани влијанија: | Зајакнати институции, квалитетно образование, квалитетен здравствен систем, зголемена конкурентност на македонските компании, обезбедување средства за истражување и развој, зголемена вработеност, подобрување на економијата, одржливо користење на ресурсите, а во исто време постигнување на економски развој, креирање можности за одржлив развој. Координација на институциите за постигнување на активностите предвидени во прифатената Агенда 2030 на Обединетите нации и целите за одржлив развој како план за постигнување на подобра и поодржлива иднина за сите. Надминување на сиромаштијата, нееднаквоста, справување со климатските промени, справување со деградацијата на животната средина, овозможување на просперитет, мир и правда, квалитетни институции. Обезбедување на енергетска достапност до сите граѓани и претпријатија; стимулирање иновативни решенија и напредни технологии за производство на обновливи извори на енергија и намалување на учеството на фосилните горива. Обезбедување квалитетно образование; здравствен систем; одржливо користење и управување со природните ресурси и водните ресурси; добро управување со институциите итн. |
| Рок на доставување: | Семестрално во текот на 2019 година(април - ноември) |
| Предлагач: | **Кабинет на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања** |

**11.Информација за активностите за користење на можностите за финансиска поддршка преку средствата од Зелениот климатски фонд (Green climate fund)**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Иницијативата ќе послужи за обезбедување пристап до дополнителна финансиска, техничка и експертска помош преку искористување на можностите на Зелениот климатски фонд. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** натамошно зголемување на инвестициите во животната средина и преземање на активности за намалување на климатските промени преку постигнување на пониско ниво на емисија на штетни гасови. Обезбедување квалитетна животна средина на граѓаните преку заштита и унапредување на животната средина во функција на исполнување на принципите на одржливиот развој преку постигнување на стандардите на Европската Унија. **Иницијативата** |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| | **предизвикува фискални импликации:** има, финансиски импликации кои ќе бидат обезбедени во рамките на одобрените проектни апликации од страна на Зелениот климатски фонд. |
| НПАА - поглавје и подрачје | **НПАА - Економски критериуми; 3.27 Животна средина и климатски промени** |
| **Очекувани влијанија:** | Ќе се унапредат капацитетите на националните институции и други засегнати чинители за климатски промени и одрживиот развој и ќе се постигне повисоко ниво на заштита на животната средина, подобрување на координацијата на проектите за ублажување и адаптација кон климатските промени, особено во областите на земјоделството, водите, шумите, енергетската ефинасност, енергетиката, транспортот, градските и руралните средини за живеење и сл. |
| Рок на доставување: | Семестрално во текот на 2019 година (март - септември) |
| Предлагач: | **Кабинет на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања** |

| | |
|---|---|
| **12.Информација за учество во регионалниот проект „Платформа за развој на претпријатија и иновации за Западен Балкан" (Western Balkan Enterprise Development and Innovation Facility - WB EDIF)** | |
| **Образложение:** | Учество во регионална платформа за поддршка на МСП, поддржана од Европската комисија, Европската инвестициона банка и Европската банка за обнова и развој. **Иницијативата има индикација на поврзаност и со стратешкиот приоритет на Владата на РСМ:** реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија и со **приоритетните цели:** вложување во науката и истражувањето, како и во развој на нови технологии и индустрии со поголем поврат на инвестицијата; зголемување и поддршка за развојот на индустриско - преработувачките капацитети кои ќе бидат извозно ориентирани и ќе создаваат производи со повисока додадена вредност; развивање на претприемништвото; поддршка на домашните претпријатија, пред сè на малите и средните и зголемување на нивото на платите во економијата. **Иницијативата предизвикува фискални импликации:** средствата се обезбедени од Буџетот на РСМ. |
| НПАА - поглавје и подрачје | **НПАА - Економски критериуми**<br>**Поглавје 3.20. Претпријатија и индустриска политика** |
| **Очекувани влијанија:** | Пристап до финансиски средства во износ од 140 милиони евра, зголемена конкурентност на македонските компании, зголемена вработеност, можност за регионална соработка, подобрување на економијата. |
| Рок на доставување: | Семестрално во текот на 2019 година |
| Предлагач: | **Кабинет на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања** |

## 13. Иницијатива за подобрување на регулативата за инвестициска клима за домашните претпријатија

**Образложение:** Иницијативата има за цел да придонесе кон креирање на програмска рамка/платформа преку којашто ќе се промовираат активности за унапредување на регулативата за инвестициска клима за домашните претпријатија. Практиката на континуирани теренски посети на домашните претпријатија како и состаноци во Кабинетот, преку кои се врши размена на информации и искуства, споделување на добри практики, но и реални потешкотии и проблеми и нивно проследување до надлежните институции, претставува основа за иницирање на ваков тип на програмска рамка. Сумираните наоди од овие активности ќе овозможат иницирање на предлози за измени и дополнувања на позитивните законски прописи во Република Северна Македонија кои ќе придонесат кон унапредување на инвестициската клима за домашните претпријатија. Преку редовно информирање на членовите на Владата на РСМ ќе се оствари хоризонтална координација на економските политики, како и вертикална координација по прашања од економски интерес со коишто е засегната бизнис заедницата. Активностите во рамки на програмата меѓу другото ќе опфатат и: мапирање на бизнис потенцијалот и реализација на теренски посети, состаноци, анализа и сумирање на наодите, изготвување препораки и/или задолженија и проследување до надлежни институции преку владина процедура; следење на реализација на договорите за финансиска поддршка на инвестиции потпишани од страна на министерот; учество во допрецизирање, односно изготвување Предлог на закон за измени и дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции; соработка со стопанските комори, бизнис асоцијации, академијата, здруженија на работодавачи, граѓанскиот сектор и други; учество во работни групи, подготовка на стратешки документи, анализи и извештаи зависно од потребите (како на пр. учество во анализа на можностите за намалување на ДДВ за топлинска енергија, учество во спроведување на Националната стратегија за безбедност на сообраќај на патишта, Националната стратегија за иновации, Стратегија за мали и средни претпријатија и други), ажурирање и збогатување на официјалната интернет - страница на министерот (www.mdi.gov.mk) со документи, информации, линкови и други релевантни содржини. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** создавање на поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис - секторот, социјалните партнери, заштита на работничките права, недискриминација, зголемена ефикасност, транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава; поддршка на домашните претпријатија, пред сè на малите и средните претпријатија, отворање на нови работни места со активни мерки за вработување и зголемување на нивото на платите во економијата. **Иницијативата нема фискални импликации.**

**НПАА - поглавје и подрачје:** Од Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА): II. Економски критериуми; 2.1. Постоење на функционална пазарна економија; III. Способност за преземање на обврските од acquis; Поглавје 3.06. Право на трговски друштва; Поглавје 3.20. Претпријатија и индустриска политика

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со реализација на оваа иницијатива се очекува подобрување на регулативата за инвестициската клима за домашните компании, односно отстранување на пречките и проблемите со кои се соочуваат компаниите во секојдневното работење. Преку континуирана соработка со домашните компании, академијата и граѓанскиот сектор се очекува да се обезбеди ефективна и ефикасна меѓусебна размена на информации со цел максимално искористување на потенцијалот и можностите за соработка и користењето на различните форми на поддршка. |
| **Рок на доставување:** | Полугодишно во текот на 2019 година |
| **Предлагач:** | **Кабинет на министерот без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија** |

| **14.Иницијатива за соработка и следење на договорите со странските инвеститори** | |
|---|---|
| **Образложение:** | Иницијативата има за цел да придонесе кон процесот на следење на реализацијата на договорите за државна помош, склучени со странските инвеститори, кои што ќе бидат доделени за следење на Кабинетот на министерот. Зависно од потребите, ќе се воспостави практика на теренски посети на странски инвеститори како и состаноци во Кабинетот, преку кои што ќе се врши размена на информации и искуства, споделување на добри практики, но и реални потешкотии и проблеми и нивно проследување до надлежните институции. Исто така, со оваа иницијатива ќе се обезбеди придонес кон промоција на можностите за инвестирање пред потенцијалните странски инвеститори.Преку редовно информирање на членовите на Владата на РСМ ќе се оствари хоризонтална координација на економските политики, како и вертикална координација по прашања од економски интерес со коишто е засегната бизнис заедницата. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** промоција на македонските економски интереси во странство и водење на активна и транспарентна политика на привлекување странски директни инвестиции преку стимулирање на привлекувањето на инвестиции со поголема додадена вредност, кои обезбедуваат поврзување со домашните претпријатија. **Иницијативата нема фискални импликации** |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **(НПАА): II. Економски критериуми; 2.2. Способност за справување со притисокот од конкуренцијата и пазарните сили во рамки на ЕУ** |
| **Очекувани влијанија:** | Исто така, со оваа иницијатива ќе се обезбеди придонес кон промоција на можностите за инвестирање пред потенцијалните странски инвеститори. Преку редовно информирање на членовите на Владата на РСМ ќе се оствари хоризонтална координација на економските политики, како и вертикална координација по прашања од економски интерес со коишто е засегната бизнис заедницата. |
| **Рок на доставување:** | Полугодишно во текот на 2019 година |

| | |
|---|---|
| Предлагач: | **Кабинет на министерот без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија** |

**15.Иницијатива за подобрување на регулативата за инвестициска клима за странските компании (инвеститори)**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Иницијативата има за цел да придонесе кон креирање на програмска рамка /платформа преку која ќе се промовираат активности за унапредување на регулативата за инвестициска клима за странските компании поточно инвеститори. Практиката на континуирани теренски посети на странските компании кои се сместени во индустриските зони во државата од страна на Кабинетот, прибирање и размена на информации и искуства, споделување на добри практики, но и реални потешкотии и проблеми и нивно проследување до надлежните институции, претставува основа за иницирање на ваков тип на програмска рамка. Сумираните наоди од овие активности ќе овозможат иницирање на предлози за подобрување на инвестициската клима за други потенцијални странски инвеститори. Преку редовно информирање на членовите на Владата на РСМ ќе се придонесе за хоризонтална координација на економските политики, како и вертикална координација по прашања од економски интерес со кој е засегната бизнис заедницата (соработка со единиците на локална самоуправа и иницирање на локални економски агенди). Активностите во рамки на програмата меѓудругото ќе опфатат: мапирање на бизнис потенцијалот и реализација на теренски посети, спроведување состаноци, спроведување на анкети, анализи и сумирање на нападите, учество во следење на Планот за економски раст, следење на целосна реализација на потпишаните договори (од страна на министерот бес ресор) на домашните компании преку Законот за финансиска поддршка на инвестициите, следење на реализацијата на дел од договорите во однос на странските инвестиции и евентуално нови во зависност на потребите, учество во иницијативата за допрецизирање на Законот за финансиска поддршка на инвестиции преку ангажман во рамки на неформална работна група; соработка со Стопанска комора, Сојузот на стопански комори на северо-западна Северна Македонија, МАСИТ, Комора на овластен инженери и архитекти, бизнис асоцијации, здруженија на работодавачи и други институции и организации од областа, соработка со засегнати страни од областа на високото и средното образование, науката и истражувачката дејност во насока на подобрена регулатива со која ќе се овозможат услови за создавање на квалификуван човечки капитал со вештини брзо прилагодливи според потребите на пазарот на труд, воведување на бизнис алатки на интернет - страницата на Кабинетот на министерот без ресор задолжен за привлекување на странски инвестиции, подготовка на аналитички преглед и извештаи. **Иницијативата има индикација на поврзаност со повеќе приоритетни цели.** |
| НПАА - поглавје и подрачје | 3.20 - Претпријатија и индустриска политика |
| **Очекувани влијанија:** | Преку интензивните активности кои ќе произлезат со реализација на оваа иницијатива, веруваме дека ќе влијае позитивно врз новите потенцијални |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| | инвеститори во насока на: подобра информираност на странските инвеститори за можностите кои ги нуди нашата држава; поддршка на индустриската политика, подобрување на севкупниот економски амбиент. Преку редовно информирање на Владата на Република Северна Македонија, ќе се придонесе за хоризонтална координација на економските политики, како и вертикална координација по прашања од економски интерес со коишто е засегната бизнис заедницата. Деловната клима ќесе ослободи од политички притисоци и репресии, а ќе се работи и на поврзување на домашните претпријатија со странските во технолошко индустриските зони. Посебно внимание Владата на РСМ ќе посвети на зголемувањето на вработеноста во економијата. Со активните мерки за вработување се планира годишно да бидат вработени по 16 000 лица во приватниот сектор. |
| Рок на доставување: | Континуирано во текот на 2019 година (полугодишно во текот на 2019 година) |
| Предлагач: | **Кабинет на министерот без ресор задолжен за привлекување на странски инвестиции** |

**16.Квартална информација за реализираните активности во рамки на имплементирањето на националните акциски планови од Стратегијата за Роми во Република Северна Македонија и Иницијативата за интеграција на Ромите 2020 година**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Република Северна Македонија е членка на меѓународната иницијатива Интеграција на Ромите 2020 во чии рамки има и обврската за доставување на редовни извештаи за имплементација на целите од националните акциски планови од приоритетните области (вработување, образование, здравство и домување). Во истите ќе се прикаже нивото на имплементација на Стратегијата за Роми во Република Северна Македонија. Иницијативата **има индикација на поврзаност со повеќе приоритетни цели:** воведување на концептот на еднаквост и недискриминација во сите области на општественото живеење, здравството, социјалната заштита, работните односи и правосудството; унапредување на човековите права и создавање на институционални капацитети за нивна ефикасна заштита; промовирање и унапредување на хуманата популациона политика и човековите права и создавање на институционални капацитети. Иницијативата **не предизвикува фискални импликации** |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Поглавје 3.19 Социјална политика и вработување; Поглавје 23 Фундаментални права** |
| Очекувани влијанија: | Подобрување на информираноста за реализираните активности во рамките на националните акциони планови и Стратегијата за Роми во Република Северна Македонија како и разгледување на можностите за подобрување и унапредување на состојбата на Ромите на ниво на носење на одлуки и политики од страна на претставниците на Владата на Република Северна Македонија. |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| Рок на доставување: | Континуирано во текот на 2019 година(април 2019, август 2019, декември 2019 г.) |
| Предлагач: | **Министерство за труд и социјална политика** |

**17.Информација за имплементираните активности за решавање на проблемот со нерегистрирани лица во матична книга на родени во Република Северна Македонија**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Во Република Северна Македонија има одреден број на лица кои не се евидентирани во матичната книга на родени и не можат да ги остварат своите со закон загарантирани права. Управата за водење на матична книга на родени, во соработка со Министерството за труд и социјална политика на крајот на март 2018 година, објави јавен повик за евидентирање во матична книга на родени. Повикот се однесува за сите лица чие раѓање не е евидентирано во матична книга на родени, како можност за поднесување на барање за дополнителен упис. Подготвени се упатства за постапување на терен на вработените на Управата за водење на матични книги, вработените во центрите за социјална работа и во невладините организации. Активирани се и мобилни тимови преку кои се очекува поефикасна идентификација на лицата нерегистрирани во матична книга на родени. Во тек се активностите на мобилните тимови во сите општини за поефикасно идентификување на нерегистрирани лица во УВМКР. Тимовите се составени од членови од УВМКР, ЦСР, МВР, РИЦ и ромски здравствени медијатори, патронажни сестри и НВО. Во периодот од почнувањето на работата на мобилните тимови или од 16.7 - 30.9.2018 година најдени се 583 лица кои не се регистрирани во матична книга на родени. Рокот за пријавување на нерегистрирани лица во матична книга на родени е продолжен до ноември 2018 година. Иницијативата има индикација на поврзаност со повеќе приоритетни цели: воведување на концептот на еднаквост и недискриминација во сите области на општественото живеење, здравството, социјалната заштита, работните односи и правосудството; унапредување на човековите права и создавање на институционални капацитети за нивна ефикасна заштита; промовирање и унапредување на хуманата популациона политика и човековите права и создавање на институционални капацитети. |
| НПАА - поглавје и подрачје | **Иницијативата не предизвикува фискални импликации**<br>**Поглавје 3.19 Социјална политика и вработување ; Поглавје 23 Фундаментални права** |
| Очекувани влијанија: | Да се сведе на минимум или да нема воопшто граѓани кои не се евидентирани во матичната книга за евиденција во Република Северна Македонија. Да може секој граѓанин да си извади свои лични потребни документи за идентификација |
| Рок на доставување: | Континуирано во текот на 2019 година (јануари 2019, декември 2019 г.) |
| Предлагач: | **Министерство за труд и социјална политика** |

**18.Информација за работата на Националното координативно тело за следење на реализираните активности во рамки на имплементирањето на националните акциски планови од Стратегијата за Роми во Република Северна Македонија и Иницијативата за интеграција на Ромите 2020 година**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Националното координативно тело (НКТ) е работна група за планирање, координација и следење на Стратегијата за Роми на Република Северна Македонија, со членови од надлежните институции и организациите на граѓанскиот сектор кои ги претставуваат интересите на Ромската заедница. Потребата од формирање на вакво тело е од особено значење во насока на унапредување на координацијата, следење на работата на ресорните министерства и релевантни институции и меѓусебна соработка со невладиниот сектор за спроведување на стратешките документи за социјална инклузија на Ромите. Иницијативата **има индикација на поврзаност со повеќе приоритетни цели:** воведување на концептот на еднаквост и недискриминација во сите области на општественото живеење, здравството, социјалната заштита, работните односи и правосудството; унапредување на човековите права и создавање на институционални капацитети за нивна ефикасна заштита; промовирање и унапредување на хуманата популациона политика и човековите права и создавање на институционални капацитети |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Иницијативата не предизвикува фискални импликации**<br>**Поглавје 3.19 Социјална политика и вработување; Поглавје 23 Фундаментални права** |
| **Очекувани влијанија:** | Воспоставен систем на координација за постигнување на поефикасна размена на информации, следење на постигнатите стратешки активности и резултати согласно националните акциски планови од Стратегијата за Роми во Република Северна Македонија и Иницијативата за интеграција на Ромите 2020 г. |
| **Рок на доставување:** | Континуирано во текот на 2019 година (јуни 2019, декември 2019 г. ) |
| **Предлагач:** | **Министерство за труд и социјална политика** |

**Приоритет: Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија**

Б) Материјали

**1. Информација за учество на припадници на Армијата на Република Северна Македонија на меѓународни вежби во странство**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Учеството на активностите е во интерес на АРСМ од причина вежбите планирани се дизајнирани да ја развијат способноста на единиците од земјите учеснички , да ја подобрат подготвеноста на единиците учеснички и да ја подигнат интероперативноста помеѓу АРСМ и земјите партнери, односно сојузници во духот на промовирање на регионалната стабилност. Согласно планот за вежбовни |

активности 2019 година планирани се следниве вежби во странство: **февруари -** DINAMIC FRONT IV/19/1 - (CPX/FTX) - вежба планирана да се реализира во февруари/март 2019 година во Сојузна Република Германија (подржана од САД); **март -** GEOEX (CAX/CPX) - вежба планирана да се реализира во Република Грузија; PLATINUM EAGLE 19 (LIVEX) - вежба планирана да се реализира во Република Романија (поддржана од САД); **април -** VIGOROUS WARRIOR 19 - MEDEX (LIVEX) - вежба планирана во Република Романија (поддржана од САД); **мај -** DECISIVE STRIKE 19 - Engineer COY Training (FTX) - вежба планирана да се реализира во Република Македонија (поддржана од САД); PLATINUM WOLF 19 (FTX/LIVEX) - вежба планирана да се реализира во Република Србија; ADRIATIC STRIKE 19 - Close Air Support Operations (FTX/VIVEX) - вежба планирана да се реализира во Република Словенија; MILEX 19 (CPX/EUCOM) - вежба планирана да се реализира Кралството Шпанија; ANATOLIAN PHOENIX (FTX/LIVEX) - вежба планирана да се реализира во Република Турција; LOGDEV 19 (CPX) - вежба планирана да се реализира во Грузија; IMMEDIATE RESPONSE 19 - Multinational exercise in Balkan Region (LIVEX) - вежба планирана да се реализира во Република Словенија/Република Хрватска (поддржана од САД); ERCIYES 2019 (FTX/LIVEX) - вежба планирана да се реализира во Република Турција; **јуни -** STEAD FAST FLOW 19 - MOVEX (CAX/CPX) - вежба планирана да се реализира во Република Република Турција; CWIX 2019 (CAX/CPX) - Coalition Warrior Interoperability eXploration - вежба планирана да се реализира во Република Полска; ANATOLIAN EAGLE (CPX) - вежба планирана да се реализира во Република Турција; STRIKE BACK (SG - BS/BRE) - Multinational exercise in Balkan Region (LIVEX) - вежба планирана да се реализира во Република Бугарија; TROJAN FOOT PRINT - SOUTH (SG - BS/BRE) - Multinational exercise in Balkan Region (LIVEX) - вежба планирана да се реализира во Република Унгарија (поддржана од САД). **јули -** PLATINUM LION 17 (FTX/LIVEX) - вежба планирана да се реализира во Република Бугарија; COMBINED RESOLVE XII - (LIVEX) - вежба планирана да се реализира во Сојузна Република Германија (подржана од САД); TORRI (MAUNTAIN WARFARE - LIVEX) - вежба планирана да се реализира во септември 2019 година во Република Италија; **август/септември -** SABER JUNCTION - Peace Support operation (LIVEX) - вежба планирана да се реализира во периодот во Сојузна Република Германија (поддржана од САД);COMMON CHALLENGE 19 (MAUNTAIN WARFARE LIVEX) - вежба планирана да се реализира во Црна Гора; JOINT REACTION 19 (FTX/LIVEX) - вежба планирана да се реализира во Република Албанија; **октомври -** REGEX 19 - (CPX) - вежба планирана да се реализира во Република Северна Македонија; MAPLE ARCH 19 (CPX/FTX) - вежба во Грузија (поддржана од CAN); BALKAN BRIDGES(CPX/LIVEX) - B - 9 FORUM - вежба планирана да се реализира во Република Северна Македонија и Република Бугарија; **ноември/декември -** RAMSTEIN AMBITION II - 19 (CAX/CPX) - вежба планирана да се реализира во Сојузна Република Германија. Иницијативата **има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** меѓународна соработка, подобрување на интероперабилноста помеѓу Р. Северна Македонија и земјите партнери за заедничко учество на меѓународни мисии за поддршка на мирот. Иницијативата **предизвикува фискални импликации: има,** 16.565.785,00 денари, (267.190,00 евра)

| | |
|---|---|
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување на обученоста на вработените во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија |
| **Рок на доставување:** | Континуирано во текот на 2019 година (јануари - декември). |
| **Предлагач:** | **Министерство за одбрана** |

## 2. Информација за квалитетот на воздухот во Република Северна Македонија

**Образложение:** Во надлежност на Министерството за животна средина и просторно планирање е управувањето со Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздухот на Република Северна Македонија кои се состои од 17 фиксни автоматски мониторинг станици за квалитет на воздух и една мобилна автоматска мониторинг станица. Мониторинг станиците се поставени на следните мерни места: 5 станици во Скопје (Лисиче, Гази Баба, Ректорат, Карпош, Центар), 2 станици во Битола и по една станица во Велес, Гостивар, Струмица, Кичево, Куманово, Кочани, Тетово, Кавадарци, с. Миладиновци, с. Лазарополе. Мобилната станица во март 2018 година се постави во Општина Бутел, Скопје. Во рамките на ДАМСКВ постојат и уреди за земање примероци за следење на суспендирани честички со големина до 10 микрометри и калибрациона лабораторија. Воспоставувањето на Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздухот на Република Северна Македонија е во согласност со барањата на регулативите на ЕУ. 1.План за спроведување на Програма Мониторинг; Заштита и унапредување на животната средина преку имплементација на стратегии, програми и планови; постигнување на стандардите на ЕУ за квалитет на животна средина, природата и одржливиот развој преку спроведување на законодавството; развивање на институционалните и административните капацитети во функција на заштита на животната средина, природата и планирање на просторот. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** обезбедување квалитетна животна средина на граѓаните преку заштита и унапредување на животната средина во функција на исполнување на принципите на одржливиот развој преку постигнување на стандардите на Европската Унија, подобрување на животниот стандард на населението, заштита на животната средина и развој на општините преку подобрување на водоснабдувањето и одводот на отпадните води и изградба и реконструкција на водоснабдителни и канализациски системи со третман на отпадни води, натамошно зголемување на инвестициите во животната средина и преземање на активности за намалување на климатските промени преку постигнување на пониско ниво на емисија на штетни гасови, зголемување на јавната свест и едукација на населението од областа на животната средина и реализација на кампањи од областа на заштитата на животната средина, планирање и одржливо користење на просторот и природните богатства и развивање на институционалните капацитети. Иницијативата **предизвикува**


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| | **фискални импликации:** за состојбата со квалитетот на воздухот во Република Северна Македонија континуирано месечно се изработува информација за квалитетот на воздухот во Република Северна Македонија со податоците од Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на воздухот. За изработката на месечните информации, не се потребни финансиски средства. |
| НПАА - поглавје и подрачје | 2016 Ц4 Одржување и надградба на автоматскиот мониторинг систем за квалитет на амбиентниот воздух |
| **Очекувани влијанија:** | Континуирано следење на квалитетот на сите медиуми на животната средина (воздух, вода, почва, вибрации) и негово унапредување и развој согласно препораките и методологиите на ЕУ и УНЕЦЕ. Следење мониторинг и примена на мерки за унапредување на медиумите на животната средина, планирање и одржливо користење на просторот и природните богатства. Редовното континуирано работење на овој систем овозможува идентификација на квалитетот на амбиентниот воздух на територија на Република Северна Македонија, со цел информирање на јавноста, научни и стручни институции, известување согласно барањата на меѓународните договори и институции и подготвување на планови и програми за подобрување на квалитетот на воздухот. |
| Рок на доставување: | Континуирано во текот на 2019 година (месечно информирање) |
| Предлагач: | **Министерство за животна средина и просторно планирање** |

**3.Извештај за степенот на реализација на Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Обврската на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија - Сектор за стратегија, планирање и следење да подготвува Полугодишен и Годишен извештај за степенот на реализација на ГПРВ, со мониторинг индикатори е согласно Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа при подготвувањето и следењето на спроведувањето на ГПРВМ. („Службен весник на Република Северна Македонија" број 22/15). **Иницијативата не предизвикува фискални импликации.** |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| **Очекувани влијанија:** | Да се информира Владата на Република Северна Македонија за степенот на реализација на Годишната програма за работа на Владата. |
| Рок на доставување: | Континуирано во текот на 2019 година (февруари и јули) |
| Предлагач: | **Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија** |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

## ИНИЦИЈАТИВИ СО СРЕДЕН ПРИОРИТЕТ

**Приоритет: Развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните**

### А) Подзаконски акти

| | |
|---|---|
| **1.Предлог програма за распределба и користење на средства за проекти од комуналната инфраструктура во 2019 година** | |
| **Образложение:** | Согласно Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија. Програмата за распределба и користење на средства за проекти од комуналната инфраструктура во 2019 година ја донесува министерот за транспорт и врски. **Иницијативата предизвикува фискални импликации:** има, средствата се обезбедени од Буџетот на МТВ |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување на животниот стандард на населението и зачувување на животната средина. |
| **Рок на доставување:** | Континуирано во текот на 2019 година |
| **Предлагач:** | **Министерство за транспорт и врски** |

### Б) Материјали

| | |
|---|---|
| **1.Извештај за реализација на финансиски средства за проектот „Подобрување на железничката пруга на Коридор 10 обезбедени по пат на заем од Европската банка за обнова и развој за 2018 година“** | |
| **Образложение:** | Со цел да се обезбедат ефикасно, соодветни и квалитетни железнички услуги управителот на инфраструктурата има испланирано дека на наведените делници има потреба од ремонт на железничката пруга т.е. комплетна замена на горниот строј на пругата (шини, колосечен прибор, прагови, свртници, решетање и дополнување на засторот), со санација на долниот строј и елементите не долниот строј. Подолг период управителот на инфрсатруктурата се соочува со постојани интервенции на овие делници и одвојување на финансиски средства за одржување со цел да го задржи квалитетот на услугите кои треба да се исполнат за сигурен железнички сообраќај. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** зголемување на економскиот раст со надградба и подобрување на транспортната инфраструктура во сите сегменти и воспоставување на интегрирана и интерконектирана транспортна мрежа. Иницијативата **предизвикува фискални импликации:** има, во Буџетот на МТВ за 2018 година во Потпрограма ДА - Инвестиции во железничката инфраструктура, приходно конто 761114 - задолжување кај Европската банка за обнова и развој, |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| | расходна ставка 489 - капитални субвенции за претпријатија и невладини организации, обезбедени се средства во вкупен износ од 1.137.057,00 денари. Од нив за овој проект се лоцирани средства во износ од 216.240.000,00 денари |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | **Поглавје 3.21; Подрачје 3.21.1** |
| **Очекувани влијанија:** | Управителот на инфраструктурата ќе ги намали финансиските средства за одржување на овие делници на Коридорот 10, ќе го намали времето на патување на возовите и ќе обезбеди сигурен и непречен сообраќај на патните премини кои се наоѓаат на споменатите делници. Навремено реализирање на напредокот на градежните работи на изведувачот |
| **Рок на доставување:** | Полугодишно во текот на 2019 година |
| **Предлагач:** | **Министерство за транспорт и врски**<br>ЈП Македонски железници - Инфраструктура, Скопје |

**2.Информација во врска со реализацијата на проектот за реконструкција на објектот на НУ Албански театар во Скопје**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Министерството за култура континуирано во тековната година, во зависност од потребата од информирање и донесување на одредени задолженија поднесува информации до Владата на Република Северна Македонија во врска со одредени прашања за реализација на проектот. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** спроведување на културна политика во која клучните вредности се слободата на творештвото, еднаквоста и универзалното добро, а најважните движечки принципи се транспарентноста, пристапноста и демократското учество на сите чинители на културата **Иницијативата предизвикува фискални импликации:** потребните финансиски импликации се планираат со буџетскиот циркулар за 2019 година, потребата од дополнителни финансиски средства ќе биде утврдена со материјалот кој ќе се доставува. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Донесување на задолженија или информирање за текот на активностите во врска со реализацијата на проектот. |
| **Рок на доставување:** | Континуирано во текот на 2019 година |
| **Предлагач:** | **Министерство за култура** |

**3.Информација во врска со реализацијата на проектот за изградба на стар театар во Струмица**

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Министерството за култура континуирано во тековната година, во зависност од потребата од информирање и донесување на одредени задолженија поднесува информации до Владата на Република Северна Македонија во врска со одредени прашања за реализација на проектот: **Иницијативата има индикација на** |


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| | **поврзаност со приоритетната цел:** спроведување на културна политика во која клучните вредности се слободата на творештвото, еднаквоста и универзалното добро, а најважните движечки принципи се транспарентноста, пристапноста и демократското учество на сите чинители на културата. Иницијативата **предизвикува фискални импликации:** потребните финансиски импликации се планираат со буџетскиот циркулар за 2019 година, потребата од дополнителни финансиски средства ќе биде утврдена со материјалот кој ќе се доставува. |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| Очекувани влијанија: | Донесување на задолженија или информирање за текот на активностите во врска со реализацијата на проектот. |
| Рок на доставување: | Континуирано во текот на 2019 година |
| Предлагач: | **Министерство за култура** |

**4. Информација во врска со реализацијата на проектот за изградба на културно - образовен центар во Тетово, со нов театар и библиотека**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Министерството за култура континуирано во тековната година, во зависност од потребата од информирање и донесување на одредени задолженија поднесува информации до Владата на Република Северна Македонија во врска со одредени прашања за реализација на проектот. **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** спроведување на културна политика во која клучните вредности се слободата на творештвото, еднаквоста и универзалното добро, а најважните движечки принципи се транспарентноста, пристапноста и демократското учество на сите чинители на културата. **Иницијативата предизвикува фискални импликации:** потребните финансиски импликации се планираат со буџетскиот циркулар за 2019 година, потребата од дополнителни финансиски средства ќе биде утврдена со материјалот кој ќе се доставува. |
| НПАА - поглавје и подрачје | / |
| Очекувани влијанија: | Донесување на задолженија или информирање за текот на активностите во врска со реализацијата на проектот. |
| Рок на доставување: | Континуирано во текот на 2019 година |
| Предлагач: | **Министерство за култура** |

**5. Доделување на финансиска поддршка на домашни и странски авиопревозници**

| | |
|---|---|
| Образложение: | Постапките за доделување на финансиска поддршка овозможија многу дестинации за патувачката јавност во Република Северна Македонија по достапни цени, како и развој на воздушниот сообраќај во Република Северна Македонија. Со цел да се продолжи со развојот на воздушниот сообраќај, Министерството за |

| | |
|---|---|
| | транспорт и врски отпочна со нова постапка за доделување на финансиска поддршка на домашни и странски авиопревозници. Финансиската поддршка се доделува согласно член 38 - а од Законот за воздухопловство за средствата утврдени во Програмата за определување средства потребни за доделување финансиска поддршка за поттикнување и развој на воздушниот сообраќај во Република Северна Македонија на домашни и странски превозници за периодот 2019 - 2022 година, преку Министерството за транспорт и врски. Финансиската поддршка се доделува за период од три години од денот на влегување во сила на договорот за финансиска поддршка. Доделувањето на финансиската поддршка се врши по пат на јавен повик за финансиска поддршка, организиран и спроведен согласно Уредбата за начинот, поблиските критериуми за доделување на финансиска поддршка на домашни и странски авиопревозници и потребната документација која треба да се достави од корисниците на финансиската поддршка („Службен весник на Република Северна Македонија" број 205/2018). **Иницијативата има индикација на поврзаност со приоритетната цел:** поттикнување и развој на воздушниот сообраќај и формирање на конкурентни и подостапни цени во воздушниот сообраќај. **Иницијативата предизвикува фискални импликации:** има, во Програмата се определени средствата потребни за доделување финансиска поддршка на домашни и странски превозници за периодот 2019 - 2022 година и тоа за 2019 година проектирани се средства во износ од 86.783.000,00 денари, за 2020 година средства во износ од 104.140.000,00 денари, за 2021 година средства во износ од 104.140.000,00 денари и 17.357.000,00 денари за 2022 година кои ќе се обезбедат од Буџетот на Република Северна Македонија. |
| **НПАА - поглавје и подрачје** | / |
| **Очекувани влијанија:** | Побрз развој на цивилното воздухопловство и формирање на поконкурентни и подостапни цени во воздушниот сообраќај во Република Северна Македонија преку утврдување на еднаков пристап, транспарентност во постапката за доделување на финансиска поддршка, како и квалитетно и ефикасно вршење на работите и услугите во воздушниот сообраќај |
